МИТКО ПАНОВ

# ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА СЕЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# А

**Агино Село** - Населбата се наоѓа на најјужниот дел на територијата на Општината Куманово, и нејзиниот атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Лежи непосредно од десната страна на железничката линија Куманово - Скопје. Селото е рамничарско, на надморска височина од 315 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. Обработливото земјиште зафаќа површина од 985 ха, на пасиштата отпаѓаат 103 ха, а на шумите само 5,9 ха. Според тоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Агино Село е голема населба којашто во 1961 година имала 954 жители, од кои 930 биле Македонци, а 19 жители Срби. Во 1994 година бројот на населението се намалил на 811 жители, од кои 798 Македонци, а 12 жители Срби.*

**Ајватовци** - Населбата се наоѓа на источната страна на Скопската Котлина, во рамките на територијата на Општината Илинден, лоцирана на неколку километри оддалеченост од левата страна на патот Скопје - Куманово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 383 ха, на пасиштата отпаѓаат 339 ха, а на шумите 40 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Ајватовци спаѓа во групата мали села, кое во 1961 година имало 390 жители, од кои 384 биле Македонци, пет жители Срби и еден жител Турчин. Во 1994 година бројот се намалил на 225 жители, од кои 223 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Ајранли** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога броела 53 жители, турско население. Лоцирана била во Општината Валандово, недалеку северно од градот, на надморска височина од 209 метри.

**Алакинце** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена околу 13 километри. Атарот зафаќа простор од 10,1 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 341 ха, на пасиштата отпаѓаат 206 ха, а на шумите 298 ха, но, сепак, во основа селото има полјоделска функција. Алакинце е мало село коешто е населено со македонско население. Во 1961 година селото броело 162 жители, а во 1994 година само 13 жители и е во фаза на наполно раселување.

**Алашевце** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Кумановското Поле или Жеглигово, во сливот на Липковска Река, а во рамките на територијата на Општината Липково. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Селото има мошне мал атар на простор од 2,7 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од

* Статистичките и катастарските податоци се користени од следниве публикации: Први резултати од пописот на населението и домаќинствата од пописот во 1961 година, РЗС, Скопје, 1961; Население по народност и населби во СРМ, Завод за статистика на СРМ, Скопје, 1964; Вкупно население, домаќинства, станови и земјоделски домаќинства, Завод за статистика на Република Македонија, кн. V, Скопје, 1997; Македонија низ катастарска евиденција, Републичка геодетска управа, Скопје, 1982.

* Селата во Енциклопедијата се именувани според Законот за именување на населените места во Република Македонија

129 ха, на пасиштата отпаѓаат 51 ха, а на шумите 82 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Алешевце е мала населба, којашто во 1961 година имала 307 жители, а во 1994 година 158 жители, исклучително населено со албанско население.

**Алгуња** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од десната страна на Пчиња, а нејзиниот атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија.Како периферна населба, таа има ридски карактер на надморска височина од 500 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 28 км. Атарот е со средна големина и зафаќа простор од 15,2 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 697 ха, на пасиштата отпаѓаат 642 ха, а на шумите 104 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Од културните споменици во Алгуња била изградена средновековна црква „Св. Никола", која е сега во урнатини, но сè уште не е точно познато кога била подигната.* Од оваа населба се иселил значителен дел од популацијата, така што таа преминала од средно по големина, во мало село. Во 1961 година Алгуња броела 755 жители, од кои 597 биле Срби, а 158 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 288 жители, од кои 191 се Срби, а 96 жители Македонци.

**Алданци** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Крушево, лоцирана недалеку од десната страна на патот Прилеп - Крушево, а нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Кривогаштани. Со оглед на тоа дека лежи на нискиот простор на Општината, селото е рамничарско, на надморска височина од 645 метри. Од градот Крушево селото е оддалечено 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,3 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 370 ха, на пасиштата отпаѓаат 261 ха, а на шумите 128 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште од IV одделение, а има продавници и угостителски објекти, како и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, но со одредено намалување на бројот на популацијата. Алданци во 1961 година броело 537 жители, од кои 312 биле Турци, 155 Македонци, а 70 жители Албанци. Во 1994 година, селото имало 414 жители, од кои 294 се Албанци, 105 Турци, а 15 жители Македонци.

**Алдинци** - Населбата се наоѓа на најјужниот висок дел на Скопската Котлина, а на територијата на Општината Студеничани. Нејзиниот релативно голем атар се издига на планината Голешница каде што се допира со територијата на Општината Велес. Алдинци е една од највисоките населби во котлината, бидејќи лежи на надморска височина од 1.200 метри. Од централното место Скопје населбата е оддалечена 33 км. Како планинска населба има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 47 км$^2$. Преовладуваат шумите на површина од 3.463,1 ха, потоа следат пасиштата на површина од 704,4 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 203 ха. Според ваквата аграрна структура, Алдинци има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година селото броело 373 жители, од кои 199 биле Турци, а 172 Албанци, а во 1994 година селото брои само 24 жители, албанско население.

**Али Коч** - Селото се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Радовиш, односно лежи во таканаречената област „Јуруклук". Со оглед на тоа дека селото е лоцирано на југозападната падина на Плачковица, населбата е планинска, на надморска височина од 780 метри. Од централното место Радовиш селото е оддалечено 6,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. Шумите заземаат површина од 409 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 211,8 ха, а на пасишта 110 ха. Селото, во основа, има полјоделско-

* Податоците за средновековните цркви и манастири се користени од книгата "Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонија", издадена во 1990 година од авторот Илија Велев

шумарска функција. Во Али Коч живеат Турци-Јуруци, кои во 1961 година броеле 243 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 356 жители.

**Али Лобаси** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога броела шест жители, турско население. Лоцирана била северно од Радовиш, на јужната падина на планината Плачковица, на надморска височина од 930 метри. Атарот зафаќал површина од 4,8 км$^2$.

**Алинци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Прилепското Поле, во рамките на Општината Тополчани. Селото лежи на надморска височина од 670 метри. Тоа е лоцирано непосредно до патот Прилеп - Битола, кој што води преку средината на неговиот атар. Од централното место Прилеп населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 700,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 403,7 ха, а на шумите само 4,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Бројот на населението се намалил и тоа од 449 жители во 1961 година, на 281 жители во 1994 година, така што денес населбата претставува мало село, населено со македонско население.

**Алинци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел од територијата на Битолското Поле. Лежи во средишниот дел на Општината Добрушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 604 метри. Лежи недалеку од второстепениот локален пат во меридијански правец, а од централното место Битола населбата е оддалечена 26 км. Алинци има мошне мал атар, којшто зафаќа простор од 4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 327,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 41,2 ха, а на шумите само 4,4 ха, па според тоа, селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 276 жители, а во 1994 година 79 жители, македонско население.

**Аљинце** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Клечевце. Аљинце е раштркана населба, чии маала се наоѓаат на надморска височина од 480 до 720 метри. Од главниот пат Куманово-Крива Паланка населбата е оддалечена 8,8 км, а од централното место Куманово 31 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. Најголема површина заземаат пасиштата на 646,1 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 304,9 ха, додека на шумите отпаѓаат само 26,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Аљинце е зафатено со одредена емиграција на населението, така што бројот на населението се намалил од 374 жители во 1961 година, на 79 жители во 1994 година. Населено е со македонско население.

**Амзабегово** - Селото се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Свети Николе, и неговиот атар зафаќа простор меѓу два пата од кои, едниот води од Штип за Свети Николе, а другиот од Штип за Велес. Од централното место Свети Николе населбата е оддалечена околу девет километри. Амзабегово е рамничарска населба бидејќи лежи на надморска височина од 225 метри. Атарот зафаќа средна големина од 13,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 907,2 ха, пасиштата заземаат површина од 301,4 ха, додека на шумите отпаѓаат само 16,3 ха. Населбата има полјоделско-сточарска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти и дом на културата. Амзабегово е средна по големина населба, со незначително намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 609 жители, од кои 565 биле Македонци, 10 Срби, а 34 жители се декларирале како - други. Во 1994 година бројот се намалил на 557 жители, од кои 543 се Македонци, 10 Власи и тројца Срби.

**АНГЕЛЦИ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Струмичкото Поле и ѝ припаѓа на Општината Василево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 242 метри. Од патот Струмица-Радовиш, од левата страна, населбата е оддалечена три километри, а од централното место Струмица 10 км. Атарот зафаќа простор од 6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 523,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 20,8 ха, а на шумите само 0,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Ангелци во 1961 година броело 682 жители, од кои 651 биле Македонци, 24 Турци и шест жители Срби. Додека во 1994 година бројот се зголемил на 893 жители, од кои 866 се Македонци, а 26 жители Турци.

**АРАЗЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога имала 94 жители, турско население. Лоцирана била во северозападниот дел на Општината Валандово, од левата страна на Вардар, на надморска височина од 170 метри.

**АРАНГЕЛ** - Населбата се наоѓа во североисточниот рамничарски дел на Кичевската Котлина и ѝ припаѓа на Општината Осломеј. Селото е рамничарско на надморска височина од 705 метри. Од централното место Кичево населбата е оддалечена околу 13 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 124,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 66,6 ха, а на шумите 39,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во Арангел живее исклучително албанско население, кое во 1961 година броело 372 жители, а во 1994 година, 640 жители.

**АРАЧИНОВО** - Една од поголемите, според бројот на населението, селски населби во Република Македонија. Се наоѓа на источната страна од Скопската Котлина, односно источно од градот Скопје. Населбата претставува седиште на истоимената општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Лежи на второстепен локален пат, којшто го поврзува со централното место Скопје, од кое е на оддалеченост од 10 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. Доминира обработливото земјиште на површина од 754,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 106,4 ха, додека шумско земјиште нема. Арачиново има исклучително полјоделска функција. Оваа населба е со мешано етничко население. Таа во 1961 година броела 1.037 жители, од кои 406 биле Албанци, 296 Македонци, 188 Турци и 25 жители Срби. Во 1994 година, населбата броела 6.328 жители, од кои 5.675 се Албанци, 620 Македонци, 18 Срби и 14 жители - други. Населбата е аграрно пренаселена, па затоа дел од активното население учествува во дневните миграции спрема Скопје, а дел е вработено во странство.

**АРБАНАШКО** - Населбата се наоѓа на североисточниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, односно во областа „Козјачија", од којашто од многу села населението се иселило, главно, во Куманово. Селото е раштркано и има ридско-планински карактер, чии маала се издигаат на надморска височина од 770 до 920 метри. Од патот Куманово-Крива Паланка, населбата е оддалечена 14 км, а од централното место Куманово 34 км. Атарот зафаќа површина од 8,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 397,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 206,1 ха, а на шумите 203,7 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има продавница и споменик за НОБ. Населбата е мала и во 1961 година броела 263 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 63 жители, од кои 58 се Македонци, а четири Срби. Во Арбанашко постоела стара црква којашто е сега во урнатини. Тоа била црквата „Успение на Св. Богородица", која е подигната во првата половина на XIV век.

**Арбасанци** - Оваа населба се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Свети Николе и со еден мал дел се допира со територијата на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 490 метри. Од централното место Свети Николе населбата е оддалечена повеќе од 15 километри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 185 ха, на пасиштата отпаѓаат 442,1 ха, а на шумите 9,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 163 жители, а во 1994 година само четири жители, македонско население.

**Арбиново** - Населбата се наоѓа во северниот дел на поранешната Општина Охрид, односно лоцирана е во средишниот дел на познатата област „Дебарца“ и ѝ припаѓа на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 880 метри. Оддалечено е од централното место Охрид 34 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 284,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 20,9 ха, а на шумите 336 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него се наоѓа продавница и угостителски објект, како и фабрички погон РЕ „Славеј“ за производство на градежни материјали (шупливи блокови и тули). Во 1961 година, Арбиново броело 311 жители, а во 1994 година само 32 жители, населено со македонско население.

**Арвати** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Ресен. Всушност, таа лежи на југозападната падина на планината Баба, чиј атар се издига до нејзиното било и таму се допира со територијата на Општината Битола. Селото е планинско, на надморска височина од 1.010 метри. Од патот Ресен-Љубојно населбата е оддалечена три километри, а од централното место Ресен 24,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 29 км$^2$. Преовладуваат шумите на површина од 1.562,9 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.098,9 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 215,2 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Учениците се школуваат во соседното село Крани, а во Арвати има продавници и дом на културата. Во 1961 година селото броело 490 жители, од кои 310 биле Албанци, а 179 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 183 жители, од кои 129 се Албанци, а 54 Македонци. Во населбата има средновековен споменик на културата, а тоа е црквата „Св. Арангел“, којашто најпрво била манастирска, но за точната година на нејзината изградба, сè уште не се знае.

**Аргулица** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на поранешната Општина Штип, нејзиниот атар се издига на северните огранки на планината Плачковица, а денес се наоѓа во рамките на Општината Карбинци. Селото е ридско, на надморска височина од 325 метри. Од централното место Штип населбата е оддалечена 15,5 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 611 ха, потоа следат пасиштата на површина од 138,7 ха, а на шумите отпаѓаат 9,9 ха. Населбата има полјоделска функција. Во селото има основно училиште до IV одделение, потоа фабрички погон, амбуланта, земјоделска задруга, продавници и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 774 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 426 жители, од кои 407 се Македонци, 15 Турци, а седум жители се Власи.

**Арилево** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Крушево, на јужната падина на Бушова Планина. Селото е планинско на надморска височина од 960 метри. Од централното место Крушево населбата е оддалечена 4,5 км.

Атарот зафаќа простор од 8,6 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 425 ха, на пасиштата отпаѓаат 392 ха, а на обработливото земјиште 43,3 ха. Во основа, селото има сточарско-шумарска функција. Ова село не е многу населено. Тоа во 1961 година броело 148 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 18 жители, македонско население и селото е доведено во фаза на целосно раселување.

**Арматуш** - Населбата се наоѓа во североисточен правец од централното место Битола, односно лежи на територијата на Општина Новаци, на западната падина на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Лоцирано е на неколку километри оддалеченост меѓу два второстепени локални патишта, а од централната населба Битола селото е оддалечено 22 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,4 $км^2$. Најголема површина заземаат пасиштата од 367 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 104,8 ха, а на шумите 66 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Арматуш и пред повеќе од 30 години била мала населба. Во 1961 година селото броело 55 жители, од кои 51 биле Турци, а четири жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 39 жители турско население.

**Арнакија** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, во долината на реката Фуш, во Општината Сарај. Селото е ридско на надморска височина до 490 метри. Од патот Скопје - Тетово, населбата е оддалечена нецел километар, а од централното место Скопје 18,5 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,4 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 264,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 200,9 ха, а на шумите само 43,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата етнички била мешана. Така, на пример, во 1953 година во Арнакија живееле повеќе Турци, отколку Албанци, но со иселувањето на Турците, состојбата се изменила. Така, во 1961 година селото броело 385 жители, претежно Албанци, а во 1994 година 935 жители, исклучително населено со албанско население.

**Асамати** - Селото се наоѓа на територијата на Општината Ресен и се смета како крајбрежна населба, на североисточната страна на Преспанското Езеро. Селото е рамнинско на надморска височина од 860 метри. Лежи непосредно до патот Ресен - Љубојно, а од централното место Ресен населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мошне мал, бидејќи зафаќа простор од само 1,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 133,8 ха, а на пасиштата отпаѓаат 14,8 ха, додека шумско земјиште нема. Всушност, покрај полјоделската, Асамати има и туристичка функција. Од тие причини бројот на населението многу не се променил. Така, во 1961 година, Асамати броело 221 жители, од кои 106 биле Македонци, 65 Албанци и 49 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 195 жители, од кои 97 се Албанци, 77 Македонци и 21 жители Турци. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има пошта, продавници, дом на културата и урбанистички план.

**Атишта** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на поранешната територија на Општина Кичево, во долината на Треска, под северозападната падина на Баба Сач, а денес ѝ припаѓа на Општината Вранештица. Селото е рамничарско на надморска височина од 650 метри. Од патот Кичево-Демир Хисар, населбата е оддалечена 1,5 км, а од централното место Кичево 13 км. Атарот е многу мал и зафаќа простор од 2,2 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 145,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 66,7 ха, а на пасиштата само 13,9 ха. Во основа, селото има полјоделска функцја. Атишта е мала населба, којашто во 1961 година броела 109 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 41 жители, исклучително македонско население.

**Аџибегово** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел во областа Овче Поле, и во иста

насока, во Општината Лозово. Селото е рамничарско на надморска височина од 255 метри. Атарот зафаќа површина од 16,9 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.119 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 264 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година населбата броела 234 жители, од кои 10 биле Албанци, еден Турчин и 22 жители - други. Во 1994 година, бројот на населението се намалил само на пет жители.

**Аџиевци** - Ова мало село се наоѓа на крајниот јужен дел на поранешната територија на Општината Гостивар, во долното течение на реката Радика, а под југоисточната падина на Дешат. Денес ѝ припаѓа на Општината Ростуша. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Населбата лежи од десната страна на патот Гостивар - Дебар, на оддалеченост од 1,2 км, а од централното место Гостивар селото е оддалечено 66 км. Атарот е многу мал и зафаќа простор од само 1,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 89,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 44 ха, а на обработливото земјиште само 18,8 ха, така што селото нема некоја развиена аграрна функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со турско население, и во 1961 година броела 121 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 204 жители, од кои 71 се Турци, 43 Македонци, шест Албанци и 84 жители се декларирале како - други.

**Аџиматово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Овче Поле, и ѝ припаѓа на Општината Лозово (поранешно име Џумајлија). Селото е рамничарско, на надморска височина од 275 метри. Од патот Штип - Велес населбата е оддалечена 1,8 км, а од централното место Свети Николе 17,5 км. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. Доминира обработливото земјиште на површина од 564,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 35,2 ха, а на шумите само 4,6 ха. Селото има полјоделска функција, не е големо и е со тенденција на намалување на бројот на населението. Тоа во 1961 година броело 148 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 72 жители, исклучително населено со македонско население.

# Б

**Бабино** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Сопотница, во изворишното сливно подрачје на Црна Река, а на источните огранки на Плакенска Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од патот Демир Хисар - Кичево населбата е оддалечена два километри, а од поранешното централно место Демир Хисар 18,5 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 477,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 236,2 ха, а на пасиштата 161,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него постои споменик за НОБ, а има и продавница. Селото во 1961 година броело 451 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 70 жители, македонско население. Ваквата емиграциска одлика е карактерстична за многу села од Општината Демир Хисар.

**Бабуна** - Оваа млада населба по настанок е формирана од доселеници, недалеку од устието на реката Бабуна во Вардар. Меѓутоа, селото се смета како приградска населба на Велес, па затоа неговиот атар, со сите аграрни одлики е во состав на атарот на градот Велес. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 170 метри. Од стариот пат Велес - Градско, населбата е оддалечена 0,5 км, а од централното место Велес пет километри. Интересно е дека Бабуна популациски мошне расте. Така, во 1961 населбата броела 104 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 457 жители, македонско население.

**БАДАР** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на Скопската Котлина, во долното течение на реката Пчиња, недалеку од десната страна на делницата на автопатот Скопје - Велес. Припаѓа во Општината Петровец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 240 метри. Од централното место Скопје населбата е оддалечена 30,6 км. Атарот зафаќа простор од 6,9 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 258,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 222,1 ха, а на пасиштата 69,9 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 130 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 13 жители, од кои 10 се Македонци, а тројца жители Роми.

**БАДИЛЕН** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на Струмичкото Поле, под јужната падина на планината Огражден, а чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Припаѓа на Општината Ново Село. Населбата е ридска, на надморска височина од 620 метри. Поради својата периферна положба, населбата од градот Струмица е оддалечена 35,5 километри, а од патот Струмица-Ново Село-граничен премин 6,8 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 21,9 $км^2$, но не е доволно искористен. На него пасиштата заземаат површина од 1001,4 ха, на шумите отпаѓаат 886,2 ха, а на обработливото земјиште 200,9 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Зафатено е со голема емиграција на населението, па затоа бројот на населението се намалил од 413 жители во 1961 година, на само двајца жители во 1994 година.

**БАЗЕРНИК** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се издига до ртот на Плаќенска Планина, каде што се допира со просторот на Општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Од патот Демир Хисар-Кичево населбата е оддалечена 5,5 км, а од поранешното централно место Демир Хисар 22 км. Атарот зафаќа простор од 13 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 734,1 ха, потоа пасиштата на 370,4 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 172,4 ха. Според ваквата аграрна структура, Базерник има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала со опаѓање на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 224 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 83 жители, македонско население.

**БАЈКОВО** - Оваа периферна населба се наоѓа на крајниот источен дел на Струмичкото Поле и ѝ припаѓа на Општината Ново Село, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Населбата е ридска, на надморска височина од 345 метри. Од патот Струмица-Ново Село-граничен премин, населбата е оддалечена 2,5 км, а од градот Струмица 30 км. Атарот зафаќа простор од 8,1 $км^2$. На него најголема површина заземаат шумите со 469,6 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 248,8 ха, а на пасиштата отпаѓаат 56,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Бајково е мала населба, во фаза на целосно раселување. Во 1961 година селото броело 283 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на пет жители.

**БАЈЛОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во ридско-планинската област Козјачија. Населбата е ридска и лежи на надморска височина од 600 до 760 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 32 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површината од 1380,4 ха, потоа обработливото земјиште на кое отпаѓаат 634,6 ха, и шумите на 39,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници, фабрички погон за преработка на метали и кожарска работилница за изработка на таписерии од кожа. Во селото постои мошне стара црква „Св. Димитрие", но не е познато кога е изградена. Од Бајловце се иселил значителен број од населението, така што тоа преминало од средна во мала населба. Во 1961 година,

селото броело 707 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 153 жители, од кои 148 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Бајрамбос** - Оваа мала населба се наоѓа во крајниот источен дел на територијата на Општината Валандово, во изворишното подрајче на Анска Река. Атарот на селото се допира со државната гранична линија со Република Грција и со просторот на Општината Стар Дојран. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од централното место Валандово населбата е оддалечена 16 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 22,3 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1887,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 205,2 ха, а на обработливото земјиште 107,7 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во селото живее турско население, кое во 1961 година броело 202 жители, а во 1994 година, поради иселувањето на Турците, броело само осум жители.

**Бајрамовци** - Населбата се наоѓа речиси во средишната зона на територијата на Општината Центар Жупа. Всушност, селото лежи во Дебарска Жупа и е лоцирано на западната падина на планината Стогово. Селото е ридско на надморска височина од 860 метри. Од централното место Дебар населбата е оддалечена 10 км. Има мошне мал атар којшто зафаќа простор од 1,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 63,8 ха, на шумите отпаѓаат 60,9 ха, а на обработливото земјиште 30 ха. Населбата е мала, но без некои големи промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 241 жители, а во 1994 година 257 жители од кои 245 се Турци, а 11 жители Македонци.

**Баланци** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Центар Жупа, односно, лоцирана е во Дебарска Жупа. Селото е ридско, на надморска височина од 735 метри. Од централното место Дебар населбата е оддалечена 8,9 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 156,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 85,9 ха, а на пасиштата само 30,9 ха, па затоа населбата нема некоја развиена аграрна функција. Во 1961 година селото броело 579 жители, од кои 526 биле Турци, а 43 Албанци, а во 1994 година 359 жители, од кои 351 се Турци, а четири жители Албанци.

**Балдовенци** - Населбата е наполно раселена, по 1961 година, кога броела 170 жители, македонско население. Селото било лоцирано во јужниот дел на територијата на Општината Новаци, на надморска височина од 690 метри. Атарот зафаќа површина од 10,2 км$^2$.

**Балин Дол** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Општината Гостивар, во непосредна близина на градот, односно, во неговата рурбална зона. Селото е рамнинско, на надморска височина од 560 метри. Тоа е оддалечено од градот 2,7 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км$^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 173,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 12,3 ха, а на шумите 188,7 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.170 жители, од кои 738 биле Албанци, а 417 Македонци, додека во 1994 година имало 2.862 жители, од кои 2.213 се Албанци, 361 Македонци, 275 Роми, осум Срби и двајца жители Турци.

**Балинци** - Оваа населба се наоѓа во плодното Валандовско Поле, односно, во јужниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар на тесен дел се допира со просторот на Општината Миравци. Селото е рамнинско, на надморска височина од 105 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 5,5 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 178,4 ха, на шумите отпаѓаат 294,2 ха, а на пасиштата 34,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Во 1961 година селото било

мало и броело 280 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 333 жители, од кои 241 се Македонци, 84 Срби, а осум жители Роми.

**БАЛТАЛИЈА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Штип, во проширената долина на рекатa Крива Лакавица, лева притока на Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 380 метри. Од Штип населбата е оддалечена 18 км. Атарот е заеднички со селото Лакавица. Населбата е мала и во 1961 година броела 115 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 26 жители, од кои 17 се Власи, шест Турци и двајца жители Македонци.

**БАНИЦА** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Струмица и бидејќи се наоѓа недалеку западно од градот, припаѓа на рурбалната зона на ова централно место. Селото е рамнинско, на надморска височина од 246 метри. Атарот зафаќа простор од 7,3 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 413 ха, на пасиштата отпаѓаат 112,6 ха, а на шумите 260,7 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има продавници и угостителски објекти. Населбата е голема, со зголемен пораст на населението. Во 1961 година селото броело 729 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.163 жители, македонско население.

**БАНИШТЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Дебар, на јужните огранки на планината Дешат, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија. На овој потег избиваат термоминерални извори, што се користат за лекување на повеќе болести во таканаречената Дебарска Бања. Населбата е ридска, на надморска височина од 860 метри. Од централното место Дебар населбата е оддалечена 4,5 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 208 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 244 ха, а на шумите 496,7 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него има амбуланта и продавници. Во 1961 година Баниште броело 205 жители, од кои 131 биле Македонци, а 70 Албанци, додека во 1994 година биле попишани 195 жители, од кои 182 се Албанци, а 13 жители Македонци.

**БАНСКО** - Мошне интересна населба, бидејќи лежи на локалитет каде што избиваат мошне топли термоминерални извори. Се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Муртино. Со оглед на тоа дека Банско е лоцирано на допирот помеѓу северната падина на Беласица и котлинското дно, населбата е рамничарска, на надморска височина од 260 метри. Атарот се издига до сртот на Беласица, каде што се допира со територијата на Општината Валандово. Од градот Струмица населбата е оддалечена 15,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,8 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.689,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 468,6 ха, а на пасиштата 146,9 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-шумарска функција, но се одликува и како бањско-туристичка функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти и урбанистички план. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Таа во 1961 година броела 1.167 жители, од кои 510 биле Македонци, а 469 Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.645 жители, од кои 946 се Македонци, 680 Турци, 17 Роми и двајца жители Срби.

**БАЊА** - Населбата се наоѓа во крајниот северен дел на територијата на Општината Облешево, во средното сливно подрачје на Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 370 метри. Од патот Кочани-Штип населбата е оддалечена околу четири километри, а од градот Кочани 11,5 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 $км^2$. Обработливото земјиште зазема површина од 481,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 468,9 ха, а на шумите само 3,4 ха. Во однос на земјоделството селото има полјоделско-сточарска функција. Со оглед на тоа дека во селото избива термоминерален извор, со температура од $54^{O}C$, населбата прет-

ставува и бањско лекувалиште, познато под името Кочанска Бања. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Бања е средна по големина населба, со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 681 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 473 жители, од кои 457 се Македонци, а 16 жители Власи.

**БАЊАНЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, а на југозападната падина на Скопска Црна Гора и ѝ припаѓа на Општината Чучер - Сандево. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од централното место Скопје, населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 24 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.915,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 301,1 ха, а на обработливото земјиште 153 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Бањане, како ретко кое село, има мошне стари средновековни споменици. Така, над селото постои манастир „Благовештение на Св. Богородица", во кој живописот потекнува од 1514 година, но објектот е во урнатини. Потоа постои црквата „Св. Вознесение", која потекнува од XIV век, а во истиот век била изградена и црквата „Св. Ѓорѓи". Во Бањане е изграден и еден значаен манастир „Св. Никита", којшто го подигнал кралот Милутин во 1307/8 година и тој има мошне интересно историско и уметничко обележје. Населбата е средна по големина, со мало намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 687 жители, од кои 382 биле Македонци, а 293 Срби, додека во 1994 година имало 563 жители од кои 324 се Срби, 221 Македонци, а осум жители Роми.

**БАЊИЦА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на реката Тополка, од нејзината лева страна. Селото е рамнинско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 16,5 километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,9 км². На шумите отпаѓаат 747,7 ха, обработливото земјиште зазема површина од 638,2 ха, а пасиштата имаат површина од 611,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Поради емиграција на населението, бројот на жителите во Бањица се намалил од 422 во 1961 година, на 102 жители во 1994 година, од кои 91 се Македонци, а 10 жители Албанци.

**БАРАКЛИ** - Населбата е наполно раселена во 1961 година, кога броела 15 жители, турско население. Селото било лоцирано во северниот дел на Општината Валандово, на надморска височина од 480 метри.

**БАРАКОВО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, од левата страна на Црна Река. Селото е рамнинско, на надморска височина од 620 метри. Лежи недалеку од централното место Демир Хисар, на оддалеченост од 5,3 км, и тоа во североисточен правец. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 1,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 97,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 38,3 ха, а на шумите само 1 ха. Селото има полјоделска функција. Во населбата се наоѓа споменик за НОБ. Селото е мало и во 1961 година броело 118 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 74 жители, македонско население.

**БАРАТЛИЈА** - Населбата се наоѓа на западната висока страна на територијата на Општината Ранковце. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.180 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 24 км. За Баратлија нема катастарски податоци, бидејќи не се води во евиденција, но се знае дека има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година селото броело 365 жители, а во 1994 година 89 жители, македонско население.

**БАРБАРЕВО** - Населбата се наоѓа на источната страна на Струмичко Поле, чиј атар се допира со просторот на Општината Берово.

Всушност, населбата е лоцирана на јужната падина на планината Огражден и ... припаѓа на Општината Ново Село. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 30 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 30,1 км². На него доминираат шумите на површина од 1.939,9 ха, потоа следат пасиштата на површина од 964 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 100,8 ха, така што во основа селото има сточарско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 399 жители, а во 1994 година 85 жители, македонско население.

**БАРЕШАНИ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Бистрица, под источната падина на планината Баба, или Пелистер, а на јужната страна од Битолското Поле. Селото лежи на надморска височина од 640 метри. Лоцирано е непосредно до второстепен локален пат, а од градот Битола населбата е оддалечена 11,5 км. Атарот зафаќа простор од 6,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 375,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 159,3 ха, а на шумите 124,1 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, продавници и угостителски објекти. Населбата е средна по големина, без значителни промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 498 жители, а во 1994 година 212 жители, од кои 209 се Македонци, а тројца жители - други.

**БАРОВО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Демир Капија, чиј атар се допира со територијата на Општината Конопиште. Всушност, селото е лоцирано недалеку од левата страна на реката Бошавица, а на иста страна и од локалниот пат Демир Капија - Конопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 33 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 14,4 км². На него пасиштата заземаат површина од 539,5 ха, на шумите отпаѓаат 162,4 ха, а најголема површина има обработливото земјиште од 653,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото е подигнат споменик во чест на НОБ. Барово е мала населба во фаза на целосно раселување. Во 1961 година селото броело 263 жители, а во 1994 година само 28 жители, македонско население.

**БАРОВО** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, на северозападната падина на Водно, над реката Треска, и ... припаѓа на Општината Сопиште. Селото е ридско, на надморска височина нешто над 600 метри. Од централното место Скопје населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 2,4 км². На пасиштата отпаѓаат 159,8 ха, на шумите 59,3 ха, а обработливото земјиште 44,5 ха, така што во врска со ваквата аграрна структура, селото не е многу развиено. Барово е мала населба којашто е во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 87 жители, а во 1994 година само 21 жители, од кои 11 Албанци, а 10 жители Македонци.

**БАТАЊЕ** - Оваа мала населба се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, и припаѓа на средното сливно подрачје на Брегалница. Селото е рамнинско, на надморска височина од 330 метри. Од патот Штип - Кочани населбата е оддалечена 2,2 км, а од градот Штип 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 307,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 130,8 ха, додека шумското земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година селото броело 110 жители, а во 1994 година само двајца жители и тоа е во фаза на наполно раселување.

**БАТИНЦИ** - Оваа населба, со голем пораст на популацијата, се наоѓа на територијата на Општината Студеничани, јужно од централното место Скопје, на оддаленост од 14 км. Селото е лоцирано во долината на Маркова Река и е рамничарско на надморска височина од 280 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7

км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 597,4 ха, на шумите отпаѓаат 134,8 ха, а на пасиштата само 41,5 ха. Селото, во однос на земјоделството, има полјоделска функција. Во населбата се доселил значителен број муслимани од Санџак, така што селото, според бројот на населението, мошне се зголемило. Во 1961 година селото броело 845 жители, од кои 653 биле Турци, 157 Албанци и 29 жители муслимани. Во 1994 година биле попишани 4.117 жители, од кои 2.135 се Албанци, 1.667 други (муслимани од Санџак) 306 се Турци и осум жители Срби.

**БАЧ** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, недалеку од државната граница спрема Република Грција, и претставува седиште на истоимената општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Ако се земе предвид локалниот пат кој што води за битолскиот дел на Мариово, тогаш населбата се наоѓа непосредно до него. Од градот Битола населбата е оддалечена 35 км. Атарот има средна големина, на простор од 17,8 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.138,2 ха, пасиштата заземаат површина од 547,5 ха, а на шумите отпаѓаат само 1,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти и дом на културата. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 706 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 191 жители, македонско население.

**БАЧИШТА** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Кичевската Котлина, лоцирано на југоисточната падина на планината Бистра, а во рамките на Општината Зајас. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Од патот Кичево-Гостивар, населбата е оддалечена 4,4 км, а од градот Кичево 15,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 22,3 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.427,9 ха, пасиштата заземаат површина од 543,9 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 201 ха. Според ваквата аграрна структура селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници. Во Бачишта живее албанско население, коешто во 1961 година броело 527 жители, додека во 1994 година селото имало 685 жители.

**БАШАЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога броела 57 жители, турско население. Селото било лоцирано во северозападниот дел на Општина Валандово, на надморска височина од 420 метри. Атарот зафаќал простор од 8 км².

**БАШИБОС** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Валандово, во изворишното подрачје на Анска Река. Населбата е ридска, на надморска височина од 269 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 14 км. Атарот на селото е мошне мал и зафаќа простор од 3,2 км². На него шумите заземаат површина од 224,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 51,3 ха, а на пасиштата 18 ха. Неговата земјоделска функција не е доволно развиена. Во селото има продавници и работи основно училиште до IV одделение. Башибос е населено со турско население. Населбата е мала, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 164 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 201 жители.

**БАШИНО СЕЛО** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Велес, односно во северниот дел на малото Велешко Поле, недалеку меѓу автопатот и текот на реката Вардар. Ова село има богат историски развиток, а добар дел од неговите жители се населиле во Куманово, кога овој град станал видно централно место, по спојувањето на вардарската со моравската железница во 1888 година. Населбата лежи на надморска височина од 175 метри. Со оглед на тоа дека Башино Село од градот Велес е одд-

алечено околу пет километри, тоа припаѓа во рурбалната зона на ова централно место. Атарот зафаќа простор од 9,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 393,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 412,2 ха, а на шумите само 0,2 ха. Селото, во снова, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта, продавници и угостителски објекти. Башино Село е средна по големина населба, со пораст на бројот на популацијата. Во 1961 година населбата броела 591 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 775 жители, од кои 765 се Македонци, а осум жители Срби. Дел од неговото активно население учествува во секојдневните миграциони движења кон Велес.

**БАШТЕВО** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со просторот на Општината Ранковце. Селото е раштркано и планинско, на надморска височина од 1.000 до 1.100 метри. Од градот Крива Паланка селото е оддалечено 16,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 300,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 304,8 ха, а на шумите 71,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, а со оглед на тоа дека некои маала се наполно раселени, и вкупниот број на населението се намалил. Така, во 1961 година селото броело 214 жители, а во 1994 година само 42 жители, македонско население.

**БЕГНИШТЕ** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Кавадарци, односно, јужно од градот, во областа Витачево, а чиј атар се допира со вештачкото Тиквешко езеро. Селото се наоѓа на надморска височина од 400 метри и има ридски карактер. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 11 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 727,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 498,5 ха, а на шумите 134,1 ха, со што селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа манастир „Св. Атанас“. Има и црква којашто била подигната на темелите на постара црква. Но, ниту манастирот, ниту црквата, како средновековни светилишта, не се доволно проучени. Бегниште е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 732 жители, од кои 677 биле Македонци, а 43 жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 413 жители, од кои 404 се Македонци, а девет жители Срби.

**БЕДИЊЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, недалеку, југозападно од градот, на оддалеченост од два километри, па затоа припаѓа на рурбалната зона на централното место, односно, веќе е во конурбација со градската територија. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 350 метри, а претставува и рурален центар. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 426,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 12 ха, а на шумите 13,6 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделска функција. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Така, од 1961 година селото броело 1.083 жители, од кои 663 биле Македонци, 150 Срби, 56 Турци и 22 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.080 жители, од кои 1.426 се Македонци, 308 Албанци, 230 Срби, 95 Турци и 21 - други.

**БЕЗИКОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Оризари, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонска Каменица, односно, лоцирано е на јужните огранки на Осоговските Планини. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 800 до 950 метри. Од градот Кочани, населбата е оддалечена околу 20 километри. Атарот има средна големина, на простор од 17,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 980,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 295,5 ха, а на пасиштата 177,1 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од Безиково се иселил значителен број од неговата попу-

лација и тоа сега се наоѓа во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото броело 469 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 30 жители, македонско население.

**БЕЗОВО** - Населбата се наоѓа на јужната страна на територијата на Општината Луково, во Струшкото Поле, на источните огранки на планината Јабланица. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 760 до 860 метри. Се наоѓа од левата страна на патот Струга-Дебар, три километри, а на оддалеченост од градот од 23 километри. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од 2,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 124,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 64,3 ха, а на обработливото земјиште само 38,9 ха, така што селото, во однос на земјоделството не е многу развиено. Населбата е мала, со негативно популациско салдо. Во 1961 година селото броело 179 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 67 жители, македонско население.

**БЕКИРЛИЈА** - Населбата се наоѓа на најјужниот дел на територијата на Општината Лозово, недалеку од устието на реката Светиниколска или Азамак, во Брегалница. Селото е рамнинско, на надморска височина од 230 метри. Од патот Штип - Велес населбата е оддалечена 15,3 км, а од централното место Свети Николе 36,3 км. Атарот се допира со териториите на општините Штип и Велес. Тој зафаќа простор од 16,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површината од 892,9 ха, обработливото земјиште зазема површина од 510,8 ха, а на шумите отпаѓаат 114,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Селото е мало и во фаза на раселување, бидејќи Турците што живееле во него, во значителен број се иселиле во Турција. Во 1961 година броело 116 жители, од кои 77 биле Албанци, а шест жители Турци, додека во 1994 година имало само 15 жители, населено со турско население.

**БЕЛАНОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Липково, во горното сливно подрачје на Липковска Река, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 9,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 698,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 137,9 ха, а на пасиштата 40 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него се наоѓа споменик подигнат во чест на НОБ. Во Белановце била изградена црква „Св. Никола“ во 1591 година. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 330 жители, но во 1994 година бројот се намалил на само 12 жители, албанско население.

**БЕЛА ЦРКВА** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Прилепско Поле, а на јужната страна на Општината Кривогаштани, чиј атар се допира со териториите на општините Могила и Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 603 метри. Од градот Прилеп, населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 343,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 16 ха, а на шумите само 0,2 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти и споменик за НОБ. Бела Црква е добро населена, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 907 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 530 жители, македонско население.

**БЕЛИ** - Оваа населба, се наоѓа во средишниот дел на Кочанско Поле, во рамките на Општината Кочани. Со оглед на тоа дека селото е оддалечено од градот Кочани само неколку километри, тоа припаѓа во рурбалната зона на градот. Селото лежи на локалниот пат што води кон западните повисоки села. Населбата се наоѓа на надморска височина од 370 метри. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 15,5 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 901 ха,

обработливото земјиште зазема површина од 498,2 ха, а на шумите отпаѓаат само 50 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавници и угостителски објекти. Поради емиграција на населението, Бели преминало од голема, во средна населба. Во 1961 година селото броело 846 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 454 жители, македонско население.

**БЕЛИЦА** - Населбата се наоѓа на крајната источна страна на територијата на Општината Самоков, чиј атар се издига високо меѓу планините Караџица и Даутица. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 550 метри. Од поранешното централно место Македонски Брод, населбата е оддалечена 34 км. Белица има еден од поголемите, по површина, атари во Република Македонија, бидејќи зафаќа простор од 89 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 3.029,8 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.632 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 145,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. И од оваа населба, како, впрочем од, речиси, сите села во Општината Македонски Брод, била присутна емиграцијата на населението. Во 1961 година Белица броела 376 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 146 жители, македонско население.

**БЕЛИЦА** - Населбата се наоѓа на јужната страна на Кичевската Котлина, а на југоисточниот дел од територијата на Општината Другово, чиј атар се издига на источната падина на Илинска Планина и се допира со просторот на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 21 км. Атарот е мошне голем и зафаќа површина од 31 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.112,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 698,1 ха, а на обработливото земјиште 243,7 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во населбата се наоѓа споменик за НОБ, а има и продавница. Белица е зафатена со значителна депопулација, бидејќи бројот на населението се намалил од 702 жители во 1961 година, на 115 жители во 1994 година, македонско население.

**БЕЛИЧИЦА** - Населбата се наоѓа на јужниот дел од територијата на Општината Маврови Анови и лежи на планината Бистра, западно од Мавровското Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 1.470 метри, односно, се смета за една од повисоките населби во Републиката. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 33,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.502,7 ха, потоа следат шумите на површина од 789 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат 132,6 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 79 жители, а во 1994 година само девет жители, македонско население.

**БЕЛОВИШТЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог, на територијата на Општината Вратница, на југоисточната падина на Шар Планина, или како што овој простор се нарекува, Подгор. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 23 км, а од патот Тетово-Косово 1,1 км. Атарот зафаќа простор од 13,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 562,1 ха, на шумите отпаѓаат 464 ха, а на обработливото земјиште 257,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Беловиште било голема населба, којашто во 1961 година броела 809 жители, а во 1994 година само 316 жители, од кои 298 се Македонци и 18 жители Срби.

**БЕЛОВИШТЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Гостивар, недалеку од градот, на оддалеченост од околу пет километри, а од десната страна на реката

Во него работи основно училиште до IV одделение. Белушино е мала населба, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 193 жители, од кои 162 биле Турци, а 74 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 72 жители, од кои 63 се Албанци, а девет жители Турци.

**БЕЛЧЕ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, од десната страна на Црна Река, а на оддалеченост од централното место Демир Хисар од пет километри. Од тие причини Белче припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 89,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 59,4 ха, а на шумите 136,8 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него има фабрички погон и продавници. Населбата е мала, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 170 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 208 жители, македонско население.

**БЕЛЧИШТА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на областа Дебарца и се смета за централно место во оваа област. Воедно населбата, е седиште на истоимената општина. Може да се смета како ридска населба на надморска височина од 772 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа површина од 9,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 585,4 ха, на шумите отпаѓаат 122,3 ха, а на пасиштата 93,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во Белчишта работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници, дом на културата, има фабрички погони за изработка на сигурносни појаси и за делови за моторни возила. Во населбата има споменик „Братство-единство“ во чест на НОБ, потоа спомен-чешма за паднатите борци од НОБ, спомен-плоча посветена на формирањето на првиот Областен комитет на КПЈ и спомен-плоча на првиот партизански состанок во Охридско. Белчишта е голема населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.203 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 489 жители, македонско население.

**БЕЉАКОВЦЕ** - Населбата се наоѓа на источната страна на Општината Клечевце, од десната страна на Крива Река, чиј атар се допира со просторот на Општината Кратово, односно, претставува завршна железничка станица на линијата Скопје-Куманово-Бељаковце. Селото е раштркано и неговите маала се наоѓаат на надморска височина од 380 до 520 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 28 км. Атарот има средна големина од 16,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 651,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 711,6 ха, а на шумите 129,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-сточарска функција. Во Бељаковце бил изграден манастир „Св. Ѓорѓи“, кој бил запустен, а како црква е обновен во 1892/94 година. Во селото била изградена и друга црква „Св. Ѓорѓи“, којашто била живописана во 1606 година. Црквата „Св. Никола“, пак, потекнува од средновековниот период, но сè уште не е утврдено точно од кој век. Бељаковце била голема населба, но по пат на емиграција станала мало село. Во 1961 година селото броело 807 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 119 жители, македонско население.

**БЕНЧЕ** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Самоков, чиј атар се допира со територијата на Општината Србиново, во Горни Полог. Селото е планинско, на надморска височина од 1.090 метри. Од поранешното централно место Македонски Брод населбата е оддалечена 39 км. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 807,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 280 ха, а на обработливото земјиште 221,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од Бенче се иселил голем број на населението, така што тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 437 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 65 жители, македонско

население.

**БЕРАНЦИ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Могила, недалеку од левата страна на патот Битола-Прилеп, а во северниот дел на Битолското Поле. Селото лежи на надморска височина од 640 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 17,6 км. Атарот зафаќа простор од 19 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.028,3 ха, пасиштата заземаат површина од 785,5 ха, а на шумите отпаѓаат само 15 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото има средновековен манастир „Св. Јован", но не се знае точно од кога потекнува. Во населбата има основно училиште до IV одделение. Од Беранци се иселил голем број од населението, така што тоа преминало од голема, во средна населба. Во 1961 година селото броело 1.127 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 478 жители, македонско население.

**БЕРИКОВО** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот ридско-планински северен дел на територијата на Општината Осломеј, чиј атар се допира со просторот на Општината Србиново. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од централното место Кичево населбата е оддалечена 18 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,5 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 108,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 109,7 ха, а на шумите 315,3 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Бериково е населено со албанско население, кое во 1961 година броело 259 жители, додека во 1994 година 178 жители.

**БЕРОВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепско Поле, на територијата на Општина Прилеп, недалеку од десната страна на патот Прилеп - Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 628 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 11,1 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 916,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 96,7 ха, а на шумите 41,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, речиси без промени во бројот на населението. Во 1961 година селото броело 352 жители, а во 1994 година 353 жители, македонско население.

**БЕСВИЦА** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од левата страна на реката Бошавица и непосредно до локалниот пат од Демир Капија за Конопиште. Селото е ридско, на надморска височина од околу 300 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 23 километри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 20,6 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.423,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 588,1 ха, а на шумите само 4,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има споменик за НОБ, дом на културата и продавница. Населбата е мала, доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 319 жители, од кои 270 биле Македонци, а 37 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 81 жители, македонско население.

**БЕШИШТЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Витолиште, во ридско-планинскиот дел на прилепско Мариово, од десната страна на Црна Река. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 43 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 67,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.700,8 ха, пасиштата заземаат површина од 2.867,9 ха, а на шумите отпаѓаат 2.038 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Бешиште е изградена средновековна црква „Св. Параскева". Таа била живописана во 1884 година, но не е познато точно кога била изградена. Во селото има земјоделска задруга, дом на културата и продавници. Бешиште била голема населба, но емиграцијата го сторила своето, односно, тоа станало мало село. Во 1961

година населбата броела 1.171 жители, а во 1994 година бројот на населението се намалил дури на 93 жители, македонско население.

**Бибај** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Општината Маврови Анови, на источните огранки на планината Кораб, а во горното сливно подрачје на Радика. Селото е планинско и е лоцирано мошне високо, на надморска височина од 1.200 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 33,5 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,8 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 283,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 83,2 ха, а на пасиштата само 3,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Бибај е мала населба, којашто во 1961 година броела 81 жител, од кои 34 биле Албанци, 31 Македонци, а 15 жители Турци, а во 1994 година 46 жители, од кои 44 се Албанци и двајца жители Македонци.

**Бигла** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Делчево, под северозападните огранки на планината Голак, а чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Виница. Куќите на населбата се издигаат на надморска височина од 722 до 803 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне голем, бидејќи зафаќа простор од 32 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.591,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 787,7 ха, а на обработливото земјиште 679,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон „Крзно", амбуланта, продавници и угостителски објекти. Бигла е средна населба, по големина, но со намалување на бројот на популацијата. Во 1961 година селото броело 731 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 343 жители, македонско население.

**Бигор Доленци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Кичевската Котлина, а речиси во средишниот дел на Општината Вранештица. Селото е рамничарско, од левата страна на реката Треска, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа површина од 10,4 $км^2$. На него шумите заземаат простор од 531,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 263 ха, а на обработливото земјиште 192,4 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, продавници и др. Населбата е мала, но со позабавено намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 250 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 194 жители, македонско население.

**Биљаник** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишната зона на Битолското Поле, а на западниот дел на територијата на Општината Новаци, на алувијалната рамнина од левата страна на Црна Река. Селото е рамнинско, на надморска височина од 580 метри. Лежи на локален второстепен пат во мердијански правец, а од градот Битола населбата е оддалечена 12 $км^2$. Атарот е мал и зафаќа површина од 5,8 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 535 ха, на пасиштата отпаѓаат 58,4 ха, додека шумско земјиште нема. Во него работи основно училиште до IV одделение. Биљаник е мала населба, со благо намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 318 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 107 жители, македонско население.

**Биљановце** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, недалеку од градот, во јужен правец, на оддалеченост од околу три километри. Од тие причини населбата припаѓа во рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Атарот зафаќа простор од 9,8 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 497 ха, на пасиштата отпаѓаат 238,3 ха, а на шумите само 70,4 ха. Селото има полјоделска функција. Поради близината на Биљановце до централното место Куманово, тоа станало динамично имиграционо место, односно, примило многу доселеници, па затоа во него се зголемил бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 354 жители, а во 1994 година бројот се

зголемил дури на 829 жители, од кои 791 се Македонци, а 37 Срби.

**Бирино** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 13 жители, македонско население. Селото било лоцирано во југоисточниот дел на Општината Крушево, на надморска височина од 970 метри. Атарот зафаќа простор од 6,1 км$^2$.

**Бистренци** - Населбата се наоѓа во северозападната зона на територијата на Општината Демир Капија, лоцирано непосредно од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 125 метри. Од градот Неготино населбата е оддлечена 19 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 23,9 км$^2$. Пасиштата заземаат површина од 928,9 ха, обработливото земјиште зазема површина од 855,1 ха, а на шумите отпаѓаат 339,7 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, споменик за НОБ и дом на културата. Бистренци е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 467 жители, од кои 376 биле Македонци, 63 Турци, а 13 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 347 жители, од кои 299 се Македонци, 38 Турци, петмина Албанци и четворица жители Срби.

**Бистрица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолско Поле, односно лежи јужно од градот Битола, на оддалеченост од помалку од осум километри, и е лоцирана на второстепен локален подгорски пат во меридијански правец. Бистрица претставува седиште на истоимената општина. Населбата е рамнинска, иако куќите лежат на надморска височина во просек од 650 метри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 419,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 98,1 ха, а на шумите само 2,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбауланта, пошта, ветеринарна станица, дом на културата, има споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Бистрица станало имиграционо место, па затоа преминало од средна, во голема населба. Во 1961 година селото броело 734 жители, а во 1994 година 988 жители, од кои 960 се Македонци, 21 Албанци и пет жители Срби.

**Бистрица** - Населбата се наоѓа речиси на средишната територијата на Општината Богомила, во горното сливно подрачје на реката Бабуна, односно од левата страна на нејзиниот тек, а под југоисточната падина на планината Јакупица. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 42 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 28,2 км$^2$, а се протега од падината на Јакупица до алувијалната рамнина на Бабуна. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.219,9 ха, обработливото земјиште зазема површина од 709,8 ха, а на шумите отпаѓаат 400,4 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Од Бистрица се иселил мошне голем број од населението, така што селото преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 736 жители, од кои 722 биле Македонци, а 10 жители Црногорци, додека во 1994 година бројот се намалил на 159 жители, македонско население.

**Битово** - Населбата се наоѓа на западниот висок планински дел на територијата на Општината Самоков, чиј атар се допира со просторот на Општината Србиново, а во изворишниот дел на Мала Река, лева притока на Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 1.180 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 47 км. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 879,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 244,3 ха, а на обработливото земјиште 131,9 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Битово е зафатено со депопулација, така што

тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 314 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 85 жители, македонско население.

**БИТУШЕ** - Оваа мошне интересна, според својот развиток и локација, населба, се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Ростуша, чиј атар се издига на источната падина на Дешат, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Сместено е во кањонскиот дел на реката Радика, од нејзината десна страна, на надморска височина од 954 метри. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 287,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 210,2 ха, а на обработливото земјиште 70,7 ха, така што аграрната структура не е многу поволна за развој на некое активно земјоделство. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, продавници, споменик за НОБ, односно за првата печатница и др. Од Битуше се иселил добар дел од населението, така што тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 581 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 172 жители, македонско население.

**БИЦЕВО** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Струга, североисточно од градот, на оддалеченост од околу 10 километри. Бидејќи лежи на рамништето на Струшкото Поле, селото е рамничарско, на надморска височина од 700 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од само 2,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 222,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 2,6 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година, селото броело 351 жители, од кои 223 биле Македонци, а 125 Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 450 жители, од кои 336 се Албанци, а 114 Македонци.

**БЛАТЕЦ** - Оваа голема населба се наоѓа јужно од гратчето Виница, од левата страна на патот Виница-Берово, а чиј атар се издига на северната падина на планината Плачковица, каде што на сртот се допира со просторот на Општината Радовиш. Населбата претставува општинско седиште. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Од централното место Виница населбата е оддалечена 11 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 77,5 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 4.625,2 ха, обработливото земјиште зафаќа површина од 1.297,6 ха, а на пасиштата отпаѓаат 546,8 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погони „Трико“ и „Руен“, потоа има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, спомен-плоча на загинатите борци од НОБ и урбанистички план. Блатец е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.969 жители, од кои 1.666 биле Македонци, 211 Турци, 58 Албанци и 11 Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 1.533 жители, од кои 1.528 се Македонци, а пет жители - други.

**БЛАЦЕ** (Петровец) - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Скопската Котлина, чиј атар лежи меѓу долините на Пчиња и Вардар. Поодредено, селото е лоцирано од десната страна на реката Пчиња и автопатот и ѝ припаѓа на територијата на Општината Петровец. Селото, во основа е ридско, на надморска височина од 400 метри. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 27 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.843,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 530,1 ха, а на пасиштата 281,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Блаце е изградена црква „Св. Ѓорѓи“, на темелите на некоја стара црква, којашто повеќепати била споменувана во некои историски прикази за средновековните цркви и манастири. Инаку Блаце е мала населба, доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 282 жители, а во 1994 година бројот се намалил на

31 жители, македонско население.

**БЛАЦЕ** (Бутелско) - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Припаѓа на територијата на Општината Чучер - Сандево. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од патот Скопје - Приштина населбата е оддалечена 3,6 км, но од централното место Скопје дури 31,4 км. Атарот зафаќа простор од 7 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 334,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 171,9 ха, а на шумите 152,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Блаце е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.137 жители, од кои 1.072 биле Албанци, а 60 жители Турци, додека во 1994 година имало 1.090 жители, албанско население.

**БЛАЦЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во јужниот дел на територијата на Општината Брвеница, чиј атар делумно се издига на западната падина на Сува Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Населбата од градот Тетово е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа површина од 7,7 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 366,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 229,2 ха, а на обработливото земјиште 159,8 ха. Во основа, селото има полјоделска функција.Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и споменик за НОБ. Селото во 1961 година броело 513 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 375 жители, македонско население.

**БЛИЗАНСКО** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, од левата страна на реката Треска, во северниот дел на територијата на Општината Самоков. Бидејќи селото е лоцирано на алувијалната рамнина на реката, тоа е рамнинско, на надморска височина од 440 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 43 км. Атарот зафаќа површина од 6,2 $км^2$. На него пасиштатата заземаат површина од 556,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 56,9 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Близанско е мала населба, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 114 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 52 жители, македонско население.

**БЛИЗАНЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторот на Општината Пробиштип, односно, лежи недалеку од градот на оддалеченост од 5,5 км. Селото е планинско, нанадморска височина од 1.200 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 370,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 108,6 ха, а на обработливото земјиште 63,4 ха. Во основа, иако аграрно многу неразвиено, селото има полјоделско-шумарска функција. Близанци е сосема мала населба, којашто уште во 1961 година броела 57 жители, а во 1994 година бројот се намалил на девет жители и е на пат да се расели. Селото е населено со македонско население.

**БОГДАНЦИ** - Оваа голема населба, којашто повеќе наликува на гратче, се наоѓа на источниот дел од Гевгелиското Поле, односно, на источната страна, на патот којшто води од Гевгелија за Дојранското Езеро. Богданци претставува мошне развиено општинско седиште. Селото е рамнинско, на надморска височина од 65 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 11,3 км. Богданци има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 67 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.589,6 ха, пасиштата заземаат површина од 2.103,3 ха, а на шумите отпаѓаат 2.723,9 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција, особено со развиено полјоделство. Меѓутоа, Богданци е урбанистички добро уредена населба, со потребна инфраструктура, современо изградени згради, има осумгодишно училиште, голем возен парк „Млаз“, фабрички погон, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ, дом на културата, урбанистички план и др. Исто така, Богданци е мошне голема населба, чие население нараснало од 3.290 жители во

1961 година, на 6.031 жители во 1994 година, од кои 5.778 се Македонци, 153 Срби, 87 Турци и тројца жители се Албанци.

**БОГДЕВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.510 метри. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 594 ха, на шумите отпаѓаат 384 ха, а на обработливото земјиште 46 ха. Селото е мало и во 1961 година имало 132 жители, од кои 92 биле Македонци, а 40 Албанци. Во 1994 година селото се намалило на 14 жители, албанско население.

**БОГОМИЛА** - Населбата се наоѓа на западниот дел на истоимената општина, во извоpишното сливно подрачје на реката Бабуна, а во таканаречената област Азот. Како најголема населба во овој крај, Богомила претставува и железничка станица на линијата Велес-Прилеп-Битола. Богомила, иако е ридска населба, сепак, лежи на алувијалната рамнина на реката Бабуна, на надморска височина од 510 метри. До неа е изграден локален второстепен пат од мостот на Бабуна кај селото Извор, а инаку од градот Велес населбата е оддалечена 46 км. Има голем атар на површина од 31,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.040,7 ха, на шумите отпаѓаат 1.415,1 ха, а на пасиштата 467 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ, продавници, угостителски објекти и урбанистички план. Во 1961 година селото броело 1.544 жители и било голема населба, додека во 1994 година бројот се намалил на 458 жители, од кои 450 се Македонци и четири жители Срби.

**БОГОВИЊЕ** - Населбата е наоѓа на, речиси, крајниот југозападен дел на Долни Полог, недалеку од патот Тетово-Гостивар, односно, од неговата десна страна. Населбата претставува општински центар и седиште на истоимената општина. Инаку, селото е рамничарско, на надморска височина од 550 метри. Од централното место Тетово населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 11 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 838,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 39,8 ха, а на шумите 99,1 ха. Според тоа, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Боговиње е голема населба, којашто во 1961 година броела 2.746 жители, од кои 2.722 биле Албанци, девет Македонци и пет жители Турци, а во 1994 година бројот двојно се зголемил на 5.670 жители, од кои 5.659 се Албанци, а пет жители Роми.

**БОГОЈЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Делогожда, североисточно од градот, а под јужната падина на Караорман. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 16 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 280,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 95,3 ха, а на обработливото земјиште 65,1 ха. Во однос на земјоделството, населбата не е многу развиена. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 202 жители, додека во 1994 година имало 156 жители, населено со албанско население.

**БОГОРОЈЦА** - Населбата се наоѓа на крајната јужна страна на Гевгелиското Поле, на територијата на Општината Гевгелија, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Всушност, селото лежи од левата страна на Вардар, недалеку од автопатот, а на локалниот пат којшто води за Богданци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 55 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена три км. Атарот зафаќа простор од 15,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 921,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 397,3 ха, а на шумите

само 43,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Богоројца е голема населба, со пораст на својата популација. Во 1961 година селото броело 821 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.011 жители, од кои 990 се Македонци, 17 Срби и двајца жители Власи.

**БОГОСЛОВЕЦ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Свети Николе, на ридот Богословец, а чиј атар се допира со просторот на Општината Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 440 метри. Од патот Штип-Свети Николе, населбата е оддалечена 4,4 км, односно до железничката станица Овче Поле, а од градот Свети Николе 14 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 909 ха, на шумите отпаѓаат 671,3 ха, а на обработливото земјиште 183,2 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција,но тоа е зафатено со голема деаграризација. Во времето кога во опкружувањето на населбата работел рудникот за азбест и Богословец било добро населено, а сега е зафатено со тотална депопулација. Во 1961 година населбата броела 609 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури само на двајца жители, што значи дека селото е речиси раселено. Треба да се спомене и тоа дека во населбата била изградена црква „Св. Јован Богослов", а се претпоставува дека таа потекнува од XIII век.

**БОЗОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, односно под југоисточната падина на Шар Планина, а на западната страна на територијата на Општината Шипковица, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.360 метри. Од централното место Тетово населбата е оддалечена 16 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 56,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 3.559,4 ха, шумите заземаат површина од 1.123,5 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 506,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Иако населбата е високо лоцирана, таа е голема, што е поредок случај. Во 1961 година селото броело 837 жители, од кои 754 биле Албанци и 64 жители Турци, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.012 жители, од кои 998 се Албанци и четири жители Турци.

**БОИШТЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се издига високо до сртот на Плаќенска Планина, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 22 км$^2$. Најголема површина заземаат шумите на 1.176,1 ха, потоа пасиштата коишто заземаат површина од 495,2 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 439,5 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Од оваа населба се иселило грото од населението, така што бројот се намалил од 495 жители во 1961 година, на само 22 жители во 1994 година и тоа е доведено во фаза на наполно раселување, а е населено со македонско население.

**БОЈАНЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на Скопската Котлина, чиј атар се издига на планината Жеден и ѝ припаѓа на територијата на Општината Сарај. Селото е ридско, на надморска височина од 530 метри. Од патот Скопје - Тетово населбата е оддалечена 2,5 километри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 25,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.303,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 297 ха, а на обработливото земјиште 614,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.195 жители, а во 1994 година 1.910 жители, населена со албанско население.

**БОЈАНЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа во северниот ридест дел на територијата на Општината Конопиште, чиј атар лежи на

водоразделот меѓу Црна Река и Бошавица. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 25 километри и лежи непосредно до второстепениот локален пат што води преку областа Витачево за Кавадарци. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 31,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.292,6 ха, потоа следат пасиштата на површина од 429,1 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 418,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција, но таа денес не е доволно искористена. Во Бојанчиште е изградена црква врз темелите на еден стар храм, за којшто не се знае кој го подигнал. Од населбата се иселил значителен број население и таа преминала од средно, во мало село. Во 1961 година селото броело 448 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 60 жители, македонско население.

**БОЛЕТИН** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 15 жители турско население. Селото било лоцирано во средниот дел на Општината Ростуша, непосредно до реката Радика, на надморска височина од 820 метри. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$.

**БОЛНО** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, оддалечена од градот, во северозападен правец, пет километри, па затоа припаѓа во неговата рурбална зона. Селото е ридско, на надморска височина од 915 метри. Атарот се протега на планината Галичица, па затоа зафаќа голем простор од 30 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.245,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 435,4 ха, а на пасиштата 114,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и споменик за НОБ. Покрај ова село е изграден манастир „Св.Атанас", којшто е во урнатини, но се претпоставува дека потекнува од времето на цар Самоил. Болно е село средно по големина, но со намалување на бројот на населението.Во 1961 година селото броело 600 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 289 жители, македонско население.

**БОМОВО** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 168 жители, албанско население. Селото е лоцирано во југозападниот дел на територијата на Општината Дебар, на надморска височина од 520 метри. Атарот зазема територија од 5,1 км$^2$.

**БОНЧЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Прилепското Поле и ѝ припаѓа на Општината Тополчани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Прилеп селото е оддалечено дури 29 км.Атарот е голем и зафаќа простор од 20,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.262 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 743,8 ха, а на шумите само 0,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од Бонче се иселил значителен дел од населението. Така, во 1961 година селото броело 580 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 86 жители, македонско население.

**БОРИЕВО** - Населбата припаѓа на групата села коишто лежат на средишниот дел на рамништето на Струмичкото Поле, со најквалитетен бонитет на земјиштето. Тоа се наоѓа на надморска височина од 207 метри. Припаѓа на Општината Босилово. Од градот Струмица селото е оддалечено 15 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 4,3 км$^2$. На него доминира плодното обработливо земјиште на површина од 426,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 14,2 ха, а на шумите само 3,2 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници, угостителски објекти и урбанистички план. Бориево има позитивен популациски биланс и тоа преминало од средна, во голема населба. Во 1961 година селото броело 681 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 889 жители, македонско население.

македонско население.

**БОСИЛОВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичкото Поле, односно во мошне плодното рамниште од десната страна на реката Струмица. Босилово претставува седиште на истоимената општина. Тоа е рамничарска населба на надморска височина од 254 метри. Лоцирано е непосредно до патот Струмица - Ново Село, а од градот Струмица населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 8,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 708,6 ха, пасиштата заземаат површина од 39,5 ха, а шумите само 1,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделска фунција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон „Галапром" за производство на хартија, потоа има амбуланта, пошта, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Населбата е голема, со пораст на популацијата. Во 1961 година селото броело 1.433 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.701 жители, населено со македонско население.

**БОТУН** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на областа Дебарца и ѝ припаѓа на Општината Белчишта. Селото е рамничарско-ридско, бидејќи куќите се издигаат на надморска височина од 740 до 800 метри. Дел од населбата се наоѓа на патот Охрид-Кичево, а од градот Охрид населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 757,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 381,1 ха, а на пасиштата само 45,5 ха.Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има две продавници и угостителски објект, потоа фабрички погон ПП „Фирет" за производство на средства за подмачкување, и спомен-плоча за паднатите борци од Илинден и НОБ. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 526 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 212 жители, од кои 206 се Македонци и тројца Срби.

**БОХУЛА** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Конопиште, од десната страна на реката Бошавица, чиј голем атар издолжено се допира, на една страна со просторот на Општината Демир Капија, а на друга страна се издига на северозападната падина на Кожуф, односно, на тесен дел на неговиот срт се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кавадарци, преку патот што води низ областа Витачево, населбата е оддалечена 26 км. Има мошне голем атар на простор од 56 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 3.809,1 ха, пасиштата заземаат површина од 1.283,3 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 391,5 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од оваа планинска и периферна населба се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 492 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 33 жители, и покрај поволната аграрна структура на атарот, а е населено со 29 жители Македонци и четири жители Турци.

**БРАЗДА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, а на јужната страна на Општината Чучер-Сандево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри, и денес, речиси е споено со соседното село Глуво, со коешто има заеднички атар. Тој зафаќа простор од 15,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 732,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 658,8 ха, а на шумите само 0,5 ха. Кај ова село се наоѓа средновековна црква „Св. Атанас", којашто на старото место, била обновена. Во селото постои и црква „Раѓање на Св.Богородица", која што била доградена во 1846 година. Бразда е населба која што е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 535 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 449 жители, од кои 445 се Македонци, а тројца жители Срби.

**БРАИЛОВО** - Населбата се наоѓа во Прилепското Поле, на северниот дел на територијата

на Општината Долнени, под југозападната падина на планината Бабуна, чиј атар се издига до нејзиниот срт и на тесен дел се допира со просторот на Општината Богомила. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Лежи на локален пат, а од градот Прилеп населбата е оддалечена 26 км. Атарот има средна големина, на простор од 17 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.041,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 469 ха, а на шумите само 50,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е зафатена со значителна депопулација. Така, во 1991 година селото броело 717 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 268 жители, од кои 266 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Брајковци** - Населбата го зазема средишниот дел на плодното поле на територијата на Општината Валандово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 110 метри. Од Валандово населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 252,6 ха, на шумите отпаѓаат 262,3 ха, а на пасиштата 39,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и две продавници. Населбата е средна по големина, со зголемување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 366 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 424 жители, од кои 403 се Македонци, а 21 жители Срби.

**Брајчино** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се издига на југозападниот срт на планината Баба, каде што се допира со Општината Бистрица, како и со државната гранична линија со Република Грција. Вовлечено е во долината на Брајчинска Река, а од градот Ресен е оддалечено 32 км. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Има мошне голем атар којшто зафаќа простор дури од 60,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 2.424 ха, на шумите отпаѓаат 2.788 ха, а на обработливото земјиште 498,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за паднатите борци од НОБ, продавници и угостителски објекти. Во населбата постои средновековна црква „Св. Арангел“, но не се знае точно кога е изградена. Во селото постои и манастир „Св. Петка“ за којшто, исто така, не се знае точно кога е изграден. Таа едно време била запустена, но се смета дека била живописана во XII или XIII век. Брајчино во 1961 година броело 795 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 212 жители, македонско население.

**Братин Дол** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Битола, на нискиот превал спрема Цапарското Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. Од патот Битола-Ресен населбата е оддалечена два километри, а од градот Битола седум километри. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 494,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 362,2 ха, а на шумите само 4,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, но со незначително опаѓање на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 280 жители, од кои 248 биле Македонци и 30 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 176 жители, од кои 166 се Македонци, а осум жители Срби.

**Брвеница** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, јужно и недалеку од градот Тетово. Оваа голема населба претставува општинско седиште. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 440 метри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,7 км$^2$ На него доминира обработливото земјиште на површина од 517,3 ха, на шумите отпаѓаат 8,1 ха, а на пасиштата само 1,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во селото работи осумгодишно училиште, има амбуланта, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Во Брвеница значително се зголемил бројот на населението. Така, во 1961 година населбата броела 793 жители, од кои 733

биле Македонци и 58 жители Срби, додека во 1994 година бројот се зголемил дури на 2.700 жители, од кои 2.623 се Македонци, а 72 жители Срби.

**Брежани** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на општината Белчишта, поточно во периферната област на Дебарца, под северозападната падина на Плаќенска Планина, на чиј срт атарот се допира со просторот на Општината Сопотница. Селото е планинско, на надморска височина од 985 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 32 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 34,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 2.124,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 661,3 ха, а на пасиштата 584,2 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. И од оваа населба од областа Дебарца се отселил голем број од населението. Така, во 1961 година селото броело 547 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 56 жители, македонско население.

**Брезница** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на источниот дел на територијата на Општината Самоков, на десната страна од реката Треска, чиј атар се допира со просторот на скопската Општина Сопиште. Селото е планинско на надморска височина од 1.000 метри. Има мошне голем атар, кој што зафаќа простор од 30,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 3.052,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 115 ха, а на пасиштата 95,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 332 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 94 жители, и покрај значително големата површина на атарот, и е населено со македонско население.

**Брезница** (Катлановска) - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Скопската Котлина, чиј атар се допира со просторот на Општина Велес. Припаѓа на Општината Петровец, а лоцирана е од левата страна на реката Пчиња. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Населбата од градот Скопје е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 662,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 329,7 ха, а на обработливото земјиште 147,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во ова село, на темелите на некоја стара црква, била изградена црквата „Св. Тројца", но не е познато времето на подигањето. Населбата е мала, доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 189 жители, а во 1994 година бројот се намалил на девет жители, македонско население.

**Брезно** - Оваа мала населба се наоѓа недалеку северозападно од општинскиот центар Теарце. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Атарот зазема простор од 13,7 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 666 ха, на пасиштата отпаѓаат 514 ха, а на обработливото земјиште 175 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е населена со македонско население, кое во 1961 година броело 295, а во 1994 година само двајца жители.

**Брезово** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар е допира со просторот на Општината Крушево, лоцирана во горното сливно подрачје на Црна Река. Селото е планинско, на надморска височина од 840 до 1.100 метри. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 20,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.213 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 443,8 ха, а на шумите 315,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него се наоѓа споменик за НОБ и продавница. Од населбата се иселил голем број од населението, така што таа преминала од средно, во мало село. Во 1961 година селото броело 510 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 69 жители, македонско население.

**Брест** - Од неколкуте села со вакво (исто) име, оваа населба се наоѓа на крајниот југоис-

точен дел на територијата на Општината Штип, на северозападната падина на планината Смрдешник, а во сливот на реката Крива Лакавица, од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од централното место Штип, населбата е оддалечена 28,5 км. Атарот зафаќа простор од 8,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 304,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 258,2 ха, а на пасиштата 220,3 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во Брест лежат урнатини од црквата „Св. Пантелејмон", но не се знае во кој период била изградена првобитната црква. Населбата е мала, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 181 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 30 жители, македонско население.

**Брест** - Оваа високо лоцирана населба, се наоѓа на територијата на Општината Чучер-Сандево, на крајниот северен дел на Скопската Котлина, на планината Скопска Црна Гора, чиј атар се допира со просторот на Општината Липково, и со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.200 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 36 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 47,3 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 8.543 ха, шумите заземаат површина од 2.542,5 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 1.277,6 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.782 жители, од кои 863 биле Албанци и 912 жители Турци, а во 1994 година имало 1.158 жители, населено со албанско население.

**Брест** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на средишниот дел на територијата на Општината Самоков, од левата страна на реката Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од познатото централно место Македонски Брод населбата е оддалечена 47 км. Атарот има средна големина на простор од 17 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.105,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 270,3 ха, а на пасиштатата само 12 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мошне раселена, така што бројот на населението се намалил од 405 жители во 1961 година, на 234 жители во 1994 година, македонско население.

**Брешко** - Населбата, којашто е мала и со мошне мал атар, се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 29 км. Како што е спомнато, селото има мошне мал атар кој што зафаќа простор од само 1,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 65,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 70,6 ха, а на шумите само 5,4 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 68 жители, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**Брештани** - Населбата се наоѓа во таканаречената област Дебарска Жупа, односно ѝ припаѓа на Општината Центар Жупа. Селото е, речиси, планинско на надморска височина од 880 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 14 км. Има мошне мал атар, кој што зафаќа простор од 2,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 40,1 ха, на пасиштатата отпаѓаат 93,1 ха, а на шумите 77,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година броела 110 жители, од кои 109 биле забележани како Турци, а во 1994 година бројот останал речиси ист, односно 105 жители, населена со турско население.

**Брждани** - Населбата се наоѓа, речиси, во средниот дел на територијата на Општината Другово, од десната страна на реката Треска, а на северозападните огранки на Илинска Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа

простор од 7,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 320,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 206, ха, а на обработливото земјиште 77,6 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, продавници и др. Брждани во 1961 година броело 328 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 209 жители, македонско население.

**Брзак** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Куманово, чиј атар се допира со просторот на Општината Илинден. Селото е рамничарско, на надморска височина од 382 метри. Од патот Куманово-Скопје населбата е оддалечена 2,2 километри, а од градот Куманово 12,1 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 243,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 39,7 ха, додека шумско земјиште, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Селото е мало, но со благ пораст на населението. Во 1961 година населбата броела 99 жители, од кои 85 биле Срби, а 14 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 88 жители, од кои 51 се Македонци, а 37 Срби.

**Брник** - Населбата се наоѓа во битолскиот дел на областа Мариово, на источната падина на Селечка Планина, а од левата страна на Црна Река. Припаѓа на Општината Старавина. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 15,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 815,6 ха, потоа обработливото земјиште зазема површина од 578 ха, а на шумите отпаѓаат 62,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е доведена во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 215 жители, а во 1994 година само осум жители, македонско население.

**Брњарци** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, и ѝ припаѓа на Општината Арачиново. Од градот Скопје е оддалечено околу 10 километри.Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 339,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 191,5 ха, а на шумите 13,3 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 341 жители, од кои 318 биле Македонци, а 14 Албанци, додека во 1994 година имало 418 жители, македонско население.

**Брод** - Оваа централна населба е во областа Поречје и е седиште на општината под името Македонски Брод. Населбата, иако ги има сите предуслови, од урбални до функционални, да биде гратче, сѐ уште не добила таков статус. Се наоѓа на патот меѓу Кичево и Прилеп, од левата страна на реката Треска, но има периферна положба во однос на просторот на неговата општина. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 560 метри. Атарот зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 119,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 85,8 ха, а на шумите дури 717,8 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделско-шумарска функција. Во Брод работи осумгодишно училиште, има фабрички погони, амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти, дом на културата, споменик за НОБ, бензинска пумпа, урбанистички план и други јавни и управни објекти. Во Брод постои манастир „Св. Илија", којшто бил поодамна разурнат, но не е утврдено кога бил изграден. Како седиште на општината, Брод популациски значително нараснал и тоа, главно, по пат на механички прилив. Така, во 1961 година населбата броела 947 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.358 жители, од кои 3.343 се Македонци, а шест жители Срби.

**Брод** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Бач, непосредно од левата страна на Црна Река, а на локален пат што води за повисокиот планински дел од битолско Мариово. Населбата е ридска, на надморска

височина од 740 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 30 км. Атарот има средна големина, на простор од 21,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.274,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 630,1 ха, а на шумите само 0,7 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба се иселил голем број од населението и таа од голема преминала во мала населба, доведена дури во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 846 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 88 жители, македонско население.

**БРОДЕЦ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, а на југоисточната падина на Шар Планина, непосредно од левата страна на Тетовска Река, или Пена. Атарот се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Припаѓа на Општината Шипковица. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.433,7 ха, на шумите отпаѓаат 661 ха, а на обработливото земјиште 278,9 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Во 1961 година Бродец броел 631 жители, од кои 605 биле Албанци, а осум жители Турци, додека во 1994 година селото имало 533 жители, населено со албанско население.

**БРОДЕЦ** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Скопската Котлина, чиј атар се издига на сртот на планината Скопска Црна Гора и се допира со просторот на општината Липково. Припаѓа на Општината Чучер-Сандево. Селото е планинско, на надморска височина од 870 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 480,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 371,8 ха, а на обработливото земјиште 51,7 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 129 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на шест жители. Во селото постои средновековна црква „Св. Илија", којашто не е доволно проучена и за која сè уште не се знае кога е подигната.

**БРОДЕЦ** - Оваа висока населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, на јужните огранки на планината Враца, а на изворишното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.440 метри. Од градот Гостивар селото е оддалечено 35 км. Оваа населба е карактеристична по тоа што има најголем атар во Републиката, односно тој зафаќа простор од 138,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 10.509 ха, шумите заземаат површина од 3.106,9 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 185,2 ха. Во основа, селото има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 182 жители, од кои 133 биле Македонци, а 44 Албанци, додека во 1994 година селото имало само осум жители, и е на пат целосно да се расели, а населено е со македонско население.

**БРОШТИЦА** - Населбата се наоѓа во средишната зона на територијата на Дебарска Жупа, односно во Општината Центар Жупа, лоцирана мошне високо на западната падина на планината Стогово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.300 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 144 ха, на шумите отпаѓаат 106,7 ха, а на пасиштатата 90 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, продавници и угостителски објекти. Населбата е средна по големина, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 533 жители, од кои 500 се декларирале како Турци, а 30 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 718 жители, од кои 499 се Македонци, 128 Турци и 90 - други.

**БРУСНИК** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога селото брои двајца жители Македонци. Селото е лоцирано на источната страна на Општината Неготино, на надморска

височина од 320 метри. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$.

**Брусник** - Населбата се наоѓа во средниот дел на територијата на Општината Битола, и ѝ припаѓа на групата потпелистерски села. Всушност, Брусник лежи западно од градот, на оддалеченост од околу четири километри и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона, а од десната страна на Драгор. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 305,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 295,4 ха, а на шумите 245,4 ха. Селото има, главно, полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, дом на културата, продавници и угостителски објекти и споменик за НОБ. Во 1961 година селото броело 898 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 320 жители, македонско население.

**Брушани** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, когашто броела 16 жители, македонско население. Селото е лоцирано во јужниот дел на Општината Кавадарци, на надморска височина од 280 метри.

**Брчево** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струшкото Поле, од десната страна на Црн Дрим, а под југозападната падина на планината Караорман. Припаѓа на Општината Луково. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 366,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 355 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 33 жители, македонско население.

**Б'с** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, на северната падина на Осогово, а во изворишниот дел на Крива Река. Селото е планинско, на значителна надморска височина од 1.200 метри. Од централното место Крива Паланка населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. Шумите заземаат површина од 353 ха, на пасиштата отпаѓаат 259,3 ха, а на обработливото земјиште 133 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција, која, сепак, не е многу доходовна. Населбата е мала, со негативно популациско салдо. Така, во 1961 година селото броело 186 жители, а во 1994 година 74 жители, македонско население.

**Будаково** - Населбата се наоѓа во североисточната страна на Битолското Поле, а во средишниот дел на Општината Добрушево. Селото е рамнинско, на надморска височина од 525 метри. Лежи непоседно на локалниот пат во меридијански правец. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 476,2 ха, а на пасиштата отпаѓаат само 14,7 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година, селото броело 502 жители, од кои 269 биле Турци, 210 Македонци и 21 жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 245 жители, од кои 200 се Турци, а 45 Македонци.

**Будимирци** - Населбата се наоѓа во битолскиот дел на Мариово, од десната страна на Црна Река, чиј атар високо се издига до сртот на планината Нице, каде што на тесен дел се допира со државната граница со Република Грција. Припаѓа на Општината Старавина. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Лежи непосредно до локален пат, а од градот Битола населбата е оддалечена 63 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 40,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.936,3 ха, пасиштата заземаат површина од 1.903,3 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 737,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Тоа е зафатено со значителна депопулација и деаграризација, бидејќи од него се иселило грото од населението. Така, во 1961 година селото броело 521 жители, а во 1994 година, бројот се намалил дури на 42 жители, македонско население.

**БУДИНАРЦИ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Берово, чиј голем атар се протега дури до југоисточната падина на планината Плачковица. Селото е рамнинско, на надморска висина од 780 метри и се наоѓа на самиот пат Берово-Виница, а од градот Берово населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 46,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.703,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 927,9 ха, а на обработливото земјиште 771,9 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти, дом на културата, спомен-биста на загинатите борци во НОБ, како и осумгодишно училиште. Во 1961 година селото броело 881 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 714 жители, од кои 711 се Македонци, а двајца жители Срби.

**БУЗАЛКОВО** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Велес, под јужната падина на ридот Гроот, а во сливното подрачје на реката Тополка. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 435,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 323,3 ха, а на шумите 248 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и споменик за НОБ. Во 1961 година селото броело 605 жители, од кои 522 биле Турци, а 24 жители Албанци, а во 1994 година бројот на населението двојно се зголемил и изнесувал 1.273 жители, од кои 1.248 се Албанци и 22 Турци.

**БУЈКОВЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, недалеку од левата страна на патот и железничката линија Скопје - Куманово. Припаѓа на Општината Илинден и е лоцирана во нејзината средишна зона. Селото е рамнинско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 516,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 241,7 ха, а на шумите само 1,3 ха. Според тоа, Бујковци има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 543 жители, од кои 447 биле Македонци, 54 Срби и 39 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 645 жители, од кои 613 се Македонци и 23 Срби.

**БУКОВИЌ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, во долината на рекичката Фуш, а од левата страна на патот Скопје-Тетово, на оддалеченост од 1,5 км. Населбата ѝ припаѓа на Општината Сарај. Селото е ридско, на надморска височина од 400 мери. Од централното место Скопје населбата е оддалечена 24,5 км. Атарот зафаќа простор од 9,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 360,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 245 ха, а на шумите 284,4 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во 1961 година селото броело 668 жители, од кои 651 биле Албанци, а 12 жители Турци, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 1.622 жители, албанско население.

**БУКОВЉАНЕ** - Населбата се наоѓа во крајниот североисточен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, под јужната падина на планината Козјак, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 820 до 1.020 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 42 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 291,9 ха, на шумите отпаѓаат 227,8 ха, а на пасиштата 43,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година броела 231 жители, а во 1994 година 80 жители, од кои 74 се Македонци, а шестмина се Срби.

**БУКОВО** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Битола, на оддалеченост од пет км, а на источните огранки на планината Пелистер. Од тие причини оваа населба е вклучена во рурбалната зона на централното место. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 17,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 913,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 591,8 ха, а на шумите 146,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Во Буково постои манастир, односно црква „Св. Преображение". Иако таа е обновена во 1837 година, врз старите основи, сепак, се смета дека е мошне стара, затоа што се споменува уште во XVI и XVII век. Инаку Буково е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.939 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 1.012 жители, од кои 1.000 се Македонци и осум жители Турци.

**БУКОЈЧАНИ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Кичевската Котлина, на територијата на Општината Зајас, чиј атар се допира со територијата на Општината Србиново. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Лежи на левата страна од патот Кичево-Гостивар, а од градот Кичево е оддалечено 15 км. Атарот зафаќа простор од 6,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 286,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 234,2 ха, а на обработливото земјиште 117,9 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е мала, со опаѓање на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 213 жители, од кои 185 биле Македонци, а 28 жители Албанци, додека во 1994 година биле попишани само 96 жители, од кои 49 се Албанци, а 47 Македонци.

**БУЛАЧАНИ** - Населбата се наоѓа на североисточниот дел на Скопската Котлина, а под југозападната падина на Скопска Црна Гора. Припаѓа на Општината Гази Баба. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 420 до 540 метри. Пред да се прошири населбата Радишани, селото било од централното место Скопје оддалечено околу 10 км. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 709,7 ха, на шумите отпаѓаат 589,9 ха, а на пасиштата 256,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата постои средновековна црква „Св. Јован Крстител", која што била обновена во 1861 година. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 966 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.080 жители, од кои 1.057 се Македонци и 20 Срби.

**БУЛУНТУЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела пет жители, турско население. Селото било лоцирано во источниот дел на Општината Валандово, на надморска височина од 460 метри. Атарот зафаќа простор од 6,5 км$^2$.

**БУНАРЧЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Конопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 750 метри. За ова село нема катастарска евиденција. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 67, а во 1994 година, само четири жители.

**БУНАРЏИК** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, недалеку од левата страна на патот Скопје - Куманово, а во средишниот дел на Општината Илинден. Селото е рамничарско, на надморска височина од 270 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 16 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 438,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 15,8 ха, а на шумите 2,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во Бунарџик се наоѓа средновековна црква „Св. Спас", којашто е реконструирана на урнатините на старата црква, за којашто сè уште не е точно утврдено кога била изградена. Во 1961 година селото броело 333 жители, а во 1994 година имало 334 жители, македонско население.

**БУНЕШ** - Населбата се наоѓа на крајната јужна страна на територијата на Општината Злетово, од левата страна на Злетовска Река, чиј атар се допира со територијата на Општината Кочани. Селото е ридско, на надморска височина од 590 метри. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 566,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 444,6 ха, а на шумите 71,7 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 353 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 84 жители, македонско население.

**БУРИЛИЧЕВО** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Облешево, чиј атар се допира со територијата на Општината Карбинци, недалеку од левата страна на патот Кочани - Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 286,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 224,1 ха, а на шумите само 6,2 ха. Селото има полјоделска функција. Во него има дом на културата и продавници. Населбата е мала и во 1961 година броела 240 жители, а во 1994 година 163 жители, македонско население.

**БУРИЛОВЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Свети Николе, во областа Овче Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 724,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 138,4 ха, а на шумите само 7,7 ха. Селото има полјоделска функција. Над селото постои црква „Св. Никола", којашто потекнува од XV или XVI век, а во XIX век била преживописана. Населбата е мала и е во фаза на целосно раселување. Во 1961 година селото броело 210 жители, а во 1994 година само 13 жители, македонско население.

**БУРИНЕЦ** - Населбата е наполно раселена по 1982 година, кога што броела двајца жители, Македонци. Селото било лоцирано во северниот дел на Општината Луково, во Струшкото Поле, на надморска височина од 1.020 метри.

**БУСИЛЦИ** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Чашка, лоцирана до брегот на реката Бабуна, од левата страна на патот Велес-Чашка. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа површина од 11,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 586,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 406,9 ха, а на шумите само 6,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, на пат сосема да се расели. Во 1961 година селото броело 251 жители, а во 1994 година, само 26 жители, македонско население.

**БУЧИМ** - Населбата се наоѓа на крајната западна страна на територијата на Општината Радовиш, во таканаречената ридска област Јуруклук, а во истоименото рударско подрачје за експлоатација на бакар. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Населбата од градот Радовиш е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 18,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.147,6 ха, на шумите отпаѓаат 363,3 ха, а на обработливото земјиште 231,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има основно училиште до IV одделение и продавница. Во населбата живеат Турци, од групата Јуруци. Населбата во 1961 година броела 192 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 337 жители, турско население.

**БУЧИНЦИ** - Населбата се наоѓа на крајната источна страна на Скопската Котлина, чиј атар се допира со територијата на Општината Куманово. Припаѓа на Општината Илинден. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Од градот Скопје населбата е одд-

алечена 29 км. Атарот зафаќа простор од 6,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 453 ха, а на пасиштата отпаѓаат 189,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него постои средновековна црква „Св. Тројца", која што била изградена на темелите на постара црква, но не е познато времето на изградбата. Во 1961 година селото броело 302 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 226 жители, македонско население.

**БУЧИН** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со териториите на општините Кривогаштани и Демир Хисар. Селото е рамнинско, на надморска височина од 607 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 10 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 493,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 253,4 ха, а на шумите 204,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.083 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 685 жители, македонско население.

**БУЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Пробиштип, недалеку од патот Пробиштип-Штип или Кочани и од десната страна на Злетовска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена девет километри. Атарот не е голем и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 224,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 215,6 ха, а на шумите само 20,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, но со натамошно намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 247 жители, а во 1994 година 84 жители, од кои 80 жители се Македонци, а тројца Власи.

# В

**ВАКАВ** - Населбата се наоѓа, речиси, во најјужниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од брегот на реката Пчиња. Бидејќи лежи на алувијалната рамнина на реката, селото е рамнинско, на надморска височина од 280 метри. Лоцирано е недалеку од еден локален пат, а од градот Куманово населбата е оддалечена 18 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 156,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 148,4 ха, а на шумите само 1,1 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 259 жители, а во 1994 година, бројот се намалил на 122 жители, македонско население.

**ВАКСИНЦЕ** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Липково, од десната страна на Кумановска Река и од левата страна на патот и железничката линија Куманово-Белград. Селото е рамничарско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 11 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 15 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.260,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 69,8 ха, а на шумите 53,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.773 жители, од кои 1.311 биле Турци, а 447 Албанци, додека во 1994 година бројот пораснал на 2.244 жители, само албанско население.

**ВАКУФ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Кратово, во југоисточниот дел на областа Средорек, недалеку од Крива Река. Селото е рамни-

чарско, на надморска височина од 420 метри. Од главниот пат е оддалечено 12,7 км, а од централното место Кратово 16,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 322,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 290,3 ха, а на шумите 92,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од селото се иселил добар дел од населението, така што тоа од средна преминало во мала населба. Во 1961 година селото броело 400 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 138 жители, македонско население.

**Вапила** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Косел, од десната страна на Коселска Река. Селото е ридско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 308,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 312,7 ха, а на шумите 84,4 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 314 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 124 жители, македонско население.

**Варвара** - Населбата се наоѓа на југозападната страна на територијата на Општината Теарце, во Долни Полог, а на југоисточната падина на Шар Планина, односно ѝ припаѓа на групата потпланински села. Селото, е, речиси, планинско, на надморска височина од 830 метри. Од патот Тетово - Косово населбата е оддалечена 2,5 км, а од централното место Тетово 10,2 км. Атарот зафаќа простор од 6,2 км². На него најголема површина заземаат шумите со 313,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 201,8 ха, а на обработливото земјиште 93,7 ха, така што населбата нема некоја одредена аграрна функција. Во 1961 година селото броело 199 жители, а во 1994 година само седум жители, македонско население.

**Варварица** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Василево, на југоисточната падина на планината Смрдешник, чиј атар се допира со просторот на Општината Конче. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км². На него преовладуваат шумите на површина од 517,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 167,2 ха, а на пасиштата само 34,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и е доведена во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 176 жители, а во 1994 година само двајца жители, Македонци, и е на пат на целосно раселување.

**Вардино** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Демир Хисар, во долината на Црна Река, односно на нејзиниот излез од спомenатата општина, а чиј атар се допира со територијата на Општината Кукуречани. Селото е рамнинско, на надморска височина од 660 метри. Од централното место населбата е оддалечена околу четири километри. Атарот зафаќа простор од 8,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 234,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 222,7 ха, а на шумите 385,7 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 543 жители, а во 1994 година 327 жители, македонско население.

**Варовиште** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, недалеку од неа на неколку километри, па затоа припаѓа на рурбалната зона на градот. Лежи од левата страна на Крива Река. Населбата е раштркана, чии маала се издигаат на надморска височина од 800 до 1.160 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км². На него шумите заземаат површина од 242,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 117 ха, а на пасиштата само 74,5 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Селото е мало со некои раселени маала, а во целина во 1961 година тоа броело 192 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 111 жители, македонско население.

**Варош** - Оваа населба во официјалната статистика сè уште се води како посебно населено место, иако територијално, речиси, наполно е поврзана со градот Прилеп, односно е извршена тотална конурбација. Од тие причини, Варош веќе нема посебен атар туку тој е заеднички со градскиот атар. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ и други јавни згради. Варош е голема населба, којашто во 1961 година броела 2.152 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 3.251 жители, од кои 2.236 се Македонци, осуммина Срби, тројца Роми и еден Влав. Меѓутоа, за Варош треба да се спомене дека имал богата културна историја, со голем број средновековни споменици, а од нив треба да ги спомeнеме најважните, кои имаат значење за развојот и на културната историја на Македонија. Црквата „Св.Атанас" се претпоставува дека била изградена во XIV век, а од првобитниот живопис е сочуван само фрагмент на јужниот ѕид. Црквата „Св. Богородица Пречиста" е изградена во 1416 или 1438 година, во неа се зачувани фрески со мошне богат колорит. Црквата „Св. Варвара", која уште во времето на цар Стефан Душан била во урнатини, потекнувала од пред XIV век. Црквата „Св. Ѓорѓија" се споменува во 1335 година, а била изградена од пред XIV век. Во таа година се споменува и црквата „Св. Јован Крстител", која од владетелот Душан била дарувана на манастирот Трескавец. Црквата „Св. Никола", Бошко Бабиќ, ја датира од втората половина на XII век. За црквата „Св. Петар" се претпоставува дека била изградена во XIV век, итн.

**Василево** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струмичкото Поле, недалеку северно од градот Струмица. Василево е типично рамнинска населба, бидејќи лежи на надморска височина од 214 метри. Претставува седиште на истоимената општина. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 630,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 48,9 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ, дом на културата, ветеринарна станица и урбанистички план. Василево е голема населба, со пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 989 жители, од кои 852 жители биле Македонци, а 135 Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 2.050 жители, од кои 1.722 се Македонци, 324 Турци и тројца жители Срби.

**Ваташа** - Оваа населба во статистиката се уште не се води како одделно населено место, но Ваташа, којашто се наоѓа јужно од Кавадарци, територијално, речиси, веќе е поврзана со градот. Овој е втор карактеристичен случај на конурбација. Атарот на Ваташа веќе е заеднички со атарот на централното место Кавадарци. Населбата се наоѓа на надморска височина од 295 метри и преку неа води патот за областа Витачево. Во неа работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Во Ваташа постои средновековна црква „Св. Арангел", веројатно изградена во втората половина од XIV век. Меѓутоа, во населбата се наоѓаат и два значајни споменика од НОБ. Така, недалеку од населбата, изграден е специфичен споменик на 12-те стрелани младинци за време на Втората светска војна, од страна на бугарскиот непријател, како и спомен-куќа, сега музеј, на загинатиот народен херој Страшо Пинџур. Инаку, Ваташа е голема населба, со зголемен пораст на бројот на населението. Во 1961 година Ваташа броела 1.933 жители, од кои 1.806 биле Македонци, 92 Турци и 16 Срби, а во 1994 година населбата броела 3.120 жители и таа е вклопена во урбанистичкиот план на Кавадарци, од кои 3.040 жители Македонци, 52 Роми, 19 Срби, и двајца жители Турци.

**Вашарејци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, на рамничарскиот дел на територијата на Општината Могила, на надморска височина од 584 метри. Од централното место Битола населбата е оддалечена 20 км, а е лоцирана

непосредно до главниот пат Битола-Прилеп, од неговата десна страна. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 537 ха, на пасиштата отпаѓаат 86,4 ха, а на шумите само 23,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавници и угостителски објекти. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 502 жители, а во 1994 година 231 жители, македонско население.

**ВЕВЧАНИ** - Населбата се наоѓа на западната страна на Струшкото Поле, чиј атар, на источната страна на планината Јабланица, се издига до нејзиниот срт, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Вевчани претставува седиште на општината и тоа е единствен случај во Републиката, само една населба да претставува општина. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 820 до 980 метри. Од централното место Струга населбата е оддалечена 13,5 км, а од патот Струга-Дебар околу седум километри. Има мошне голем атар кој што зафаќа простор од 35,5 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 2.245,8 ха, на шумите отпаѓаат 564,9 ха, а на обработливото земјиште 557,4 ха. Селото, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Во него има осумгодишно училиште, дом на културата, продавници, угостителски објекти и други јавни објекти. Вевчани е познато и по некои културни манифестации како што е, на пример, карневалот под маски и друго. Населбата е голема и во 1961 година броела 2.706 жители, а во 1994 година 2.448 жители, македонско население, и само тројца жители Власи.

**ВЕЈСЕЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 115 жители, турско население. Селото било лоцирано во Општината Валандово, недалеку од градот, во западен правец, на надморска височина од 230 метри.

**ВЕЈЦЕ** - Населбата се наоѓа на крајната северна страна на територијата на Општината Тетово, лоцирана на југоисточната падина на Шар Планина, чиј атар се издига до сртот, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.200 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 14 км. Има голем атар, кој што зафаќа простор од 24,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.573,8 ха, на шумите отпаѓаат 473 ха, а на обработливото земјиште 339,4 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Вејце во 1961 година броело 641 жители, а во 1994 година 381 жители, само албанско население.

**ВЕЛГОШТИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Охрид, недалеку од градот, во североисточен правец и недалеку од патот Охрид-Ресен, па затоа припаѓа на рурбалната зона на градот. Населбата има рамничарско-ридски карактер, на надморска височина од 727 метри. Атарот зафаќа површина од 17,8 км$^2$ и тој се издига до сртот на Петринска Планина, каде што се допира со територијата на Општината Ресен. На него пасиштата заземаат површина од 790,1 ха, шумите заземаат површина од 584,3 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 359,3 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има шест продавници и два угостителски објекта, има фабички погон на ПП „Метал-Импекс“ за производство на алати, споменик за паднатите борци во Илинден и НОБ, како и спомен-плоча посветена на формирањето на Првата чета во Охридско. Населбата е голема, со значителен пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.558 жители, од кои 1.533 биле Македонци и 14 Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.241 жители, од кои 2.210 се Македонци, осум Власи, шест Срби и тројца жители Роми.

**ВЕЛЕБРДО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината

Ростуша, во долината на реката Радика, од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од централното место Гостивар населбата е оддалечена 55 км, а од патот Гостивар-Дебар нешто повеќе од километар. Атарот зафаќа простор од 7,6 км². На него шумите заземаат површина од 336,3 ха, на пасиштатата отпаѓаат 296,4 ха, а на обработливото земјиште 61,1 ха, така што, селото нема некоја развиена земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, фабрички погон, продавници и др. Во 1961 година селото броело 775 жители, од кои 637 биле Турци, а 129 Македонци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 860 жители, од кои 186 се Турци, 97 Македонци, а 575 се запишани како - други.

**Велесело** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Бач, недалеку од левата страна на Црна Река, односно лежи во југоисточниот дел на Битолското Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 28,5 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 426,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 201,8 ха, а на шумите само 6,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 131 жители, а во 1994 година само осум жители, македонско население.

**Велестово** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Охрид, југоисточно од градот, на оддалеченост од седум километри и би требало да припадне на рурбалната зона на централното место. Селото е планинско, на надморска височина од 1.080 метри, чиј атар се издига до сртот на планината Галичица, каде што се допира со територијата на Општината Ресен. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 29,7 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.603,5 ха, на шумите отпаѓаат 739,6 ха, а на обработливото земјиште 425,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во Велестово е подигната средновековна црква „Успение на Св. Богородица“. Таа, од 1444 до 1451 година имала повеќе ктитори, а во живописот од 1444 година е насликан и портретот на Св. Климент. Инаку, населбата е голема и во 1961 година броела 1.020 жители, а во 1994 година 1.103 жители, македонско население.

**Велешта** - Оваа голема населба се наоѓа на оддалеченост од осум километри од градот Струга, а од левата страна на Црн Дрим. Таа претставува седиште на истоимената општина. Селото е рамнинско, на надморска височина од 716 метри, но има некои куќи што лежат и повисоко. Дел од селото е лоциран на патот Струга-Дебар. Атарот зафаќа простор од 9,3 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 829,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 19 ха, а на шумите само 1,7 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има продавници, угостителски објекти и разни јавни објекти. Велешта е голема населба со, речиси, двојно зголемување на населението. Така, во 1961 година селото имало 2.730 жители, од кои 2.715 биле Албанци, а шест жители Македонци, додека во 1994 година бројот се зголемил дури на 5.034 жители, албанско население.

**Велмевци** - Населбата се наоѓа во северозападниот ридест дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Другово. Лоцирана е во изворното сливно подрачје на Црна Река. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км². На него преовладуваат шумите на површина од 729 ха, на пасиштата отпаѓаат 233,3 ха, а на обработливото земјиште 211,1 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ. Населбата е мала и е во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 227 жители, а во 1994 година само 18 жители, македонско население.

**Велмеј** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Белчишта, во областа Дебарца, чиј атар се допира со просторот на општините Сопотница

и Друговo. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 38 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од околу 40 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.976,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 879,1 ха, а на пасиштата 198,8 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, две продавници, еден угостителски објект и споменик и спомен-чешма за паднатите борци во НОБ. Од Велмеј, речиси, половината на населението емигрирало и тоа преминало од голема, во средна населба. Во 1961 година селото броело 1.217 жители, од кои 1.206 биле Македонци, а 10 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 582 жители, од кои 580 биле Македонци и двајца жители Срби.

**ВЕЛУШИНА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Бистрица, односно, во јужниот дел на Битолското Поле, и може да се смета како потпелистерско село. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Лежи недалеку на второстепен локален пат што води кон централното место Битола, на оддалеченост од 15 км. Атарот има средна големина од 16 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 807,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 382,2 ха, а на шумите 358,1 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и споменик за НОБ. Од Велушина се иселил голем број од неговото население и тоа преминало од голема, во мала населба. Во 1961 година селото броело 945 жители, а во 1994 година само 145 жители, од кои 120 се Македонци, девет Срби, осум Албанци и двајца жители Роми.

**ВЕЉУСА** - Населбата се наоѓа на северозападниот дел на територијата на Општината Струмица, чиј атар се издига на југоисточната падина на планината Смрдешник, каде што се допира со просторот на Општината Василево. Вељуса претставува развиен рурален центар. Населбата е ридска, на надморска височина од 360 метри. Од централното место Струмица населбата е оддалечена 11 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 26,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.615,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 909,6 ха, а на пасиштата 101,9 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата, спомен-плоча за НОБ и урбанистички план. Во Вељуса постои еден мошне значаен манастир, со богата историја. Тоа е манастирот „Св. Богородица-Елеуса“, а бил изграден од еден струмички епископ уште во 1080 година. Во средината на XIII век во него имало 23 монаси и богата библиотека. Во 1913 година бил опожарен, но денес е сочуван и добро конзервиран. Вељуса е голема населба, но со опаѓање на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.825 жители, од кои 1.718 биле Македонци и 102 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 1.577 жители, македонско население.

**ВЕПРЧАНИ** - Населбата лежи на северната страна во прилепскиот дел на областа Мариово, и ѝ припаѓа на Општината Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 34 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 29,2 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површича од 1.778,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 664,7 ха, а на шумите само 11,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Меѓутоа, како и од многу села од Мариово, така и од Вепрчани емигрирал голем број од населението. Така, во 1961 година селото броело 367 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на 18 жители, македонско население.

**ВЕСЕЛЧАНИ** - Населбата се наоѓа на јужната страна на Прилепското Поле, односно, во рамничарскиот дел на полето, на надморска височина од 613 метри. Припаѓа на Општината Тополчани. Од градот Прилеп селото е оддалечено 15 км. Атарот зафаќа простор од 7,6

км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 818,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 227,4 ха, на шумите само 4,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година селото броело 361 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 121 жители, македонско население.

**ВЕТЕРСКО** - Населбата се наоѓа на крајниот периферен северен дел на територијата на Општината Велес, чиј атар се допира со просторот на скопската општина Петровец. Лоцирано е од левата страна на патот Скопје-Велес, којшто води по долината на реката Пчиња, додека од градот Велес селото е оддалечено 16 км. Атарот зафаќа простор од 10,7 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 688,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 206,2 ха, а на шумите 115,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа црквичка „Св. Никола“, којашто до почетокот на нашиот век била во урнатини, но не е утврдено точно во кој век била изградена. Селото е мало и во 1961 година броело 210 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на 16 жители, македонско население.

**ВЕТРЕН** - Населбата се наоѓа во високиот северен дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 14,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 542,7 ха, на шумите отпаѓаат 527,8 ха, а на пасиштата 347,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година селото броело 464 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 169 жители, од кои 167 се Македонци и двајца жители Срби.

**ВЕТУНИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Ранковце, од десната страна на Крива Река, а чиј атар се допира со просторот на Општината Кратово. Селото е од раштркан тип, чии маала се наоѓаат на надморска височина од 480 до 610 метри. Населбата лежи непосредно до патот Крива Паланка - Куманово, а на оддалеченост од Крива Паланка од 26 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 289,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 163,6 ха, а на шумите само 4,4 ха. Селото, главно, има полјоделска функција, но недоволно развиена. Во 1961 година селото броело 250 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 73 жители македонско население, при што некои маала се целосно раселени.

**ВЕШАЛА** - Населбата се наоѓа во високиот северозападен дел на територијата на Општината Шипковица, во Долни Полог, а чиј атар се издига до сртот на Шар Планина, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 1.120 до 1.270 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 14 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 31,6 км$^2$. На него провладуваат пасиштата на површина од 1.546,7 ха, на шумите отпаѓаат 906 ха, а на обработливото земјиште 605,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и продавници. Вешала е голема населба, којашто во 1961 година броела 898 жители, од кои 778 биле Албанци, а 105 жители се декларирале Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.045 жители, целосно албанско население.

**ВЕШЈЕ** - Населбата се наоѓа во крајниот јужен дел на територијата на Општината Неготино, чиј атар се допира со областа Витачево, односно со просторот на Општината Конопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 25 км. Атарот има средна големина, на простор од 18,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 792,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 659,3 ха, а на шумите само 17,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од селото се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година село-

то броело 434 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 68 жители, од кои 66 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Видовиште** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Кочанското Поле, меѓу левата страна на реката Брегалница и северозападните огранки на Плачковица и ѝ припаѓа на Општината Зрновци. Селото е ридско, на надморска височина од 410 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 8,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 360,9 ха, на шумите отпаѓаат 352,5 ха, а на пасиштата 76 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 667 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 541 жители, од кои 518 се Македонци, а 23 жители Власи.

**Видрани** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Другово, од десната страна на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 153,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 48,2 ха, а на пасиштата 31,6 ха, па според тоа, селото нема некоја значајна аграрна функција. Селото е мало и е доведено во фаза на целосно раселување. Така, тоа во 1961 година броело 101 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 19 жители, македонско население.

**Видуше** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Ростуша, меѓу десната страна на реката Радика и источната падина на планината Дешат, чиј атар се издига до сртот на планината, каде што на тесен дел се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.110 метри. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. Најголема површина заземаат шумите од 615,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 38,5 ха, а на обработливото земјиште само 52,3 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Селото е мало и во 1961 година броело 225 жители, кои се декларирале како Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 207 жители, од кои 92 се Македонци, 62 Турци, двајца Албанци, и 51 - други.

**Виничани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Градско, недалеку од десната страна на патот Велес-Градско, на оддалеченост од 1,5 км, а од десната страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 200 метри и е лоцирано на најниската речна тераса на реката Вардар. Од градот Велес населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 15,5 км$^2$ и се протега сè до десниот брег на реката Вардар. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.033,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 450,1 ха, а на шумите само 1,7 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Виничани до пред 1953 година исклучително било населено само со турско население. Со неговото иселување за Турција, во селото се доселени Македонци и муслимани од Санџак. Во 1961 година селото броело 819 жители, од кои 441 биле Турци, 360 Македонци и 10 муслимани, додека во 1994 година бројот се намалил на 588 жители, од кои 473 се Македонци, 22 Турци и 92 - други.

**Виничка Кршла** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Виница, малку североисточно од градот. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Виница населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зафаќа простор од 15,7 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 807,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 416,9 ха, а на шумите 226,9 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во оваа населба бројот на населението се намалува и

тоа од 393 жители во 1961 година, на 119 жители во 1994 година, македонско население.

**Винце** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Куманово, од левата страна на реката Пчиња, чиј атар се допира со просторот на Општината Илинден. Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 26 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,2 км$^2$. Најголема површина зазема обработливото земјиште на 995 ха, на шумите отпаѓаат 464,7 ха, а на пасиштата 424,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Винце постои црква „Св. Ѓорѓи" којашто е мошне стара, дури од пред XIII век. Од Винце се иселил голем број од населението, така што населбата преминала од големо, во мало село. Во 1961 година селото броело 970 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 113 жители, македонско население.

**Вир** - Населбата се наоѓа на североисточната страна на територијата на Општината Македонски Брод, од десната страна на реката Треска. Селото може да се смета како рамнинско, на надморска височина од 640 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 11,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 617,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 89,2 ха, а на пасиштата само 22,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Вир е мала населба, којашто во 1961 година броела 245 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 31 жители, македонско население.

**Вирово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се издига до сртот на Плаќенска Планина, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од поранешното централно место Демир Хисар населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 17,5 км$^2$. Најголема површина заземаат шумите на 988,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 515,9 ха, а на обработливото земјиште 236,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Вирово, поради емиграцијата на населението, бројот двојно се намалил. Така, во 1961 година селото броело 461 жители, а во 1994 година 217 жители, македонско население.

**Вирче** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар се издига до сртот на планината Влаина, каде што се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото лежи на надморска височина од 740 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 29,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.537,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 983 ха, а на пасиштата 257,5 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон на конфекцијата „Партизанка", продавници и угостителски објекти, како и урбанистички план. Вирче во 1961 година било голема населба којашто броела 906 жители, од кои 840 биле Македонци, а 47 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 604 жители, македонско население.

**Висока Маала** - Населбата се наоѓа во северниот високопланински дел на Струмичката Котлина, чиј атар се допира со територијата на Општината Берово, а ѝ припаѓа на Општината Василево. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 19,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина дури од 1.819,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 116,5 ха, а на пасиштата само 21,3 ха. Селото има, во основа, полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во населбата живее турско население, чија популација е во пораст. Така, во 1961 година селото броело 342 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 410 жители.

**ВИТАНЦИ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 10 жители, македонско население. Селото било лоцирано во Општината Чашка, на водоразделиeто меѓу реките Бабуна и Тополка, на надморска височина од 280 метри. Атарот зафаќа простор од 5,3 км².

**ВИТОЛИШТЕ** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на истоимената општина, односно во прилепскиот дел на областа Мариово, чиј атар се издига на планината Козјак, каде што се допира со територијата на Општината Ковопиште. Населбата претставува рурален центар. Селото може да се смета како ридско, на надморска височина од 830 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 46 км, но во поново време до оваа населба е изграден асфалтен пат. Витолиште има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 63,3 км², и на него сите три вида аграрни структури, заземаат големи површини. Така, обработливото земјиште зазема површина од 1.424 ха, на шумите отпаѓаат 1.428 ха, а на пасиштата дури 3.132 ха. Селото, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавница и споменик за НОБ. Меѓутоа, од Витолиште се иселил голем број од населението. Така, во 1961 година селото броело 1.291 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 290 жители, македонско население.

**ВИШНИ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Струга, чиј атар се издига на источната падина на планината Јабланица и се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена осум километри. Има голем атар, на простор од 20,3 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.052,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 767,3 ха, а на обработливото земјиште 159,3 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Од Вишни се иселил голем број од населението. Така, во 1961 година селото броело 574 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 25 жители, македонско население.

**ВИШТИЦА** - Населбата се наоѓа во крајниот јужен дел на територијата на Општината Липково. Селото е рамнинско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 6,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 364,1 ха, на шумите отпаѓаат 212,4 ха, а на пасиштата 72,2 ха. Селото има полјоделска функција. Виштица во 1961 година броела 603 жители, од кои 564 биле Турци и 39 жители Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 942 жители, албанско население.

**ВЛАДИЕВЦИ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Струмичкото Поле, чиј атар се допира со територијата на Општината Радовиш и ѝ припаѓа на Општината Василево. Населбата е ридска, на надморска височина од 320 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена околу 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,1 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 396,6 ха, на шумите отпаѓаат 241,9 ха, а на пасиштата само 9,6 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и урбанистички план. Населбата е средна по големина, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 492 жители, од кои 460 биле Македонци, а 25 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 723 жители, од кои 718 биле Македонци, а пет жители Срби.

**ВЛАДИЛОВЦИ** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Извор, во средното сливно подрачје на реката Бабуна, чиј атар, на тесен дел, се допира со територијата на Општината Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 30 км, а од

некогаш активниот пат Велес-Прилеп, три километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.143,9 ха, на шумите отпаѓаат 627,9 ха, а на обработливото земјиште 612,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Од оваа населба се иселил значителен дел од населението. Така, во 1961 година селото броело 408 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 59 жители, македонско население.

**ВЛАДИМИРОВО** - Оваа голема населба се наоѓа, речиси, во средишната зона на територијата на Општината Берово, чиј атар се издига до сртот на Малешевските Планини и таму се допира со териториите на општините Василево и Подареш. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Лоцирано е на второстепен локален пат за Берово, од кое селото е оддалечено осум километри. Владимирово има еден од најголемите атари во Република Македонија, којшто зафаќа простор дури од 98,6 км$^2$. На него сите три вида аграрни структури заземаат големи површини. Меѓутоа, најголема површина имаат шумите од 5.589 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 2.143,2 ха, а на пасиштата 1.965,6 ха. Населбата, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има специјализиран погон за производство на чорапи (хулахопки) потоа амбуланта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, дом на културата и споменик на Пола Расташиновска, учесник во НОБ. Владимирово е голема населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.791 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 1.043 жители, од кои 1.041 се Македонци, а двајца жители Срби.

**ВЛАСИЌИ** - За оваа наполно раселена населба нема доволно податоци. Таа е раселена уште пред 1953 година. Селото било лоцирано на територијата на Општината Дебар, на надморска височина од 590 метри.

**ВОДОВРАТИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Градско, чиј атар се допира до десната брегова линија на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 23 км, а од патот Велес-Градско 4,5 км. Атарот зафаќа простор од 15,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 719,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 667,1 ха, а на шумите само 40,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Водоврати е средна по големината населба, без некои значителни промени во населеноста. Во 1961 година во селото живееле 346 жители, од кои како Турци се декларирале 298 жители, 30 биле муслимани и 11 жители Албанци, додека во 1994 година бројот изнесувал 319 жители, од кои 57 се Македонци, 48 Роми, 16 Турци, 10 Албанци, тројца Срби, а 185 други (муслимани од Санџак).

**ВОДОЧА** - Оваа, историски значајна населба, се наоѓа речиси во средишниот дел на територијата на Општината Струмица, односно, недалеку северозападно од градот, на оддалеченост од околу пет километри, па затоа припаѓа во рурбалната зона на централното место Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 270 метри. Атарот зафаќа простор од 9,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 276,4 ха, на шумите отпаѓаат 599,4 ха, а на пасиштата само 21,7 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и урбанистички план. Во Водоча постои манастир „Св. Леонтие“, чија црква имала пет фази на изградба, сè до втората половина на XIV век. Манастирот е значаен по тоа што тој бил и седиште на Струмичката епископија, којашто првпат била спомената во 1018 година, во една повелба на царот Василие II. Во 1931 година, од силен земјотрес биле урнати некои делови од ова значајно светилиште, меѓутоа, пред извесно време манастирот е реновиран. Во 1961 година селото броело 249 жители, но во 1994 година бројот се зголемил на 326 жители, македонско население.

**ВОГАНИ** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Прилепското Поле и ѝ припаѓа на Општината Кривогаштани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 603 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 26 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 374,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 32,8 ха, а на шумите само 0,6 ха. Во него се наоѓа амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ, а населбата, инаку, има полјоделска функција. Селото е средно по големина, без некои значителни промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 538 жители, а во 1994 година 473 жители, македонско население.

**ВОЗАРЦИ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Кавадарци, непосредно од десната страна на Црна Река, како истека на вештачкото Тиквешко Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 160 метри. Инаку, се наоѓа на патот којшто води од Кавадарци за Прилеп, а од централното место населбата е оддалечена осум километри, во западен правец. Атарот зафаќа простор од 7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 303,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 296,3 ха, а на шумите само 3,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Во селото, крај Црна Река, постои црква „Св. Ѓорѓи“, но не е познат периодот кога била изградена. Возарци има позитивен популациски биланс. Селото, во 1961 година броело 386 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 884 жители, од кои 878 се Македонци, а пет жители Срби.

**ВОИСЛАВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Радовиш, чиј атар делумно се издига на источната страна на планината Смрдешник. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од централното место Радовиш населбата е оддалечена седум километри, а од патот Радовиш - Струмица 1,3 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 529,9 ха, на шумите отпаѓаат 424,9 ха, а на пасиштата само 46 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавница и угостителски објект. Во 1961 година селото броело 711 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 798 жители, македонско население.

**ВОЈНИК** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Клечевце, од десната страна на Крива Река. Всушност, селото е лоцирано непосредно до патот Куманово-Крива Паланка, а од градот Куманово населбата е оддалечена 16 км. Селото лежи на надморска височина од 320 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 139 ха, на пасиштата отпаѓаат 14,7 ха, а на шумите само 1,1 ха, така што Војник нема некоја развиена земјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 165 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 87 жители, македонско население.

**ВОЈНИЦА** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на реката Бабуна, а би требало да припадне на Општината Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од централното место Велес населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 22,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.627,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 475,3 ха, а на шумите само 9,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во Војница е роден Коле Неделковски. Во населбата постои манастир „Св. Атанас“, којшто бил обновен во XIX век, на урантините на постара црква за којашто не е точно утврдено кога била изградена. Во 1961 година селото броело 320 жители, од кои 294 биле Македонци, а 21 Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 41 жители, македонско население.

**Војшанци** - Населбата се наоѓа во југоисточната зона на Општината Неготино, непосредно од левата страна на реката Вардар. Селото е рамнинско, на надморска височина од 140 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена девет километри. Атарот има средна големина, на простор од 15 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 639,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 664,2 ха, а на шумите само 82,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, продавници и угостителски објект. Војшанци е средна по големина населба, без некои значителни промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 427 жители, од кои 379 биле Македонци, 39 Срби и седум жители Турци, додека во 1994 година селото имало 441 жители, од кои 420 се Македонци, а 20 жители Срби.

**Волино** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Мешеишта, чиј атар се допира со територијата на Општината Струга. Селото е рамничарско, на надморска височина од 710 метри. Од централното место Охрид населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 451,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 9,5 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон за производство на безалкохолни пијалаци и споменик посветен на паднатите борци во НОБ. Волино е средна по големина населба, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 739 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 512 жители, македонско население.

**Волковија** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, на северната падина на планината Бистра, западно од Мавровското Езеро и на левата страна на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 92,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 180,3 ха, а на обработливото земјиште 99,3 ха. Во основа, селото има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и споменик за НОБ. Населбата е мала и во 1961 година броела 182 жители, од кои 114 биле Македонци, а 67 биле Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 76 жители, од кои 52 се Албанци, а 23 жители се Македонци.

**Волковија** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Брвеница, во Долни Полог, а чиј атар се издига и на северозападната падина на Сува Гора, а се допира со територијата на Општината Чегране. Селото е рамничарско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 20 км. Има голем атар, кој што зафаќа простор од 22,1 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.241,5 ха, на шумите отпаѓаат 449,7 ха, а на обработливото земјиште 359,5 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е зафатена со значителна депопулација. Така, во 1961 година селото броело 601 жители, од кои само 10 жители биле Албанци, а другите Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 269 жители, македонско население.

**Волково** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Прилеп, односно југоисточно во Прилепското Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 315 ха, на пасиштата отпаѓаат 209,8 ха, а на шумите само 0,2 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и е доведена во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година броела 148 жители, а во 1994 година само 41 жители, македонско население.

**Волкодери** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Ресен, недалеку северно од Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 890 метри. Од централното место Ресен населбата е оддалечена 14,4 км. Атарот зафаќа простор од 5,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 100,8 ха, на шумите отпаѓаат 140,4 ха, а на пасиштата 32,2 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата не е голема, но е со пораст на популацијата. Во 1961 година селото броело 64 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 102 жители, македонско население.

**Волче** - Оваа мала населба се наоѓа на крајниот висок северозападен дел на територијата на Општината Самоков, во Поречје, каде што се допира со атарите на општините Чегране и Србиново. Селото е планинско, на надморска височина од 1.090 метри. Има голем атар, кој што зафаќа простор од 21,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.585,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 297,3 ха, а на обработливото земјиште 147,4 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и е на пат наполно да се расели. Во 1961 година селото броело 289 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 33 жители, македонско население.

**Враготурце** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од левата страна на реката Пчиња, а чиј атар се издига на сртот на планината Козјак, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Куќите во селото лежат на надморска височина од 510 до 640 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 32 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 168,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 226 ха, а на шумите 140,4 ха. Селото има полјоделска функција. Враготурце е мала населба со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 174 жители, а во 1994 година 68 жители, македонско население.

**Вражале** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, а ѝ припаѓа на Општината Зелениково, на нејзиниот северен дел од територијата, од десната страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри.Од централното место Скопје населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 12,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 383,3 ха, на шумите отпаѓаат 377,4 ха, а на пасиштата само 46,2 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 572 жители, од кои 379 биле Турци, а 193 Албанци, а во 1994 година бројот се намалил на 167 жители, од кои 165 се Албанци.

**Вранештица** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Кичевската Котлина, недалеку од левата страна на патот Кичево - Демир Хисар, на оддалеченост од 1,1 км. Населбата е седиште на истоимената општина. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.100,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 259,9 ха, а на пасиштата 143,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има дом на културата, споменик за НОБ, продавници и др. Во селото постои црква „Св. Ѓорѓи“, која што има средновековно потекло, но не е познат периодот кога е изградена. Исто така, постои и црква „Св. Илија“, којашто не е доволно проучена, но е позната по еден значаен ракопис од крајот на XIII век. Во населбата има и трета средновековна црква „Св. Никола“, за којашто не е познат периодот кога била изградена. Инаку, Вранештица е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 745 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 496 жители, македонско население.

**ВРАНИНЦИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Оризари, во северен правец од градот Кочани, на оддалеченост од градот од девет километри. Селото е планинско, чии куќи, или маала, се издигаат на надморска височина од 600 до 720 метри. Атарот зафаќа простор од 6,9 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 314 ха, на шумите отпаѓаат 188,9 ха, а на обработливото земјиште 71,3 ха. Според тоа, селото нема некоја развиена аграрна функција. Населбата е мала, доведена во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година броела 215 жители, а во 1994 година само 24 жители, македонско население.

**ВРАНИШТА** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Струга, недалеку северно од градот, на оддалеченост од околу четири километри, и е лоцирана на патот Струга - Дебар. Од тие причини, оваа голема населба припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 700 метри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,8 км$^2$, кој, речиси, целосно му припаѓа на обработливото земјиште, па затоа населбата има полјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште, продавници, угостителски објекти и други јавни функции. Во 1961 година селото броело 730 жители, но во 1994 година бројот се зголемил двојно, односно, на 1.420 жители, од кои 1.411 се Македонци, пет Срби и двајца жители Власи.

**ВРАНОВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Врапчиште, недалеку од градот Гостивар, на оддалеченост од околу шест километри. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 750 до 820 метри. Атарот зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 779,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 150,4 ха, а на пасиштата само 28,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 632 жители, од кои 615 биле Албанци и 12 жители Турци, а во 1994 година имало 638 жители, главно, албанско население.

**ВРАНЧЕ** - Населбата се наоѓа во најјужниот дел на територијата на Општината Долнени, односно на западниот дел од Прилепското Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 603 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 4,4 км$^2$. Грото од атарот отпаѓа на обработливото земјиште, додека шумско земјиште воопшто нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и продавници. Од оваа населба се иселил значителен број од населението. Во 1961 година селото броело 724 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 147 жители, македонско население.

**ВРАЊЕВЦИ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Новаци, исто така, во нејзиниот средишен дел. Населбата лежи на надморска височина од 660 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 506,8 ха, а на пасиштата отпаѓаат 376,1 ха, така што, селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е на пат да се расели. Во 1961 година селото броело 319 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 33 жители, македонско население.

**ВРАПЧИШТЕ** - Оваа голема населба се наоѓа во северниот дел на Горни Полог, недалеку северно од градот Гостивар, на оддалеченост од шест километри. Населбата претставува седиште на истоимената општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 580 метри. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него преовладува обработливо земјиште на површина од 661,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 85,7 ха, а на шумите 32 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти,

како и споменик за НОБ. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 3.420 жители, од кои 2.096 биле Турци, 1.023 Албанци, а 289 Македонци. Во 1994 година биле попишани 5.015 жители, од кои 3.072 се Турци, 1.743 Албанци и 191 жители Македонци.

**Вратиславци** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Делчево, на југоисточните огранки на Осоговските Планини, чиј атар се издига до државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 760 до 860 метри. Атарот зфаќа простор од 11,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 633,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 305,4 ха, а на пасиштата 163,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Селото е мало по големина и во 1961 година броело 242 жители, а во 1994 година 79 жители, македонско население.

**Вратница** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог, чиј атар се издига до соотот на Шар Планина, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Населбата претставува седиште на истоимената општина. Селото е ридско, на надморска височина од 730 метри. Се наоѓа непосредно до патот кој што води од Тетово за Косово, а од градот Тетово населбата е оддалечена 24 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 26 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 941,4 ха, на шумите отпаѓаат 914,2 ха, а на обработливото земјиште 508,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, споменик за НОБ и урбанистички план. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.384 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 572 жители, од кои 522 се Македонци, 33 Срби и 17 - други.

**Врачевце** - Оваа мала населба се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од левата страна на реката Пчиња, а во областа Козјачија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 420 до 470 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 27 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 185,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 108,5 ха, а на шумите 23 ха. Во основа, селото има полјоделска функција, но не е доволно развиено. Врачевце е мало село, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 99 жители, а во 1994 година само 25 жители, македонско население.

**Врбен** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, на јужната падина на планината Враца, односно во горното сливно подрачје на Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.260 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 29 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.347,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.080,8 ха, а на обработливото земјиште само 116,3 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Поради емиграција на населението, во Врбен бројот на населението, речиси, се преполовил. Така, во 1961 година селото броело 331 жители, од кои 283 биле Македонци, а 37 Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 180 жители, од кои 172 се Македонци, а осум жители Албанци.

**Врбица** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Кочанско Поле, а на територијата на Општината Чешиново, чиј атар се допира со територијата на Општината Злетово. Селото е ридско, на надморска височина од 430 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 11,5 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 650,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 479,3 ха, а на шумите 20,8 ха. Селото има полјоделско-

сточарска функција. Врбица е мала населба, на пат наполно да се расели. Во 1961 година селото броело 213 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 19 жители, од кои 13 се Македонци, а шест жители Власи.

**Врбјани** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Белчишта, поточно во областа на Горна Дебарца, чиј атар се допира со територијата на Општината Другово. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 47 км. Атарот му е мошне голем и зафаќа простор од 31,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.654,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 758,2 ха, а на обработливото земјиште 447,7 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има една продавница и еден угостителски објект, како и споменик на паднатите борци од НОБ. Од оваа периферна населба се иселил значителен број од населението. Во 1961 година селото броело 649 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 106 жители, македонско население.

**Врбјани** - Населбата се наоѓа на западниот дел од Прилепското Поле, а на источната страна на територијата на Општината Кривогаштани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 548 метри. Од градот Прилеп населбата е одадлечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.237,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 91,8 ха, а на шумите само 22,4 ха. Селото има полјоделска функција.Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавница и угостителски објект. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 503 жители, а во 1994 година 316 жители, македонско население.

**Врбјани** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Ростуша, од десната страна на реката Радика, а под источните огранки на Кораб. Селото е планинско, на надморска височина од 1.360 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 38 км. Атарот зафаќа површина од 14 км$^2$. На него на шумите отпаѓаат 596,8 ха, обработливото земјиште зазема површина од 389,6 ха, а пасиштата 39,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има земјоделска задруга и продавница. Во 1961 година селото броело 585 жители, од кои 501 биле Албанци, 67 Турци и 10 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 611 жители, од кои 607 се Албанци.

**Врбоец** - Населбата се наоѓа во југоисточниот, понизок, дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со територијата на Општината Кривогаштани. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 6,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 298,8 ха, на шумите отпаѓаат 264,8 ха, а на пасиштата 103,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и дом на културата. Врбоец е средна по големина населба, без некои големи промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 352 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 288 жители, македонско население.

**Вржогрнци** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Ранковце, поточно во Славишкото Поле, чиј атар се допира со териториите на општините Кратово и Клечевце. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 29 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 4,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 246 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 124,9 ха, а на шумите 4 ха. Селото има полјоделско-сточарска, но недоволно развиена функција. Населбата е мала, на пат да се расели. Во 1961 година селото броело 109 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 37 жители, македонско население.

**Врпско** - Ова, мошне мало село, се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Витолиште, поточно во прилепскиот дел на Мариово, од десната страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена дури 51 км. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 736,1 ха, на шумите отпаѓаат 658,1 ха, а на обработливото земјиште 165,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Поради својата периферна положба, Врпско и од порано било мала населба, која што денес е, речиси, раселена. Во 1961 година селото броело 137 жители, а во 1994 година само двајца жители, македонско население.

**Врсаково** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Штип, чиј атар, на една страна се допира со Овче Поле, односно со територијата на Општината Свети Николе, а на друга со Општината Карбинци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.021,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 300,9 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Од Врсаково повеќе од половината на неговото население емигрирало. Во 1961 година селото броело 395 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 141 жители, од кои 127 се Македонци, а 14 жители Власи.

**Вртекица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Студеничани, во јужниот ридест дел на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 294,2 ха, на шумите отпаѓаат 259,7 ха, а на пасиштата 205,8 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 460 жители, од кои 308 биле Албанци и 151 жители Турци, а во 1994 година 213 жители, албанско население.

**Вртешка** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Карбинци, чиј атар се издига до сртот на планината Плачковица, каде што се допира со територијата на Општината Радовиш. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 26 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 21,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.828,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 139,4 ха, а на обработливото земјиште само 84 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција, но таа не е доволно развиена. Населбата е мала, на пат сосема да се расели. Во 1961 година селото броело 137 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на осум жители, македонско население.

**Вруток** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во јужниот дел на истоимената општина, недалеку, југозападно од Гостивар. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 620 до 710 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена околу седум километри. Вруток е значајна населба, бидејќи непосредно до него се наоѓа извориштето на реката Вардар. Атарот зафаќа простор од 10,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 621,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 243,9 ха, а на пасиштата само 27,6 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, ХЕЦ „Тито“, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, дом на културата и споменик за НОБ. Вруток е голема населба. Во 1961 година селото имало 1.386 жители, од кои 820 биле Албанци, 513 Македонци и 35 Турци, Во 1994 година бројот се намалил и тоа на 1.126 жители, од кои 835 се Албанци, а 288 жители се Македонци. Треба да се спомене и тоа дека во селото се наоѓа средновековен манастир „Св. Мина“, но не е точно утврдено во кој век е изградено ова светилиште.

# Г

**Габалевци** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Кукуречани, лево од патот којшто води од Битола кон Демир Хисар, а на десната страна на реката Шемница. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 19 км, а од спомнатиот пат 3,3 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,7 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 349,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 291,3 ха, а на шумите само 8,7 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 286 жители, а во 1994 година 146 жители, македонско население.

**Габар** - Населбата се наоѓа во западната страна на територијата на Општината Крива Паланка. Селото е раштркано и планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 840 до 1.060 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 18 км. Атарот има средна големина, на простор од 16,6 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 598,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 392,6 ха, а на шумите 239,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба значителна била емиграцијата на населението, така што, населбата преминала од средно, во мало село. Во 1961 година селото броело 709 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 159 жители, македонско население.

**Габревци** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Конче, во горното сливно подрачје на Крива Лакавица, десна притока на Брегалница, на чиј атар е изградена вештачката акумулација Мантово. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од централното место Радовиш населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 10,8 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 519,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 323,9 ха, а на пасиштата 197,4 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Габревци е познато по изработката на квалитетни грнчарски производи. Инаку, населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 458 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 368 жители, македонско население.

**Габреш** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Орашац, чиј атар се допира со територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 440 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечеан 23 км. Атарот зафаќа простор од 7,1 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 467,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 190 ха, а на пасиштата само 36,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, со тенденција за раселување. Во 1961 година бројот на населението изнесувал 202 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 82 жители, македонско население

**Габровник** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Богомила, во средното сливно подрачје на Бабуна, а под северозападната падина на планината Бабуна, каде што атарот се допира со територијата на Општината Долнени. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 15,5 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.320 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 156,5 ха, а на пасиштата само 38,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Габровник е мошне мала населба, којашто уште во 1961 година броела само 45 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на еден жител, и е во

фаза на наполно раселување.

**Габрово** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Ново Село, чиј атар се издига на северната падина на Беласица, односно, до нејзиниот срт, каде што се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 18,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.347,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 264,5 ха, а на пасиштата 173,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавници и угостителски објект. Во Габрово има црква „Св. Ѓорѓи", којашто веројатно била подигната во XIII или во почетокот на XIV век, а во 1378 година била приложена во манастирот „Св. Пантелејмон" во Света Гора. Населбата е средна по големина, во 1961 година броела 592 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 428 жители, македонско население.

**Габрово** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар високо се издига, меѓу планините Влаина и Осогово, и се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 660 до 765 метри. Од градот Делчево, Габрово е оддалечено шест километри. Има мошне голем атар, на простор од 26,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.545,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 505,2 ха, а на пасиштата 503,5 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, но со пораст на населеноста. Во 1961 година селото броело 690 жители, од кои 398 биле Македонци, а 291 жители Турци, а во 1994 година бројот се зголемил на 829 жители, македонско население.

**Габрово** - Оваа мала населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Миравци, од десната страна на железничката линија Скопје-Гевгелија. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 31 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 28,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.227,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 137,1 ха, а на пасиштата само 3,5 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Габрово е мала населба, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 208 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 31 жители, македонско население.

**Гајранци** - Населбата се наоѓа во најјужниот дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со територијата на Општината Карбинци, недалеку од патот Пробиштип-Штип или Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 8,1 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 526,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 251,1 ха, а на шумите само 5,8 ха. селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 275 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 63 жители, македонско население.

**Гајре** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на општината Шипковица, недалеку во северозападен правец од градот Тетово, на оддалеченост од околу три километри. Куќите во селото се издигаат на надморска височина од 700 метри, па и повисоко. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 248,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 189,7 ха, а на шумите 271,4 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште и продавници. Во 1961 година селото броело 774 жители, додека во 1994 годи-

на, бројот се зголемил на 802 жители, исклучително албанско население.

**ГАЛАТЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Врапчиште, недалеку од ова општинско седиште, во западен правец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена седум километри. Има мошне мал атар, којшто зафаќа простор од 3,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 248,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 43,4 ха, а на шумите 21,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и споменик за НОБ. Галате е населба без некои значителни промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 421 жители, а во 1994 година 928 жители, од кои 437 се Албанци, 349 Македонци, 126 Турци и 14 Срби.

**ГАЛИЧАНИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепско Поле, а во таа насока лежи и во Општината Прилеп. Селото е рамничарско, на надморска височина од 617 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 601,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 81,8 ха, а на шумите само 4,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Кај оваа населба се наоѓа црквата „Св. Атанас", за која што не се знае кога била подигната, но живописот во неа потекнува од првата половина на XVII век. Во 1961 година селото броело 341 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 253 жители, од кои 249 се Македонци и четири жители Албанци.

**ГАЛИЧНИК** - Кога би се земала предвид сегашната населеност на Галичник, оваа населба не би требало да се спомне во значајните села туку во раселените. Меѓутоа, поради својата интересна микроположба, градежно-архитектонската архитектура, потоа поради поранешната развиена сточарско-печалбарска функција, голема населеност и друго, за Галичник треба да се дадат мноштво информации. Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Ростуша, на западниот дел на планината Бистра. Неговите куќи се издигаат на надморска височина од 1.280 до 1.520 метри. Населбата има облик на ладало, разместена во горниот дел на една суводолица, којашто се спушта до долината на реката Радика, односно до патот Гостивар-Дебар, од кој селото е оддалечено 4,5 км, додека од градот Гостивар населбата е оддалечена 64 км. Од селото Маврово, по асфалтен пат, преку карстното поле Тонивода, се стасува до Галичник. Населбата има мошне голем атар, којшто зафаќа простор дури од 64,4 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 5.313,6 ха, на шумите отпаѓаат 770,5 ха, а на обработливото земјиште само 2,3 ха. Според тоа, во однос на земјоделството, Галичник имало сточарска функција, со голем број стада и со производство на многу квалитетни млечни артикли. Во почетокот на нашиот век, според В. К'нчов, Галичник броел околу четири илјади жители, додека во 1961 година селото имало 644 жители. Меѓутоа, во 1994 година, во Галичник е попишан само еден жител, така што оваа населба претставува типичен пример на мошне големата емиграција на населението, до степен на тотална депопулација. Сепак, треба да се спомене дека Галичник не е запустена населба туку напротив, куќите се обновени и имаат туристичко-рекреативна функција, покрај хотелот „Неда", во текот на летните месеци, а во селото се одржуваат и културни манифестации, меѓу кои, најзначајна е познатата Галичка свадба.

**ГАЛИШТЕ** - Оваа веќе, речиси, раселена населба, се наоѓа на крајот од југозападниот дел на територијата на Општината Кавадарци, чиј атар, во Мариовската област, се допира со територијата на Општината Витолиште. Селото е планинско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Кавадарци, населбата е оддалечена 31 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 52,1 км$^2$. На него доминираат шумите на површината од 4.011,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 155,3 ха, а на пасиштата само 16,7 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во постаро време населбата била веројатно поместена,

бидејќи недалеку од Галиште постои црква „Св. Атанас", за којашто се претпоставува дека била изградена при крајот на XVII век. Од Галиште се иселило, речиси, целокупното население, кое во 1961 година броело 418 жители, а во 1994 година, само двајца жители.

**Гарани** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Осломеј, во Кичевската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена околу пет километри. Има мошне мал атар, од само 2,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 44,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 48,7 ха, а на шумите 136,8 ха, така што, селото нема некоја развиена аграрна функција. Гарани во 1961 година броело 322 жители, а во 1994 година, бројот се зголемил на 519 жители, исклучително албанско население.

**Гарван** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на општината Конче, во горното сливно подрачје на Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на планината Серта и таму се допира со териториите на општините Неготино и Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 28 километри. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На шумите отпаѓаат 460,9 ха, пасиштата заземаат 345,6 ха, а обработливото земјиште 129,2 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, доведена во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 290 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 23 жители, македонско население.

**Гари** - Оваа мошне интересна населба, слична на Галичник, се наоѓа на јужната страна на територијата на Општината Ростуша, а е лоцирана на северoисточната падина на планината Стогово, во долината на Гарска Река. Атарот се допира со територијата на Општината Другово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.170 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 23 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,4 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на простор од 2.018,1 ха, потоа следат шумите на површина од 1.417,3 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат само 33,8 ха. Според тоа, селото има сточарско-шумарска функција. Оваа убава планинска населба, со мошне интересна градежно-архитектонска изведба на куќите, не е сосема запустена, бидејќи преку летото во неа престојува дел од иселеното население, за туристичко-рекреативна цел. Во Гари постои средновековна црква „Св. Јован Златоуст". Таа веројатно потекнува од XIII или од почетокот на XIV век, бидејќи во 1337 и 1343 година се споменува како приложена црква на манастирот „Св. Богородица". Што се однесува до популацијата и Гари претставува жална депопулациона слика, односно селото било зафатено со голема емиграција.Така, во 1961 година Гари броело 454 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 33 жители, македонско население. Сепак, населбата треба да се ревитализира и да се одржува, барем заради богатото културно наследство од минатото, што го дало ова село, а особено преку своите светски познати копаничари и фрескописци.

**Гарниково** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Кавадарци, на висорамнината позната под името Витачево. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 15 км и лежи недалеку од локалниот пат кој што води кон Кавадарци, од Витачево. Атарот зафаќа простор од 16,8 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на 819,4 ха, потоа следат шумите на простор од 460,8 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 389 ха. Селото има, во основа, мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, доведена во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 234 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 12 жители, македонско население.

**Герман** - Оваа високопланинска и раштркана населба, се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Ранковце, чиј атар, на една страна, се допира со државната

гранична линија со СР Југославија, а на друга, со територијата на Општината Старо Нагоричане. Селото е планинско и се наоѓа на истоимената планина, и неговите маала се издигаат на надморска височина од 1.160 до 1.300 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 35 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 40,7 км². Најголема површина заземаат шумите со 2.405,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.261,7 ха, а на пасиштата 311,7 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објект. Герман била голема населба, но од неа се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 1.058 жители, од кои 997 биле Македонци, а 60 жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 458 жители, од кои 436 се Македонци, а 22 Срби.

**ГЕРМИЈАН** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Битолското Поле, на преодот меѓу ова и Леринското Поле, и нејзиниот атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Припаѓа на Општината Бач. Селото е рамнинско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.060 ха, потоа следат пасиштата на површина од 569,9 ха, а на шумите отпаѓаат само 8,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Гермијан е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 555 жители, од кои 497 биле Македонци, 46 Срби и осум Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 286 жители, од кои 283 се Македонци, а тројца жители Срби.

**ГЕЧЕРЛИЈА** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Босилово, во Струмичкото Поле, чиј тесен и долг атар се издига дури до сртот на планината Огражден, каде што се допира со територијата на Општината Берово. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 237 метри. Од градот Струмица селото е оддалечено 17 км. Атарот зафаќа простор од 10,1 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 427,3 ха, на шумите отпаѓаат 465 ха, а на пасиштата само 82,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Гечерлија е населба којашто популациски нараснала од мало, во средно по големина село. Така, во 1961 година селото броело 269 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 394 жители, македонско население.

**ГИНОВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Славишко Поле, на територијата на Општината Ранковце, недалеку од патот Крива Паланка - Куманово, на оддалеченост од 2,2 км, и недалеку од десната страна на Крива Река. Селото е делумно раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 500 до 580 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 18 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 4,6 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 348,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 56,9 ха, а на шумите само 8,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него е изградена живинарска фарма, а има и продавница. Во однос на популацијата селото бројно се преполовило. Така, во 1961 година селото броело 496 жители, а во 1994 година бројот на населението се намалил на 257 жители, македонско население.

**ГЛАВОВИЦА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Оризари, а на југозападните огранки на планината Огражден. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 980 до 1.200 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 174 ха, на пасиштата отпаѓаат 221,7 ха, а на шумите 309,8 ха, но, сепак, во основа, селото има полјоделска

функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 265 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 134 жители, македонско население.

**Глажња** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Липково, во заезерената долина на Липковска Река, чиј атар се издига до сртот на Скопска Црна Гора, каде што се допира со територијата на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 10,7 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 816,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 126,7 ха, а на пасиштата 13,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 489 жители, од кои 260 биле Турци, а 219 Албанци, а во 1994 година бројот се намалил на 76 жители, албанско население.

**Глишиќ** - Оваа голема населба се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Кавадарци, но бидејќи лежи на оддалеченост од градот од само три километри, селото припаѓа во рурбалната зона на централното место. Тоа е лоцирано на самиот пат Кавадарци - Неготино. Селото е рамничарско, на надморска височина од 235 метри. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 548,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 93,2 ха,а на шумите само 19,5 ха. Селото има полјоделска функција. Меѓутоа, во него има фабрички погон, продавници, угостителски објекти, работи основно училиште до IV одделение и има урбанистички план. Поради близината до градот, Глишиќ станало имиграционо место. Така, во 1961 година селото броело 346 жители, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 1.365 жители, од кои 1.359 се Македонци, а пет жители Срби.

**Глобочица** - Населбата е наполно раселена по 1981 година кога што броела двајца жители. Селото се наоѓало на територијата на Општината Луково, на надморска височина од 660 метри. Атарот на селото е потопен со водата на вештачкото езеро Глобочица.

**Глоги** - Оваа населба се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Теарце, непосредно до патот Тетово-Косово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км$^2$. Грото од тој простор го зазема обработливото земјиште на површина од 301,2 ха, на шумите отпаѓаат 48,6 ха, а на пасиштата 20,7 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, продавници, има споменик за НОБ и урбанистички план. Глоги е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.033 жители, од кои 540 биле Македонци и 483 Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.256 жители, од кои 869 се Албанци, а 382 Македонци.

**Глуво** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, и ѝ припаѓа на Општината Чучер-Сандево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 410 метри. Од градот Скопје, пред неговото проширување, пред земјотресот, селото било оддалечено околу 12 км. Атарот на Глуво е заеднички со атарот на населбата Бразда и има иста аграрна структура. Во Глуво се наоѓа црквата „Св. Никола", којашто била обновена во 1855 година, но не се знае точно кога била изградена старата црква. Глуво е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 570 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 322 жители, од кои 307 се Македонци, а 18 Срби.

**Гнеотино** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Новаци, на алувијалната рамнина на Црна Река, а во рамките на Битолското Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 577 метри. Од градот Битола населбата е

оддалечена 19 км. Атарот има средна големина од 17,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.441,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 106,1 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Тоа е мало, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 274 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 73 жители, македонско население.

**Гнилеш** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Новаци, на јужните огранки на Селечка Планина и на просторот во Битолското Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 26 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,8 км$^2$. На него провладуваат пасиштата на површина од 1.653,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 356,8 ха, а на шумите 54,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 165 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на шест жители, македонско население.

**Говрлево** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, поточно на крајните јужни огранки на Водно и ѝ припаѓа на Општината Сопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 16,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 661,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 610,9 ха, а на шумите 305,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба се иселил значителен број од населението и таа е доведена дури во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 513 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 24 жители, македонско население.

**Годивје** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Белчишта, поточно во областа Горна Дебарца, чиј атар се издига на источната падина на Караорман, каде што се допира со територијата на Општината Луково. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 36 км, а од патот Охрид-Кичево 3,8 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 29 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.719,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 645,7 ха, а на обработливото земјиште 435,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Годивје постои црква „Св. Ѓорѓи", за којашто се мисли дека е подигната во втората пловина на XIV век. До олтарската преграда е насликан портретот на Климент Охридски, во цел раст. Исто така, во ова село се наоѓа и црквата „Св. Никола" којашто, според некои податоци, потекнува најдоцна од периодот на XV век. Од Годивје се иселил значителен дел од неговото население. Во 1961 година селото броело 637 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 104 жители, македонско население.

**Годивје** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на Прилепското Поле, а на северозападната страна на територијата на Општината Кривогаштани, чиј атар се допира со Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 24 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 320,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 177,9 ха, а на шумите само 37,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 399 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 214 жители, македонско население.

**Голем Габер** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Карбинци, а на југозападните огранки на планината Плачковица. Селото е ридско, на надморска височина од околу 450 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 13,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата со 359 ха, на шумите отпаѓаат 180 ха, а на обработливото земјиште 101 ха. Во основа, селото има

полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и уште во 1961 година броела само 58 жители, додека во 1994 година имала 43 жители, турско население.

**Голем Папрадник** - Населбата се наоѓа во областа Дебарска Жупа, на територијата на Општината Центар Жупа. Селото е рамничарско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 10 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 144,9 ха, на шумите отпаѓаат 104,2 ха, а на пасиштата само 9,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Голем Папрадник е голема населба, етнички мешана, и со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 897 жители, од кои 527 биле Турци, 328 Албанци и 41 Македонци, додека во 1994 година биле попишани 962 жители, од кои 736 се Турци, 203 Македонци и 11 Албанци.

**Голем Радобил** - Населбата се наоѓа на североисточната страна на територијата на Општината Прилеп, во горното сливно подрачје на реката Раец, по преминот на превалот Плетвар, во правец кон Градско, а чиј атар се граничи со територијата на Општината Кавадарци. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 28 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,1 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 2.086,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 359,3 ха, а на шумите само 42,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од Голем Радобил се иселил значителен број од населението. Во 1961 година селото броело 429 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 108 жители, македонско население.

**Голема Речица** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Тетово, недалеку од градот, во југозападен правец, па затоа населбата припаѓа во рурбалната зона на централното место. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 776 до 840 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 430,4 ха, на шумите отпаѓаат 51,2 ха, а на пасиштата 27,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и продавници. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.989 жители, од кои 1.877 биле Албанци, а 107 жители Турци, додека во 1994 година бројот двојно се зголемил на 3.676 жители, исклучително албанско население.

**Голема Црцорија** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.100 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 506 ха, на пасиштата отпаѓаат 304,3 ха, а на шумите 168,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Голема Црцорија се иселил голем број од населението. Во 1961 година селото броело 402 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 137 жители, македонско население.

**Големо Илино** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Сопотница, во изворишното сливно подрачје на Црна Река, чиј атар се допира со територијата на општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 925,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 628,4 ха, а на обработливото земјиште 327,8 ха. Селото, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Во оваа периферна населба, во 1961

година живееле 412 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 81 жители, македонско население.

**Големо Коњари** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Прилеп, непосредно од десната страна на патот Прилеп-Кривогаштани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 607 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена девет километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 21,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.754,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 324,4 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него има основно училиште до IV одделение, продавници и угостителски објекти. Населбата е голема и во 1961 година броела 926 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 685 жители, македонско население.

**Големо Црско** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Другово, недалеку од десната страна на патот Кичево-Демир Хисар. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 18,2 км. Атарот зафаќа простор од 10,8 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 548,3 ха, на шумите отпаѓаат 386,7 ха, а на обработливото земјиште само 75,1 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 97 жители, а во 1994 година само 10 жители, македонско население.

**Голозинци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Чашка, во средно сливно подрачје на реката Тополка, лоцирано на нејзината алувијална рамнина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 345,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 448 ха, а на шумите 12,2 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Голозинци е мала населба со тенденција на раселување. Во 1961 година селото броело 230 жители, а во 1994 година само 45 жители, македонско население.

**Гопеш** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Цапари. Селото е планинско, на надморска височина од 1.140 метри. Атарот зафаќа површина од 9,2 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 703 ха, на пасиштата отпаѓаат 132 ха, а на обработливото земјиште само 51 ха. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 97 жители, а во 1994 година само тројца жители, Власи.

**Горачино** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Штип, во проширената долина на Крива Лакавица, од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Штип е оддалечено 26 километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 126 ха, на пасиштата отпаѓаат 269,3 ха, а на шумите 97,1 ха. Селото има полјоделска функција. Горачино е мала населба, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 77 жители, а во 1994 година само 27 жители, македонско население.

**Горенци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на областа Дебарска Жупа и ѝ припаѓа на Општината Центар Жупа. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 9,5 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 62,9 ха, на шумите отпаѓаат 142 ха, а на пасиштата само 15,2 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Горенци во однос на населеноста покажува позитивен биланс. Така, во 1961 година селото броело 268 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 363 жители, од кои 228 се декларирале како Турци, 121 се Македонци и девет жители Албанци.

**Горенци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Мешеита, чиј атар се допира со територијата на Општината Струга, односно лежи во средишниот дел на Охридско-струшката Котлина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 285,2 ха,на шумите отпаѓаат 155,3 ха, а на пасиштата само 10,2 ха. Селото има полјоделска функција. Во него се наоѓа основно училиште до IV одделение, има две продавници и споменик на паднатите борци во НОБ. Горенци е средна по големина населба, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 589 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 369 жители, од кои 270 се Македонци, а 149 жители Албанци.

**Горјане** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Неготино Полошко, на југоисточната падина на Шар Планина, чиј атар се допира со територијата на Општината Боговиње. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 16,4 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 198,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 180,8 ха, а на шумите 134,8 ха. Иако, во основа, селото има полјоделска функција, тоа нема некоја развиена аграрна дејност. Во него работи основно училиште до IV одделение. Горјане во 1961 година броело 283 жители, а во 1994 година 95 жители, албанско население.

**Горна Бањица** - Населбата се наоѓа недалеку од градот Гостивар, на оддалеченост од околу два километри, а ѝ припаѓа на Општината Долна Бањица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 555 метри. Атарот зафаќа простор 13 км². Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, продавници и угостителски објекти. Горна Бањица е голема населба, која што во 1961 година броела 1.265 жители, од кои 827 биле Турци, 212 Албанци и 68 Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.662 жители, од кои 1.239 се Турци, а 422 Албанци.

**Горна Бела Црква** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Преспанската Котлина и ѝ припаѓа на територијата на Општината Ресен. Селото е рамничарско, на надморска височина од 864 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 8,8 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,6 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 248,2 ха, на пасиштата отпаѓаат само 3,9 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, без некои големи промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 434 жители, од кои 290 биле Турци и 141 Албанци, а во 1994 година населбата имала 215 жители, од кои 117 се Албанци, а 98 Турци.

**Горна Белица** - Населбата се наоѓа на северозападната страна на територијата на Општината Струга, на источната падина на планината Јабланица, каде што атарот се допира со државната гранична линија на Република Албанија. Селото е планинско и мошне високо, на надморска височина од 1.420 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 14 км. Во катастарската евиденција за оваа населба нема аграрни податоци. Населбата е мошне мала и во 1961 година броела 27 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на двајца жители, Власи.

**Горна Бошава** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Конопиште, односно на јужниот дел на областа Витачево, од десната страна на реката Бошавица, чиј атар, со долг и тесен облик, се издига до ртот на Кожуф, каде што се допира до државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 590 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 21 км. Горна Бошава има заеднички атар со селото Долна Бошава,

којшто зафаќа простор од 43,6 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите со 2.916,2 ха, на пасиштата отпаѓат 827,8 ха, а на обработливото земјиште 550,5 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во селото има амбуланта, продавница, споменик за НОБ. Во 1961 година селото броело 331 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 56 жители, македонско население.

**Горна Враштица** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога броела 57 жители, македонско население. Селото се наоѓало на територијата на Општината Конче, во горното сливно подрачје на Крива Лакавица, на надморска височина од 560 метри. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$.

**Горна Душегубица** - Оваа мала населба се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Другово, во извоиришното подрачје на реката Треска, а на југоисточната падина на Бистра, чиј атар се допира со територијата на Општината Ростуша. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 14 км, а од патот Кичево-Охрид 2,3 км. Атарот зафаќа простор од 19 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 970,8 ха, на шумите отпаѓаат 823,1 ха, а на обработливото земјиште само 69,3 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Во 1961 година населбата броела 336 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на 15 жители, македонско население.

**Горна Ѓоновица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Долна Бањица, лево од стариот пат за Охрид, на северната падина на Буковиќ, чиј атар се допира со територијата на Општината Зајас. Селото е ридско, на надморска височина од 810 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 14 км. Атарот е заеднички со селото Долна Ѓоновица, и зафаќа простор од 14,3 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите со 835,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 462,4 ха, а на обработливото земјиште 110,7 ха. Селото, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 164 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 16 жители, од кои 13 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Горна Лешница** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Желино, во Долни Полог, под северозападните огранки на Сува Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 6,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 134 ха, на шумите отпаѓаат 486,3 ха, а на шумите 18,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има осумгодишно училиште и продавница. Во 1961 година во Горна Лешница живееле 390 жители, а во 1994 година 242 жители, албанско население.

**Горни Балван** - Населбата се наоѓа на северниот дел на територијата на Општината Карбинци, од десната страна на Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 385 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 467,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 441,1 ха, а на шумите само 22,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Горни Балван се иселил значителен број на населението, така што, тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 451 жители, во 1994 година бројот се намалил на 78 жители, македонско население.

**Горни Дисан** - Оваа населба се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Неготино, чиј атар се допира со територијата на Општината Кавадарци. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот има средна големина, на простор од 14 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 968,4 ха, на

обработливото земјиште отпаѓаат 358,9 ха, а на шумите само 11 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Горни Дисан е мала населба, којашто во 1961 година броела 322 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 25 жители, македонско население.

**Горни Добреноец** - Населбата се наоѓа на северната страна на територијата на Општината Другово, од левата страна на реката Треска, а на југоисточната падина на планината Бистра. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена шест километри. Атарот е заеднички од селото Долни Добреонец и зафаќа голем простор од 41,2 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 2.515,2 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.429,9 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 140,5 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 277 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 71 жители, македонско население.

**Горни Липовик** - Населбата се наоѓа во горното сливно подрачје на Крива Лакавица, на југозападната падина на планината Смрдешник, чиј атар се допира со територијата на Општината Василево. Припаѓа на Општината Конче. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 18 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.106,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 298,6 ха, а на пасиштата 182,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 377 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 176 жители, македонско население.

**Горни Манастирец** - Населбата се наоѓа во северната зона на територијата на Општината Македонски Брод, од левата страна на Треска, во областа Поречје. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа простор од 18,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.270,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 188,3 ха, а на пасиштата само 76,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Населбата е мала, и во 1961 година броела 214 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 21 жители, македонско население.

**Горни Подлог** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кочани, од десната страна на Брегалница, во плодното оризово Кочанско Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 314 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена четири километри, па дури може да припадне на неговата рурбална зона. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 244,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 8,5 ха, а на шумите дури помалку од еден хектар. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Горни Подлог е средна по големина населба, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 668 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 749 жители, македонско население.

**Горни Стубол** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со територијата на Општината Кратово. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од Пробиштип населбата е оддалечена 8,8 км, а од патот Пробиштип-Кратово 4,4 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 330,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 293,4 ха, а на шумите 133,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 390 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 160 жители, македонско население.

**Горно Агларци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Битолското Поле, од левата страна на Црна Река и ѝ припаѓа на Општината Новаци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 590 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Лежи на локален пат, којшто во мердијански правец поврзува повеќе села. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 3,2 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 286,3 ха, на пасиштата отпаѓаат само 14,7 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 437 жители, и било средно по големина, но во 1994 година бројот се намалил на 215 жители, македонско население.

**Горно Барбарево** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со територијата на Општината Кратово. Селото е ридско. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 27 км. Атарот има средна големина, на простор од 15,2 км². На него најголема површина заземаат пасиштата со 752,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 511,2 ха, а на шумите 116,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 343 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 49 жители, македонско население.

**Горно Ботуше** - Населбата се наоѓа во западниот висок дел на територијата на Општината Самоков, во областа Поречје, чиј атар се допира со територијата на Општината Србиново. Селото е планинско, на надморска височина од 1.220 метри. Атарот е заеднички со селото Долно Ботуше, којшто зафаќа простор од 26 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.628,7 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 412,7 ха, а на шумите отпаѓаат 384,3 ха. Според ваквата аграрна структура, населбата има мешовита функција. Од Горно Ботуше се иселил голем број од неговата популација, така што, населбата станала од средна по големина, мало село. Во 1961 година селото броело 518 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 44 жители, македонско население.

**Горно Врановци** - Оваа некогаш мошне голема населба се наоѓа во северозападниот дел на територијата на општината Чашка, во средното сливно подрачје на реката Тополка, од нејзината десна страна. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 27 км. Има мошне голем атар, на простор од 37,5 км². На него преовладуваат шумите на површина од 2.456,4 ха, потоа следат пасиштата на површина од 833,6 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 229,6 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Горно Врановци има и историско значење. Така, во времето на НОБ во населбата бил сместен Штабот на дивизијата, имало болница, печатница и други институции. Меѓу другото, таму е отпечатен и првиот број на весникот „Нова Македонија". Покрај тоа, Горно Врановци има поволни природни погодности за развиток на туризмот, односно и рекреативна функција. Населбата била голема и во 1953 година броела 3.780 жители, кои се декларирале како Турци, а тоа, всушност, биле Македонци-муслимани, кои масовно почнале да се иселуваат за Турција. Така, веќе во 1961 година селото броело 738 жители, од кои 524 биле Турци и 209 Албанци, а во 1994 година бројот изнесувал 221 жители, од кои 207 се Албанци, 11 Турци и еден Македонец.

**Горно Гратче** - Населбата, речиси, се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Кочани, нешто посеверно од градот, на еден ридест простор, а кај Кочанското Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена девет километри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5,4 км². На него на обработливото земјиште отпаѓаат 77,6 ха, под пасишта се 198,8 ха, а шумите се на површина од 180,9 ха, така што, селото нема некоја развиена аграрна функција. Населбата е мала, во 1961 година броела 191 жители, а во 1994 година само 15 жители, маке-

донско население.

**Горно Дивјаци** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Крушево, на јужните огранки на планината Бушева, чиј атар се допира со територијата на Општината Пласница. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 819,5 ха, на шумите отпаѓаат 252,5 ха, а на обработливото земјиште 112,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Горно Дивјаци е мала населба, којашто во 1961 година броела 275 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 61 жители, македонско население.

**Горно Дупени** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, од десната страна на патот Ресен-Отешево, а јужно од градот, на оддалеченост од околу седум километри. Селото лежи на надморска височина од 910 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 472,2 ха, на шумите отпаѓаат 84,6 ха, а на пасиштата 77,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година селото броело 349 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 104 жители, македонско население.

**Горно Ѓуѓанце** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со територијата на Општината Орашац. Селото е ридско, на надморска височина од 590 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 17 км, а од патот Свети Николе - Куманово 8,8 км. Атарот зафаќа простор од 8,6 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата со 426,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 283 ха, а на шумите 132,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 178 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 11 жители, македонско население.

**Горно Егри** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, селото лежело на територијата на Општината Бистрица, во Битолското Поле, на надморска височина од 580 метри. Атарот на селото е, речиси, заеднички со Долно и Средно Егри.

**Горно Јаболчиште** - Оваа голема и висока населба, се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Велес, во извориштниот дел на реката Тополка, а на северозападната падина на Голешница, чиј атар се допира со скопската Општина Студеничани. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 45 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 35,5 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите на 2.821,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 409,7 ха, а на обработливото земјиште 223,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и продавница. Во 1961 година селото броело 771 жители, од кои 758 се декларирале како Турци, а 11 Албанци, додека во 1994 година бројот на жителите двојно се зголемил и изнесувал 1.538 жители, албанско население.

**Горно Јеловце** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Вруток, во Горни Полог, недалеку, западно од градот Гостивар, на околу осум километри. Селото е планинско, на надморска височина од 1.220 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 35,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.919,4 ха, на шумите отпаѓаат 1.279,1 ха, а на обработливото земјиште 278,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 197 жители, од кои 185 биле Македонци, а 12 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се намали само на двајца жители, и е во фаза на целосно раселување.

**Горно Каласлари** - Населбата лежи на источната страна на територијата на Општината Велес, недалеку од градот, и во непосредната близина на новата траса на автопатот. Атарот се допира до територијата на Општината Свети Николе. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена девет километри. Атарот е заеднички со селото Долно Каласлари и зафаќа простор од 19,8 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 987,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 882,1 ха, а на шумите само 13,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 104 жители, од кои 82 биле Албанци, 12 Турци и девет жители Македонци, додека во 1994 година биле попишани 66 жители, од кои 59 се Албанци, а седум жители Македонци.

**Горно Количани** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, во сливот на Маркова Река, односно, во областа Торбешија. Припаѓа на Општината Студеничани. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 6,8 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 327,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 174,3 ха, а на шумите 458,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 715 жители, од кои 413 биле Турци, а 301 Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 413 жители, албанско население.

**Горно Коњаре** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Петровец, во југоисточниот дел на Скопската Котлина, низ чиј атар тече реката Пчиња, на чија лева страна е лоцирана населбата. Селото е рамничарско, на надморска височина од 275 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 38 км. Атарот зафаќа простор од 12,6 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 634,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 415,5 ха, а на шумите само 62 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Атанас", којашто била обновена кон крајот на минатиот век, на темелите на постар средновековен храм. Во 1961 година селото броело 470 жители, додека во 1994 година тоа популациски се преполовило и броело 208 жители, македонско население.

**Горно Коњаре** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, нешто посеверно од градот, а од десната страна на патот Куманово-Белград, на оддалеченост од два километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 280 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 14 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.205,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 91,5 ха, а на шумите 42,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение има продавници и угостителски објекти, како и ветеринарна станица. Горно Коњаре е голема населба, којашто во 1961 година броела 947 жители, од кои 457 биле Македонци, 316 Срби, 153 Турци и 12 жители Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.106 жители, од кои 499 се Македонци, 366 Срби и 236 жители Албанци.

**Горно Косоврасти** - Населбата се наоѓа на североисточниот дел на територијата на Општината Дебар, на јужната падина на планината Дешат, чиј атар се допира со територијата на Општината Ростуша. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,5 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 374,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 198,9 ха, а на обработливото земјиште 86,2 ха. Според тоа, селото нема некоја развиена аграрна функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и угостителски објекти. Населбата има позитивен популациски биланс. Во 1961 година селото броело 413 жители, од кои 283 се декларирале како Турци, 96 биле Македонци, а 33 жители Албанци, а во 1994 година бројот двојно се зголемил, односно на 867 жители, од кои 700 се Македонци, а 113 Турци.

**Горно Кратово** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Кратово, недалеку северно од градот, на оддалеченост од околу четири километри, па затоа селото припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 880 до 1.160 метри. Атарот зафаќа простор од 15,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 987,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 324,3 ха, а на обработливото земјиште 124,7 ха. Може да се каже дека населбата има мешовита земјоделска функција. Од селото се иселил добар дел од населението, така што, населбата преминала од средно по големина, во мало село. Во 1961 година селото броело 367 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 67 жители, македонско население.

**Горно Крушје** - Населбата се наоѓа во западниот висок дел на територијата на Општината Македонски Брод, во областа Поречје, чиј атар се допира со територијата на Општината Осломеј. Селото е планинско, на надморска височина од 1.160 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 17 км. Атарот е заеднички со селото Долно Крушје и зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.000,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 340,6 ха, а на пасиштата 270,2 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Од Горно Крушје емигрирал значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 382 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 66 жители, македонско население.

**Горно Крушје** - Населбата се наоѓа во најсеверниот дел на територијата на Општината Ресен. Дел од нејзиниот атар се издига на југозападната падина на Плаќенска Планина, каде што се допира со територијата на Општината Сопотница, а на друга страна се допира со територијата на Општината Косел. Селото е планинско, на надморска височина од 1.140 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 10 км, а од патот Ресен-Охрид, два километри, а кон патот веќе почнуваат да се градат куќи од жителите на ова село. Атарот е голем и зафаќа простор од 21,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.414,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 465,2 ха, а на пасиштата 146,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ. Од населбата се иселил голем дел од населението. Така, во 1961 година селото броело 414 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 123 жители, македонско население.

**Горно Лакочереј** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Охрид, и северно од градот. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 720 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена осум километри, а од патот Охрид-Ресен три километри. Атарот зафаќа простор од 9,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 455 ха, на шумите отпаѓаат 336,4 ха, а на пасиштата само 22,1 ха. Но, во основа, селото има полјоделска функција. Во него има две продавници и споменик за НОБ. Горно Лакорчереј, поради близината до градот, има позитивно популациско салдо. Така, во 1961 година селото броело 595 жители, додека во 1994 година, бројот малку се намалил, на 582 жители, македонско население.

**Горно Мелничани** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела 17 жители, македонско население. Селото се наоѓало на територијата на Општината Центар Жупа, во областа Дебарска Жупа, на надморска височина од 940 метри. Атарот зафаќа простор од 5,7 км$^2$.

**Горно Оризари** - Населбата се наоѓа, речиси, во западниот дел на територијата на Општината Велес, во долното сливно подрачје на Тополка. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 310 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена осум километри. Има заеднички атар со селото Долно Оризари, кој што зафаќа простор од 34,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.288,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.891,2 ха, а на

шумите само 22,2 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-сточарска функција, а добар дел од активното население учествува во дневните индустриски миграции. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Во Горно Оризари живеело турско население, кое по 1953 година масовно емигрирало во Турција. Горно Оризари е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.888 жители, од кои 1.363 жители се декларирале како Турци, а тоа се, всушност, доселени муслимани од Санџак, потоа 394 жители биле Македонци, а 77 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.023 жители, од кои 55 се Албанци, 25 Македонци, 20 Срби, 19 Турци и 1.903 - други, односно муслимани од Санџак, СР Југославија.

**Горно Оризари** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Битола, недалеку од градот, во северен правец, на оддалеченост од околу шест километри, па затоа припаѓа на рурбалната зона на централното место. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,8 км$^2$. На него преовладува обработливо земјиште на површина од 264,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 88,6 ха, а на шумите симболични 0,2 ха. Селото има полјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште, амбуланта, пошта, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Во 1961 година селото броело 531 жители, а поради близината до градот, тоа станало имиграциско место, така што, во 1994 година нараснало на 1.992 жители, од кои 1.983 се Македонци, и шест жители Срби.

**Горно Палчиште** - Населбата припаѓа на групата потпланински села, на југоисточната падина на Шар Планина, во Долни Полог, односно, во состав на Општината Камењане. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,4 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 224 ха, пасиштата се на простор од 101,1 ха, а шумите на 93,9 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и продавница. Во населбата живее албанско население, коешто во 1961 година броело 695 жители, а во 1994 година бројот значително се зголемил дури на 1.166 жители, исклучително албанско население.

**Горно Свиларе** - Населбата се наоѓа на територијата на скопската Општина Кондово, во северозападниот дел на Скопската Котлина, а недалеку од левата страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 673,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 318,6 ха, а на шумите само 4,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 313 жители, од кои 297 биле Албанци и 16 жители Турци, а во 1994 година бројот се зголемил на 600 жители, албанско население.

**Горно Седларце** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Камењане, непосредно до патот Тетово -Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 466 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу осум км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 377,3 ха, на шумите отпаѓаат 39,3 ха, а на пасиштата само 8,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и продавници. Горно Седларце е голема населба, којашто во 1961 година броела 902 жители, од кои 781 биле Албанци, 94 Турци и 24 жители Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.483 жители, албанско население.

**Горно Село** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Долнени, под југозападните огранки на планината Бабуна. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 14,3 км, а од патот Прилеп - Македонски Брод 6,6 км. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него пасиштата

заземаат површина од 765,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 471,7 ха, а на шумите само 6,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 243 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 56 жители, македонско население.

**Горно Солње** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишната зона на Скопската Котлина, југозападно од градот и од планината Водно и ѝ припаѓа на Општината Сопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 720 метри. Од градот Скопје населбата е одалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 462,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 340,1 ха, а на шумите само 1,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во населбата постои црква „Св. Никола", којашто на ова место е обновена, а кога била изградена старата црква, не е познато. Во 1961 година селото броело 381 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 113 жители, од кои 118 се Македонци, а пет Срби.

**Горно Средоречје** - Населбата се наоѓа во областа на Дебарца и ѝ припаѓа на Општината Белчишта. Селото се наоѓа на надморска височина од 770 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 33 км. Атарот е заеднички со селото Долно Средоречје и е мошне мал и зафаќа простор од 2,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 124,6 ха, на шумите отпаѓаат 117,9 ха, а на пасиштата само 12,7 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 161 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 38 жители, македонско население.

**Горно Строгомишта** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Зајас, во Кичевската Котлина, недалеку од патот Кичево-Гостивар. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 13 км. Атарот е заеднички со населбата Долно Строгомиште и зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 353,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 231,9 ха, а на шумите 323,3 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV оделение. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 596 жители, од кои 28 биле Турци, а другите Албанци, а во 1994 година, бројот двојно е зголемен на 1.059 жители, исклучително албанско население.

**Горно Татеши** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струшкото Поле, од десната страна на Црн Дрим, а под јужната падина на Караорман. Припаѓа на Општината Велешта. Селото е ридско, на надморска височина од 730 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 324 ха, на шумите отпаѓаат 266 ха, а на пасиштата 105,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници. Населбата е средна по големина, населена со албанско население. Во 1961 година селото броело 633 жители, додека во 1994 година имало 869 жители.

**Горно Трогерци** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, чиј атар се допира со територијата на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 555 метри. Од градот Штип селото е оддалечено 16,5 км, а од патот Штип-Кочани 7,7 км. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 520,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 401,8 ха, а на шумите само 8,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 248 жители, а во 1994 година, само пет жители, македонско население.

**Горно Црнилиште** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на територијата на Општината Свети Николе, јужно од градот, а од десната страна на Светиниколска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 8,3 км, а од патот Свети Николе - железничка станица Овче Поле 3,3 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 21 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.531,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 461,1 ха, а на шумите само 44,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има земјоделска задруга и продавница. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 488 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 358 жители, македонско население.

**Горно Чарлија** - Населбата се наоѓа во северниот рамничарски дел на Битолското Поле, и ѝ припаѓа на Општината Могила. Селото е рамничарско, лоцирано од левата страна на Црна Река, на надморска височина од 583 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 25 км, а од патот Битола - Прилеп околу пет километри. Атарот зафаќа простор од 10,8 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 950,8 ха, на пасишта отпаѓаат 56,6 ха, додека шумско земјиште, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 77 жители, а во 1994 година само шест жители, македонско население.

**Горно Чичево** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Градско, под североисточната падина на Клепа, а чиј атар се допира со територијата на Општината Росоман. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Велес, населбата е оддалечена 25 км. Атарот е заеднички со селото Долно Чичево, а неговата структура е прикажана во прегледот за селото Долно Чичево. Населбата е мала, дури доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 210 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 40 жители, македонско население.

**Горњане** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Чучер-Сандево, под југозападната падина на Скопска Црна Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Скопје, пред тоа територијално да се прошири, по земјотресот, населбата била оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 11,4 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 709,4 ха, на шумите отпаѓаат 255,5 ха, а на обработливото земјиште 164,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 313 жители, од кои 174 биле Македонци и 139 жители Срби, а во 1994 година бројот на жителите значително се намалил на само 93 жители, од кои 48 се Срби, а 41 Македонци.

**Горобинци** - Оваа е една од поголемите населби на територијата на Општината Свети Николе, а се наоѓа на западниот дел од Овче Поле, чиј атар се допира со територијата на Општината Велес. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 440 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена околу 5,5 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 21,8 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.201,8 ха, шумите заземаат површина од 468,8 ха, а на пасиштата отпаѓаат 368,1 ха. Населбата, во основа, има мешовита функција. Во селото работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата и споменик за НОБ. Населбата е голема, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.223 жители, од кои 1.148 биле Македонци, 51 Срби и 12 жители Турци, а во 1994 година 890 жители, од кои 868 се Македонци, а 21 жители Срби.

**Гостиражни** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Долнени, односно на северозападните огранки на планината Бабуна, чиј атар се допира со територијата на Општината Богомила.

Населбата претставува железничка станица на линијата Велес-Прилеп-Битола. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 35 км. Атарот зафаќа простор од 13,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 608,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 333,7 ха, а на пасиштата 189,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има продавници и споменик за НОБ. Во 1961 година селото броело 431 жители, од кои 403 биле Македонци, а 23 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 110 жители, од кои 60 се Македонци, 34 Албанци, а 16 Турци.

**Гошинце** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Липково, а на североисточните огранки на Скопска Црна Гора, чиј атар се допира со територијата на Скопската Котлина. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 940 до 1.040 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 12,9 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 756,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 321,9 ха, а на пасиштата 175,6 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и спомен-плоча за НОБ. Во 1961 година селото броело 689 жители, од кои 520 биле Турци и 168 Албанци, а во 1994 година 646 жители, исклучително албанско население.

**Град** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Делчево, чиј атар се издига на западната падина на планината Влаина, с до ртот, каде што се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото лежи на надморска височина од 700 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 9,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите и тоа на 1.142,2 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 1.014,1 ха, а на пасиштата отпаѓаат 356,3 ха. Во однос на земјоделството селото има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има продавници и угостителски објекти. Населбата е голема, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 899 жители, од кои 850 биле Македонци, а 49 Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 696 жители, од кои 679 се Македонци, а 14 жители Турци.

**Градец** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Виница, чиј голем и надолжен атар се издига до ртот на планината Плачковица, каде што се допира со териториите на општините Карбинци и Радовиш. Со оглед на тоа дека се наоѓа на оддалеченост од неколку километри од Виница, Градец припаѓа во рурбалната зона на ова централно место. Селото лежи на надморска височина од 510 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 59 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 4.141,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.264,1 ха, а на обработливото земјиште 423,1 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има дрводелска, односно автомеханичарска или лимарска работилница, амбуланта, продавници и угостителски објекти. Селото е големо и во 1961 година броело 1.312 жители, од кои 818 биле Турци, а 485 жители Македонци, додека во 1994 година бројот нешто се намалил и изнесувал 1.175 жители, од кои 1.162 Македонци, а 11 Турци.

**Градец** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во источниот дел на територијата на Општината Неготино-Полошко, чиј атар се допира со територијата на Општината Боговиње. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 10,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 735,6 ха, на шумите отпаѓаат 141,3 ха, а на пасиштата 47,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има продавници, угостителски објекти и споменик за НОБ. Населбата е голема и во 1961 година

броела 2.284 жители, од кои 2.242 биле Албанци и 15 жители Турци, а во 1994 година бројот двојно се зголемил, на 4.077 жители, од кои 4.073 се Албанци, а двајца жители Македонци.

**Градец** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, недалеку во западен правец од градот, на оддалеченост од околу 4,4 км. Од тие причини, населбата припаѓа во рурбалната зона на централното место. Селото е ридско и од раштркан тип, чии маала се издигаат на надморска височина од 680 до 1.000 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,1 км$^2$. На него најголема површина зазема обработливото земјиште на 1.041,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 739,5 ха, а на шумите 225 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од населбата се иселил значителен број од населението, но населеноста е сè уште добра. Во 1961 година селото броело 1.356 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 422 жители, македонско население.

**Градец** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела четири жители, македонско население. Селото се наоѓало на територијата на Општината Валандово, на надморска височина од 290 метри. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$.

**Градешница** - Населбата се наоѓа во крајниот источен дел на територијата на Општината Старавина, во битолскиот дел на Мариово, чиј атар, на една страна се допира со територијата на Општината Витолиште, а на друга, со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Ова село е едно од најпериферните во однос на централното место Битола, од кое е оддалечено дури 68 км. Атарот е мошне голем и зафаќа површина од 83,8 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите на 4.755,4 ха, потоа следат пасиштата на површина од 2.046,5 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 1.471,3 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. При влезот на селото постои средновековна црква „Св. Никола“, позната меѓу народот како „Св.Димитрие“. Живописот ѝ потекнува од XIV век, а црквата повторно била живописана во 1889 година. Од Градешница се иселил голем број од населението, така што, таа преминала од голема, во мала населба. Во 1961 година селото броело 1.019 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 115 жители, македонско население.

**Градиште** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Орашац, чиј атар се допира со територијата на Општината Свети Николе, а недалеку од патот Куманово - Свети Николе. Селото е ридско и неговите куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 620 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 13,6 км$^2$. На него преовладува обработливо земјиште на површина од 797,3 ха, на шумите отпаѓаат 247,5 ха, а на пасиштата 208,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта и продавница. Над селото постои црква посветена на „Св. Ѓорѓи“. Таа била обновена во 1864 година, на темелите на стар разурнат манастир. Во 1961 година селото било средно по големина и броело 565 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 213 жители, македонско население.

**Градманци** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Петровец, во долното сливно подрачје на реката Пчиња, а нејзиниот атар се допира со територијата на Општината Велес. Селото е на надморска височина од 320 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 13,6 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 841,7 ха, потоа следат

пасиштата на површина од 336,4 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 124,6 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 115 жители, од кои 81 биле Македонци, 14 Турци и 10 Црногорци, додека во 1994 година селото броело само 11 жители, македонско население.

**Градовци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, од десната страна на реката Вардар и ѝ припаѓа на Општината Зелениково. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри. Атарот е релативно голем и зазема простор од 19,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.320,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 213 ха, а на обработливото земјиште 384,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата постои средновековна црква „Св. Ѓорѓи", но за неа сè уште не се знае во кој период е подигната, но познато е дека била обновена некаде во минатиот век. Населбата била средна по големина, но сега се наоѓа во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 513 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на 14 жители, македонско население.

**Градошорци** - Населбата се наоѓа во Струмичкото Поле, а во јужниот дел на Општината Василево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 238 метри. Се наоѓа непосредно од левата страна на патот Струмица-Радовиш, а од градот Струмица населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 664,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 144,3 ха, а на шумите само безначајни 0,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, дом на културата, продавници, угостителски објекти и урбанистички план. Во однос на населеноста, селото двојно се зголемило и прераснало во голема населба. Така, во 1961 година селото броело 768 жители, од кои 543 биле Македонци, а 223 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.473 жители, од кои 984 се Македонци и 486 жители Турци.

**Градско** - Оваа голема населба се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на истоимената општина, од десната страна на реката Вардар, чиј атар се допира со територијата на Општината Росоман. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 135 метри. До скоро, Градско лежело на стариот автопат од Велес за Гевгелија, и натаму за Грција, а денес се наоѓа малку понастрана од новата траса на автопатот. Од градот Велес населбата е оддалечена нешто повеќе од 20 км. Треба да се спомене дека старо Градско, односно старата населба се наоѓа непосредно на десниот брег на Вардар. Сè до изградбата на железничката линија Велес-Прилеп-Битола, во средината на триесеттите години, Градско имало тенденција да нарасне во поголема населба, бидејќи од него за Прилеп водела железничка тесолинејка, којашто престанала да работи по изградбата на горе споменатата железничка линија со нормален колосек. Атарот на населбата зафаќа простор од 12,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 782,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 267 ха, а на шумите само 47,3 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделска функција. Но, во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ, дом на културата, ветеринарна станица, а има и урбанистички план, така што Градско веќе има обележје на мало гратче, но прашање е како ќе се развива во иднина, по свртувањето на трасата на автопатот. Градско е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.132 жители, од кои 1.035 биле Македонци, 35 Турци, 23 Албанци и 22 Срби. По голема имиграција на населението, Градско во 1994 година нараснало на 2.221 жители, од кои 1.936 се Македонци, 18 Турци, 31 Роми, осум Албанци, девет Срби и 219 жители - други (муслимани од Санџак).

**Градско Балдовци** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината

Струмица, односно, лежи јужно од градот, на оддалеченост од три километри, па затоа припаѓа на рурбалната зона на ова централно место. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 222 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 325,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 45,1 ха, додека шумско земјиште, речиси, нема. Во однос на земјоделството, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Со оглед на тоа дека населбата лежи недалеку од градот, таа станала имиграциско место и популациски расте. Така, во 1961 година населбата броела 498 жители,од кои 481 биле Македонци, девет Турци и осум Срби, додека во 1994 година бројот се зголемил на 732 жители, македонско население.

**Граешница** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Бистрица, во Битолското Поле и се смета како потпелистерска населба, чиј атар се издига до сртот на Баба, каде што се допира со територијата на Општината Ресен. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 660 до 740 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 20 км, а од локалниот потпелистерски пат 1,8 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 19,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.059,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 417,2 ха, а на пасиштата 381,9 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и дом на културата. Во 1961 година селото броело 444 жители, од кои 422 биле Македонци, а 20 жители Турци, додека во 1994 година бројот, речиси, се преполовил на 218 жители, од кои 190 се Албанци, а 28 Македонци.

**Граиште** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, недалеку од централното место, на оддалеченост од околу 3,5 км, па затоа припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамнинско, на надморска височина од 610 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 218,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 70,4 ха, а на шумите 49,9 ха. Селото има полјоделска функција. Во него има основно училиште до IV одделение, продавница и дом на културата. Во 1961 година селото било средно по големина и броело 311 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 164 жители, македонско население.

**Грачани** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Ѓорче Петров, во иста, северна насока, односно, лоцирано е меѓу долините на реките Вардар и Лепенец, а чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 441 ха, на пасиштата отпаѓаат 269 ха, а на обработливото земјиште 174,1 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година Грачани броело 414 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на 21 жители, албанско население.

**Грбовец** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога броела три жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Кавадарци, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа простор од 17,5 км$^2$.

**Грдовци** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кочани, од десната страна на Брегалница. Од Кочани Грдовци е оддалечено 4,4 км, и и припаѓа на рурбалната зона на градот. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 580, ха, на пасиштата отпаѓаат 4,2 ха, а на шумите само 1,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, продавници

угостителски објекти, како и дом на културата. Населбата е голема, со пораст на бројот на популацијата. Во 1961 година селото броело 1.128 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.281 жители, македонско население.

**Грекај** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Маврови Анови, на источните огранки на планината Кораб, а во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 110 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 36 км. Атарот зафаќа простор од 18,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.111,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 681,3 ха, а на обработливото земјиште само 22,6 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Селото е мало и во него живее албанско население, кое во 1961 година броело 63 жители, додека во 1994 година само 11 жители.

**Грешница** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Зајас, северно од градот Кичево и недалеку од патот Кичево-Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 405,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 162,7 ха, а на пасиштата 147,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште и продавници. Грешница во 1961 година броела 813 жители, а во 1994 година 1.355 жители, албанско население.

**Грешница** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, северно од централното место, на оддалеченост од околу 11 км, а од левата страна на реката Треска. Припаѓа на руралното подрачје, или рурбалната зона Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 22,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.675,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 198,8 ха, а на обработливото земјиште 127,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Грешница е мала населба, доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 229 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 39 жители, македонско население.

**Гризевелци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Пробиштип, недалеку од патот Пробиштип-Кратово, на оддалеченост од околу еден километар, а чиј атар се допира со територијата на Општината Кратово. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена осум километри. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 155,8 ха, на шумите отпаѓаат 82,8 ха, а на пасиштата 88,6 ха. Селото има полјоделска функција. Гризевелци е мала населба, доведена во состојба на раселување. Во 1961 година селото броело 228 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 33 жители, македонско население.

**Грко Поле** - Оваа мала населба се наоѓа во облата Дебарца и ѝ припаѓа на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 810 метри, а од градот Охрид населбата е оддалечена 36 км. За Грко Поле не постојат катастарски податоци за аграрната структура на неговиот атар. Населбата била и денес е мошне мала. Во 1961 година селото броело 52 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 27 жители, македонско население.

**Грљани** - Населбата се наоѓа на северниот ридест дел на територијата на Општината Виница, чиј атар се допира со територијата на Општината Делчево. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 740 до 800 метри. Од градот Виница населбата е одалечена 17 км. Атарот има средна големина, на простор од 14,2 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на 787,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 404,4 ха, а

на шумите 122 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од Грљани, речиси, половината од населението емигрирало, но, сепак, населбата останала средна по големина. Така, во 1961 година селото броело 629 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 326 жители, македонско население.

**Грнчари** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се протега, речиси до Преспанското Езеро, како и на тесен дел до сртот на планината Баба. Меѓутоа, населбата е рамничарска, на надморска височина од 890 метри. Населбата лежи на патот Ресен-Љубојно, а од централното место Ресен е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 564,8 ха, на шумите отпаѓаат 376 ха, а на пасиштата 118 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти, потоа споменик за НОБ и дом на културата. Селото е големо, но со намалување на бројот на популацијата. Во 1961 година селото броело 962 жители, од кои 597 биле Турци, 194 Албанци, а 170 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 476 жители, од кои 362 се Албанци, 92 Македонци, и 22 Турци.

**Грнчиште** - Населбата се наоѓа во северозападниот ридест дел на територијата на Општината Градско, од десната страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 440 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 13,3 км. Атарот има средна големина, на простор од 18 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.236,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 383,9 ха, а на шумите само 9,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Грнчиште е мала населба, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 202 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на седум жители, македонско население.

**Грумази** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Новаци, чиј атар се издига на јужната падина на Селечка Планина, во Битолското Поле. Селото е планинско, на надморска височина од 1.090 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 8,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 639,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 223,3 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Грумази е мала населба, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 111 жители, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**Груништа** - Населбата се наоѓа во битолскиот дел на Мариово, на западната страна од Општината Старавина, а од десната страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 52 километри. Атарот има средна големина, на простор од 18,2 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.229,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 352,6 ха, а на шумите 190,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, како што се, впрочем, и многу села во Мариово, со тенденција на раселување. Во 1961 година селото броело 225 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на три жители, македонско население.

**Групчин** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Желино, недалеку од патот Тетово-Скопје, односно, лоцирано е на превалот таканаречен Тетовска Суводолица. Таа е ридска населба, на надморска височина од 480 метри. Од градот Тетово е оддалечена 16,8 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 254,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 111,8 ха, а на шумите само 32,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и продавница. Во 1961 година населбата била средна по големина и броела 547 жители, од кои 521 биле

Албанци, а 20 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 876 жители, албанско население.

**Грушино** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на Скопската Котлина, а на југоисточната падина на Скопска Црна Гора. Атарот се граничи со територијата на Општината Куманово. Припаѓа на Општината Арачиново. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 654,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 181,8 ха, а на шумите само 36,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година Грушино било средна по големина населба, којашто броела 728 жители, од кои 606 биле Турци, а 121 жители Албанци, додека во 1994 година преминало во големо село со 1.007 жители, албанско население.

**Грчец** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, во долината на Треска и недалеку од патот Скопје - Тетово. Припаѓа на Општината Сарај. Селото е ридско, на надморска височина од 530 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 95,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 161,4 ха, а на шумите 94,7 ха. Селото има полјоделска, но недоволно развиена функција. Во 1961 година селото броело 589 жители, од кои 497 биле Турци, а 72 жители Албанци, додека во 1994 година бројот значително се зголемил на 1.805 жители, од кои 1.768 се Албанци, а 30 жители Македонци.

**Грчиште** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Валандово, од левата страна на реката Вардар и автопатот, чиј атар се допира со територијата на Општината Миравци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 70 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 389,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 404,3 ха, а на шумите 510,4 ха. Во однос на земјоделството населбата има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и две продавници. Грчиште е средна по големина населба, но со намалување на бројот на жителите. Во 1961 година селото броело 416 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 286 жители, македонско население.

**Гуѓаково** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела четири жители, македонско население. Селото се наоѓало во прилепско Мариово, на територијата на Општината Витолиште, на надморска височина од 580 м. Атарот зафаќа простор од 21,2 км$^2$.

**Гујновци** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Пробиштип, во долното сливно подрачје на Злетовска Река, а чиј атар се допира со територииите на општините Карбинци и Чешиново. Селото е рамничарско, на надморска височина од 335 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 13,2 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 531,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 118,9 ха, а на шумите само 10,4 ха. Селото има полјоделска функција. Гујновци е мала населба, на пат да се расели. Во 1961 година селото броело 128 жители, а во 1994 година бројот се намалила на 43 жители, македонско население.

**Гулинци** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Ранковце, односно во Славишкото Поле, чиј атар се допира со територијата на Општината Старо Нагоричане и Клечевце. Селото е раштркано, а маалата се наоѓаат на надморска височина од 700 до 1.100 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 318,8 ха,

потоа следи обработливото земјиште на површина од 125,1 ха, додека на шумите отпаѓаат 97,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Гулинци е мала населба, од којашто некои маала се сосема раселени. Во 1961 година селото броело 309 жители, а во 1994 година 35 жители, македонско население.

**Гумалево** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Скопската Котлина, од десната страна на реката Вардар, а од левата страна на Кадина Река. Припаѓа на Општината Зелениково. Селото лежи на надморска височина од 390 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 34 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 737,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 185,4 ха, а на пасиштата 86,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото броело 343 жители, од кои 320 биле Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 168 жители, од кои 163 се Албанци, а пет жители Турци.

**Гургурница** - Оваа висока населба се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Брвеница, помеѓу источната падина на Сува Гора и долината на реката Треска, а чиј атар се допира со териториtie на општините Самоков и Желино. Селото е планинско, на надморска височина од 1.300 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 35 км. Има мошне голем атар на простор од 48,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.210,9 ха, потоа следат пасиштата на површина од 771,3 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 554,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници. Во 1961 година селото броело 1.030 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.428 жители, албанско население.

# Д

**Дабиља** - Оваа голема населба се наоѓа во средишната зона на територијата на Општината Струмица, односно, во рамнинскиот дел на Струмичкото Поле, недалеку од градот и ѝ припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 221 метри, а се наоѓа на патот Струмица-Ново Село. Атарот зафаќа простор од 6,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 602,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 15,4 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, ветеринарна станица, дом на културата, споменик на Ацо Караманов, продавници, угостителски објекти и урбанистички план. Дабиља припаѓа на групата големи села, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото имало 1.549 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.962 жители, македонско население.

**Дабјани** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, когашто броела шест жители, македонско население. Лоцирана била во северниот дел на Прилепското Поле, во Општината Долнени, на надморска височина од 605 метри. Атарот зафаќа површина од 4,5 км$^2$.

**Дабница** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Прилеп, североисточно од градот, на оддалеченост од околу седум километри и може да се каже дека припаѓа во рурбалната зона на централното место. Селото е ридско, на надморска височина од 605 метри. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 16,8 км$^2$. На него пасиштата заземаат

површина од 587,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 440 ха, а на шумите само 26,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има споменик за НОБ. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 117 жители, а во 1994 година само 13 жители, македонско население.

**Дабниште** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кавадарци, недалеку од патот што води во областа Витачево. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 8,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 328,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 351,9 ха, а на шумите 121,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, на пат за раселување. Така, во 1961 година селото броело 281 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 43 жители, македонско население.

**Давидово** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Миравци, од десната страна на Вардар и железничката линија, а чиј атар се допира со териториите на општините Демир Капија и Валандово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 95 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 33 км. Има голем атар, на простор од 25,2 км². На него доминираат шумите на површина од 1.556,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 228,8 ха, а на пасиштата 153,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, споменик за НОБ, продавница и угостителски објект. Населбата е средна по големина, без некои поголеми промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 378 жители, а во 1994 година 364 жители, македонско население.

**Далбеговци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Новаци, во Битолското Поле, од левата страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 592 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км и лежи на локален пат. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 491,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 31,2 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во Далбеговци населението бројно, речиси, се преполовило, односно, тоа преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 474 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 187 жители, македонско население.

**Дамјан** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Радовиш, односно, лоцирано е во Дамјанското Поле, во едно рударско средиште за експлоатација на железо и бакар, а чиј атар се допира со територијата на Општината Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 12 км, а од патот Радовиш- Штип околу четири километри. Атарот зафаќа површина од 16,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 847,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 347,6 ха, а на шумите 319,7 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција, но дел од активното население работи во двата соседни рудника. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Населбата е средна по големина, но во однос на популацијата, двојно се намалила. Така, во 1961 година селото броело 606 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 348 жители, од кои 332 се Македонци, шест Турци, а осум жители Власи.

**Двориште** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Берово, на јужната падина на Малешевските Планини, чиј атар се допира, на една страна, со државната гранична линија со Република Бугарија, а на друга, со територијата на Општината Ново Село. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Берово населбата е оддалечена 20,8 км. Има

мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 85,8 км². На него доминираат шумите на површина од 4.526,7 ха, потоа следат пасиштата на површина од 2.551 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 1.410,4 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти и дом на културата. Двориште е голема населба, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 1.318 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 825 жители, македонско население.

**Двориште** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела само двајца жители. Селото се наоѓало во средишното Повардарје, на територијата на Општината Градско, на надморска височина од 640 метри. Атарот зафаќа површина од 7 км².

**Дворце** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Кондово, во северозападниот дел на Скопската Котлина, во вардарската клисура Дервен, чиј атар се допира со територијата на Општината Јегуновце. Селото е ридско, на надморска височина од 450 метри, а од градот Скопје е оддалечено 31 км. За Дворце не е водена катастарска евиденција, па точно не се знае и неговата аграрна структура. Дворце е мала населба, којашто во 1961 година броела 297 жители, од кои 168 биле Албанци и 122 жители Срби, а во 1994 година селото броело 225 жители, албанско население.

**Дворци** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Пласница, непосредно на реката Треска, а чиј атар се допира со територијата на Општината Вранештица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Атарот зафаќа простор од 13 км². На него преовладуваат шумите на површина од 993,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 198,6 ха, а на пасиштата 34,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Дворци е мала населба, којашто во 1961 година броела 138 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 27 жители, македонско население.

**Дебреше** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Гостивар, недалеку, северозападно од градот, на оддалеченост од околу четири километри, па затоа припаѓа во рурбалната зона на ова централно место. Куќите во селото лежат на надморска височина од 590 до 640 метри. Атарот зафаќа простор од 10,5 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 544,6 ха, на шумите отпаѓаат 188,3 ха, а на пасиштата 134,7 ха. Селото има пљоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има споменик за НОБ, како и продавници и угостителски објекти. Дебреше е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.882 жители, од кои 1.391 биле Албанци, 375 Македонци и 112 жители Турци, додека во 1994 година бројот значително се зголемил, дури на 4.236 жители, од кои 4.115 се Албанци и 114 Македонци.

**Дебреште** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Долнени, недалеку од левата страна на патот Прилеп-Македонски Брод, чиј атар се допира со територијата на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 29,5 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 27,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 1.064,2 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.015 ха, а на шумите отпаѓаат 606,2 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и продавници. Дебреште е голема населба, со благ пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 2.39 жители, додека во 1994 година бројот е речис ист, односно 2.319 жители, од кои 2.011 се Турци, 210 Македонци и 85 Албанци.

**Дебриште** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината

Росоман, во Росоманското Поле, од левата страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 12,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 854,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 376,6 ха, а на шумите само 2,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 256 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 117 жители, македонско население.

**Девич** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, непосредно до реката Треска, а северно од централното место Македонски Брод, на оддалеченост од околу осум км. Селото е рамничарско, на надморска височина од 525 метри. Атарот зафаќа простор од 14,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 107,1 ха, а на обработливото земјиште 97,7 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата постојат урнатини на Девичка црква, на којашто не и е познато името. Се претпоставува дека сестрата на крал Марко -Дева, овде изградила средновековен град, па аналогно на тоа, се смета дека црквата била изградена во втората половина на XIV век. Девич е мала населба, којашто во 1961 година броела 264 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 125 жители, македонско население.

**Дедебалци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Битолското Поле, а на територијата на Општината Добрушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 592 метри. Лежи на локален пат, а од градот Битола е оддалечена 24 километри. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него преовладува обработливо земјиште на површина од 939,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 203,8 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Дедебалци е средна по големина населба, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 561 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 322 жители, македонско население.

**Дедели** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар се допира со територијата на Општината Стар Дојран. Селото е рамничарско, на надморска височина од 185 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 6,5 км. Атарот зафаќа простор од 9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 522,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 186,2 ха, а на пасишта 98,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи училиште до IV одделение, а има и две продавници. Дедели е мала населба, но без промени во населеноста. Така, во 1961 година селото броело 269 жители, од кои 147 биле Македонци и 95 Турци, а во 1994 година имало 252 жители, од кои 240 се Турци, а 12 жители Албанци.

**Дедино** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Конче, на превалот, односно, на ртот на планината Смрдешник, помеѓу Радовишкото Поле и горното сливно подрачје на Крива Лакавица. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Радовиш селото е оддалечено околу 10 км и лежи на патот Радовиш-Конче. Атарот е голем и зафаќа простор од 22,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.338,8 ха, на обработливо земјиште отпаѓаат 592,6 ха, а на пасиштата 248,1 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Дедино е познато како значајно место од времето на Илинденското востание, кога во него била изградена пушкарница, а добар дел од населението директно учествувало во востанието. Дедино е средна по големина населба, но со пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 675 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 779 жители, македонско население.

**ДЕЈКОВЕЦ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Скопската Котлина, чиј атар се издига до cртот на Голешница, каде што се допира со територијата на Општината Велес. Припаѓа на Општината Зелениково. Селото е ридско, со надморска височина од 560 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 47 км. Има голем атар, на простор од 25,3 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.320,8 ха, на обработливо земјиште отпаѓаат 126,5 ха, а на пасиштата 70,7 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Дејковец е мала населба, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 212 жители, од кои 158 биле Турци, а 53 Албанци, додека во 1994 година биле попишани 117 жители, албанско население.

**ДЕЈЛОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, чиј атар нашироко се допира со територијата на Општината Ранковце. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 800 до 920 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 37 км. Атарот зафаќа простор од 15,8 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 738,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 425,4 ха, а на шумите 277,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Дејловце се иселил значителен број од населението, така што, населбата поминала од средно, во мало село. Така, во 1961 година селото броело 368 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 60 жители, од кои 58 се Македонци, а двајца жители Срби.

**ДЕЛИСИНЦИ** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, во јужниот дел на територијата на Општината Свети Николе, под северозападната падина на ридот Богословец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,7 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 516,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 215,9 ха, додека шумско земјиште нема. Селото, во основа, има полјоделска функција, но и условите за развој на сточарството се добри. Населбата е мала, а во 1961 година броела 196 жители, од кои 44 биле Македонци, а 142 се забележани во графата - други и непознато, но најголемиот број од нив биле Власи, додека во 1994 година селото имало само еден жител, Влав.

**ДЕЛОГОЖДА** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, на крајните огранки на Караорман, чии атар на тесен дел се допира со територијата на Општината Мешеишта. Селото е ридско, на надморска височина од 770 метри. Од градот Струга селото е оддалечено 13 км. Атарот зафаќа простор од 15,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 564,3 ха, на шумите отпаѓаат 622 ха, а на пасиштата 234 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Делогожда е голема населба, во којашто живее албанско население. Во 1961 година селото броело 1.453 жители, додека во 1994 година бројот е зголемен на 2.229 жители, од кои 2.223 се Албанци, тројца Македонци, а еден жител е Србин.

**ДЕЉАДРОВЦИ** - Населбата се наоѓа на територијата на источниот дел на Скопската Котлина, а на североисточниот дел на Општината Илинден, непосредно до патот Скопје-Куманово, чиј атар се допира со територијата на Општината Куманово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 643,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 139,4 ха, а шумско земјиште, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Дељадровци е средна по големина населба, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 421 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 507 жители, од кои 487 се Македонци, 17 Срби и тројца - други.

**Демир Капија** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на реката Вардар и автопатот, а пред влезот на живописниот кањонски дел на Демиркаписката Клисура. Населбата претставува седиште на споменатата општина. Таа е рамничарска, на надморска височина од 115 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 19 км, а лежи на стариот пат којшто води за Гевгелија, односно, денес во непосредна близина на автопатот. Има мал атар, којшто зафаќа простор од само 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 117,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 76,3 ха, а на шумите 25,6 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделска функција. Во неа работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, во зачеток е формирање на пазариште, потоа има дом на културата, споменик за НОБ и урбанистички план. Демир Капија е голема населба со значителен пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата броела 1.907 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 3.249 жители, од кои 3.139 се Македонци, 35 Срби, 12 Турци, тројца Власи и двајца Роми. Демир Капија треба да има приоритетен развиток и да добие статус на гратче.

**Демир Хисар** - Оваа населба е општински центар, односно седиште на Општината Демир Хисар и се наоѓа во источниот дел на општинската територија, а на десната страна на Црна Река. Пред да се здобие со оваа функција, на местото на Демир Хисар постоела турска населба, под името Мургашево. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 635 метри и лежи на главниот пат од Битола за Кичево, или новата патна траса за Крушево. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 204,4 ха, на шумите отпаѓаат 137,1 ха, а на пасишта 97 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделска функција. Меѓутоа, како во голем општински центар, во него се наоѓа гимназија, осумгодишно училиште, погон на „Херој Тоза Драговиќ" од Охрид, фабрички погон „Дехитекс", амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти, ветеринарна станица, споменик за НОБ, дом на културата и урбанистички план. Демир Хисар е голема населба, со пораст на бројот на населението. Во 1961 година населбата броела 1.129 жители, додека во 1994 година бројот се зголемила 2.447 жители, од кои 2.336 се Македонци, девет Албанци, четворица Турци и двајца жители Власи. Демир Хисар треба да има приоритетен развиток и според сите свои функции, треба да добие статус на гратче.

**Десово** - Оваа голема населба се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Долнени, на југозападните огранки на планината Бабуна, а во Прилепско Поле. Населбата е ридска, на надморска височина од 680 метри. Од централното место Прилеп селото е оддалечено 21 км. А лежи на локален пат. Атарот е голем и зафаќа простор од 24,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.115,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.078,8 ха, а на шумите 121,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и земјоделска задруга. Десово е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.740 жители, од кои 957 биле Турци, а 706 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 1.080 жители, од кои 228 се Албанци, 153 Македонци, 91 Турци и 607 - други (муслимани).

**Дивље** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Петровец, а на крајниот југоисточен дел на Скопската Котлина, чиј атар се допира со територијата на Општината Велес. Селото се смета за планинско, бидејќи лежи на надморска височина од 680 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 38 километри и до неа денес е изграден асфалтен пат. Атарот има средна големина, на простор од 16,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 617 ха, на пасиштата отпаѓаат 515,8 ха, а на шумите 431,6 ха. Селото во однос на земјоделството, има мешовита функција. Во селото постои црква „Успение на Св. Богородица", која

што била изградена и живописана во 1604 година. Во XIX век била обновена и повторно живописана, а фрагменти од стари фрески се откриени во 1958 година. Од Дивље се иселил голем број од неговото население. Во 1961 година селото броело 576 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 60 жители, македонско население.

**ДИМОНЦЕ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Кратово, недалеку од десната страна на Крива Река, во дел од областа Средорек, а чиј атар се допира со територијата на Општината Клечевце. Селото е ридско и раштркано, на просечна надморска височина од 550 метри. Од централното место Кратово населбата е оддалечена 24,9 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 490,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 350,7 ха, а на шумите само 26,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Димонце, што е карактеристика за многу села од општината, се иселил голем дел од населението. Во 1961 година селото броело 476 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 64 жители, македонско население.

**ДИХОВО** - Населбата се наѓа на западната страна на територијата на Општината Битола, недалеку западно од градот, на североисточната падина на Баба, а од десната страна на реката Драгор. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 501,3 ха, на шумите отпаѓаат 446,5 ха, а на пасиштата 218,9 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Дихово е средна по големина населба, но со намалување на бројот на жителите. Во 1961 година селото броело 686 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 356 жители, од кои 351 се Македонци, а четири жители Срби.

**ДЛАБОЧИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, чиј атар, на една страна се допира до државната гранична линија со СР Југославија, на друга, со територијата на Општината Ранковце. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 810 до 1.000 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 40 км. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 538,9 ха, на шумите отпаѓаат 203,2 ха, а на пасиштата 303,2 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 312 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 83 жители, од кои 78 се Македонци, а пет Срби.

**ДЛАБОЧИЦА** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, и западно од градот Крива Паланка, на оддалеченост од околу 12 км. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 930 до 1.100 метри. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 516,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 434 ха, а на шумите само 56,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. И во оваа населба популацијата бројно се преполовила. Така, во 1961 година селото броело 510 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 208 жители, македонско население.

**ДЛАПКИН ДОЛ** - Населбата се наоѓа во средишната зона на Кичевската Котлина, односно лежи непосредно до патот Кичево - Гостивар, а ѝ припаѓа на Општината Зајас. Селото лежи на надморска височина од 680 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 8,5 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 225,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 88,3 ха, а на пасиштата 87,2

ха. Во однос на земјоделството, селото нема некоја развиена аграрна функција. Во него има основно училиште до IV одделение и продавница. Во Длапкин Дол живее албанско население, коешто во 1961 година броело 426 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 583 жители.

**Д'лга** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела осум жители, турско население. Селото се наоѓало во јужниот дел на територијата на Општината Куманово, на надморска височина од 570 метри. Атарот зафаќа 6,4 км$^2$.

**Добарце** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Желино, во Долни Полог, односно на северозападните огранки на Сува Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 642,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 521,5 ха, а на пасиштата само 17,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и урбанистички план. Добарце во 1961 година броело 924 жители, додека во 1994 година бројот значително се зголемил на 1.536 жители, албанско население.

**Добовјани** - Населбата се наоѓа во средишната зона на Струшкото Поле, недалеку од десната страна на Црн Дрим. Припаѓа на Општината Велешта. Селото е рамничарско, на надморска височина од 790 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 12,1 км. Селото има еден од најмалите атари во Републиката, којшто зафаќа простор од само 1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 79,8 ха и тоа има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Добовјани во 1961 година броело 261 жители, а во 1994 година бројот двојно се зголемил на 424 жители, албанско население.

**Добрача** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија. Селото е ридско и раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 440 до 520 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа површина од 9,9 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 213,9 ха, на пасиштата 249,1 ха, а на шумите само 2,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото има црква „Св. Троица", но за неа не е наведено во кој век од седновековниот период била изградена. Добрача е мала населба, којашто во 1961 година броела 246 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 92 жители, од кои 89 се Македонци, а тројца Срби.

**Добрево** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Пробиштип, во едно рударско подрачје, а чиј атар се допира со територијата на Општината Кратово. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 418,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 276,8 ха, а на пасиштата 187 ха. Во однос на земјоделството, селото има полјоделско-шумарска функција, но добар дел од неговото активно население е вработено во рударската дејност. Во него има основно училиште до IV одделение, амбуланта, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Во селото има црква „Св. Варвара", којашто во 1341 година деспотот Јован Оливер ја приложил на Лесновскиот манастир. Во 1961 година населбата била голема и тогаш броела 1.053 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 442 жители, односно станала средна по големина, населена со 435 жители Македонци, и четири жители Турци.

**Добрејци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишната зона во Струмичкото Поле, а на територијата на Општината Струмица, недалеку од патот Струмица-Радовиш. Со оглед на тоа дека населбата лежи на оддалеченост од централното место од четири

километри, таа припаѓа на рурбалната зона на градот. Селото е рамничарско, на надморска височина од 227 метри. Атарот е мал, на простор од 5,4 км$^2$. На него преовладува обработливо земјиште на површина од 484,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 18,6 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти, како и урбанистички план. Во 1961 година Добрејци броело 743 жители, додека во 1994 година населбата станала голема со 1.693 жители, македонско население.

**Добри Дол** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Горни Полог, а на територијата на Општината Неготино-Полошко, недалеку од патот Гостивар-Тетово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 459,5 ха, на шумите отпаѓаат 111 ха, а на пасиштата само 14,9 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и споменик за НОБ. Добри Дол е голема населба, во којашто во 1961 година имало 2.447 жители, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 4.016 жители, албанско население.

**Добри Дол** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишната зона на Скопската Котлина, малку југозападно од градот на околу 11 километри. Припаѓа на Општината Сопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 629,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 83,8 ха, а на шумите само 7,9 ха. Селото има полјоделска функција. Во населбата се наоѓа црквата „Св. Спас“, за којашто сè уште не е утврдено кога била изградена, но се знае дека била обновена. Населбата е средна по големина, без поголеми промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 484 жители, а во 1994 година 401 жители, македонско население.

**Добрино** - Населбата се наоѓа на територија та на Општината Зелениково, на крајнио јужен дел на Скопската Котлина, чиј атар с допира со територијата на Општината Велес Селото е ридско, на надморска височина од 65 метри. Од градот Скопје населбата оддалечена 45 км. Атарот е голем и зафаќ простор од 24,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.944,1 ха, н пасиштата отпаѓаат 289,5 ха, а на обработливо то земјиште 227 ха. Селото има полјоделско шумарска функција. Во 1961 година селото броело 329 жители, додека во 1994 година бро јот се намалил на 108 жители, албанско населе ние.

**Добровени** - Населбата се наоѓа на крајнио југоисточен дел на Битолското Поле, непосред но до локалниот пат што води до битолскио дел на Мариово и ѝ припаѓа на Општината Бач Селото е рамничарско, на надморска височин од 580 метри. Од градот Битола населбата оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор о 15,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата н површина од 994,7 ха, на обработливот земјиште отпаѓаат 433,2 ха, а на шумите сам 1,7 ха. Селото има полјоделско-сточарск функција. Во 1961 година селото броело 36 жители, додека во 1994 година бројот с намалил дури на 44 жители, македонско населе ние.

**Добромири** - Населбата се наоѓа в источниот дел на Битолското Поле, на тери торијата на Општината Новаци, од леват страна на Црна Река. Селото е рамничарско, н надморска височина од 575 метри. Од градо Битола населбата е оддалечена 15 км и лежи н локален пат, којшто поврзува повеќе села в мердијански правец. Атарот зафаќа простор о 11,1 км$^2$. На него доминира обработливот земјиште на површина од 1.062,4 ха, н пасиштата отпаѓаат 31,1 ха, додека шумск земјиште нема. Селото има полјоделск функција. Во него работи основно училиште д IV одделение, а има продавници и угостителск објект. Добромири е средна по големина насел ба, но со намалување на бројот на населението

Така, во 1961 година селото броело 597 жители, додека во 1964 година бројот се намалил на 368 жители, од кои 364 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Добротино** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Кавадарци, југозападно од градот, а од левата страна на Тиквешкото Езеро. Населбата е ридска, на надморска височина од 600 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена девет километри, но во воздушен правец. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 513,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 31,9 ха, додека пасишта нема, бидејќи дел од неговиот атар е зафатен со Езерото. Од тие причини селото нема некоја значајна аграрна функција. Населбата е мала и уште во 1961 година броела 29 жители, додека во 1994 година само двајца жители, така што, Добротино е во фаза на наполно раселување.

**Доброшане** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, југоисточно од градот и недалеку од патот Куманово - Свети Николе. Меѓутоа, бидејќи населбата се наоѓа на мала оддалеченост од централното место, може веќе да се каже дека припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 220 метри. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 546,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 482,5 ха, а на шумите само 43,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и угостителски објекти и споменик од НОБ, подигнат во чест на партизанскиот одред. Доброшане популациски станало имиграциско место, бидејќи населбата прераснала од средна по големина, во големо село. Така, во 1961 година селото броело 630 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.384 жители, од кои 1.298 се Македонци, 38 Власи, 29 Роми и 19 жители Срби.

**Доброшани** - Населбата се наоѓа на крајната западна страна на територијата на Општината Штип, од десната страна на Брегалница, а чиј атар се допира со територијата на Општината Свети Николе. Селото е рамнинско, на надморска височина од 240 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 15,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 878,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 543,1 ха, додека на шумите само 21,7 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, бидејќи од неа се иселил голем дел од турското население. Така, во 1961 година селото броело 273 жители, а во 1994 година само 13 жители, од кои 11 се Власи, а двајца жители Македонци.

**Доброшинци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Василево, во Струмичкото Поле, од левата страна на реката Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 280 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 14 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 24,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 913,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 775,2 ха, а на шумите 643,8 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, како и урбанистички план. Доброшинци е веќе голема населба, со пораст на својата популација. Така, во 1961 година селото броело 736 жители, од кои 491 биле Македонци, 251 Турци и 13 жители Срби, додека во 1994 година населбата имала 885 жители, од кои 758 се Македонци, а 107 Турци.

**Доброште** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Теарце, во Долни Полог, чиј долг и тесен атар се издига до сртот на Шар Планина, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Меѓутоа, според локацијата селото е рамничарско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Тетово населбата е

оддалечена 17 км. Атарот има средна големина, на простор од 18,2 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 784 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 577,5 ха, а на шумите 392,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 2.068 жители, од кои 1.688 биле Албанци, 332 Македонци, 29 Турци и 10 жители Срби. Меѓутоа, во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.263 жители, од кои 2.916 се Албанци, 332 Македонци и 12 жители Срби.

**Добрушево** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Битолското Поле, чиј атар се допира со територијата на Општината Тополчани. Населбата е седиште на Општината Добрушево и е лоцирана од левата страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 594 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 27 км, и лежи на локален пат во мердијански правец. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.475 ха, на шумите отпаѓаат 39,7 ха, а на пасиштата 38,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти и дом на културата. Добрушево е голема населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 1.183 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 646 жители, македонско население.

**Довезенце** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Клечевце, недалеку од десната страна на железничката станица Куманово-Бељаковце, а од левата страна на Крива Река. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 360 до 560 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 12,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 548,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 549,6 ха, а на шумите само 52,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од населбата се иселил значителен број на населението, така што, таа преминала од средно, во мало село. Така, во 1961 година селото броело 762 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 167 жители, од кои 163 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Долани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Штип, јужно од градот, на потегот меѓу левата страна на реката Брегалница и десната страна на Крива Лакавица. Селото е рамнинско, на надморска височина од 370 метри. Од градот Штип е оддалечена седум километри, а од патот Штип - Радовиш 4,5 км. Атарот има средна големина од 18,4 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.030,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 524,6 ха, а на шумите 196,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има четири споменици за НОБ. Во Долани постои женски манстир „Св. Илија“, но тој не е доволно проучен и не е познат периодот на неговата изградба. Во 1961 година селото броело 401 жители, од кои 244 биле Македонци, а другите се забележани во графата други и непознато, но дел од нив биле Власи, а во 1994 година бројот се намалил на 98 жители, од кои 78 се Македонци, а 18 жители Власи.

**Долгаец** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Прилепското Поле, а на територијата на Општината Долнени, под јужните огранки на Даутица, чиј атар се допира со територијата на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 34 км. Атарот зафаќа простор од 13,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 451,3 ха, на шумите отпаѓаат 560,8 ха, а на пасиштата 303,5 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Долгаец е зафатено со значителна емиграција на населението. Така, во 1961 година селото броело 566 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 101 жители, македонско население.

**Долгаш** - Оваа мала населба се наоѓа во областа на Дебарска Жупа, во рамките на Општината Центар Жупа, чиј атар, на една страна, се допира со државната гранична линија со Република Албанија, а на другата со тери-

торијата на Општината Луково. Селото е планинско, на надморска височина од 825 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 21 км, а од патот Дебар-Струга 2,4 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 283,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 155,3 ха, а на обработливото земјиште само 19,6 ха. Селото нема некоја развиена аграрна структура. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година броела 30 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 117 жители, турско население.

**Доленци** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Цапари, односно во Цапарското Поле, во правец на превалот Ѓавато. Селото е ридско, на надморска височина од 790 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена околу 20 км, а е лоцирана недалеку од патот Битола-Ресен. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 421 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 218,2 ха, а на пасиштата 82,1 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Доленци е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 434 жители, а во 1994 година 281 жители, од кои 226 се Албанци и 54 жители Македонци.

**Доленци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Сопотница, на патот кој што води од Демир Хисар за Кичево, а на левата страна од Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 10,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 561,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 218,6 ха, а на пасиштата 211 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во однос на населеноста Доленци е, речиси, преполовено во бројот на жителите. Така, во 1961 година селото броело 402 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 150 жители, македонско население.

**Долна Бањица** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, а во северниот дел на територијата на истоимената општина, недалеку југозападно од градот Гостивар и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона, но, сепак е седиште на општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 543 метри. Атарот е заеднички со селото Горна Бањица, чија аграрна структура е прикажана во ова село. Во селото работи основно училиште до IV одделение, а има продавници и угостителски објекти. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.498 жители, од кои 898 биле Турци, 325 Македонци, а 240 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил повеќе од тројно, односно, на 5.408 жители, од кои 2.810 се Албанци, 1.236 Турци, 1.150 Македонци, 189 Роми и 14 жители Срби.

**Долна Бела Црква** - Населбата се наоѓа, речиси, во централната зона на територијата на општината Ресен, чиј атар на тесен простор се издига на планината Пелистер. Селото е рамничарско, на надморска височина од 890 метри. Од градот Ресен селото е оддалечено 9,8 км, а од патот Ресен -Љубојно 2,5 км. Атарот зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 306 ха, на шумите отпаѓаат 171 ха, а на пасиштата само 29,7 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 341 жители, од кои 222 биле Албанци, а 119 жители Македонци, додека во 1994 година биле попишани 249 жители, од кои 167 се Македонци, а 82 жители Албанци.

**Долна Белица** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Струга, недалеку во северозападен правец од градот, во Струшкото Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 730 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$ . На него преовладува обработливо земјиште на површина од 524,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 63,5 ха, а на шумите само 3,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавници и угостителски објек-

ти. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 659 жители, од кои 251 биле Албанци, 50 Македонци, а 349 се евидентирани како - други, а тие, всушност се Власи, додека во 1994 година бројот е зголемен на 894 жители, од кои 779 се Албанци, 36 Македонци, 36 Власи, а шест жители Турци.

**Долна Бошава** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Конопиште, на десната страна на реката Бошавица. Селото е ридско, на надморска височина од 510 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 21 км. Атарот е заеднички со селото Горна Бошава. Населбата е мала и во 1961 година броела 217 жители, а во 1994 година 46 жители, македонско население.

**Долна Враштица** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што брои четири жители, македонско население. Селото се наоѓа во горното сливно подрачје на реката Крива Лакавица, на територијата на Општината Конче, на надморска височина од 460 метри. Атарот зазема простор од 4,9 км$^2$.

**Долна Душегубица** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Другово, на јужните огранки на планината Бистра, а во изворишното подрачје на реката Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 14,2 км. Атарот е заеднички со населбата Горна Душегубица. Инаку, Долна Душегубица е мала населба, која што уште во 1971 година броела 78 жители, а во 1994 година уште помалку, само 15 жители, македонско население.

**Долна Ѓоновица** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Долна Бањица, од левата страна на реката Лакавица, а на северните огранки на Буковиќ. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 12 км, а лежи непосредно до старата патна траса за Кичево. Атарот е заеднички со Горна Ѓоновица, каде што е прикажана неговата аграрна структура. Во селото работи основно училиште до IV одделение и има продавница. Долна Ѓоновица во 1961 година броела 308 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 234 жители, албанско население.

**Долна Лешница** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на западниот дел на територијата на Општината Желино, на северозападните огранки на планината Сува Гора. Селото е ридско, на надморска височина малку повеќе од 500 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 486,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 134 ха, а на пасиштата 18,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 405 жители, од кои 212 биле Македонци и 183 Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 582 жители, албанско население. Во Долна Лешница постои црква „Св. Никола“, којашто потекнува од XIV или од почеток на XV век. Таа во 1827 година била обновена, односно, на темелите на старата, била изградена нова црква.

**Долнени** - Оваа, доскоро голема населба, се наоѓа во јужниот дел на истоимената Општина Долнени, недалеку од патот Прилеп-Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 622 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 14,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.198,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 174,2 ха, а на шумите само 2,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата, ветеринарна станица, продавници и угостителски објекти. Од Долнени, речиси, се иселило половината од неговото население. Во 1961 година селото броело 858 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 424 жители, македонско население.

**Долни Балван** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, недалеку од од патот Штип-Кочани, од десната страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него преовладува обра-ботливото земјиште на површина од 671,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 81 ха, а на шумите само 0,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга и продавница. Населбата е средна по големина, без поголеми промени во населеноста. Така во 1961 година селото броело 351 жители, а во 1994 година 331 жители, од кои 328 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Долни Дисан** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Неготино, чиј атар се допира со територијата на Општината Кавадарци, односно, со северниот дел на областа Витачево. Селото лежи на надморска височина од 280 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 30,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.363,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.511,7 ха, а на шумите само 29,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, дом на културата и урбанистички план. Населбата е голема, со позитивно популациско салдо. Во 1961 година селото броело 884 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 991 жители, од кои 961 се Македонци, 15 Турци и 10 Срби.

**Долни Добреноец** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Другово, на југоисточните огранки на планината Бистра, недалеку од градот Кичево, во западен правец. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Атарот е заеднички со Горни Добреноец, а аграрната структура веќе е прикажана во ова село. Населбата е мошне мала и во 1961 година имала 120 жители, а во 1994 година 62 жители, македонско население.

**Долни Липовик** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Конче, во изворишното сливно подрачје на Крива Лакавица, чиј атар се допира со територијата на Општината Струмица. Селото е ридско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 16,8 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 21,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.511 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 524,7 ха, а на пасиштата 72,6 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, без поголеми промени во населеноста. Во 1961 година селото броело 486 жители, а во 1994 година 467 жители, македонско население.

**Долни Манастирец** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, во северниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, од левата страна на реката Треска. Селото е рамничарско, на надморска височина од 500 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 32 км. Атарот е заеднички со Горни Манастирец, каде што е прикажана неговата аграрна структура. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта и продавница. Во Долни Манастирец бројот на населението, по пат на емиграција, се преполовил. Така, во 1961 година селото броело 309 жители, а во 1994 година 133 жители, македонско население.

**Долни Подлог** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, на јужната страна на територијата на Општината Кочани, недалеку од текот на Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 312 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 4,5 км, а од патот Кочани-Штип 2,5 км. Има мал атар, на простор од 3,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 342,7 ха, така што, селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 годи-

на броела 514 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 477 жители, македонско население.

**Долни Радеш** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела само еден жител. Селото се наоѓало непосредно до вештачкото езеро Мантово, на територијата на Општината Konче, на надморска височина од 420 мери. Атарот зафаќа простор од 2 км$^2$.

**Долни Стубол** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Пробиштип, недалеку во западен правец од градот, на оддалеченост од околу шест километри. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 448,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 138,9 ха, а на шумите само 42,3 ха. Селото има полјоделска функција. Од Долни Стубол се иселило половина од неговото население. Така, во 1961 година селото броело 461 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 256 жители, македонско население.

**Долно Агларци** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле, од левата страна на Црна Река и ѝ припаѓа на Општината Новаци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 582 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 286,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 14,7 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Од Долно Агларци се иселило, речиси, половината од неговото население, така што, тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 416 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 183 жители, македонско население.

**Долно Барбарево** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 628,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 347,3 ха, а на шумите само 88,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 335 жители, а во 1994 година само 20 жители, македонско население

**Долно Ботуше** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општина Самоков, во областа Поречје, чиј атар се допира со територијата на Општината Србиново. Селото е планинско, на надморска височина од 1.140 метри. Атарот е заеднички со селото Горно Ботуше, а неговата аграрна структура е прикажана во ова село. Од населбата се иселил значителен број од населението и таа од средна по големина, преминала во мало село. Така, во 1961 година селото броело 511 жители, а во 1994 година 51 жители, македонско население.

**Долно Врановци** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Извор, во средното сливно подрачје на Бабуна, недалеку од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 370 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 755,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 670,1 ха, а на шумите само 12,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 399 жители, ѝодека во 1994 година бројот се намалил на 49 жители, македонско население.

**Долно Гратче** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што брои двајца жители. Селото се наоѓа недалеку од Кочанското Езеро, северно од Кочани, на надморска височина од 440 метри. Атарот зафаќа простор од 5,3 км$^2$.

**Долно Дивјаци** - Населбата се наоѓа на крајниот висок северозападен дел на територијата на Општината Крушево, на јужните огранки на Бушова Планина, чиј атар се допира со територијата на Општината Сопотница. Населбата е планинска, на надморска височина од 860 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 6,6 км. Атарот зазема простор од 12,4 $км^2$ . На него преовладуваат шумите на површина од 756,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 385, 5 ха, а на обработливото земјиште 54,7 ха. Во основа, селото има сточарско-шумарска функција. Населбата не е голема и таа во 1961 година броела 302 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 57 жители, македонско население.

**Долно Дупени** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција и со источниот брег на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 890 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 34 км. Атарот зафаќа простор од 14,2 $км^2$ На него обработливото земјиште зазема површина од 469 ха, на шумите отпаѓаат 627,3 ха, а на пасиштата 226,7 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него има основно училиште до IV одделение и продавници. Долно Дупени е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото имало 634 жители, а во 1994 година 260 жители, македонско население.

**Долно Ѓуѓанце** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со територијата на Општината Орашац. Селото лежи на надморска височина од 590 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 14 км, а од патот Свети Николе - Куманово 4,6 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 19,6 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.036,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 562,8 ха, а на шумите 277,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Од ова село се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година населбата броела 772 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 219 жители, од кои 217 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Долно Егри** - Населбата наполно е раселена по 1981 година, кога што броела 86 жители, македонско население. Селото се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Бистрица, на надморска височина од 572 метри. Атарот зафаќа површина заедно со атарите на селата Горно Егри и Средно Егри.

**Долно Јаболчиште** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Велес, во горното сливно подрачје на реката Тополка, а чиј атар се допира со територијата на Скопската Котлина. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена околу 40 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.819,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 582,6 ха, а на обработливото земјиште 242,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 335 жители, од кои 199 биле Турци, а 135 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 496 жители, албанско население.

**Долно Јеловце** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Вруток, на југоисточните огранки на Враца, а западно од градот Гостивар, на оддалеченост од околу 12 км. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Атарот зафаќа простор од 11,4 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 595,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат

270,7 ха, а на пасиштата 248,1 ха. Селото има, во основа, мешовита земјоделска функција. Во 1961 година селото броело 373 жители, а во 1994 година само 18 жители, македонско население.

**Долно Каласлари** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Велес, непосредно до новата траса на автопатот, недалеку од градот, на оддалеченост од околу девет километри, односно, припаѓа во неговата најблиска гравитациона сфера. Селото е рамничарско, на надморска височина од 210 метри. Атарот е заеднички со Горно Каласлари, каде што е прикажана неговата аграрна структура. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, со пораст на популацијата. Во 1961 година селото броело 330 жители, од кои 309 биле Македоци, а 18 жители Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 436 жители, македонско население.

**Долно Количани** - Населбата е наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, во средното сливно подрачје на Маркова Река, од нејзината десна страна. Населбата е ридска, чии куќи се издигаат на надморска височина од 530 до 570 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 457,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 235,7 ха, а на шумите 151,2 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е голема, со значителен пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 818 жители, од кои 805 биле Турци, односно Македонци - муслимани, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.395 жители, турско население.

**Долно Коњаре** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Петровец, непосредно до реката Пчиња. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 33 км. Атарот има средна големина, на простор од 18 км$^2$ На него преовладува обработливото земјиште на површина од 905,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 480,3 ха, а на шумите 269,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е средна по големина, со позитивно популациско салдо. Во 1961 година селото броело 498 жители, од кои 371 биле Турци, а 98 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 742 жители, од кои 106 се Албанци, 20 Македонци, девет Роми, шест Турци, а 601 жители се - други (муслимани од Санџак).

**Долно Коњаре** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, недалеку од градот, во северен правец, на оддалеченост од околу четири километри и веќе ... припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 340 метри. Лежи непосредно до патот Куманово-Белград. Атарот зафаќа простор од 10,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 935,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 30,9 ха, а на шумите 32,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници, угостителски објекти и споменик за пилоти од Втората светска војна. Долно Коњаре има позитивно популациско салдо. Така, во 1961 година селото броело 552 жители, од кои 412 биле Македонци и 137 жители Срби, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.159 жители, од кои 556 се Македонци, 496 Срби, 93 Албанци и тројца жители Роми.

**Долно Косоврасти** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Дебар, на јужните огранки на планината Дешат, а од десната страна на реката Радика, чиј атар се допира со територијата на Општината Ростуша. Селото е ридско, на надморска височина од 625 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 12 км, а од патот Дебар-Гостивар, околу километар. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 498,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 151,2 ха, а на обработливото земјиште

28,2 ха. Во однос на земјоделството, населбата нема некоја развиена аграрна функција. Во него има осумгодишно училиште, амбуланта, продавници и угостителски објекти. Населбата е средна по големина, со позитивно популациско салдо. Така, во 1961 година селото броело 405 жители, од кои 342 се декларирале како Турци, 56 биле Македонци и седум жители Албанци, додека во 1994 година селото имало 689 жители, од кои 625 се Македонци, 58 Турци и еден жител Албанец.

**Долно Крушје** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, во областа Поречје. Селото е планинско, на надморска височина од 1.160 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена околу 17 км. Атарот е заеднички со Горно Крушје, каде што е прикажана неговата аграрна структура. Населбата е мала и во 1961 година броела 137 жители, а во 1994 година само 36 жители, македонско население.

**Долно Лакочереј** - Населбата се наоѓа, речиси, во северниот дел на Општината Охрид, на неколку километри северно од градот, па затоа селото припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 715 метри. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 445,9 ха, на шумите отпаѓаат 351,1 ха, а на пасиштата 158,6 ха. Селото има полјоделска функција. Тоа има позитивно популациско салдо и прераснало во голема населба. Во 1961 година селото броело 747 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 646 жители, македонско население.

**Долно Мелничани** - Населбата се наоѓа во областа Дебарска Жупа, на територијата на Општината Центар Жупа, под северозападната падина на планината Стогово. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 8,5 км. Има мошне мал атар, на простор од само 3,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 255,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 40,6 ха, а на обработливото земјиште само 20,5 ха. Селото нема некоја развиена аграрна функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 257 жители, а во 1994 година само 23 жители, македонско население.

**Долно Орехово** - Населбата се наоѓа на источната страна на Битолското Поле и во иста насока на територијата на Општината Новаци, недалеку од десната страна на патот Битола-Маково. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри, бидејќи лежи на југозападните огранки на Селечка Планина. Од градот Битола населбата е оддалечена 22 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,5 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на 1.189,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 385,6 ха, а на пасиштата 344,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Долно Орехово се иселило грото од неговото население. Така, во 1961 година селото броело 325 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 71 жители, македонско население.

**Долно Оризари** - Населбата се наоѓа во средишната зона на Битолското Поле, на територијата на Општината Битола, недалеку од градот, во североисточен правец, на оддалеченост од шест километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 577 метри. Атарот зафаќа простор од 6,8 км$^2$. Во него преовладува обработливото земјиште на површина од 598,9 ха, на пасиштата отпаѓаат само 8,6 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Со оглед на тоа дека селото е во близина на градот, тоа станало имиграционо место. Така, во 1961 година селото броело 848 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.503 жители, македонско население.

**Долно Оризари** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела дваіца жители. Селото се наоѓа непосредно до реката Тополка, на територијата на Општината

Велес, на надморска височина од 250 метри.

**Долно Палчиште** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Камењане, во Долни Полог. Селото е рамничарско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 509,8 ха, на шумите отпаѓаат 181,6 ха, а на пасиштата само 37,4 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.471 жители, од кои 1.242 биле Албанци, 165 Македонци и 57 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 2.621 жители, од кои 2.601 се Албанци, а 19 жители Македонци.

**Долно Перово** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Ресен, а непосредно до северниот брег на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 854 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 208 ха, на пасиштата отпаѓаат 41 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 428 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 213 жители, македонско население.

**Долно Свиларе** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Кондово, недалеку од левата страна на Вардар. Селото лежи на надморска височина од 310 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 582,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 261,6 ха, а на шумите само 31,8 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е голема и во 1961 година броела 909 жители, од кои 839 биле Албанци и 65 Турци, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.725 жители, албанско население.

**Долно Седларце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Брвеница, недалеку од патот Тетово-Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 430 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 433,4 ха, и тоа има полјоделска функција. Долно Седларце е средна по големина населба, со позитивно популациско салдо. Во 1961 година селото броело 402 жители, а во 1994 година 680 жители, од кои 671 се Македонци, а осум жители Срби.

**Долно Солње** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Скопската Котлина, југозападно од Скопје, под јужната падина на Водно а во рамките на Општината Сопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри Од градот Скопје населбата е оддалечена 11,[illegible] км. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 574 ха, пасиштата заземаат површина од 217,1 ха, додека на шумите отпаѓаат само 2,8 ха. Селото има полјоделска фунција. Долно Солње е средина по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 77[illegible] жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 601 жители, од кои 593 се Македонци, а пет жители Срби.

**Долно Средоречје** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на областа Дебарца, во Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 765 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 32,5 км. Атарот е заеднички со Горно Средоречје, каде што прикажана и неговата аграрна структура. Населбата е мала и во 1971 година броела [illegible] жители, а во 1994 година 55 жители, македонско население.

**Долно Српци** - Населбата се наоѓа во Битолското Поле, во средишниот дел на територијата на Општината Могила, од десната страна на Црна Река, а преку чиј атар води патот и железничката линија од Битола за Прилеп. Селото е рамнинско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 24,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.500,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 789 ха, а на шумите 18,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Од оваа населба се иселил значителен број од населението. Во 1961 година селото броело 1.307 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 545 жители, од кои 542 се Македонци.

**Долно Строгомишта** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Кичевската Котлина, на територијата на Општината Зајас, од десната страна на патот Кичево-Гостивар. Селото е ридско, на надморска височина од 727 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км, а од патот Кичево-Гостивар 2,2 км. Атарот е заеднички со Горно Строгомишта, каде што е прикажана и неговата аграрна структура. Во 1961 година селото броело 340 жители, од кои 316 биле Албанци, а 24 Турци, а во 1994 година бројот на населението се зголемил на 610 жители, албанско население.

**Долно Татеши** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Велешта, од десната страна на Црн Дрим. Селото е ридско, на надморска височина од 795 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 221,8 ха, на шумите отпаѓаат 208,9 ха, а на пасиштата само 49,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Населбата е средна по големина, во којашто живее албанско население. Во 1961 година селото броело 367 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 590 жители, од кои 585 се Албанци.

**Долно Трогерци** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, од левата страна на патот Штип-Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 533,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 123,3 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 232 жители, а во 1994 година само шест жители, македонско население.

**Долно Црнилиште** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, во јужниот дел на територијата на Општината Свети Николе, недалеку од патот Свети Николе-железничка станица Овче Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена осум километри, а од спомнатиот пат 2,2 км. Атарот е заеднички со Горно Црнилиште, каде што е прикажана и неговата аграрна структура. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 157 жители, а во 1994 година 120 жители, македонско население.

**Долно Чарлија** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Могила, помеѓу локалниот пат и патот Битола-Прилеп. Селото е рамничарско, на надморска височина од 582 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена околу 25 км. Атарот е зеднички со Горно Чарлија каде што е прикажана и неговата аграрна структура. Во него има амбуланта. Според бројот на населението, населбата се преполовила. Така, во 1961 година селото броело 538 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 236 жители, од кои 234 се

Македонци.

**Долно Чичево** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Градско, под ридот Клепа, чиј атар се допира со територијата на Општината Росоман. Селото е рамничарско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 23 км. Атарот е заеднички со Горно Чичево, каде што е прикажана и неговата аграрна структура. Во него работи основно училиште до IV одделение. Над Долно Чичево постои манастир Орле, а црквата била посветена на Св.Архангел, и се споменува во 1705 година. Таа била обновена во 1861 година. Близу до манастирот постојат урнатини на црквата „Св. Никола". Населбата во 1961 година броела 502 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 110 жители, македонско население.

**Дорломбос** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Куклиш, под југозападните огранки на планината Беласица, чиј атар се допира со територијата на Општината Валандово, односно во малото Костуринско Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Струмица, населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 11,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 129,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 235,8 ха, а на шумите 735 ха. Селото има, во основа, полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 273 жители, а во 1994 година 274 жители, турско население.

**Дорфулија** - Населбата се наоѓа во Овчеполската Котлина, во средниот дел на Општината Лозово, недалеку од патот Штип-Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 298 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 23 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 20 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.353, 1 ха, на пасиштата отпаѓаат 536,7 ха, а на шумите само 3,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има продавници и угостителски објекти. Дорфулија е добро населено место, со извесно намалување на бројот на населението. Во 1961 година населбата броела 882 жители, од кои 480 биле Македонци, 226 Турци, 27 Срби и 25 Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 760 жители, од кои 587 се Македонци, 110 Турци, 54 Власи, и девет жители Срби.

**Драгарино** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кукуречани, недалеку од патот Битола-Демир Хисар, во западниот дел на Битолското Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 615 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 12,5 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,8 км². На него пасиштата заземаат површина од 233,9 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 139,6 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има, главно, полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 131 жители, а во 1994 година 81 жители, македонско население.

**Драгобрашта** - Населбата се наоѓа речиси, во средишната зона на територијата на Општината Виница. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 580 и повеќе метри. Од градот Виница населбата е оддалечена 10 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 16 км². На него најголема површина заземаат пасиштата од 846,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 510,8 ха, а на шумите 127,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има погон на АД „Винка", потоа амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Драгобрашта е средна по големина населба, но со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 686 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 469 жители, македонско население.

**Драгов Дол** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, северно од централното

место, непосредно од десната страна на реката Треска. Селото е рамничарско, на надморска височина од 510 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 485,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 31,7 ха, а на пасиштата само 4,1 ха. Населбата е мала, во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 141 жители, а во 1994 година само 24 жители, македонско население.

**Драгоево** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Штип, во долното сливно подрачје на Крива Лакавица, од нејзината лева страна, а чиј атар се допира со територијата на Општината Неготино. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 370 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 10 км, а од стариот пат за Криволак и Неготино околу километар. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 931,1 ха, на шумите отпаѓаат 836,2 ха, а на пасиштата 628,3 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него има фабрички погон, амбуланта, земјоделска задруга, продавница и спомен-плоча за паднатите борци од НОБ. Од Драгоево се иселило повеќе од половината од неговото население. Во 1961 година селото броело 674 жители, од кои 14 биле Турци, 13 Срби, а другите Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 249 жители, од кои 213 се Македонци, 26 Власи, пет Турци и пет жители Срби.

**Драгожани** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кукуречани, недалеку од патот Битола-Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 590 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 13,5 км. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 904,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 268,2 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 494 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 209 жители, македонско население.

**Драгожел** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Кавадарци, на потегот помеѓу езерото Тиквеш и патот што води за областа Витачево. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$ На него најголема површина заземаат пасиштата од 727,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 493,5 ха, а на шумите 134,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во оваа населба се наоѓа таканаречената Сопишка црква, во една сува пештера, но не е познато во кој период била изградена, ниту на кој светител била посветена. Драгожел е мала населба, која што во 1961 година броела 136 жители, а во 1994 година само шест жители, од кои пет се Македонци, а еден е Србин.

**Драгоманце** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, недалеку од левата страна на реката Пчиња. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 360 до 560 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 25 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 261 ха, на пасиштата отпаѓаат 193 ха, а на шумите само 7,6 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште, погон на фабриката „ЧИК" од Куманово, продавница и ветеринарна станица. Инаку Драгоманце е мала населба којашто во 1961 година броела 238 жители, а во 1994 година 148 жители, од кои 115 се Македонци, а 31 жители Срби. Во неа постои црква „Св. Јован", којашто е мошне стара, но во урнатини и не се знае од кој период потекнува.

**Драгош** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Битолското Поле и припаѓа на групата потпелистерски села, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република

Грција. Припаѓа на Општината Бистрица. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 650 до 700 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км, а од локалниот потпелистерски пат 1,1 км. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 512,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 363,5 ха, а на пасиштата 236,3 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Во населбата постои Драгошки манастир, посветен на „Св. Илија". Тој е евидентиран од повеќе истражувачи, но не се наведени неговите основни историски податоци. Во 1961 година селото броело 449 жители, а во 1994 година 44 жители, македонско население.

**Драдња** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Кавадарци, на северозападната страна на Тиквешкото Езеро, до коешто се протега и атарот на населбата. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 572,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 284,3 ха, а на обработливото земјиште 81,2 ха. Во однос на аграрната структура, селото нема некоја развиена функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 159 жители, а во 1994 година само тројца жители, македонско население.

**Дражево** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Струмичкото Поле, од десната страна на Струмичка Река, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Припаѓа на Општината Ново Село. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 35 км. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 917,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 475,1 ха, а на пасиштата 131,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Дражево е средна по големина населба, со мало намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 604 жители, од кои 25 биле Турци, а другите Македонци, а во 1994 година бројот се намалил на 467 жители, од кои 463 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Драмче** - Населбата се наоѓа, во северозападниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар се допира дури до државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 700 до 840 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 15 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 35,2 км$^2$ На него обработливото земјиште зазема површина од 815,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 901,4 ха, а на шумите 1.562,2 ха. Според аграрната структура, селото има мешовита земјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште, фабрички погон „Снајд" за конфекција, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Од Драмче се иселило половината од неговото население. Во 1961 година селото броело 868 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 416 жители, македонско население.

**Драслајца** - Населбата се наоѓа во рамништето на Струшкото Поле, во Општината Струга и ѝ припаѓа на рурбалната зона на градот, бидејќи од него е оддалечена само четири километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 699 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$ На него обработливото земјиште зазема површина од 426,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 5,1 ха, а на шумите само 0,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти. Драслајца има позитивен популациски биланс. Имено, во 1961 година селото броело 780 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 804 жители, од кои 801 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Драчевица** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, во сливот на Маркова Река, во таканаречената област Торбешија. Припаѓа на Општината Студеничани. Населбата е ридска, на надморска височина од 490 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 16,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 985,1 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 375,4 ха, а на пасиштата 263,1 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 643 жители, од кои 19 Албанци, а другите се декларирале како Турци, а во 1994 година бројот се намалил на 380 жители, од кои 353 се Албанци и 27 жители Турци.

**Драчевица** - Населбата се наоѓа во југзападниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на реката Бошавица. Селото е ридско, на надморска височина од 490 метри. Од градот Неготино селото е оддалечено 28 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 28,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.325,4 ха, потоа следат пасиштата на површина од 414,3 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат само 71,5 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 161 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само четири жители, македонско население.

**Дрвош** - Населбата се наоѓа во северниот, ридест дел на територијата на Општината Босилово, чиј атар високо се издига до сртот на Огражден, каде што се допира со територијата на Општината Берово. Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.855,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 284,1 ха, а на пасиштата 120,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, продавници и угостителски објекти. Дрвош е средна по големина населба, но со пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 566 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 695 жители, македонско население.

**Древеник** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Кукуречани, од десната страна на Црна Река, чиј атар се допира со територијата на Општината Демир Хисар. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 16,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 707 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 586,9 ха, а на пасиштата 312 ха. Селото, во однос на земјоделството, има мешовита функција. Древеник е мала населба, која што во 1961 година броела 117 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 47 жители, од кои 46 се Албанци, а еден жител е Турчин.

**Древено** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Злетово, од десната страна на Злетовска Река. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 369,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 219,2 ха, а на шумите само 35 ха. Селото има, во основа, полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во селото постои црква „Св.Богородица Елеуса", којашто царот Стефан Душан ја приложил на Лесновскиот манастир. Во 1961 година селото броело 425 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 295 жители, македонско население.

**Дрен** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на реката Бошавица. Селото е ридско, на надморска височина од 270 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 27 км. Атарот има средна големина, на простор од 16,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.406,5 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 159,5 ха, а на пасиштата

само 42 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 308 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 151 жители, македонско население.

**ДРЕН** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Прилеп, во горното сливно подрачје на Раечка Река, односно по преминот на превалот Плетвар, во правец на Градско, а чиј атар се допира со територијата на Општината Кавадарци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 19,3 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.393,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 320,3 ха, а на обработливото земјиште 136,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Дрен е мала населба којашто уште во 1961 година броела само 46 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на седум жители, македонско население.

**ДРЕНАК** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Крива Паланка, лоцирана на Осоговските Планини, чиј атар се допира со териториите на општините Кратово и Кочани. Селото е планинско, на надморска височина од 1.320 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 16,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 321,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 321,4 ха, а на пасиштата 263,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година Дренак броело 307 жители, додека во 1994 годниа бројот се намалил на 70 жители, македонско население.

**ДРЕНОВО** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Кавадарци, на потегот помеѓу Црна Река и Раечка Река, а недалеку од патот Градско-Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 13 км, а од патот Градско-Прилеп 1,7 км. Атарот зафаќа простор од 19,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 713 ха, шумите заземаат површина од 702,9 ха, а на пасиштата отпаѓаат 444,2 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти и урбанистички план. Во Дреново постои црква „Св. Богородица“, којашто била изградена во XIV век, а живописана 1356 година. Турците ја разурнале и таа долго време била во урнатини. Црквата е обновена во почетокот на XIX век, а некои делови од старата црква се зачувани. Дреново била голема населба, но по пат на емиграција на населението, преминало во средно по големина село. Така, во 1961 година селото броело 1.136 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 699 жители, македонско население.

**ДРЕНОВО** - Оваа мала населба се наоѓа на најјужниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, на северната падина на Бушова Планина, чиј атар се допира со територијата на Општината Крушево. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од централното место Брод населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 14 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.146,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 124,8 ха, а на обработливото земјиште 88,6 ха. Дреново е мала населба, којашто во 1961 година броела 187 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 38 жители, македонско население.

**ДРЕНОВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, во горното сливно подрачје на реката Тополка, а чиј атар се допира со територијата на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 32,3 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 26 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.659,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 582,8 ха, а на обработливото земјиште 242,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Дреново е мала населба којашто во 1961 година броела 284 жители, а во

1994 година 54 жители, македонско население.

**ДРЕНОВЦИ** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Долнени, чиј атар се издига до сртот на планината Бабуна, каде што се допира со територијата на Општината Извор. Селото е ридско, на надморска височина од 770 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 580,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 306,1 ха, а на шумите само 36,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и споменик за НОБ. Од населбата се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 761 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 238 жители, македонско население.

**ДРЕНОК** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен планински дел на територијата на Општината Клечевце, чиј атар се допира со територијата на Општината Ранковце. Селото е од раштркан тип, чии маала се издигаат на надморска височина од 640 до 1.040 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 37 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 456,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 652,1 ха, а на шумите 204 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има споменик на НОБ. Од населбата се иселил значителен број од населението. Во 1961 година селото броело 666 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 114 жители, од кои 112 се Македонци, а двајца жители Срби. Во селото постои црква „Св. Никола". Всушност, старата црква била урната, но сè уште нема податоци во кое време била изградена.

**ДРЕНОК** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Пробиштип, од десната страна на Злетовска Река. Селото е ридско, а од градот Пробиштип населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 314,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 210,4 ха, а на шумите само 3,6 ха. Селото има, во основа, полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 229 жители, а во 1994 година само 31 жители, македонско население.

**ДРЕНОК** - Населбата се наоѓа во крајниот северозападен дел на територијата на Општината Луково, на источната падина на планината Јабланица, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.095 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 34 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 610,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 55 ха, а на обработливото земјиште само 39,3 ха. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 144 жители, а во 1994 година само двајца жители, македонско население.

**ДРЕЊЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Крива Паланка, од десната страна на Крива Река, во нејзината непосредна близина, и ѝ припаѓа на рурбалната зона на градот. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Атарот зафаќа простор од 16,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.007,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 321,4 ха, а на пасиштата 263,1 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, која што во 1961 година броела 151 жители, а во 1994 година 211 жители, македонско население.

**ДРЖАНЦИ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 10 жители, турско население. Селото се наоѓало на јужната падина на планината Плачковица, на теоријата на Општината Радовиш, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 12,9 км$^2$.

**Држилово** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Сопиште, во ридско-планинскиот југозападен дел на Скопската Котлина, во горното сливно подрачје на Маркова Река. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 800 до 1.000 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 17,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.100,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 449,1 ха, а на пасиштата 194,8 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е средна по големина. Во 1961 година селото броело 457 жители, а во 1994 година 374 жители, од кои 225 се Турци, а 147 Македонци.

**Дрмени** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, непосредно до патот Ресен-Отешево и северно од Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 858 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 7,5 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 409,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 16,8 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција, претежно со овоштарски насади на јаболко. Во него работи основно училиште до IV одделение, има спомен-плоча од НОБ, продавници и угостителски објекти и дом на културата. Дрмени е релативно голема населба, којашто во 1961 година броела 822 жители, од кои 99 биле Турци, а другите Македонци, а во 1994 година бројот се намалил на 460 жители, од кои 447 се Македонци, а 13 жители Турци.

**Другово** - Оваа голема населба се наоѓа во северниот дел на истоимената општина, југозападно од градот Кичево, а на патот Кичево-Охрид. Населбата претставува општински центар, но во однос на градот Кичево припаѓа во неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 117,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 177 ха, а на шумите 336,6 ха. Во него работи осумгодишно училиште, има амбауланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, дом на културата и урбанистичкиот план. Поради близината до градот, Другово станало имиграционо место, па затоа бележи значителен пораст на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 606 жители, од кои 412 биле Македонци, 141 Турци, а 46 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.398 жители, од кои 1.171 се Македонци, 153 Турци и 81 жители Албанци.

**Дуброво** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Неготино, недалеку источно од градот, од десната страна на реката Вардар, и недалеку од автопатот, на оддалеченост од околу километар. Припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 115 метри. Атарот зафаќа простор од 7,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 398,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 226,9 ха, а на шумите само 6,5 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има земјоделска задруга. Населбата е мала, со намалување на бројот на населението. Во 1961 година селото броело 213 жители, а во 1994 година 65 жители, од кои 38 се Македонци, 21 Турци и четири жители Срби.

**Дубровница** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, во северен правец од градот, на оддалеченост од околу 10 км. Таа е ридско-планинска и раштркана населба, чии куќи се издигаат на надморска височина од 900 до 1.140 метри. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 687,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 548,3 ха, а на пасиштата 157,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има основно училиште до IV одделение, потоа амбуланта, пошта и продавница. Во 1961 година селото броело 562 жител, додека во 1994 година бројот се намалил на 225 жители, македонско население.

**ДУКАТИНО** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на Струмичкото Поле, а на територијата на Општината Радовиш, од десната страна на реката Струмица. Селото се наоѓа на надморска височина од 360 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 19 км, а од патот Струмица-Радовиш 4,6 км. Атарот зафаќа простор од 8 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 504,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 240,5 ха, а на пасиштата само 22,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, со позитивно популациско салдо. Во 1961 година селото броело 387 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 450 жители, македонско население.

**ДУЛИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Македонска Каменица, од десната страна на реката Брегалница, односно езерото Калиманци, чиј атар се допира со териториите на општините Оризари и Виница. Селото е ридско на надморска височина од 700 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 963,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 757,7 ха, а на пасиштата 396,4 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, но со големо намалување на бројот на населението. Во 1961 година населбата броела 624 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 413 жители, македонско население.

**ДУМАНОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Липково, од левата страна на Липковска Река, чиј еден дел е заезерен, а атарот на селото се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.041,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 185,4 ха, а на пасиштата 52,3 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Думановце и припаѓа на групата села во Републиката со најголема ерозија на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 614 жители, додека во 1994 година бројот се намалил само на девет жители, македонско население.

**ДУЊЕ** - Населбата се наоѓа на северозападната страна на прилепскиот дел на областа Мариово, во рамките на Општина Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 29 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 43,8 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 2.487 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.339,1 ха, а на шумите само 15,6 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта, земјоделска задруга и продавница. Како, впрочем, од многу села во Мариово, така и од Дуње се иселил значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 778 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 145 жители, македонско население.

**ДУПЈАНИ** - Населбата се наоѓа во источниот ридест дел на Кичевската Котлина, а на територијата на Општината Вранештица, чиј атар се допира со територијата на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 10,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 736,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 249,1 ха, а на обработливото земјиште само 65,8 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 142 жители, а во 1994 година само 17 жители, македонско население.

**ДУПЈАЧАНИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Долнени, под југозападните огранки на планината Бабуна, во Прилепското Поле. Селото е

ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 565,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 266 ха, а на шумите само 20,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта, земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала и во 1961 година броела 232 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 163 жители, македонско население.

**Дурачка Река** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, на неколку километри оддалеченост од градот, односно, припаѓа на неговата рурбална зона, чиј атар се издига високо на Осоговските Планини. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 800 до 1.140 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 25 км$^2$. Преовладуваат шумите на површина од 1.242,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 690,8 ха, а на обработливото земјиште 475,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и продавници. Дурачка Река е средна по големина населба, но со преполовен број жители. Така, во 1961 година селото броело 715 жители, а во 1994 година 363 жители, македонско население.

**Дурутли** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Стар Дојран, а северозападно од Дојранското Езеро, чиј атар се допира со територијата на Општината Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 310 метри. Од централното место Гевгелија населбата е оддалечена 37 км, а од патот Нов Дојран-Гевгелија, или Валандово, 5,6 км. Атарот е мошне мал, тесен и долг, на простор од 2,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 20,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 48,9 ха, а на шумите 140 ха. Дурутли во 1961 година броело 105 жители, а во 1994 година само 41 жители, турско население.

**Дурутлија** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 52 жители, турско население. Селото се наоѓа на јужната падина на Плачковица, на територијата на Општината Радовиш, на надморска височина од околу 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 2,8 км$^2$.

**Дуф** - Населбата се наоѓа во источната зона на територијата на Општината Маврови Анови, на јужните огранки на планината Враца, а во горното сливно подрачје на Вардар. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 18 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.660,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 535,6 ха, а на обработливото земјиште 296,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година населбата броела 608 жители, од кои 363 биле Македонци, а 244 Албанци, додека во 1994 година бројот значително се намалил, само на 55 жители, од кои 50 се Албанци, а пет жители Македонци.

# Ѓ

**Ѓавато** - Населбата се наоѓа во западната зона на територијата на Општината Богданци, непосредно од левата страна и на реката Вардар, чиј атар се допира со територијата на Општината Гевгелија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 60 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 13,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 405,7 ха, на шумите отпаѓаат 592,1 ха, а на пасиштата 174,6 ха. Сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, продавници и дом

на културата. Населбата е средна по големина, без некои големи промени во населеноста. Така, во 1961 година селото броело 554 жители, а во 1994 година 485 жители, од кои 481 се Македонци и двајца жители Срби.

**ЃАВАТО** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Цапари, на превалот со истоимено име, каде што атарот се допира со територијата на Општината Ресен. Со оглед на тоа дека лежи малку повисоко во Цапарското Поле, селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 22,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.608,6 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 340,8 ха, а на пасиштата 185,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ. Од ова село се иселил мошне голем број од населението и тоа преминала од голема, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 1.116 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 162 жители, македонско население.

**ЃЕРМО** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во северниот дел на територијата на Општината Цепчиште, под југоисточната падина на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 13,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 239,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 546,9 ха, а на шумите 570,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници. Ѓермо е голема населба, во којашто во 1961 година имало 753 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 991 жители, албанско население.

**ЃОПЧЕЛИ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Стар Дојран, од десната страна на патот Нов Дојран-Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 131,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 280,3 ха, а на шумите 399,1 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение. Ѓопчели во 1961 година броело 87 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 257 жители, турско население.

**ЃУЗЕМЕЛЦИ** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, во северниот дел на територијата на Општината Лозово, чиј атар се допира со територијата на Општината Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 8,8 км. Атарот зафаќа простор од 13,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 897,3 ха, потоа следат пасиштата на површина од 423,1 ха, а на шумите отпаѓаат само 14,9 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Ѓуземелци е мала населба, со негативно популациско салдо. Така, во 1961 година селото броело 204 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 59 жители, македонско население.

**ЃУЛЕЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 66 жители, турско население. Селото се наоѓало во западниот дел на територијата на Општината Валандово, на надморска височина од 180 метри.

**ЃУРЃЕВИШТЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел во Горни Полог, на територијата на Општината Неготино - Полошко, на просторот под падините на Враца и Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 854,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 351,5 ха, а на шумите 267,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници. Ѓурѓевиште е средна по големина населба, која што во 1961 година броела 580 жители, од кои 290 биле Албанци и 281 жители Турци, а во 1994 година имало 676 жители, албанско население.

намалил на 138 жители, македонско население.

# Е

**ЕБЕПЛИЈА** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Карбинци, во пределот на северозападните огранки на Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км². На него шумите заземаат површина од 487,8 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 78,2 ха, а на пасиштата само 7,8 ха. Селото нема некоја развиена аграрна функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 26 жители, а во 1994 година уште помалку, само 11 жители, турско население.

**ЕВЛА** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела само двајца жители, албанско население. Селото се наоѓало во областа Дебарска Жупа, односно на територијата на Општината Центар Жупа. Атарот зафаќа површина од 4 км².

**ЕВЛА** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Ресен, недалеку во западен правец од градот, чиј атар се издига до сртот на планината Петрина, каде што се допира со територијата на Општината Охрид. Селото е планинско, на надморска височина од 925 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена шест километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 26,1 км². На него доминираат шумите на површина од 1.438,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 374,3 ха, а на пасиштата 327,8 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во однос на популацијата, Евла преминала од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 426 жители, а во 1994 година бројот се

**ЕДЕКЛАРЦИ** - Населбата наполно е раселена по 1961 година, кога што броела 10 жители. Селото се наоѓа во западниот дел на Општината Штип, на надморска височина од 310 метри. Атарот зафаќа површина од 4,6 км².

**ЕДИНАКОВЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, на потегот на излезниот дел на Црна Река во Пелагонија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км². На него обработливото земјиште зазема 345,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 306,1 ха, а на шумите 178,8 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и продавница. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 588 жители, а во 1994 година 384 жители, македонско население.

**ЕДНОКУЌЕВО** - Населбата се наоѓа во средниот дел на Струмичкото Поле, на алувијалниот простор на реката Струмица, недалеку од патот Срумица-Ново Село. Припаѓа на Општината Босилово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 212 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена седум километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,3 км². Речиси, целиот атар го опфаќа обработливото земјиште. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и дом на културата. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 501 жители, од кои 286 биле Македонци, а 115 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 654 жители, од кои 535 се Македонци, а 119 жители Турци.

**ЕДРЕНИКОВО** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струмичката Котлина, недалеку од патот Струмица-Радовиш и ѝ

припаѓа на Општината Василево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 142,4 ха, на шумите отпаѓаат 260,9 ха, а на пасиштата само 4,9 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Селото е мало и во 1961 година броело 282 жители, а во 1994 година 228 жители, македонско население.

**ЕЗЕРАНИ** - Населбата се наоѓа во средишната зона на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, чиј атар се допира со северниот брег на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 857 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 6,6 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 312,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 108,1 ха, а на шумите само 37,6 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година броела 345 жители, а во 1994 година 217 жители, македонско население.

**ЕЛЕВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на областа Дебарска Жупа, а во состав на Општината Центар Жупа, чиј атар се допира со територијата на Општината Луково. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на југоисточната падина на Стогово, на надморска височина од 1.000 до 1.200 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 11,4 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 677 ха, на шумите отпаѓаат 274,2 ха, а на обработливото земјиште само 61,7 ха. Селото има, во основа, сточарска функција. Селото е мало, но со пораст на бројот на населението. Елевци во 1961 година броело 144 жители, а во 1994 година 190 жители, турско население.

**ЕЛОВЕЦ** - Населбата се наоѓа во средишната зона на територијата на Општината Чашка, односно во средното сливно подрачје на реката Тополка, од нејзината лева страна. Селото е ридско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 17 км, а од патот Велес - Извор 5,1 км. Атарот зафаќа простор од 8,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 438,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 420,3 ха, а на шумите само 10,4 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Селото е мало и во 1961 година броело 270 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 91 жители, македонско население.

**ЕЛОВО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, во изворишното сливно подрачје на Маркова Река и ѝ припаѓа на Општината Студеничани. Селото е планинско, чии куќи лежат на надморска височина од 800 до 900 метри. Од градот Скопје селото е оддалечено 29 км. Атарот зафаќа површина од 12,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 725,1 ха, на шумите отпаѓаат 582,2 ха, а на пасиштата само 19,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Елово во 1961 година броело 436 жители, а во 1994 година 212 жители, од кои 196 се Турци, а 13 жители Албанци.

**ЕЛШАНИ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Охрид, на западната падина на Галичица, чиј атар се издига до сртот на планината и се допира со територијата на Општината Ресен, а на друга страна, атарот допира до брегот на Охридското Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 878 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 14,4 км. Атарот зафаќа простор од 17,1 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 870,9 ха, на шумите отпаѓаат 352,5 ха, а на обработливото земјиште 243,2 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има спомен-чешма за паднатите борци во НОБ и две продавници. На атарот на Елшани се наоѓа црква „Св. Илија“. Таа е мошне стара, но не е утврдено во

кој период на средновековието била изградена. Населбата е средна по големина, со позитивен популациски биланс. Во 1961 година селото броело 501 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 674 жители, македонско население.

**ЕМИРИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар нашироко се допира со територијата на Општината Кочани. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.200 до 1.420 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 18 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 24 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.490,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 595,7 ха, а на обработливото земјиште 217,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Селото е мало и во 1961 година броело 268 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 37 жители, македонско население.

**ЕРЕКОВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани, недалеку од левата страна на патот Прилеп-Битола. Селото е рамнинско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 734,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 352,7 ха, а на шумите само 32,2 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и земјоделска задруга. Селото е средно по големина и во 1961 година броело 789 жители, од кои 698 биле Македонци, а 89 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 455 жители, од кои 450 се Македонци, а четири жители Турци.

**ЕРЏЕЛИЈА** - Оваа голема овчеполска населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Свети Николе и претставува развиен рурален центар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 255 метри. Од градот Свети Николе, населбата е оддалечена 14 км. Атарот е голем и зафаќ простор од 24,2 км$^2$. На него доминир обработливото земјиште на површина о 1.918,4 ха, на пасиштата отпаѓаат 248 ха, а н шумите 67,1 ха. Селото, во основа, им полјоделско-сточарска функција. Во нег работи осумгодишно училиште, амбуланта пошта, земјоделска задруга, споменик за НОБ дом на културата, продавници и угостителск објекти. Ерџелија е голема населба, којашто в 1961 година броела 1.172 жители, а во 1994 год ина, 1.047 жители, од кои 1.007 се Македонци 35 Власи и пет жители Срби.

**ЕХЛОВЕЦ** - Населбата се наоѓа на крајнио западен дел на територијата на Општинат Другово, во изворишното сливно подрачје н Треска, чиј атар нашироко се допира со тери торијата на Општината Ростуша. Селото планинско, на надморска височина од 1.04 метри. Од градот Кичево населбата оддалечена 19 км. Атарот е мошне голем зафаќа простор од 37 км$^2$. На него преовладу ваат шумите на површина од 2.362,7 ха, н пасиштата отпаѓаат 1.116,2 ха, а на обработлив ото земјиште 109,5 ха. Селото има сточарско шумарска функција. Во него има споменик з НОБ. Во 1961 година селото броело 43 жители, додека во 1994 година бројот с намалил дури на само 23 жители, македонско население.

# Ж

**ЖАБЕНИ** - Населбата се наоѓа во јужниот де на Битолското Поле, на територијата н Општината Бистрица, недалеку од десната страна на патот од Битола за граничниот премин Меџитлија, а во нејзиниот средишен дел Населбата е рамничарска, на надморска височина од 585 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и

зафаќа простор од 3,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 269,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 53,6 ха, а на шумите само 6,4 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Бројот на населението во оваа населба се преполовил. Така, во 1961 година селото броело 449 жители, од кои 426 биле Македонци, а 16 жители Албанци, додека во 1994 година имало 193 жители, од кои 152 се Албанци и 41 жители Македонци.

**ЖАБЈАНИ** - Оваа населба во статистиката е регистрирана дека се наоѓа на територијата на Општината Долнени, но за неа не е одредена локацијата и не се води во катастарската евиденција, односно, за неа нема податоци за аграрната структура. Евидентирано е само дека населбата во 1971 година броела 42 жители, а во 1994 година 56 жители, македонско население.

**ЖВАН** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Сопотница, од левата страна на Црна Река, на патот којшто води од Демир Хисар за Кичево, и претставува развиен рурален центар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 690 метри. Атарот зафаќа простор од 9,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 248,9 ха, на пасиштата отпаѓаат 154,2 ха, а на шумите 456,4 ха, но, сепак, селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Во 1961 година селото броело 904 жители, но во 1994 година бројот се намалил на 506 жители, македонско население.

**ЖЕГЉАНЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од левата страна на реката Пчиња, а во областа Козјачија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 540 до 680 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа простор од 10 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 464,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 327,3 ха, а на шумите 185,3 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, спомен-плоча за формирање на партизанска бригада и продавници. Во 1961 година селото броело 328 жители, додека во 1994 година, бројот се намалил на 112 жители, од кои 102 се Македонци, а 10 жители Срби.

**ЖЕЛЕЗНА РЕКА** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Србиново, во Горни Полог, чиј атар, на тесен дел, се допира со територијата на Општината Самоков. Селото е планинско, на просечна надморска височина од 950 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 20 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 26,2 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.359,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 222,4 ха, а на пасиштата само 31 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од оваа населба повеќе од половината на населението емигрирало. Така, во 1961 година селото броело 584 жители, а во 1994 година 191 жители, македонско население.

**ЖЕЛЕЗНЕЦ** - Населбата се наоѓа на северниот дел на територијата на Општината Сопотница, во изворишното сливно подрачје на Црна Река, чиј атар се допира со територијата на Општината Другово. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот зафаќа простор од 12,8 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 547,2 ха, на шумите отпаѓаат 350,8 ха, а на обработливото земјиште 151,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има споменик за НОБ и продавница. Во 1961 година селото броело 311 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 86 жители, македонско население.

**ЖЕЛЕЗНИЦА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со територијата на

Општината Ранковце. Со оглед на тоа дека населбата е оддалечена од градот околу четири километри, таа припаѓа на рурбалната зона на ова централно место. Селото е ридско и раштркано, чии маала се наоѓаат на надморска височина од 640 до 790 метри. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 377,7 ха, на шумите отпаѓаат 347,8 ха, а на обработливото земјиште 198,6 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 397 жители, а во 1994 година 267 жители, македонско население.

**ЖЕЛИНО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Долни Полог, и е седиште на истоимената Општина. Селото е лоцирано од десната страна на реката Вардар, и недалеку од патот Тетово-Скопје. Селото е рамничарско, на надморска височина од 425 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 15,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 603,6 ха, на шумите отпаѓаат 648,5 ха, а на пасиштата 244,7 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, ветеринарна станица и урбанистички план. Желино е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.766 жители, а во 1994 година бројот на жителите повеќе од двојно се зголемил на 3.679 жители, албанско население.

**ЖЕЉУВИНО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 600 до 700 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 37 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 252,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 171,7 ха, а на шумите 123,3 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година броела 257 жители, а во 1994 година 64 жители, од кои 62 се Македонци, а двајца жители Срби.

**ЖЕРОВЈАНЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на источниот дел на територијата на Општината Боговиње, од левата страна на реката Вардар, и недалеку од патот Тетово-Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 475 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,1 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 179,5 ха, така што, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, продавници и урбанистички план. Населбата е голема и во 1961 година броела 523 жители, од кои 268 биле Албанци, 214 Турци и 31 жители Македонци, а во 1994 година имала 861 жители, од кои 838 се Албанци, 18 Македонци и тројца жители Турци.

**ЖИВАЛЕВО** - Населбата се наоѓа во средишната зона на територијата на Општината Кратово, оддалечена на неколку километри од патот Кратово-Куманово. Селото е од раштркан тип, чии маала се издигаат на надморска височина од 500 до 600 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 6,6 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 202,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 119 ха, а на шумите 103,7 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 207 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 164 жители, македонско население.

**ЖИВЕЊЕ** - Населбата се наоѓа во најјужниот дел на територијата на Општината Орашац, чиј атар се допира со територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Како периферна населба таа од градот Куманово е оддалечена 30 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.680,8 ха, на пасиштата отпаѓаат

1.056,6 ха, а на шумите 316 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 392 жители, а во 1994 година само 56 жители, македонско население.

**ЖИВОВО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата од прилепскиот дел на областа Мариово, од десната страна на Црна Река, во Општината Витолиште. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена околу 50 км. Атарот зафаќа простор од 17,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 339,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 580,3 ха, а на шумите 663 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 250 жители, а во 1994 година само пет жители, македонско население.

**ЖИВОЈНО** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, а во најјужниот дел на територијата на Општината Бач, од десната страна на Црна Река и на локален пат, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 38 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 29,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.218,7 ха, а на пасиштата отпаѓаат 1.500,1 ха, додека шуми, речиси, нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба емигрирал значителен број од населението. Така, во 1961 година селото броело 864 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 288 жители, македонско население.

**ЖИГАНЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Кочанското Поле, од левата страна на Злетовска Река, а чиј атар се допира со териториите на општините Карбинци и Пробиштип. Селото ѝ припаѓа на Општината Чешиново. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 20 км, а од патот Кочани-Штип околу пет километри. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 577,6 ха, на пасиштата отпаѓаат 60,4 ха, а на шумите само 4,6 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година броела 579 жители, а во 1994 година 378 жители, македонско население.

**ЖИДИЛОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Крива Паланка, од десната страна на Крива Река, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Населбата е раштркана и нејзините маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.080 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 437,2 ха, на пасиштата отпаѓаат 485,8 ха, а на шумите 628,6 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и продавница. И од ова кривопаланечко село емигрирал голем број од населението. Така, во 1961 година селото броело 723 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 300 жители, од кои 297 се Македонци.

**ЖИЛЧЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Јегуновце, во Долни Полог. Селото е рамничарско, на надморска височина од 416 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 460,4 ха, така што, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, продавници и угостителски објекти. Селото е средно по големина. Во 1961 година Жилче броело 740 жители, а во 1994 година 648 жители, од кои 642 се Македонци и тројца жители Срби.

**Жировница** - Оваа голема населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Ростуша, од десната страна на реката Радика, а на источните падини помеѓу планините Кораб и Дешат, чиј атар се допира до државната гранична линија со Република Албанија. Жировница претставува развиен рурален центар. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 840 до 960 метри. Има мошне голем атар, што зафаќа простор од 33,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.364,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.361,5 ха, а на обработливото земјиште 195,6 ха. Во основа селото има сточарско-шумарска функција, но може да се каже дека има и мешовита земјоделска функција. Во населбата се наоѓа осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, 14 продавници, три угостителски објекти, дом на културата, фабрички погон за преработка на дрвена граѓа и паркет „Бреза“ и др. Во населбата се наоѓа и манастир „Св. Варвара“, којшто не е доволно проучен и не се знае кога е подигнат. Жировница е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.174 жители, од кои 1.055 се декларирале како Турци, 18 Македонци, 18 Албанци и 10 жители Срби., а во 1994 година бројот се зголемил на 1.997 жители, од кои 1.274 се Македонци, 336 Албанци, 151 Турци и 209 жители - други.

**Житинени** - Населбата се наоѓа во областа Долна Жупа, на територијата на Општината Центар Жупа. Селото е планинско, на надморска височина од 880 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 6,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 114 ха, на пасиштата отпаѓаат 261,2 ха, а на шумите 178,2 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него се наоѓа амбуланта. Во 1961 година во Житинени имало 224 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 536 жители, турско население.

**Житоше** - Населбата се наоѓа во крајниот западен дел на Прилепското Поле, односно, на територијата на поранешната Општина Крушево, а денес претставува седиште на истоимената Општина Житоше. Селото е рамнинско, на надморска височина од 630 метри. Атарот зафаќа простор од 15,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.014,3 ха, на шумите отпаѓаат 248,2 ха, а на пасиштата 190,1 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти. Житоше е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.435 жители, од кои 1.298 биле Турци, 70 Македонци и 48 жители Албанци, додека во 1994 година селото броело 1.773 жители, од кои 1.054 се Албанци, 86 Турци, тројца Македонци, осум Срби и 622 жители - други.

**Жубрино** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во средишниот дел на територијата на Општината Осломеј, од десната страна на патот и железничката линија Кичево-Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,3 км$^2$. На него обработливото земјште зазема површина од 123,7 ха, на шумите отпаѓаат 122 ха, а на пасиштата 47,9 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и продавница. Жубрино во 1961 година броело 328 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 405 жители, албанско население.

**Жужње** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Маврови Анови, на источната падина на Кораб, а во сливот на реката Радика, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.130 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 36 км. Атарот зафаќа простор од 19,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 955,8 ха, на шумите отпаѓаат 755,5 ха, а на обработливото земјиште 85,4 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 132 жители, од кои 89 биле Албанци и 41 Турци, додека во 1994 година селото имало четири

жители, албанско население.

**Журче** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, чиј атар нашироко се допира со територијата на Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 22,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.693,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 129,6 ха, а на обработливото земјиште 291,5 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и споменик за НОБ. Во селото постои црква посветена на „Св. Атанас", којашто била изградена и живописана во 1617 година. Во неа се насликани Прохор Пчињски, Јоаким Осоговски и други. Населбата е средна по големина. Во 1961 година селото броело 704 жители, а во 1994 година 285 жители, македонско население.

# З

**Забрчани** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Долнени, на нејзината југоисточна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 14 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 333 ха, на пасиштата отпаѓаат 117,4 ха, а на шумите само 36,2 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 243 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 85 жители, македонско население.

**Завој** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Косел, чиј атар се издига на северната падина на планината Петрина, каде што се допира со територијата на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 1.050 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 18 км, а од патот Охрид-Ресен околу километар. Атарот има средна големина од 18,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 997,7 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 439,9 ха, а на пасиштата само 82 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од оваа населба се иселил голем број од населението, така што таа е доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото броело 611 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 41 жители, македонско население.

**Загорани** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани, на десната страна од патот Прилеп-Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 612 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 599,3 ха, на пасиштата отпаѓаат 276,9 ха, а на шумите 81,7 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во 1961 година селото броело 546 жители, додека во 1994 година тоа популациски се преполовило, односно, имало 190 жители, македонско население.

**Загориче** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Демир Хисар, чиј атар се допира со територијата на Општината Кукуречани. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 674 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена околу шест километри, а од патот Демир Хисар - Битола 1,3 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 174,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 177,6 ха, а на шумите само 42,4 ха. Во основа, селото има плјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за

НОБ и продавница. Населбата е мала и во 1961 година селото броело 247 жители, а во 1994 година 140 жители, македонско население.

**Загорци** - Оваа мала населба се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Конче, во проширената долина на реката Крива Лакавица, а чиј атар се издига до ртот на планината Серта, каде што се допира со територијата на Општината Неготино. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 26,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 302,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 268,2 ха, а на обработливото земјиште 180,1 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 222 жители, а во 1994 година само 12 жители, македонско население.

**Заград** - Оваа мала населба се наоѓа во северозападниот ридско-планински дел на територијата на Општината Самоков, во областа Поречје. Селото е планинско, на просечна надморска височина од 950 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,3 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 180,4 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 38,2 ха, а на пасиштата 3,6 ха, така што, селото нема некоја развиена аграрна функција. Тоа е мало и во 1961 година броело 117 жители, а во 1994 година само 26 жители, македонско население.

**Заграчани** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Струга, недалеку во северозападен правец од градот, на оддалеченост од околу четири километри, па затоа припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото лежи на надморска височина од 760 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од 4,8 км$^2$. На него преовладува оработливото земјште на површина од 320,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 123,7 ха, додека шуми, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште а има и продавници. Во 1961 година населбата броела 788 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.008 жители, албанско население.

**Зајас** - Оваа голема населба се наоѓа во северниот дел на Кичевската Котлина, разместено на североисточните огранки на планината Бистра, а лежи недалеку од патот Кичево-Гостивар. Селото претставува седиште на истоимената Општина. Населбата е ридска и од раштркан тип, чии куќи се издигаат на надморска височина од 730 до 840 метри. Од градот Кичево, селото е оддалечено 14 км. Има мошне голем атар, што зафаќа простор од 31 км$^2$ . На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.298,7 ха, на шумите отпаѓаат 943,1 ха, а на обработливото земјиште 626,1 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти. Зајас е голема населба којашто во 1961 година броела 2.343 жители, од кои 2.258 биле Албанци и 33 жители Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил на 3.883 жители, од кои 3.879 се Албанци.

**Заполжани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Прилепското Поле, на јужниот дел на територијата на Општината Долнени, недалеку од патот Прилеп-Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 948,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 172,8 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Во населбата се наоѓа средновековна црква „Св. Никола", за којашто се мисли дека е изградена на темелите на некој стар манастир. Селото било средно по големина во 1961 година со 504 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 273 жители, македонско население.

**Зарапинци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Пробиштип, од десната страна на Злетовска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 425 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 204,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 213,5 ха, а на шумите сосема мала површина. Населбата е мала и во 1961 година броела 103 жители, а во 1994 година само 22 жители, македонско население.

**Зашле** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се допира со териториите на општините Другово и Крушево. Селото е планинско, на надморска височина од 1.220 метри. Атарот е релативно голем, на површина од 19,1 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.242,6 ха, на шумите отпаѓаат 515,4 ха, а на обработливото земјиште 140 ха. Во основа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него има споменик за НОБ. Од оваа населба се иселил голем број од населението, така што, таа преминала од средно, во сосема мало село. Во 1961 година селото броело 402 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 48 жители, македонско население.

**Збажди** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Луково, на западната падина на планината Караорман, а чиј атар се допира со територијата на Општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 27 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 50,7 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.686,5 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.600 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 646,3 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Збажди се иселил значителен број од неговото население. Така, во 1961 година селото броело 449 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 15 жители, македонско население.

**Звечан** - Населбата се наоѓа во западниот висок дел на територијата на Општината Самоков, во областа Поречје. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 800 до 1.090 метри. Атарот зафаќа простор од 7,2 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 390,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 129,1 ха, а на пасиштата 101,2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 294 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 12 жители, македонско население.

**Згрополци** - Населбата наполно е раселена по 1981 година, кога што броела тројца жители, македонско население. Населбата се наоѓа непосредно до реката Вардар, во северозападен правец на територијата на Општината Градско, на надморска височина од 160 метри. Атарот зафаќа простор од 7,4 $км^2$.

**Здуње** - Населбата се наоѓа во најсеверниот дел на територијата на Општината Самоков и лежи на алувијалната рамнина, непосредно до реката Треска. Нејзиниот атар нашироко се допира со територијата на Општината Брвеница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 520 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 69,4 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.571,8 ха, на пасиштата отпаѓаат 153,8 ха, а на обработливото земјиште 141,1 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото има споменик за НОБ. Во населбата се наоѓа црква „Св. Никола“, којашто во 1300 година кралот Милутин ја приложил на манастирот „Св. Ѓорѓи“, од што може да се заклучи дека црквата била подигната во XIII век, а можеби и порано. Од Здуње грото од населението се иселило. Така, во 1961 година селото броело 533 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 23 жители, македонско население.

**Здуње** - Оваа голема населба се наоѓа во Горни Полог, во источниот дел на територијата на Општината Вруток, недалеку западно од градот Гостивар, на оддалеченост од околу два километра, па затоа припаѓа на рурбалната зона на ова централно место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 590 метри. Има мал атар којшто зафаќа само 3,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 163,7 ха, додека на шумите и пасиштата отпаѓаат по 59 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и продавници. Во 1961 година селото броело 890 жители, од кои 516 биле Турци, 233 Албанци и 132 жители Македонци, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.632 жители, од кои 676 се Турци, 619 Албанци, 329 Македонци и седум жители Роми.

**Зеленград** - Оваа мала и високо лоцирана населба се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Злетово, во изворишното сливно подрачје на Злетовска Река, а чиј атар се допира со териториите на општините Кочани и Кратово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.130 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена околу 18 км. Атарот, којшто се протега во правец исток-запад, зафаќа простор од 14,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 809,7 ха, на пасиштата отпаѓаат 489,5 ха, а на обработливото земјиште 126,2 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 219 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 11 жители, македонско население.

**Зелениково** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Скопската Котлина, од десната страна на реката Вардар. Селото претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 235 метри. Населбата се наоѓа на локален пат што води кон Скопје. Атарот е заеднички со железничката населба Зелениково и зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него преовладув обработливото земјиште на површина од 304, ха, на шумите отпаѓаат 216,2 ха, а на пасиштат само 9,4 ха. Селото има полјоделска функциј Зелениково е ретка селска населба којашт станала силно имиграциско место, бидејќи в него бројот на населението се зголемил од 35 жители во 1961 година, на 709 жители во 199 година, од кои 648 се Македонци, 53 Роми седум жители Срби.

**Златари** - Населбата се наоѓа во североис точниот дел на територијата на Општинат Ресен, на југоисточната падина на Плаќенск Планина, чиј атар се издига до сртот и се допи ра со територијата на Општината Демир Хисар Селото е планинско, на надморска височина о 1.040 метри. Од градот Ресен населбата е одд алечена околу девет километри, а од пато Ресен-Охрид 6,8 км. Атарот зафаќа простор о од 16 км$^2$. На него преовладуваат шумите н површина од 1.073 ха, на обработливот земјиште отпаѓаат 327,6 ха, а на пасиштат 146,9 ха. Селото има полјоделско-шумарск функција. Во него работи основно училиште д IV одделение, има споменик за НОБ и про давница. Селото е мала населба, којашто в 1961 година броела 290 жители, а во 1994 годи на бројот се намалил на 124 жители, македон ско население.

**Злеово** - Населбата се наоѓа на крајниот југо источен дел на Радовишкото Поле, од леват страна на реката Струмица, чиј атар се допир со територијата на Општината Василев Припаѓа на Општината Подареш. Селото рамничарско, на надморска височина од 31 метри. Од градот Радовиш населбата е одд алечена 21 км, а од патот Радовиш-Струмиц 2,5 км. Атарот зафаќа простор од 17,4 км$^2$. Н него обработливото земјиште зазема површин од 682,1 ха, на шумите отпаѓаат 938,5 ха, а н пасиштата 33,1 ха. Селото има полјоделско шумарска функција. Во него има основн училиште до IV одделение, има амбулант продавници и угостителски објекти. Во 196 година селото броело 656 жители, од кои 55 биле Македонци, а 101 жители Турци, додека в

1994 година бројот се зголемил на 959 жители, од кои 955 се Македонци и тројца жители Срби.

**ЗЛЕСТИ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел во областа Дебарца и … припаѓа на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 790 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 925,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 386,5 ха, а на пасиштата 71,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и угостителски објекти. Во 1961 година населбата броела 680 жители, додека во 1994 година бројот на населението се намалил, односно, тогаш населбата имала 333 жители, македонско население.

**ЗЛЕТОВО** - Оваа голема населба е седиште на истоимената Општина, во долината на Злетовска Река и веќе претставува гратче. Населбата се наоѓа на надморска височина од 480 метри. Атарот зафаќа површина од 10,4 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 331,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 441,9 ха, а на шумите 148,5 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделско-сточарска функција. Меѓутоа, во Злетово има и повеќе неземјоделски дејности, така што, тоа претставува населба со полифункционално обележје и треба да се здобие со статус на гратче. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и угостителски објекти, ветеринарна станица и урбанистички план. Злетово има и бројни средновековни културни споменици. Така, во населбата постои црква „Св. Арангел“ којашто потекнува од половината на XIV век. Црквата „Св. Богородица“, пак, била градена во три фази, а живописот потекнува од XIV век, додека денешната црква потекнува од XVII век. Црквата „Св.Димитрие“, пак, којашто денес не постои, потекнува од периодот пред половината на XIV век. Исто така, од овој период потекнува и црквата „Св. Илија“ и црквата „Св. Никола“, која денес не постои, а храмот „Св. Ѓорѓи“ бил обновен кон крајот на XVI век, кога и Злетово претставувало седиште на епископија. Злетово е голема населба, со позитивно популациско салдо. Тоа во 1961 година броело 1.495 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 2.459 жители, од кои 2.452 се Македонци и двајца жители Срби.

**ЗЛЕШЕВО** - Населбата е наполно раселено по 1953 година, кога што броела 574 жители, турско население. Селото се наоѓало во југозападниот дел на Општината Куклиш, недалеку од патот Струмица-Валандово, на надморска височина од 324 метри. Атарот зафаќа простор од 8,2 $км^2$.

**ЗЛОКУЌАНИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Битолското Поле, на источната падина на планината Баба, чиј атар се издига до сртот на планината, каде што се допира со територијата на Општината Ресен. Припаѓа на Општината Бистрица. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 13 км, а од локалниот пат околу пет километри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 19,1 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.180,3 ха, на шумите отпаѓаат 605,4 ха, а на обработливото земјиште 113,1 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Злокуќани е мала населба, којашто уште во 1961 година броела 23 жители, од кои 14 биле Албанци и по седум жители Македонци и Турци, а во 1994 година населбата имала 20 жители, албанско население.

**ЗЛОКУЌАНИ** - Оваа мала населба се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Липково, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 28,5 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,2 $км^2$. На него шумите заземаат 141,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 58,1 ха, а на пасиштата 11,9 ха. Селото нема некоја развиена аграрна функција. Населбата е мала и во 1961 година

броела 121 жители, од кои 110 биле Турци, а 10 жители Албанци, додека во 1994 година имала 26 жители, албанско население.

**Зовиќ** - Оваа населба се наоѓа во битолскиот дел на Мариово, а според просторот на атарот, разделена е на два дела. Така, атарот на Зовиќ I се допира со територијата на Општината Старавина, а атарот на Зовиќ II се допира со државната гранична линија со Република Грција. Припаѓа на Општината Старавина. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри (се однесува за Зовиќ II). Од градот Битола населбата е оддалечена околу 70 км. Атарот на двата дела зафаќа голем простор од 22,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.287,9 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 644,8 ха, а на шумите 257,8 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година населбата била средна по големина со 388 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 54 жители, македонско население.

**Зрзе** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на Прилепското Поле, а на територијата на Општината Долнени, чиј атар се допира со територијата на Општината Македонски Брод. Селото е планинско, на надморска височина од 720 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 460,2 ха, на шумите отпаѓаат 495,9 ха, а на пасиштата 166,4 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата, црквата „Св.Арангел“ се наоѓа кај манастирот Зрзе, каде што се откриени нејзините темели, но не се знае времето на изградбата. Во селото постои и црква „Св. Никола“, која што веројатно била изградена во втората половина на XIV век, а била живописана во 1535 година. Од Зрзе се иселил значителен број од населението, така што тоа од средна, преминало во мала населба. Во 1961 година селото броело 702 жители, а во 1994 година 97 жители, македонско население.

**Зркле** - Оваа мала населба се наоѓа во високиот јужен дел на територијата на Општината Самоков, во областа Поречје. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,8 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 258 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 89,4 ха, а на пасиштата 83,7 ха, така што, селото нема некоја развиена аграрна функција. Селото е мало и во 1961 година броело 276 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 104 жители, македонско население.

**Зрновци** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на Кочанското Поле, од левата страна на Бреганица, чиј голем атар се допира со територијата на општината Виница. Зрновци е седиште на истоимената Општина. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена седум километри. Зрновци има голем атар, кој што зафаќа простор од 28,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.741,2 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 817,8 ха, а на пасиштата 109,7 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, во чиј двор е подигната биста на Тоше Арсов, потоа има лупилница за ориз, фабрички погон за конфекција, живинарска фарма, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата и урбанистички план. Зрновци е голема населба, којашто во 1961 година броела 2.156 жители, од кои 2.058 биле Македонци и 12 Турци, а во 1994 година 2.279 жители, од кои 2.253 се Македонци, 16 Роми, двајца Турци и тројца Срби.

**Зубово** - Населбата се наоѓа во југоисточниот рамничарски дел на Струмичкото Поле, од десната страна на реката Струмица, недалеку од патот Струмица-Ново Село.

Припаѓа на Општината Ново Село. Селото е рамничарско, на надморска височина од 207 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,1 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 340,1 ха, на пасиштата отпаѓаат 20,4 ха, а шумско земјиште, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Во него има земјоделска задруга, дом на културата и продавници. Населбата е средна по големина. Во 1961 година таа броела 580 жители, а во 1994 година 694 жители, македонско население.

**Зубовце** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, а во јужниот дел на територијата на Општината Врапчиште, на локалниот потпланински шарски пат. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена пет километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 330,8 ха, на шумите отпаѓаат 26,3 ха, а на пасиштата 17,8 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и споменик за НОБ. Селото е средно по големина и во 1961 година броело 690 жители, а во 1994 година 530 жители, од кои 526 се Македонци и двајца Срби.

**Зубовце** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Клечевце, непосредно од левата страна на реката Пчиња. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 8 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 477, 3 ха, на пасиштата отпаѓаат 225,7 ха, а на шумите само 9,8 ха. Селото има полјоделска функција. Селото во 1961 година броело 445 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 98 жители, македонско население.

# S

**Sвегор** - Оваа голема населба се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 680 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 3,5 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 20,3 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.036,3 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 623,4 ха, а на пасиштата 222,9 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавници и угостителски објекти, како и урбанистички план. Во 1961 година селото броело 775 жители, од кои 717 биле Македонци, а 50 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 949 жители, македонско население.

# И

**Иберли** - Населбата се наоѓа на северната страна на територијата на Општината Демир Капија, од левата страна на реката Вардар, чиј атар се издига до сртот на планината Серта, каде што се допира со просторот на Општината Конче. Селото, според својата положба е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од централното место Неготино тоа е оддалечено околу 25 км. Атарот на оваа населба е мошне

голем и зафаќа површина од 34,1 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.782 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 151 ха, а на пасиштата отпаѓаат само 84 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Иберли е сосема мала населба, којашто во 1961 година имала 67 жители Турци, а во 1994 година само шест жители, турско население.

**ИВАНКОВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Велес, чиј атар се допира со просторот на Општината Свети Николе. Всушност, селото припаѓа на сливното подрачје на Отовица. Тоа е ридска населба, на надморска височина од 480 метри. Од централното место Велес е оддалечено околу 20 км. Иванковци има голем атар од 30 км$^2$. На него најголема површина отпаѓа на обработливото земјиште од 1.615 ха, потоа следат шумите на површина од 740 ха, а пасиштата заземаат 537 ха. Според тоа, Иванковци има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти и земјоделска задруга. Иванковци е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.081 жители, од кои 886 биле Македонци и 272 жители Срби, а во 1994 година имала 874 жители, од кои 716 се Македонци, а 157 жители Срби.

**ИВАНЧИШТА** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Кичевската Котлина, во изворишното сливно подрачје на Треска, чиј атар се допира со просторот на областа Дебарца. Припаѓа на Оштината Другово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.070 метри. Од главниот пат Кичево-Охрид е оддалечено 1,1 км, а од централното место Кичево 18 км. Атарот на населбата зафаќа површина од 16 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 750 ха, потоа следат пасиштата на површина од 595 ха и обработливото земјиште со најмала површина од 197 ха. Во населбата постои пошта, продавници и има споменик за НОБ. Во 1961 година Иванчишта било средно по големина село, со 388 жители, а во 1994 година, по пат на еми грација на населението, преминало во мал населба, со 57 жители, македонско население.

**ИВАЊЕВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајнио северен дел на Битолското Поле, чиј атар, н тесен простор, се допира со територијата н Општината Тополчани, а инаку се наоѓа в состав на Општината Могила. Селото рамничарско, на надморска височина од 63 метри. Од главниот пат Битола-Прилеп селот е оддалечено околу пет километри, од неговат лева страна, а од централното место Битола 2 км. Атарот на населбата има средна големин од 17 км$^2$. На него доминира обработливот земјиште на површина од 898 ха, на пасиштат отпаѓаат 597 ха, а на шумите само 98 х Селото, во основа, има полјоделско-сточарск функција. Во него работи осумгодишн училиште, има фабрички погон, амбуланта пошта, продавници и др. Во 1961 годин Ивањевци било голема населба со 989 жители а во 1994 година преминало во средна населб со 673 жители, од кои 667 се Македонци, а пе жители Турци.

**ИВЕНИ** - Населбата се наоѓа во источниот де на Битолското Поле, односно во битолскио дел на Мариово и ѝ припаѓа на Општинат Старавина. Селото е планинско, на надморск височина од 940 метри. Од централното мест Битола тоа е оддалечено околу 40 км. Селот има релативно голем атар од 25 км$^2$. На нег преовладуваат пасиштата на површина од 1.97 ха, потоа следи обработливото земјиште н површина од 289 ха, додека на шумит отпаѓаат само 75 ха. Тоа, во основа, им полјоделско-сточарска функција. Во 1961 годи на Ивени броело 316 жители, но во 1994 година поради емиграцијата, населбата имала само 1 жители, македонско население.

**ИДРИЗОВО** - Населбата се наоѓа на територи јата на Општината Гази Баба, односно во неј ината приградска зона, во југоисточен праве од Скопје, на стариот пат кој што води о градот до Катланово, поточно недалеку о

автопатот, во истата насока. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 237 метри. Атарот на селото зафаќа површина од 7 км$^2$, од кои на обработливото земјиште отпаѓаат дури 624 ха, па според тоа, Идризово има исклучително полјоделска функција. Меѓутоа, населбата има и други неземјоделски дејности и се вбројува во групата на големите села, со пораст на својата популација. Така, Идризово во 1961 година броело 1.166 жители, од кои 804 биле Македонци, 204 Албанци, 129 Турци и 15 жители Срби, а во 1994 година 1.789 жители, од кои 1.036 се Македонци, 477 Албанци, 43 Турци, 21 Срби, тројца Роми и 209 жители - други.

**Ижиште** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Македонски Брод, во горното сливно подрачје на Треска, а чиј атар се допира со просторот на Општината Вранештица. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Од главниот пат Македонски Брод-Кичево селото е оддалечено малку повеќе од километар, а од централното место Брод 14 км. Атарот не е многу голем и зафаќа површина од 8 км$^2$. Од него на обработливото земјиште отпаѓаат 176 ха, на пасиштата 229 ха, а на шумите 313 ха. Ижиште е мало село, коешто во 1961 година броело 197 жители, а во 1994 година 79 жители, од кои 37 се Македонци, 23 Турци, еден Ром и 18 жители - други.

**Избишта** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Преспанската Котлина, односно, во северниот дел на територијата на Општината Ресен. Лежи на патот којшто од ова централно место води за Охрид. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 960 метри. Од градот Ресен селото е оддалечено околу пет километри. Атарот не е голем и зафаќа површина од 7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 422 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 180 ха, а на пасиштата симболична површина од само 21 ха. Во него има училиште до IV одделение. Избишта е мала населба, којашто во 1961 година броела 244 жители, македонско население, а во 1994 година 198 жители, од кои 194 се Македонци, а четири жители Срби.

**Извор** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Другово, на самиот пат Кичево-Охрид, во изворишното сливно подрачје на реката Треска. Селото е рамничарско, односно долинско, на надморска височина од 745 метри. Тоа е оддалечено од градскиот центар Кичево 14 км. Атарот на Извор е заеднички со селото Долна Душегубица, па затоа за него нема одделни катастарски податоци. Иако населбата е мала, во неа постои пошта, продавници, угостителски објекти, споменик за НОБ и др. Во 1961 година селото броело 163 жители, главно, доселени од околните места, а во 1994 година имало само 52 жители, од кои 50 се Македонци и двајца Срби.

**Извор** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Кумановското Поле, или областа Жеглигово, односно, во сливното подрачје на заезерената Липковска Река. Всушност, тоа лежи во рамките на Општината Липково, северно од општинското седиште. Населбата може да се смета како планинска, на надморска височина од 810 метри. Од градот Куманово таа е оддалечена 17 км. Атарот на селото не е голем и зафаќа површина од 5,8 км$^2$. Од него најголема површина зафаќаат шумите од 347 ха, потоа следи обработливото земјиште на површина од 163 ха и пасиштата со само 57 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата во 1961 година броела 354 жители, од кои 309 биле Турци, а 44 жители Албанци, а по пат на емиграција, бројот на популацијата во 1994 година се намалил на 30 жители, албанско население.

**Извор** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Бабуна, на порано мошне прометниот пат Велес-Прилеп, и денес претставува седиште и централно место на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена околу 25 км.

Атарот има средна големина и зафаќа простор од 18,6 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 791 ха, на шумите 608 ха, а на пасиштата 373 ха. Според тоа, селото има, главно, мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти, земјоделска задруга, а има и дом на културата и споменик за НОБ. Во 1961 година селото Извор броело 872 жители, од кои 856 биле Македонци, седум Турци, а четири жители Срби, додека во 1994 година преминало во средна населба со 506 жители, од кои 502 се Македонци и четири жители Срби.

**ИЗДЕГЛАВЈЕ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на на областа Дебарца, во сливното подрачје на реката Сатеска, а во рамките на Општината Белчишта. Таа, од главниот пат Охрид-Кичево е оддалечена 1,5 км, а од градот Охрид 34 км. Селото е рамничарско, на надморска височина од 800 метри. Атарот зафаќа мал простор од 7,4 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 284 ха, на шумите 336 ха, а на пасиштата само 21 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има подрачно основно училиште до IV одделение, две продавници и угостителски објект, потоа, подигнати се спомен-плоча посветена на првиот свештенички собир, како и спомен-чешма за паднатите борци во НОБ. Издеглавје во 1961 година броело 566 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 150 жители, македонско население.

**ИЛИНДЕН** - Оваа населба, која што порано ѝ припаѓала на скопската градска општина Гази Баба и којашто лежи во рамничарскиот дел на Скопската Котлина, денес претставува седиште и централно место на истоимената Општина. За неа не се евидентирани катастарски податоци. Со оглед на тоа дека Илинден не е исклучително рурална населба, таа има и други бројни неземјоделски дејности, па затоа, по пат на имиграција, прераснала во голема населба. Така, во 1981 година, откога се води во статиститиката, населбата броела 4.077 жители, а в 1994 година 4.321 жители, од кои 3.702 с Македонци, 224 Албанци, 194 Срби, 10 Роми 190 жители се изјасниле како - други.

**ИЛИНО** - Населбата наполно е раселена п 1981 година, кога што броела двајца жители Селото се наоѓало во северниот дел в Преспанската Котлина, во Општината Ресен на надморска височина од 1.020 метри.

**ИЛИОВО** - Населбата се наоѓа на крајнио северозападен дел на територијата н Општината Делчево, од левата страна н Брегалница, чиј атар се допира со просторот н Општината Виница. Селото е ридско, чии куќ лежат на надморска височина од 600 до 66 метри. Од главниот пат Делчево-Кочани насел бата е оддалечена 3,5 км, а од градот Делчев 15 км. Атарот зафаќа површина од 14,4 км$^2$. С него на обработливото земјиште отпаѓаат 36 ха, на шумите 756 ха, а на пасиштата 96 х Според тоа, селото има, во основа, полјодел ско-шумарска функција. Илиово во 1961 годин имало 528 жители, а во 1994 година бројот с намалил на 170 жители, македонско населени

**ИЛОВИЦА** - Оваа голема населба се наоѓа в источниот дел на Струмичкото Поле, в рамките на Општината Босилово, чиј атар с издига до сртот на планината Огражден, ка што се допира со просторот на Општинат Берово. Населбата е рамнинска, на надморск височина од 282 метри. Од градот Струмица оддалечена 17 км. Атарот на селото има средн големина и зафаќа површина од 22,2 км$^2$. С него на шумите отпаѓаат 1.289 ха, н обработливото земјиште 685 ха, а на пасиштат 113 ха. Од тие причини селото има полјоделск шумарска функција. Во него работи осумг дишно училиште, има продавници, угостител ки објекти, урбанистички план и др. Иловиц во 1961 година имала 1.557 жители, од кои 1.3 биле Македонци, 250 Турци, а тројца жител

Срби, а во 1994 година бројот на популацијата се зголемил на 1.912 жители, од кои 1.602 се Македонци, 242 Турци, и 41 Роми.

**Инево** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Радовиш, под североисточната падина на планината Смрдешник, а на патот од Радовиш за Конче, во изворишниот дел на Крива Лакавица. Од централното место Радовиш селото е оддалечено околу пет километри. Тоа има рамнинско - ридска локација, на надморска височина од 480 метри. Атарот зафаќа средна површина од 22 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.329 ха, на пасиштата отпаѓаат 366 ха, а на шумите 206 ха. Според тоа, селото има, главно, полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, пошта, продавници и др. Во 1961 година Инево имало 922 жители, од кои 917 биле Македонци, а пет жители Срби, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.546 жители, македонско население.

**Инче** - Оваа мала населба ѝ припаѓа на Општината Самоков, во областа Поречје, во средното сливно подрачје на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Атарот е релативно мал и зафаќа површина од 6,3 км², на којшто доминираат шумите на површина од 564 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат 63 ха, а на пасиштата само 20 ха. Во однос на бројот на населението, селото не било големо ниту во поранешните пописни години. Така, тоа во 1961 година броело 158 жители, а во 1994 година уште помалку, само 45 жители, македонско население.

**Истибања** - Оваа голема населба се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Виница, заземајќи локација и на патот Кочани-Делчево. Се смета за рамничарска населба, на надморска височина од 380 метри. Од централното место Виница селото е оддалечено околу 7,5 км. Атарот е релативно голем и зафаќа површина од 26,3 км². На него доминираат пасиштата со површина од 1.523 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 636 ха, а на шумите 331 ха. Според тоа, населбата има полјоделско-сточарска функција. Во Истибања работи осумгодишно училиште, има амбуланта, урбанистички план, услужни објекти, земјоделска задруга, споменик на паднатите борци од Февруарскиот поход и др. Во 1961 година населбата имала 1.030 жители, од кои 899 биле Македонци, 18 Турци и 111 жители други, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.418 жители, од кои 1.402 се Македонци, а 12 жители Власи.

# Ј

**Јабланица** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струшкото Поле, а на крајната јужна страна на територијата на Општината Луково, чиј атар високо се издига кон планината Јабланица. Селото може да се смета како планинско, на надморска височина од 840 метри. Од градскиот центар Струга тоа е оддалечено 25 км. Има мошне голем атар, кој што зафаќа површина од 39 км². На него шумите заземаат површина од 1.925 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.548 ха, а на обработливото земјиште 312 ха. Според тоа, во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, услужни објекти и др. Во 1961 година Јабланица била голема населба со 1.488 жители, речиси целосно македонско население, додека во 1994 година таа преминала во средна по големината населбата, со 741 жители, од кои 736 се Македонците, а пет жители Турци.

**Јаболци** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, во горното

сливно подрачје на Маркова Река. Лоцирана е, речиси, во средишниот дел на Општината Сопиште, а атарот се издига високо до сртот на планината Караџица. Селото е планинско, на надморска височина од 711 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 17 км. Има мошне голем атар на површина од 50,4 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.727 ха, потоа следат шумите на површина од 1.861 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат 429 ха. Според тоа селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година Јаболци било средно по големина село, со 563 жители, од кои 352 биле Македонци, 147 Албанци, 58 Турци, а пет жители Срби, но поради засилена емиграција, во 1994 година се забележани само 66 жители, од кои 36 се Македонци и 30 жители Албанци.

**ЈАВОРЕЦ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Кичевската Котлина, во горното сливно подрачје на реката Треска, а во состав на територијата на Општината Другово. Селото е ридско, на надморска височина од околу 1.000 метри. Од градот Кичево тоа е оддалечено девет километри. Атарот му е мал и зафаќа површина од 6,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 476 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 94 ха, а на пасиштата само 32 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Јаворец популациски е мала населба, којашто во 1961 година броела 139 жители, а во 1994 година само седум жители, македонско население.

**ЈАГОЛ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Осломеј, во североисточниот дел на Кичевската Котлина, чиј атар се допира со просторот на Општината Зајас. Селото е рамничарско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Кичево селото е оддалечено 15 км. Атарот е мал и зафаќа површина од 5,5 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 173 ха, на пасиштата 202 ха, а на шумите 143 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Јагол е средна по големина населба, чиј број на населението многу не се променил. Така, во 1961 година Јагол броело 366 жители, од кои 251 биле Албанци, а 113 жители Македонци, а во 1994 година 362 жители, од кои 351 се Албанци, а 11 жители Македонци.

**ЈАГОЛ ДОЛЕНЦИ** - Оваа населба лежи во североисточниот дел на Кичевската Котлина, а во рамките на територијата на Општината Осломеј. Селото е рамничарско, на надморска височина од 750 метри. Од централното место Кичево тоа е оддалечено околу 17 км. Атарот е мошне мал, со површина од 3,9 км$^2$ на којшто најголема површина заземаат пасиштата од 230 ха, на шумите отпаѓаат 75 ха, а на обработливото земјиште 72 ха. Во него се наоѓа подрачно основно училиште до IV одделение. Јагол Доленци било, како што е и денес, мала населбата, којашто во 1961 година броела 143 жители, а во 1994 година само 17 жители, македонско население.

**ЈАЖИНЦЕ** - Оваа населба се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Вратница, а на крајниот североисточен дел на Долни Полог, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со СР Југославија, односно Косово. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градскиот центар Тетово населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа површина од 13,2 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 214 ха, на пасиштата 524 ха, а на шумите 406 ха. Во однос на земјоделството, Јажице има, главно, мешовита функција. Во него работи подрачно основно училиште до IV одделение и има разни услужни објекти. Во 1961 година Јажинце броело 601 жители, а во 1994 година тоа преминало во групата на големи села со 870 жители, албанско население.

**ЈАКИМОВО** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Виница, недалеку северно од градот и од патот Виница-Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Од централното место Виница, Јакимово е оддалечено 2,3 км. Атарот не е голем и зафаќа површина од 5 км$^2$

На него доминира обработливото земјиште на површина од 313 ха, на пасиштата отпаѓаат 144 ха, а на шумите симболична површина од само 2,5 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и други услужни објекти и урбанистички план. Оваа населба, по пат на значителна понова имиграција, прераснала од, речиси, мало, во големо населено место. Така, Јакимово во 1961 година броело 311 жители, од кои 267 биле Македонци, 27 Турци и 16 жители - други, а во 1994 година дури 928 жители, од кои 915 се Македонци, а 12 Власи.

**ЈАКРЕНОВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е планинско, на надморска височина од 730 метри. Од градот Крушево тоа е оддалечено околу 16 км. Има мал атар од само 4 км$^2$, на кој што на шумите отпаѓаат 189 ха, на пасиштата 110 ха, а на обработливото земјиште 95 ха. Јакреново е мала населба, без некои значителни промени на бројот на популацијата. Така, тоа во 1961 година броело 239 жители, турско население, а во 1994 година 211 жители, од кои 98 се Турци, 84 Албанци и 29 - други.

**ЈАМИШТЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Злетово, на јужните огранки на Осоговските Планини, а чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Кратово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.050 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена малку повеќе од 20 км. Атарот зафаќа површина од 19,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.393 ха, потоа следат пасиштата на површина од 423 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 132 ха. Во основа, населбата има мешовита земјоделска функција. Јамиште е мало населено место, кое што е на пат наполно да се расели. Така, тоа во 1961 година броело 203 жители, а во 1994 година само 10 жители, македонско население.

**ЈАМУЛАРИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 80 жители, албанско население. Селото се наоѓало, непосредно до реката Брегалница, на западната страна од Општината Штип, на надморска височина од 290 метри, а атарот зафаќал површина од 13,3 км$^2$.

**ЈАНКОВЕЦ** - Оваа населба се наоѓа во северниот дел на Преспанската Котлина, недалеку северно од градот Ресен, односно во рамките на Општината Ресен. Јанковец припаѓа на рурбалната зона на градот, бидејќи со него веќе просторно се допира. Тоа лежи на патот Ресен-Охрид и е рамничарска населба, на надморска височина од 890 метри. Атарот зафаќа површина од 9,1 км$^2$. На обработливото земјиште отпаѓаат 312 ха, на шумите 450 ха, а на пасиштата само 99 ха. Сепак, Јанковец има, главно, полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, продавници и други услужни објекти, споменик за НОБ и друго. Јанковец е голема населба со пораст на својата популација. Така, во 1961 година населбата броела 747 жители, а во 1994 година 1.214 жители, од кои 1.177 се Македонци, 18 Турци, 10 Власи и седум Срби.

**ЈАНУЗЛИЈА** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Карбинци, во средното сливно подрачје на Брегалница, а на северозападните огранки на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од централното место Штип населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од 3,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 174 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат само 40 ха, а на пасиштата, уште помалку, 6,6 ха. Јанузлија е мало село кое што во 1961 година броело само осум жители, а во 1994 година пораснало на 24 жители, турско население.

**ЈАНЧЕ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Ростуша, непосредно од левата страна на реката Радика и на патот Гостивар-Дебар, а на југозападната падина на планината Бистра. Населбата е планинска, на надморска височина од 760 метри. Селото нема голем атар и зафаќа површина од само 4,8 км². На него доминираат шумите на површина од 469 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат само 31 ха, а на пасиштата 27 ха. Јанче е мала населба, која што во 1961 година броела 165 жители, а во 1994 година 155 жители, од кои 133 се Македонци, девет Труци, двајца Албанци и 11 жители - други.

**ЈАНЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Долни Полог, на алувијалната рамнина на реката Вардар, од неговата лева страна, а во рамките на Општината Јегуновце. Селото е рамнинско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 18 км. Атарот не е голем и зафаќа површина од 5,1 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 395 ха, на шумите отпаѓаат 83 ха, а на пасиштата само 16 ха. Селото има полјоделска функција. Во него има подрачно основно училиште до IV одделение и неколку услужни објекти. Во непосредна близина на населбата има црква „Св. Никола", која што веројатно потекнува од почетокот на XIV век. Јанчиште е средна по големина населба, која што во 1961 година броела 641 жители, а во 1994 година 610 жители, од кои 564 жители се Македонци, а 46 Срби.

**ЈАРГУЛИЦА** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Радовишкото Поле, во состав на Општината Подареш, а селскиот атар се допира со просторот на Општината Радовиш. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 17,5 км. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 340 метри. Атарот зафаќа површина од 18 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.018 ха, обработливото земјиште зазема површина од 521 ха, а пасиштата 142 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има подрачно основно училиште до IV одделение и разни услужни објекти. Јаргулица е средна по големина населба, којашто во 1961 година броела 627 жители од кои 520 биле Македонци, а 97 жители Турци, а во 1994 година 811 жители, од кои 809 се Македонци, а двајца жители Турци.

**ЈАСТРЕБНИК** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Кочани, во средното сливно подрачје на Кочанска Река. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 960 до 1.040 метри. Од градот Кочани населбата е одалечена 14 км. Атарот има средна големина, на површина од 20 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 220 ха, на пасиштата отпаѓаат 767 ха, а на шумите 863 ха, па според тоа, селото има, главно, мешовита земјоделска функција. Од Јастребник се иселил значителен број од неговата популација. Така, во 1961 година населбата броела 401 жители, а во 1994 година само 66 жители, македонско население.

**ЈАЧИНЦЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Клечевце, во поранешната Општина Куманово, непосредно од левата страна на Крива Река. Селото е ридско, на надморска височина од 400 до 460 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа површина од 7,8 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 570 ха, на пасиштата отпаѓаат 137 ха, а на шумите само три хектари. Населбата има полјоделска функција. Од Јачинце се иселил значителен број од неговото население, па така, тоа бројно се намалило од 500 жители во 1961 година, на само 94 жители во 1994 година, македонско население.

**ЈЕГУНОВЦЕ** - Оваа голема населба се наоѓа во североисточниот дел на Долни Полог, лоцирана непосредно од левата страна на реката Вардар, и претставува седиште и централно место на истоимената Општина. Селото е

рамничарско, бидејќи лежи на алувијалната рамнина на Вардар, на надморска височина од 390 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа површина од 9,9 км$^2$. На него најголема површина зазе-маат шумите од 665 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 239 ха, а на пасиштата само хектар. Во однос на земјоделството, селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има два фабрички погони, дом на културата, амбуланта, пошта, продавници и други услужни објекти. Јегуновце е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.068 жители, од кои 965 биле Македонци, 36 Албанци, 25 Срби, 18 Хрвати, шест Словенци, 17 жители - други, а во 1994 година 868 жители, од кои 785 се Македонци, 42 Роми, 29 Срби, еден Влав и 11 жители - други.

**ЈЕДОАРЦЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Долни Полог, во состав на Општината Цепчиште, недалеку од општинскиот центар, во северен правец. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 6,5 км. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од само 1,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 49 ха, на пасиштата отпаѓаат 24 ха, а на шумите 68 ха. Во селото постои црква „Св. Никола", којашто веројатно била подигната во првата половина на XIV век, бидејќи е забележано дека таа била подарена на манастирот Хиландар во 1348 година. Инаку Једоарце е мошне мала населба, којашто уште во 1961 година броела само 37 жители, а во 1994 година 11 жители, македонско население.

**ЈЕЛОВЈАНЕ** - Оваа населба се наоѓа во Долни Полог, односно, во средишниот дел на Општината Камењане, на југоисточната падина на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.200 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот е релативно голем и зафаќа површина од 24,9 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.670 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 416 ха, а на шумите 211 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и услужни објекти. Јеловјане популациски е средна по големина населба, којашто во 1961 година броела 687 жители од кои 658 биле Турци, 24 Албанци и тројца жители Македонци, а во 1994 година селото имало 719 жители, од кои 670 се Турци, 18 Албанци, двајца Македонци и четворица Срби.

**ЈЕЛОШНИК** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 18 жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Теарце, под југоисточната падина на Шар Планина, на надморска височина од 900 метри. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$.

**ЈОСИФОВО** - Оваа голема населба се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Валандово, на патот Валандово-Удово, чиј атар на тесен дел се допира со Гевгелиското Поле, односно со територијата на Општината Миравци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 68 метри. Од гратчето Валандово населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа површина од 19 км$^2$, на којшто преовладува обработливото земјиште со 809 ха, на пасиштата отпаѓаат 476 ха, а на шумите 390 ха. Според тоа, во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училште, има амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга, продавници и други услужни објекти. Јосифово е голема населба, којашто во 1961 година броела 951 жители, од кои 628 биле Македонци, 248 Срби, 46 Црногорци, 22 Турци и седум жители Хрвати, а во 1994 година, двојно повеќе, односно 1.721 жители, од кои 1.276 се Македонци, 241 Турци и 185 Срби.

**ЈУДОВО** - Населбата се наоѓа во состав на Општината Другово, во горното сливно подрачје на реката Треска, од нејзината десна страна, а чиј атар се допира со областа Дебарца.

Селото е планинско, на надморска височина од 850 метри. Од градот Кичево селото е оддалечено 12,5 км. Атарот зафаќа површина од 8,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 528 ха, на пасиштата отпаѓаат 225 ха, а на обработливото земјиште 64 ха. Јудово е мала населба со тенденција на раселување. Таа во 1961 година броела 239 жители, а во 1994 година само 46 жители, македонско население.

**Јурумлери** - Оваа голема населба се наоѓа во приградската зона на Општината Гази Баба, југоисточно од Скопје, од *левата страна на* реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 227 метри. Атарот на населбата е мал и зафаќа простор од 4,6 км$^2$. На него, речиси, целосно доминира обработливото земјиште на површина од 371 ха, на пасиштата отпаѓаат 3,5 ха, а на шумите само 1,7 ха. Според тоа, селото има исклучително полјоделска функција. Како приградска, Јурумлери е голема населба, со добра инфраструктура и разни неземјоделски дејности. Таа во 1961 година броела 1.057 жители од кои 846 биле Македонци, 34 Албанци, 19 Срби, двајца Турци и 151 жители - други, а во 1994 година дури тројно се зголемила и имала 3.326 жители, од кои 2.865 се Македонци, 308 Роми, 69 Срби, 28 Албанци, четири Власи и 52 жители - други.

# К

**Кавраk** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Кратово, чиј атар високо се издига на Осоговските Планини и се допира со просторот на Општината Крива Паланка. Селото е планинско, на надморска височина од 1.360 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 363 ха, обработливото земјиште 220 ха, а на пасиштата отпаѓаат 127 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Каврак е мала населба, којашто во 1961 година броела 223 жители, а во 1994 година 71 жители, македонско население.

**Кадино** - Оваа голема населба се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Илинден, јужно од ова седиште, а чиј атар се допира со просторот на Општината Гази Баба. Селото е рамничарско, на надморска височина од 225 метри. Лежи недалеку од главниот пат Скопје - Куманово, а од градот Скопје е оддалечено *19* км. Атарот зафаќа површина од 8,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 612 ха, на пасиштата отпаѓаат 59 ха, а на шумите само симболични 1,1 ха. Според тоа, селото има исклучително полјоделска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Илија", којашто, веројатно, потекнува од средовековниот период, а е обновена во поново време. Кадино е голема населба, која што во 1961 година броела 922 жители, од кои 749 биле Македонци, 162 Срби и пет жители Албанци, а во 1994 година 1.727 жители, од кои 1.481 се Македонци, 146 Срби, 24 Албанци и 74 жители се изјасниле како - други.

**Кадино Село** - Населбата е наоѓа на јужниот простор на Прилепското Поле, односно во југозападниот дел на територијата на Општината Прилеп, меѓу двата пата коишто водат од Прилеп за Битола и од Прилеп за Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 612 метри. Од градот Прилеп селото е оддалечено 12,5 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 957 ха, на пасиштата отпаѓаат само 17 ха, а на шумите пет хектари. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници и споменик за НОБ. Селото е средно по големина, но со намалување на бројот на популацијата. Така, во 1961 година Кадино Село броело 564 жители, а во 1994 година 314 жители, македонско население.

**Кадрифаково** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Свети Николе, односно во Овче Поле, и лежи на старата траса на патот за Штип и нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Штип. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Свети Николе селото е оддалечено 13 км. Атарот зафаќа простор од 8,4 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 411 ха, обработливотоземјиште 355 ха, а на шумите отпаѓаат само 3,5 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска фунција. Во него работи основно подрачно училиште до IV одделение, има фабрички погон, продавници и друго. Кадрифаково е мала населба, којашто во 1961 година броела 280 жители, а во 1994 година 180 жители, македонско население.

**Кажани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Цапарското Поле, на старата патна траса Битола - Ресен и припаѓа на општинскиот центар Цапари. Селото се смета за ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Битола селото е оддалечено 19 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 364 ха, на пасиштата отпаѓаат 123 ха, а на шумите 315 ха, но, сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Во него има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, споменик за НОБ и др. Кажани е мала населба, којашто во 1961 година броела 134 жители, од кои 98 биле Македонци, 34 Турци и двајца жители Срби, а во 1994 година 104 жители, од кои 73 се Македонци, 26 Албанци, а пет жители Турци.

**Казан Дол** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар се допира со простор на Општината Богданци. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена околу осум километри. Атарот има средна големина, на површина од 18,6 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.194 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 308 ха, а на пасиштата 301 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Од Казан Дол се иселила третина од населението, бидејќи во 1961 година селото броело 409 жители, од кои 399 биле Турци, четворица Албанци и шест жители други, а во 1994 година 152 жители, турско население.

**Калањево** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела шест жители, македонско население. Населбата се наоѓала во крајниот источен дел на Општината Неготино, под јужната падина на планината Серта, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 27,5 $км^2$.

**Калапетровци** - Ова мало село се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Штип, во изворишното сливно подрачје на реката Отиња, чиј атар се допира со просторот на Општината Радовиш. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа површина од 14,7 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 605 ха, на пасиштата отпаѓаат 409 ха, а на обработливото земјиште 362 ха, така што, селото има мешовита земјоделска функција. Калапетровци е мала населба, којашто е на пат наполно да се расели. Така, во 1961 година селото броело 145 жители, од кои 134 биле Македонци, осум Срби и двајца жители Турци, а во 1994 година само четири жители, македонско население.

**Калаузлија** - Оваа мала населба се наоѓа на територијата на Општината Радовиш, на падините на Плачковица, недалеку од градот, во североисточен правец. Селото е планинско, на надморска височина од 610 метри. Атарот зафаќа простор од 8,8 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 569 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 133 ха, а на пасиштата 127 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи подрачно основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Калаузлија е мала

населба, но со пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 36 жители, а во 1994 година 235 жители, турско население.

**Калаузлија** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Карбинци, во поранешната општина Штип, на северозападните огранки на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 19 км. Атарот на селото е мал и зафаќа простор од 4,7 км$^2$, на кој што обработливото земјиште зафаќа 62 ха, пасиштата 120 ха, а шумите 110 ха. Селото нема некоја значајна земјоделска функција. Од тие причини Калаузлија е мала населба, којашто во 1961 година броела 56 жители од кои 44 биле Македонци, а 12 жители Турци, а во 1994 година 72 жители, од кои 57 се Турци, а 15 жители Македонци.

**Калдирец** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 40 жители, 35 Албанци и пет жители Турци. Селото се наоѓа во Општината Студеничани, од левата страна на Кадина Река, на надморска височина од 740 метри. Атарот зафаќа простор од 6,3 км$^2$.

**Кален** - Ова мало село се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Витолиште, во прилепскиот дел на Мариово, недалеку од патот Прилеп-Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 26 км. Кален има релативно голем атар, на површина од 22,6 км$^2$. На него доминираат пасиштата со 1.433 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 533 ха, а на шумите само 52 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Од Кален се иселил значителен дел од неговото население, па затоа тоа бројно се намалило од 336 жители во 1961 година, на 38 жители во 1994 година, македонско население.

**Калиманци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Виница, непосредно до патот Кочани-Делчево, а од левата страна на Брегалница, односно од нејзината заезерена долина. Селото е ридско, на надморска височина од 840 до 880 метри. Од гратчето Виница населбата е оддалечена 17,5 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 27,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.224 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 826 ха, а на пасиштата 644 ха. Според тоа, Калиманци има мешовита земјоделска фунција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и услужни објекти. Калиманци е средна по големина населба, којашто во 1961 година броела 886 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 311 жители, македонско население.

**Калишта** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Струга, чиј атар и дел од селото се допира со северозападниот брег на Охридското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 696 метри. Од градот Струга е оддалечено околу 3,5 км. Населбата има мал атар, на простор од 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 180 ха, на шумите отпаѓаат 108 ха, а на пасиштата само 52 ха. Селото има полјоделска функција, а дел од домаќинствата се занимаваат и со риболов. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Непосредно до селото, на западниот брег на Езерото, постои манастирот Калиште, односно, црква посветена на Св. Богородица. Светилиштето е сместено во карпите и е од типот на средновековните цркви. Се смета дека таа била позната уште во XIV век и имала испосничка намена. Живописот е од XIV и XV век. Калишта е голема населба, којашто во 1961 година броела 667 жители од кои 596 биле Албанци, а 67 жители Македонци, а во 1994 година 992 жители, од кои 901 се Албанци, 89 Македонци и двајца жители Срби.

**Калиште** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во средишниот дел на територијата на Општината Неготино-Полошко, а нејзиниот атар се издига на југоисточната падина на Шар Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Гостивар

населбата е оддалечена 16 км. Атарот е среден по големина и зазема простор од 22 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.107 ха, пасиштата заземаат 804 ха, а обработливото земјиште 242 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Калиште е голема населба и во 1961 година броело 795 жители, од кои 491 биле Албанци, 251 Турци, 49 жители муслимани (етничка припадност), а во 1994 година 835 жители, албанско население.

**КАЛНИШТЕ** - Оваа населба се наоѓа на територијата на Општината Пробиштип и поради близината до централното место, припаѓа во рурбалната зона на ова гратче. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 540 метри. Ова село не се води во катастарската евиденција. Калниште, како приградска населба, популациски мошне нараснало. Така, во 1961 година населбата броела 582 жители, а во 1994 година дури 1.593 жители, од кои 1.574 се Македонци, 12 Срби и двајца жители Роми.

**КАЛУГЕРЕЦ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Општината Самоков, во областа Поречје, непосредно од левата страна на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри, а од поранешното централно место Македонски Брод селото е оддалечено 29 км. Атарот зафаќа простор од 6,7 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 423 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 56 ха, а на пасиштата само 24 ха. Калугерец е мала населба, којашто во 1961 година броела 162 жители, а во 1994 година 73 жители, македонско население.

**КАЛУГЕРИЦА** - Оваа голема населба се наоѓа на јужниот дел на Радовишкото Поле, односно, на јужната страна на територијата на Општината Радовиш, недалеку од патот Радовиш-Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Радовиш, населбата е оддалечена 12 км. Атарот зазема простор од 15,5 $км^2$, и се протега, како на рамничарскиот дел на Радовишкото Поле, така и на падината на планината Смрдешник. На него преовладуваат шумите на површина од 881 ха, на обработливото земјиште припаѓаат 151 ха, а на пасиштата само 55 ха. Според тоа, населбата има полјоделско-шумарска функција. Во селото работи осумгодишно училиште, има пошта и услужни објекти. Во 1961 година Калугерица броела 572 жители, од кои 456 биле Македонци, 110 Турци и четири жители Срби, а во 1994 година преминала во голема населба со 812 жители, од кои 697 се Македонци, и 113 жители Турци.

**КАМЕН ДОЛ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Росоманското Поле, од левата страна на Црна Река и ѝ припаѓа на територијата на Општината Росоман, недалеку од патот Градско-Прилеп. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 362 ха, на пасиштата отпаѓаат 359 ха, а на шумите само 4,5 ха. Селото има, главно, полјоделска функција. Камен Дол е мала населба, којашто во 1961 година броела 155, а во 1994 година 110 жители, македонско население.

**КАМЕНИЦА** - Населбата, којашто припаѓала на Општината Делчево, денес е позната под името Македонска Каменица и е седиште на истоимената Општина, чиј атар се допира со просторите на општините Делчево, Оризари и Виница и лежи на патот Кочани-Делчево. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 640 метри, лоцирана недалеку од вештачкото езеро Калиманци. Атарот зафаќа простор од 14,3 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 742 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 396 ха, а на пасиштата 128 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделско-шумарска функција. Но, со оглед на тоа дека Каменица се развива како рударска населба, во комплексот на рударската зона Саса, таа веќе има лик на гратче. Така, во Македонска Каменица работи осумгодишно училиште, има три фабрички погони, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, повеќе продавници и угостителски објекти,

урбанистички план и др. Каменица станала мошне привлечно имиграциско место, па затоа бројот на населението значително нараснал и тоа од 782 жители македонско население во 1961 година, на 4.334 жители во 1994 година, од кои 4.257 се Македонци, 30 Срби, 26 Роми и шест жители Турци.

**Камењане** - Оваа голема населба се наоѓа во југозападниот дел на Долни Полог, недалеку од десната страна на патот Тетово-Гостивар. Камењане денес е централно место и седиште на истоимената Општина. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 500 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 450 ха, на шумите отпаѓаат 93 ха, а на пасиштата само 11 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во Камењане работи осумгодишно училиште, амбуланта, пошта, има земјоделска задруга, урбанистички план, споменик за НОБ и разни услужни објекти. Камењане припаѓа на групата големи селски населби и претставува имиграционо место. Така, во 1961 година населбата броела 2.313 жители, од кои 2.252 биле Албанци, 40 Турци и осум жители Македонци, а во 1994 година 4.080 жители, од кои 4.072 се Албанци и тројца жители - други.

**Канарево** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, недалеку од левата страна на патот Куманово-Страцин-Крива Паланка. Селото е ридско, на надморска височина од 400 до 490 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 23 км. Атарот зафаќа простор од 13,3 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на 759 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 480 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска фунција. Во Канарево се наоѓа средновековна црква „Св. Ѓорѓи", но којашто била разурната. Не е познато точно кога била изградена. Од оваа населба се иселил значителен број од населението, така што, популацијата се намалила од 518 жители во 1961 година, на 129 жители во 1994 година, македонско население.

**Канатларци** - Оваа голема населба се наоѓа на крајниот јужен дел на Прилепското Поле, на преодот спрема Битолското Поле, и нејзиниот атар се допира со територијата на Општината Добрушево. Инаку, населбата ѝ припаѓа на Општината Тополчани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Прилеп селото е одалечено околу 24 км. Атарот има средна големина и зафаќа простор од 21,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.639 ха, на пасиштата отпаѓаат 249 ха, а на шумите само 69 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и услужни објекти. Канатларци е голема населба, но со негативно популациско салдо. Така, во 1961 година населбата броела 1.523 жители, од кои 916 биле Турци, 575 Македонци, шест Срби и 18 жители муслимани (етничка припадност) а во 1994 година 990 жители, од кои 771 се Албанци, 184 Македонци и 34 жители - други.

**Канино** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Битолското Поле, односно, во средишниот дел на територијата на Општината Бистрица, недалеку од потпланинскиот локален пат Битола-Бистрица-гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 12 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 259 ха, на пасиштата отпаѓаат 161 ха, а на шумите 96 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Канино е мала населба, којашто во 1961 година броела 213 жители, а во 1994 година 127 жители, македонско население.

**Капиново** - Оваа, речиси, раселена населба, се наоѓа во изворишното сливно подрачје на реката Бабуна и ѝ припаѓа на територијата на

Општината Богомила. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Велес е оддалечено околу 50 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 107 ха, на шумите отпаѓаат 153 ха, а на пасиштата само 10 ха. Капиново е најмала населба во Општината Богомила, која што во 1961 година броела 69 жители, а во 1994 година, само еден жител.

**Карабичане** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од десната страна на патот Куманово-Белград, а од градот Куманово е оддалечена 14 км. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 200 ха, на пасиштата отпаѓаат 139 ха, а на шумите 63 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во Карабичане, во урнатини, се наоѓа манастирот „Св. Димитрие", но не е познато кога бил изграден. Исто така, во оваа населба се наоѓа црква „Св. Троица", којашто потекнува од средновековниот период, но во почетокот на овој век била во урнатини. Инаку, населбата е мала, и во 1961 година броела 324 жители од кои 309 биле Срби, осум Македонци и шест жители Хрвати, а во 1994 година 53 жители, од кои 51 се Срби, а двајца жители Македонци.

**Карабуниште** - Оваа мала населба се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Велес, издигната од десната страна на реката Вардар од нејзиниот излез од Таорската Клисура. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Атарот зафаќа простор од 12,6 км$^2$. На обработливото земјиште отпаѓаат 69 ха, на пасиштата 39 ха, а на шумите 1.106 ха. Селото е мало и во 1961 година броело 109 жители, а во 1994 година само двајца жители, и е на пат наполно да се расели.

**Кара Лобаси** - Населбата наполно е раселена по 1953 година, кога што броела 146 жители, турско население. Населбата се наоѓала во северниот дел на Општината Радовиш, под јужната страна на планината Плачковица, на надморска височина од околу 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 1,7 км$^2$.

**Карамани** - Населбата се наоѓа во рамничарскиот дел на Битолското Поле, североисточно од градот, и ѝ припаѓа на територијата на Општината Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 570 метри. Од Битола е оддалечено околу осум киломери. Атарот зафаќа простор од 7,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 670 ха, на пасиштата отпаѓаат само 25 ха, додека шуми нема. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Карамани е средна по големина населба, која што во 1961 година броела 496 жители, а во 1994 година 362 жители, македонско население.

**Каратманово** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на крајната западна страна на територијата на Општината Лозово, а чиј атар се допира со просторот на Општината Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.300 ха, на пасиштата отпаѓаат 121 ха, додека шуми нема. Според тоа, селото има исклучително полјоделска функција. Каратманово е средна по големина населба, со нешто намален број на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 619 жители, од кои 535 биле Македонци, 76 Турци, четворица Албанци и двајца жители Срби, а во 1994 година 469 жители, македонско население.

**Карацалар** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 14 жители, турско население. Населбата се наоѓала во северниот дел на Општината Радовиш, под јужната падина на планината Плачковица, на надморска височина од околу 1.000 метри. Атарот зафаќа површина од 2,5 км$^2$.

**Карбинци** - Оваа населба се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Брегалница, недалеку од нејзината лева страна. Карбинци претставува седиште и централно место на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 293 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 7,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земијште на површина од 574 ха, на пасиштата отпаѓаат 66 ха, а на шумите 55 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, оранжерија, продавници и други услужни објекти. Во селото има црква „Св. Врача", којашто потекнува од периодот пред XIV век, бидејќи се споменува дека во 1348 година, царот Душан црквата ја приложил на манастирот Хилендар. Карбинци е средна по големина населба, со пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата броела 537 жители, од кои 500 биле Македонци, 15 Срби, деветмина Турци и 11 жители неопределени, а во 1994 година 643 жители, македонско население.

**Карбуница** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во југозападниот дел на Општината Вранештица, недалеку од патот Кичево-Демир Хисар, а нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Другово. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена малку повеќе од осум километри. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 390 ха, на шумите отпаѓаат 563 ха, а на пасиштата 126 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има споменик за НОБ и услужни објекти. Карбуница е мала населба, којашто во 1961 година броела 240 жители, а во 1994 година 81 жители, македонско население.

**Карловце** - Ова мало село се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, а од левата страна на реката Пчиња, односно, во нејзиното горно сливно подрачје. Селото е ридско, на надморска височина од 405 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено околу 30 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 132 ха, на пасиштата отпаѓаат 110 ха, а на шумите само 29 ха. Тоа има, главно, полјоделска функција. Карловце е мала населба, којашто во 1961 година броела 77 жители, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**Карпош** - Оваа населба, којашто не е селска, евидентирана е по 1961 година и ѝ припаѓа на Општината Куманово. Всушност, таа е приградска населба во рурбалната зона на Куманово и има рамничарски карактер. За неа не постојат катастарски податоци, но во неа работи осумгодишно училиште, има пошта, продавници, разни услужни објекти и спомен биста на Магдалена Антова. Во 1971 година во населбата имало 2.479 жители, а во 1994 година се забележани дури 4.540 жители, од кои 4.080 се Македонци, а 454 жители Срби, односно, Карпош станала привлечна имиграциона населба.

**Катланово** - Оваа населба се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, а речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Петровец. Таа лежи непосредно во долината на реката Пчиња, недалеку од Катлановската Бања, непосредно до автопатот Скопје-Велес-Гевгелија. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 240 метри. Од градот Скопје селото е оддалечено 27 км. Атарот е среден по големина и зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 538 ха, на пасиштата отпаѓаат 621 ха, а на шумите 165 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделско-сточарска функција, но во неа има и објекти од неземјоделски дејности, главно, од услужен карактер. Катланово е населба со средна големина, без значителни промени во бројот на населението. Така, во 1961 година населбата имала 762 жители, од кои 507 биле Македонци, 174 Албанци, 27 Срби и осум жители Турци, а во 1994 година 766 жители, од кои 433 се

Македонци, 230 Албанци, 65 Роми, 14 Турци и 14 жители Срби.

**Кепекчелија** - Населбата се наоѓа во повисокиот, југоисточен дел на територијата на Општината Карбинци, а во поранешната Општина Штип. Таа лежи на северозападните огранки на планината Плачковица, на надморска височина од 830 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена малку повеќе од 18 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,1 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 314 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 48 ха, додека површини под пасишта нема. Кепекчелија е сосема мала населба, којашто во 1961 година броела 18 жители, од кои 11 биле Турци, а пет жители Македонци, а во 1994 година шест жители, турско население, и е на пат целосно да се расели.

**Кесендре** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Кавадарци, од десната страна на Раечка Река, чиј атар се допира со просторот на Општината Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 948 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 74 ха, а на пасиштата само 21 ха. Кесендре е мала населба, на пат да се расели. Така, во 1961 година селото броело 230 жители, а во 1994 година само девет жители, македонско население.

**Кетеново** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Кратово, од левата страна на Крива Река. Селото е раштркано и ридско, на надморска височина од 480 до 600 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 173 ха, на пасиштата отпаѓаат 156 ха, а на шумите 132 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Кетеново ѝ припаѓа на групата мали села, коешто во 1961 година имало 221 жители, а во 1994 година 173 жители, македонско население.

**Киселица** - Оваа населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар се издига високо и се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 710 до 870 метри. Од градот Делчево селото е оддалечено околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 373 ха, на пасиштата отпаѓаат 343 ха, а на шумите 250 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Во оваа населба се наоѓа црквата „Св. Никола", којашто во 1381 година била приложена на Лесновскиот манастир, а нејзиното потекло треба да се бара најдоцна од почетокот на XIV век. Киселица преминала од средна, во мала населба, бидејќи таа во 1961 година броела 435 жители, а во 1994 година 78 жители, македонско население.

**Киселица** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, од десната страна на Крива Река, а северно од градот, на оддалеченост од околу осум километри. Селото е од раштркан тип, со ридско-планински карактер, бидејќи маалата се издигаат на надморска височина од 820 до 1.040 метри. Атарот зафаќа простор од 7 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 388 ха, шумите заземаат површина од 452 ха, а пасиштата 184 ха. Според тоа, населбата има полјоделско-шумарска функција. Киселица, според бројот на населението, преминала од средна, во мала населба, бидејќи таа во 1961 година броела 450 жители, а во 1994 година 139 жители, македонско население.

**Кичиница** - Населбата наполно е раселена по 1961 година, кога што броела 48 жители, македонско население. Населбата се наоѓала на североисточната падина на планината Бистра,

во Општината Маврови Анови, на надморска височина од 1.420 метри. Атарот зафаќа простор од 4,4 км$^2$.

**Кишава** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Битолското Поле, односно, во иста насока на територијата на Општината Бистрица, чиј атар се допира, на една страна со државната гранична линија со Република Грција, а на друга страна со просторот на Општината Ресен. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Битола селото е оддалечено 27 км. Атарот зафаќа простор од 19,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.913 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 324 ха, а на пасиштата 304 ха. Во однос на земјоделството, населбата има мешовита функција. Во него работи осумгодишно училиште и има неколку услужни објекти. Според движењето на бројот на жителите, Кишава популациски се преполовила. Така, во 1961 година населбата броела 832 жители, од кои 760 биле Албанци, 45 Турци, тројца Македонци и 20 жители муслимани (етничка припадност) а во 1994 година 437 жители, од кои 436 се Албанци.

**Кишино** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Лозово, чиј атар се допира со просторите на општините Штип и Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа простор од 20,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 729 ха, пасиштата зафаќаат 691 ха, а шумите 565 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Кишино е мала населба, која што во 1961 година броела 197 жители одкои 92 биле Македонци, 64 Турци, 26 Албанци и 14 жители муслимани (етничка припадност), а во 1994 година само 15 жители, од кои четири се Албанци, а 11 жители се други, и е неизвесно дали селото ќе се одржи.

**Кладник** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Другово, од десната страна на реката Треска и од патот Кичево-Демир Хисар. Селото е планинско, на надморска височина од 930 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 15,1 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.012 ха, на пасиштата отпаѓаат 330 ха, а на обработливото земјиште 149 ха. Според тоа населбата има мешовита земјоделска функција. Кладник е мало село коешто во 1961 година броело 273 жители, а во 1994 година само 25 жители, од кои 23 се Македонци.

**Кленоец** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Другово, во извориштното сливно подрачје на реката Треска, а од десната страна на патот Кичево-Охрид. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 208 ха, на пасиштата отпаѓаат 91 ха, а на обработливото земјиште само 56 ха, така што, населбата нема некоја значајна земјоделска функција. Во Кладник има споменик за НОБ. Тоа е мала населба, која што во 1961 година броела 149 жители, а во 1994 година 22 жители, македонско население, и е во фаза на раселување.

**Клепач** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Прилепското Поле, односно во истата насока на територијата на Општината Тополчани, чиј атар се допира со просторот на Општината Добрушево. Селото е рамнинско, на надморска височина од 590 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 366 ха, на шумите отпаѓаат 17 ха, а на пасиштата 16 ха, така што, населбата има исклучително полјоделска функција. Клепач, поради емиграцијата на населението, преминало од средна, во мала населба. Селото во 1961 година броело 432 жители, од кои 412 биле Македонци, а 20 жители Турци, а во 1994 година 156 жители , македонско население.

**Клечевце** - Населбата е седиште и централно место на истоимената Општина, којашто порано се наоѓала на територијата на Општината Куманово. Лоцирано е недалеку од устието на Крива Река во Пчиња, и недалеку од железничката линија Куманово-Бељаковце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 18,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.363 ха, на пасиштата отпаѓаат 288 ха, а на шумите 30 ха. Според тоа, населбата има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, ветеринарна станица, продавници, угостителски објекти и споменик на Вера Которка. Населбата во 1961 година била голема, со 1.382 жители, од кои 1.337 биле Македонци, 39 Срби, а по двајца жители Хрвати и Албанци, а во 1994 година преминала во средна, со 615 жители, од кои 610 се Македонци и пет жители Срби.

**Климештани** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Мешеишта, од десната страна на реката Сатеска, чиј атар се допира со просторот на Општината Делогожда, во Струшкото Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 760 метри. Лежи недалеку од патот Охрид-Кичево, а од градот Охрид населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 150 ха, на шумите отпаѓаат 104 ха, а на пасиштата само 3,7 ха. Селото има полјоделска функција. Климештани е мала населба, којашто во 1961 година броела 156 жители, а во 1994 година 57 жители, македонско население.

**Клиново** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Конопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 770 метри. Атарот зазема голем простор од 76,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 5.801 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 251 ха, а на пасиштата 103 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Клиново во 1961 година имало 418 жители, македонско население, а во 1994 година, само пет жители.

**Клисура** - Населбата наполно е раселена по 1981 година, кога што броела шест жители, македонско население. Населбата се наоѓа на југоисточната страна на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на Вардар, на надморска височина од 240 метри. Атарот зафаќа простор од 46,2 км$^2$.

**Клуковец** - Оваа мала населба се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Велес, во средното сливно подрачје на реката Тополка, од нејзината лева страна. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри, а од градот Велес е оддалечено 16 км. Катастарски податоци за оваа населба нема, бидејќи тие за неа не се евидентирани. Во него работи основно училиште до IV одделение. Селото е мало, но со пораст на популацијата. Така, Клуковец во 1961 година имало 54 жители, а во 1994 година 159 жители, албанско население.

**Кнежево** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторот на Општината Крива Паланка. Селото е планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.050 до 1.440 метри, односно, имаат и голема вертикална раздалеченост. Од градот Кратово населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа површина од 18,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 847 ха, пасиштата заземаат површина од 476 ха, а обработливото земјиште 354 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Кнежево доживеало големо раселување, бидејќи бројот на населението се намалил од 431 жители во 1961 година, на 89 жители во 1994 година, македонско население.

**Кнежино** - Оваа мала населба се наоѓа на западната страна на територијата на Општина-

та Кичево. Бидејќи од градот е оддалечена неполни пет километри, населбата припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 6,2 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 419 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 62 ха, а на пасиштата 55 ха. Кнежино во 1961 година имало 157 жители, а во 1994 година само шест жители, македонско население.

**Кнежје** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Свети Николе, во Овче Поле, а од десната страна на Светиниколска Река. Со оглед на тоа дека од градот Свети Николе е оддалечено околу четири километри, селото припаѓа во неговата рурбална зона. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 390 метри. Атарот зафаќа простор од 9,5 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 738 ха, на пасиштата отпаѓаат 168 ха, а на шумите симболични пет хектари. Според тоа, населбата има исклучително полјоделска функција. Кнежје е мало село, коешто во 1961 година имало 205 жители, а во 1994 година 71 жители, македонско население.

**Кованци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Гевгелија, оддалечена од градот околу 17 км. Селото е ридско, на надморска височина од 290 метри. Атарот зафаќа простор од 17,6 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.617 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 120 ха, а на пасиштата само 0,5 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, продавница и друго. Кованци е мала населба, којашто во 1961 година броела 258 жители, а во 1994 година 212 жители, македонско население.

**Ковач** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, во сливот на реката Треска, а во рамките на територијата на Општината Самоков. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Во катастарската евиденција селото не е заведено и за него нема аграрни податоци. Во населбата се наоѓа црква „Св. Атанас“, којашто била изградена во 1631 година. Во селото се наоѓа и црквата „Св. Варвара“, но таа е само евидентирана како црковен споменик, без податоци за периодот на изградбата. Ковач е мала населба, која што во 1961 година броела 201 жители, а во 1994 година 79 жители, македонско население.

**Ковче** - Ова мало село се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Самоков, во областа Поречје, а од левата страна на реката Треска. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 550 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 1,9 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 149 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 26 ха, а на пасиштата само пет хектари. Ковче во 1961 година имало 85 жители, а во 1994 година 25 жители, македонско население.

**Кожле** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Скопската Котлина, чиј атар се протега меѓу долините на реките Вардар и Пчиња, и ѝ припаѓа на територијата на Општината Петровец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 13,5 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 726 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 246 ха, а на шумите 235 ха. Населбата има полјоделско-сточарска функција. Кожле е мала населба, којашто уште во 1961 година имала 196 жители, а во 1994 година само 13 жители, од кои седум се Македонци, четири Албанци и еден жител Србин.

**Козбунар** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Радовиш, чиј атар се издига до сртот на планината Плачковица, каде што се допира со просторот на Општината Виница. Селото е планинско, на надморска височина од 1.050 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 12 км. Селото има релативно голем атар, на простор

од 29 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.539 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 209 ха, а на пасиштата 125 ха, па, според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Козбунар е мала населба, којашто во 1961 година броела 236 жители, а во 1994 година само 23 жители, македонско население.

**Козица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Кичевската Котлина, на територијата на Општината Другово, чиј атар се допира со областа Дебарца, односно, со Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 840 ха, пасиштата заземаат површина од 183 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 72 ха. Во селото има продавница и споменик за НОБ. Козица е мала населба, која што во 1961 година броела 306 жители, додека во 1994 година имала 82 жители, македонско население.

**Козичино** - Населбата се наоѓа во крајниот источен дел на Кичевската Котлина, на североисточната страна на територијата на Општината Вранешница, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 899 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 8,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 192 ха, на пасиштата отпаѓаат 153 ха, а на шумите 521 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото имало манастир „Св. Врача", којшто денес не постои, но е евидентиран дека потекнува од средновековните црковни споменици. Козичино е мала населба, којашто во 1961 година имала 188 жители, а во 1994 година 22 жители, од кои 21 се Македонци.

**Козјак** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на источната страна на територијата на Општината Ресен. Селото е рамничарско, на надморска височина од 868 метри, а од градот Ресен е оддалечено помалку од седум километри. Атарот зафаќа простор од 6,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 415 ха, а на пасиштата отпаѓаат 133 ха. Селото има полјоделска функција. Козјак е мала населба, којашто во 1961 година броела 299 жители, од кои 297 биле Турци, а двајца жители Албанци, а во 1994 година 120 жители од кои 111 се Турци, осум Албанци и еден жител Македонец.

**Козјак** - Оваа мала населба се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Карбинци, во средното сливно подрачје на реката Брегалница, односно, од левата страна на реката. Селото е рамничарско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне мал и зазема простор од 3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема 186 ха, а на пасиштата отпаѓаат 90 ха. Според тоа, селото има полјоделска функција. Козјак е мала населба, којашто во 1961 година броела 221 жители, додека во 1994 година имала 164 жители, македонско население.

**Коинце** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во областа Козјачија, во горното течение сливно подрачје на реката Пчиња, лоцирано од незината лева страна. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 400 до 466 метри.Од градот Куманово населбата е оддалечена 28 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 325 ха, на пасиштата отпаѓаат 168 ха, а на шумите само 5 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во селото постои црква „Св. Никола", но во урнатини. Според записи, црквата била изградена во 1599 година, а живописот потекнува од 1619 година. Пред Втората светска војна црквата била пресидана. Коинце е мала населба, којашто во 1961 година имала 266 жители, од кои 258 биле Македонци и осум жители Срби, а во 1994 година 86

жители, од кои 73 се Македонци, четворица Срби и девет жители - други.

**Којково** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Кратово, во горното сливно подрачје на Злетовска Река, чиј атар се допира со просторот на Општината Злетово. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 780 до 1.120 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 11,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 709 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 208 ха, а на пасиштата 226 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Којково е мала населба, којашто во 1961 година имала 202 жители, додека во 1994 година 62 жители, македонско население.

**Кокино** - Оваа населба се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, односно и во средишниот дел на областа Козјачија, во поранешната општина Куманово. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 620 до 840 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 31 км. Атарот зафаќа простор од 8,1 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 465 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 272 ха, а на шумите 57 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Кокино е мала населба, којашто во 1961 година броела 248 жители, а во 1994 година 59 жители, од кои 55 Македонци, а четири жители Срби.

**Кокошиње** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Орашац, недалеку од патот Куманово-Свети Николе, чиј атар се допира до просторите на општините Кратово и Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 630 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 25 километри. Атарот зафаќа простор од 14,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 682 ха, на пасиштата отпаѓаат 623 ха, а на шумите 106 ха. Населбата има полјоделско-сточарска функција. Во селото работи основно училиште до IV оделение. Од Кокошиње се иселил значителен број од неговото население, коешто во 1961 година броело 634 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 69 жители, од кои 68 се Македонци.

**Кокре** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Витолиште, во прилепскиот дел на Мариово. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 21,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.345 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 496 ха, а на шумите 115 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Кокре е мала населба, која што во 1961 година броела 266 жители, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**Колари** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Зајас, во Кичевската Котлина, непосредно до патот Кичево-Гостивар, а чиј атар се допира со просторот на Општината Србиново. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Кичево селото е оддалечено малку повеќе од 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 545 ха, на пасиштата отпаѓаат 517 ха, а на обработливото земјиште 200 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни дејности. Колари е средна по големина населба, којашто во 1961 година броела 582 жители, од кои 537 биле Албанци, а 43 жители Турци, а во 1994 година 732 жители, албанско население.

**Колешино** - Оваа голема населба се наоѓа во југоисточниот дел на Струмичкото Поле, а на територијата на Општината Ново Село, чиј атар на тесен простор се допира со државната граница со Република Грција. Селото е рамничарско, на надморска височина од 270 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 506

ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 333 ха, а на пасиштата 54 ха. Сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, погон за лупење ориз, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата, продавници, а има и урбанистички план. Кај селото Колешино постои црква „Свети Николе". Кога ова село во XIV век било приложено на светогорскиот манастир „Св. Пантелеј", во него имало повеќе цркви како и наведената „Свети Николе". Колешино е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.240 жители, а во 1994 година 880 жители, од кои 875 се Македонци, еден Влав, еден Србин и тројца жители - други.

**Колибари** - Оваа населба се наоѓа во северниот дел на Кичевската Котлина, односно, во средишниот рамнински дел на територијата на Општината Зајас. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена осум киломери. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа 157 ха, на пасиштата отпаѓаат 102 ха, а на шумите 49 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи подрачно основно училиште до IV одделение. Колибари е средна по големина населба, но со пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 423 жители, а во 1994 година 603 жители, албанско население.

**Колицко** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Орашац, во средното сливно подрачје на Пчиња, а во поранешната Општина Куманово. Селото е ридско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 22 км. Атарот зафаќа простор од 9,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 474 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 341 ха, а на пасиштата 98 ха, но, сепак, селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи подрачно основно училиште до IV одделение. Колицко во 1961 година броело 353 жители од кои 339 биле Македонци, петмина Срби и двајца жители Хрвати, а во 1994 година бројот се намалил на 127 жители, македонско население.

**Кондово** - Оваа населба, којашто денес претставува седиште и централно место на истоимената Општина, се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, од левата страна на Вардар и преку неа води железничката линија Скопје-Кичево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Атарот е мал и зафаќа простор до 3,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 153 ха, на пасиштата отпаѓаат 138 ха, а на шумите само симболични 3 ха. Селото има полјоделска функција. Кондово станало привлечно имиграциско место. Од тие причини бројот на населението се зголемил од 451 жители во 1961 година, од кои 211 биле Албанци, 203 Турци и 34 жители Црногорци, на дури 2.890 жители во 1994 година, од кои 2.787 се Албанци, 10 Турци и 92 жители - други.

**Конопиште** - Оваа населба се наоѓа во средишниот дел на територијата на истоимената Општина, во горното сливно подрачје на реката Бошавица, на регионалниот пат од Демир Капија за Мариово, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 27 км. Селото има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 82 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 5.529 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.551 ха, а на обработливото земјиште 251 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него има амбуланта, пошта и услужни објекти, како и споменик за НОБ. Од Конопиште потекнува значителна емиграција на населението. Така, населбата во 1961 година броела 666 жители, од кои 622 биле Македонци, 35 Срби, петмина Хрвати и двајца жители Црногорци, а во 1994 година само 87 жители, од кои 82 се Македонци, а пет жители Срби.

**Конопница** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, од десната страна на Крива Река, чиј атар се издига на северозападната падина на Осоговските Планини. Селото е ридско-планинско и од раштркан тип, чии маала се

издигаат на надморска височина од 600 до 1.000 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена девет километри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 21,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 852 ха, на шумите отпаѓаат 817 ха, а на пасиштата 300 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и услужни објекти. Конопница е голема населба, со позитивно популациско салдо. Населбата во 1961 година броела 1.569 жители, а во 1994 година 2.450 жители, од кои 2.409 се Македонци, 10 Роми, 13 Срби и 18 жители - други.

**КОНСКО** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што имала само еден жител. Селото се наоѓа во западниот дел на Општината Гевгелија, под југоисточната падина на планината Кожуф, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа површина од 66,3 км$^2$.

**КОНЧЕ** - Оваа голема населба, којашто е седиште и ценрално место на истоимената Општина, се наоѓа во изворишното сливно подрачје на реката Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на Конечка Планина, каде што се допира со просторите на општините Демир Капија и Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 580 мери. Од градот Радовиш селото, со асфалтен пат е оддалечено 20 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 45 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.721 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.185 ха, а на пасиштата 368 ха. Населбата има мешовита земјоделска функција. Во неа работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, урбанистички план, продавници и услужни објекти. Конче било значајно и познато место уште во средниот век. Тогаш во него, односно, малку пред 1366 година, бил подигнат или обновен манастирот „Св.Стефан". Во XIV век во него живеела и умрела Кантакузена, ќерката на Ѓорѓи Бранковиќ. На една надгробна плоча од XIV век, се споменува војводата Никола Стањевиќ, којшто се смета за основач на манастирот. Инаку, Конче е голема населба, која што во 1961 година имала 980 жители, од кои 566 биле Македонци, 402 Турци и осум жители Срби, а во 1994 година 977 жители, од кои 530 се Турци, а 445 Македонци.

**КОЊАРИ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 415 жители, албанско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Дебар, недалеку од државната гранична линија со Република Албанија, на надморска височина од 520 метри. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$.

**КОЊСКО** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Охрид, недалеку од источниот брег на Охридското Езеро, чиј атар се издига до сртот на Галичица, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Охрид селото е оддалечено 11 км. Атарот зафаќа простор од 20 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 780 ха, на шумите отпаѓаат 574 ха, а на обработливото земјиште 355 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и шест услужни објекти. Коњско е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 660 жители, а во 1994 година 590 жители, македонско население.

**КОЊСКО** - Оваа мала населба се наоѓа на јужната страна на територијата на Општината Ресен, недалеку од брегот на Преспанското Езеро, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото има ридски карактер, на надморска височина од 857 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,9 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 937 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат само 28 ха. Селото е мало и во фаза на наполно раселување, бидејќи тоа во 1961 година броело 84 жители, а во 1994 година, само четири жители, македонско население.

**КОЊУХ** - Населбата се наоѓа на крајната западна страна на територијата на Општината

Кратово, од левата страна на Крива Река, а чиј атар се допира со просторите на општините Клечевце и Орашац. Селото е раштркано, а маалата се издигаат на надморска височина од 480 до 600 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 14,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 658 ха, на пасиштата отпаѓаат 602 ха, а на шумите само 49 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Коњух во 1961 година било средно по големина село, со 707 жители, но во 1994 година преминало во мала населба, со 184 жители, македонското население.

**Копаница** - Оваа голема населба се наоѓа на западната страна на Скопската Котлина, во рамките на Општината Сарај, чиј атар се издига на планината Жеден и се допира со просторот на Општината Желино во Долни Полог. Лоцирано е недалеку од левата страна на патот Скопје-Тетово, а од градот Скопје селото е оддалечено нешто помалку од 20 км. Населбата е ридска, на надморска височина од 460 метри. Атарот зафаќа простор од 19,1 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.158 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 665 ха, а на шумите само 52 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Копаница во 1961 година имала 941 жители, од кои 925 биле Албанци, девет муслимани или неопределени и по тројца жители Турци и Македонци, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.478 жители, албанско население.

**Копанце** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Долни Полог, во рамките на територијата на Општината Јегуновце, од десната страна на Вардар, а чиј атар се издига на планината Жеден, каде што се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 392 метри. Од градот Тетово селото е оддалечено 28 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 771 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 237 ха, а на пасиштата само 11 ха. Во населбата работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Копанце, поради механички прилив на населението, прераснала од средна, во голема населба. Така, во 1961 година селото имало 594 жители, од кои 301 биле Албанци, а 290 жители Македонци, а во 1994 година 869 жители, од кои 555 се Албанци и 311 жители Македонци.

**Копачин Дол** - Населбата ѝ припаѓа на територијата на општината Желино и се наоѓа на превалот меѓу Долни Полог и Скопската Котлина, недалеку од патот Тетово - Скопје. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри. Од градот Тетово е оддалечено 18 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 338 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 170 ха, а на пасиштата само девет хектари. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи подрачно основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Копачин Дол има позитивно популационо салдо. Така, населбата во 1961 година броела 468 жители, од кои 464 биле Албанци, а тројца жители Турци, а во 1994 година 852 жители, албанско население.

**Копришница** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела само еден жител. Селото се наоѓа речиси во средишниот дел на Општината Демир Капија, од левата страна на Вардар, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 28,5 $км^2$.

**Кореница** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на Прилепското Поле, а на северозападната страна на територијата на Општината Кривогаштани, чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 623 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 24 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,4 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 254 ха, на пасиштата отпаѓаат 61 ха, а на шумите само девет хектари. Селото има исклучително полјоделска функција. Кореница е мала населба, којашто во 1961 година имала 212 жители, а во 1994 година 87 жители, од кои 85 се Македонци.

**Корешница** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од левата страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 18,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 344 ха, на пасиштата отпаѓаат 618 ха, а на шумите 685 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата и разни услужни објекти. Корешница е средна по големина населба, во која што, во 1961 година имало 538 жители, од кои 118 биле Македонци, 136 Турци и 90 жители Срби, а во 1994 година 434 жители, од кои 172 се Турци, 129 Македонци, а 133 жители Срби.

**Корито** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Чегране, чиј атар се издига до сртот на планината Сува Гора, каде што се допира со просторот на Општината Самоков. Селото е планинско, на надморска височина од 1.420 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 13 км. Има релативно голем атар, на простор од 31,7 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.252 ха, на шумите отпаѓаат 731 ха, а на обработливото земјиште 200 ха. Според тоа, селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и продавници. Корито е средно по големина село, коешто во 1961 година имало 718 жители, а во 1994 година 715 жители, албанско население.

**Корошишта** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Делогожда, од десната страна на реката Сатеска, а чиј атар се допира со просторот на Општината Мешеишта. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Струга е оддалечено малку повеќе од 10 км. Атарот му е заеднички со селото Цепин и зафаќа простор од 7,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 269 ха, на шумите отпаѓаат 361 ха, а на пасиштата 182 ха, но, сепак, селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има разни услужни објекти. Корошишта е голема населба, со значителен пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година броела 925 жители, од кои 914 биле Албанци, осум муслимани и неопределени и еден жител Македонец, а во 1994 година 1.516 жители, од кои 1.513 се Албанци.

**Косел** - Населбата се наоѓа североисточно од Охридското Езеро, а недалеку северно од Охрид, на патот Охрид-Ресен. Денес населбата претставува седиште и централно место на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 730 метри. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 331 ха, на шумите отпаѓаат 336 ха, а на пасиштата само 11 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има две продавници, три угостителски објекти и др. Оваа населба е специфична и единствена во нашата Република по тоа што во неа се наоѓа една сулфатора, од којашто избиваат сулфурни гасови коишто шират непријатна миризба, која што мошне се чувствува кога се поминува низ селото. Косел е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 794 жители, а во 1994 година 657 жители, од кои 647 се Македонци, двајца Срби и осум - други.

**Косматац** - Нселбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Клечевце, од левата страна на патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 6,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 532 ха, на пасиштата отпаѓаат 68 ха, а на шумите само три хектари и селото има исклучително полјоделска функција. Од Косматац се иселил голем број од населението, па затоа населбата според бројот на жителите се намалила и тоа од 342 жители во 1961 година, на 81 жители во 1994

година, македонско население.

**Косово** - Оваа мала населба се наоѓа во областа Поречје, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Самоков, од левата страна на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 6 км². На него преовладуваат шумите на површина од 322 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 102 ха, а на пасиштата само 28 ха, но, сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Косово во 1961 година броело 332 жители, а во 1994 година 100 жители, македонско население.

**Косово Дабје** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Делчево, односно, во горното сливно подрачје на Брегалница. Селото е планинско, чии куќи се издигаат и на над 1.000 метри надморска височина. Од градот Делчево населбата е оддалечена малку повеќе од 15 км. Податоци за неговата аграрна структура катастарски не се евидентирани. Инаку, Косово Дабје е мала населба, којашто во 1961 година имала 207 жители, а во 1994 година 35 жители, македонско население.

**Костин Дол** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Македонска Каменица, чиј надолжен атар се издига дури до државната гранична линија со Република Бугарија. Селото има ридско-планински карактер и е од раштркан тип, чии маала е издигаат на надморска височина од 600 до 1.040 мери. Атарот зафаќа простор од 14,3 км². На него преовладуваат шумите на површина од 742 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 396 ха, а на пасиштата 128 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Костин Дол преминало од средна во мала населба, бидејќи селото во 1961 година имало 322 жители, а во 1994 година 153 жители, од кои 151 се Македонци.

**Костин Дол** - Населбата се наоѓа во северниот планински дел на територијата на Општината Оризари, на падините на Осоговските Планини, а во поранешната Општина Кочани. Селото е планинско, од раштркан тип, чии куќи, односно маала, се издигаат на надморска височина од 840 до 1.100 метри. Од градот Кочани селото е оддалечено 18 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 124 ха, на пасиштата отпаѓаат 150 ха, а на шумите 191 ха. Костин Дол е мала населба во фаза на раселување. Таа во 1961 година броела 161 жители, а во 1994 година 17 жители, македонско население.

**Костинци** - Селото се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле, односно, во иста насока на територијата на Општината Долнени, од десната страна на патот Прилеп-Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Прилеп селото е оддалечено околу 30 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 418 ха, на пасиштата отпаѓаат 14 ха, а на шумите само три хектари. Според тоа, селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и услужни објекти. Костинци преминало од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година имало 433 жители, а во 1994 година 123 жители, од кои 122 се Македонци.

**Костур** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, во изворишното сливно подрачје на Крива Река, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.140 метри. Од градот Крива Паланка селото е оддалечено 13 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 44,8 км². На него доминираат шумите на површина од 2.387 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.809 ха, а на обработливото земјиште 144 ха. Може да се смета дека населбата има мешовита земјоделс-

ка функција. Костур е мало село, коешто во 1961 година броело 190 жители, а во 1994 година 67 жители, македонско население.

**Костурино** - Населбата се наоѓа на патот Струмица-Валандово, во средишниот дел на малото Костуринско Поле, во извоpишното подрачје на реката Тракања и ѝ припаѓа на територијата на Општината Куклиш. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 430 метри. Од градот Струмица селото е оддалечено 11 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 24,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.129 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 659 ха, а на пасиштата 613 ха. Населбата има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV оделение, има амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга и разни услужни објекти. Костурино е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.403 жители, од кои 1.387 биле Македонци, девет Турци, четворица Срби и двајца жители Хрвати, а во 1994 година 1.235 жители, од кои 1.230 се Македонци, а четири жители Срби.

**Кочилари** - Населбата се наоѓа во средното Повардарје, на територијата на Општината Градско, непосредно од левата страна на реката Вардар, а чиј атар се допира со просторот на Општината Лозово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 170 мери. Од градот Велес селото е оддалечено 14 км. Атарот зафаќа простор од 20,1 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.287 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 474 ха, а на шумите само 43 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Кочилари е мало село, кое што во 1961 година имало 146 жители, од кои 81 биле Албанци, 46 Турци и 16 жители Македонци, а во 1994 година 131 жители, од кои 119 се Албанци, 11 Турци и еден жител Македонец.

**Кочиште** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Демир Хисар, недалеку од патот Демир Хисар-Крушево, а порано припаѓала на Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 730 метри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 820 ха, на пасиштата отпаѓаат 184 ха, а на обработливото земјште 175 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Кочиште е мало село коешто во 1961 година броело 274 жители, а во 1994 година 45 жители, македонско население.

**Кочиште** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 177 жители, турско население. Селото се наоѓа во Општината Центар Жупа, под југозападната падина на Стогово, на надморска височина од 1.020 метри. Атарот зафаќа простор од 19,9 км$^2$.

**Кочули** - Оваа населба се наоѓа на крајниот источен дел на територитоpијата на Општината Валандово, на југозападните огранки на планината Беласица, а чиј атар се допира со територијата на Општината Струмица. Селото е ридско, на надморска височина од 305 метри. Од гратчето Валандово селото е оддалечено 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,8 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 442 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 17 ха, а на пасиштата 12 ха. Кочули е мала населба, која што во 1961 година имала 94 жители, а во 1994 година 95 жители, од кои 92 се Турци, а тројца жители - други.

**Коџалија** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Радовиш, во областа Јуруклук, под југозападната падина на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 870 метри. Атарот зафаќа простор од 16,8 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 1.248 ха, на обработливото земјиште отпаѓат 286 ха, а на пасиштата 130 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Коџалија е средна по големина населбата, населена со турско населе-

ние. Така, селото во 1961 година броело 361, а во 1994 година 398 жители.

**Коџаџик** - Населбата се наоѓа во областа Дебарска Жупа, односно, на територијата на Општината Центар Жупа, лоцирано на југозападната падина на планината Стогово. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.170 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 12,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 741 ха, на шумите отпаѓаат 213 ха, а на обработливото земјиште само 28 ха. Според тоа, селото има, главно, сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Населбата, иако е мала, има позитивен популациски биланс. Така, Коџаџик во 1961 година имало 110 жители, а во 1994 година 207 жители, турско население.

**Кошани** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Кавадарци, во областа Витачево, меѓу Ваташка Река и Тиквешко Езеро. Селото е ридско, на надмроска височина од 500 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 417 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 133 ха, а на шумите само 22 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Кошани е мало село, во фаза на наполно раселување. Тоа во 1961 година имало 97 жители, а во 1994 година само четири жители, македонско население.

**Кошари** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, од левата страна на Крива Река, недалеку од градот, на оддалеченост од околу четири километри. Селото е ридско, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.060 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,6 км$^2$. На него шумите зафаќаат простор од 120 ха, на пасиштата отпаѓаат 65 ха, а на обработливото земјиште 60 ха. Ова село нема некоја значајна земјоделска функција. Поради близината до градот, Кошари станало имиграционо место. Од тие причини бројот на населението во населбата се зголемил од 130 жители во 1961 година, на 605 жители во 1994 година, македонско население.

**Кошарка** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од левата страна на Вардар, чиј атар се издига до сртот на Конечка Планина, каде што се допира со просторот на Општината Конче. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Неготино селото е оддалечено 33 км. Атарот зафаќа простор од 16,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.154 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 61 ха, а на пасиштата само 23 ха. Селото е мало, коешто, и во 1961 година, и во 1994 година, броело по 44 жители, турско население.

**Кошево** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Штип, во изворишното сливно подрачје на реката Отиња, а на југозападните огранки на планината Плачковица, чиј атар се допира со просторот на Општината Радовиш. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 12,7 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.018 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 213 ха, а на шумите само 22 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Кошево е мала населба, којашто е во фаза на наполно раселување. Така, населбата во 1961 година имала 202 жители, а во 1994 година 17 жители, македонско население.

**Кошино** - Населбата се наоѓа на северозападниот дел на Прилепското Поле, а на крајниот западен дел на територијата на Општината Долнени, чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Од градот Прилеп селото е оддалечено околу 30 км. Атарот на селото зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од

663 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 238 ха, а на пасиштата 139 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, земјоделска задруга и услужни објекти. Во однос на популацијата, Кошино преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година населбата имала 471 жители, а во 1994 година 135 жители, македонско население.

**Кравари** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, од десната страна на Црна Река, а на крајната североисточна страна на територијата на Општината Бистрица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 587 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена седум километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 160 ха и населбата има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, амбуланта, пошта и разни услужни објекти. Кравари е имиграциска населба, бидејќи бројот на населението се зголемил од 234 жители во 1961 година, на 1.208 жители во 1994 година, од кои 1.192 се Македонци, 11 Турци и четири жители Срби.

**Крајници** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на реката Бабуна, а во поранешната Општина Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Велес селото е оддалечено 23 км. Има релативно голем атар, којшто зафаќа простор од 24 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 818 ха, на пасиштата отпаѓаат 817 ха, а на обработливото земјиште 422 ха. Во однос на земјоделството, селото има мешовита функција. Крајници е мала населба и во 1961 година броела 270 жители, а во 1994 година само 23 жители, македонско население.

**Кракорница** - Оваа населба се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, меѓу планините Кораб и Шар Планина, односно, во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.530 метри и се смета за највисоко населено место во Република Македонија. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 468 ха, на шумите отпаѓаат 250 ха, а на обработливото земјиште 92 ха. Во основа, селото има сточарска функција. Кракорница е мала населба, којашто во 1961 година броела 167 жители, а во 1994 година само 30 жители, македонско население.

**Крани** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се допира до источниот брег на Преспанското Езеро. Селото е планинско и се издига на југозападната падина на Пелистер, на надморска височина од 987 метри. Од градот Ресен селото е оддалечено 24 км. Атарот не е многу голем и зафаќа простор од 6,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 445 ха, а на пасиштата отпаѓаат 99 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, дом на културата, продавници и др. Иако од Крани се иселил извесен број на населението, сепак, населбата е голема и во 1961 година имала 1.050 жители, од кои 711 биле Албанци, а 336 жители Македонци, а во 1994 година 529 жители, од кои 373 се Албанци, 136 Македонци и 20 жители - други.

**Крапа** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, чиј атар се издига до сртот на планината Даутица, каде што се допира со просторот на Општината Долнени. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 метри. Од централното место Македонски Брод селото е оддалечено 14 км. Населбата има мошне голем атар, којшто зазема простор од 44,4 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.864 ха, на шумите отпаѓаат 1.744 ха, а на обработливото земјиште 215 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Од Крапа се иселил значителен дел од популација-

та, па затоа во неа бројот на населението се намалил од 612 жители во 1961 година, на 93 жители во 1994 година, македонско население.

**Кременица** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Битолското Поле, односно, во источниот дел на територијата на Општината Бистрица, а чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е рамнинско, на надморска височина од 588 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 27 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 31 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 2.705 ха, на пасиштата отпаѓаат 117 ха, а на шумите 48 ха. Според тоа, селото има, речиси, исклучително полјоделска функција. Во населбата има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и услужни објекти. Кременица преминала од средна, во мала населба, бидејќи во 1961 година селото имало 508 жители, од кои 253 биле Македонци, 113 Турци, 68 Албанци, 50 Срби и 16 жители -други, а во 1994 година 157 жители, од кои 140 се Македонци, а 17 жители Турци.

**Крива Круша** - Населбата наполно е раселена по 1991 година, кога што броела двајца жители. Селото се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Тополка, во Општината Чешка, на надморска височина од 540 метри. Атарот зафаќа простор од 14,2 км$^2$.

**Кривени** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Преспанската Котлина, односно, во иста насока на територијата на Општината Ресен, чиј атар се издига до сртот на Илинска Планина, каде што се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е ридско, на надморска височина од 950 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 17,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.216 ха, на обработливото земјште отпаѓаат 405 ха, а на пасиштата 71 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Кривени во 1961 година имало 443 жители, а во 1994 година само 49 жители, македонско население.

**Криви Дол** - Оваа мала населба се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Штип, непосредно до патот Штип-Велес, а чиј атар се допира со просторот на Општината Свети Николе. Селото е рамничарско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 16,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 838 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 722 ха, а шуми, речиси, нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Криви Дол е мала населба, којашто во 1961 година броела 240 жители, од кои 126 биле Македонци, а 113 жители неодредени, а во 1994 година 64 жители, од кои 29 се Македонци, а 35 Власи.

**Криви Камен** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Славишкото Поле, односно, во ист правец на територијата на Општината Ранковци. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 640 до 940 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 531 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 273 ха, а на пасиштата 97 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Криви Камен е мала населба, која што во 1961 година имала 237 жители, а во 1994 година 47 жители, македонско население.

**Кривогаштани** - Ова е едно од поголемите села во Прилепското Поле, коешто лежи на неговиот краен западен дел, на патот Прилеп-Крушево, а чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Населбата е централно место и седиште на истоимената Општина. Тоа е рамничарска населба, на надморска височина од 607 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.215 ха, а на пасиштата отпаѓаат 154 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, ветеринарна станица, земјоделска задруга,

услужни објекти и споменик за НОБ. Кривогаштани е голема населба, којашто во 1961 година имала 2.366 жители, од кои 2.356 биле Македонци, четворица Срби и двајца жители Хрвати, а во 1994 година 1.950 жители, од кои 1.947 се Македонци. Во селото се наоѓа, во урнатини, манастирот „Св.Илија" којшто е изграден во средновековниот период, но не е точно утврдено во кој век.

**Криволак** - Оваа населба се наоѓа во Тиквешката Котлина, речиси во средишниот дел на територијата на Општината Неготино, непосредно од десната страна на реката Вардар, а на патот кој што води од Неготино за долината на Крива Лакавица, каде што се составува со патот Штип-Радовиш. Селото е рамничарско, на надморска височина од 125 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 21 км$^2$. На него има голема неплодна површина, додека обработливото земјиште зазема 533 ха, а пасиштата 201 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, фабрички погон, дом на културата, земјоделска задруга, урбанистички план и разни услужни објекти. Криволак во 1961 година имало 668 жители, од кои 349 биле Македонци, 172 Срби, 127 Турци и 16 жители-други, а во 1994 година прераснало во голема населба со 897 жители, од кои 651 се Македонци, 129 Срби, 65 Роми, и 49 жители Турци.

**Кривци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Дебар, недалеку од градот, на оддалеченост од 2,5 км и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Населбата е ридска, на надморска височина од 760 метри. Атарот е заеднички со селото Хаме и зафаќа простор од 6,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 293 ха, на пасиштата отпаѓаат 72 ха, а на шумите 240 ха, но селото има, во основа, полјоделска функција. Кривци е мала населба, којашто во 1961 година имала 110 жители, а во 1994 година 54 жители, албанско население.

**Крилатица** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Кратово, од левата страна на Крива Река, недалеку од патот Кратово-Куманово, а чиј атар се допира со просторот на Општината Ранковце. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 440 до 580 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 9,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 379 ха, на пасиштата отпаѓаат 346 ха, а на шумите 143 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници и погони од фабриката „Силекс". Крилатица во 1961 година имала 449 жители, а во 1994 година 228 жители, македонско население.

**Крклино** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Битола, недалеку до градот, во северен правец и недалеку од патот Битола-Демир Хисар. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 491 ха, на пасиштата отпаѓаат 415 ха, а на шумите 22 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, продавници и др. Крклино е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 682 жители, а во 1994 година 609 жители, македонско население.

**Кркља** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, во извориштото сливно подрачје на Крива Река, недалеку од патот којшто води кон Република Бугарија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.160 метри. Населбата од градот Крива Паланка е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 20,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 541 ха, на пасиштата отпаѓаат 624 ха, а на шумите 766 ха, па, според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Од насел-

бата потекнува голема емиграција на популацијата. Така, Кркља во 1961 година имала 1.000 жители, а во 1994 година 318 жители, македонско население.

**Крнино** - Оваа мала населба се наоѓа во северната страна на територијата на Општината Извор, во средното сливно подрачје на реката Бабуна. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него на пасиштата отпаѓаат 495 ха, на шумите 397 ха, а на обработливото земјиште 78 ха, но, селото, сепак, има полјоделско-сточарска функција. Крнино е мала населба, којашто уште во 1961 година имала 42 жители, а во 1994 година само двајца жители и е во фаза на наполно раселување.

**Крњево** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Конопиште, во средното сливно подрачје на Бошавица, од нејзината лева страна, а чиј атар се допира со просторот на Општината Демир Капија. Селото е ридско, на надморска височина од 450 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 26 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 40 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 2.660 ха, а на пасиштата отпаѓаат 108 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во близината на населбата се наоѓа црква „Св. Атанас", чие време на постанок сè уште не е утврдено, како што не е познато ниту времето на изградбата на црквата „Св.Димитрие". Крњево е мала населба, којашто во 1961 година имала 280 жители, а во 1994 година 50 жители, македонско население.

**Крстец** - Населбата се наоѓа на северната страна на територијата на Општината Прилеп, на јужната падина на планината Бабуна, а чиј атар се допира со просторот на Општината Извор. Селото е планинско, на надморска височина од 1.080 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 157 ха, на пасиштата отпаѓаат 547 ха, а на шумите 588 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Крстец е мала населба, во фаза на наполно раселување. Селото во 1961 година имало 93 жители, а во 1994 година само осум жители, македонско население.

**Крстоар** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Бистрица, меѓу неа и градот Битола. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 214 ха, на пасиштата отпаѓаат 96 ха, а на шумите 40 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, амбуланта, пошта, дом на културата и ветеринарна станица. Крстоар во 1961 година била средна по големина населба со 344 жители, но во 1994 година станало мало село, со 187 жители, македонско население.

**Крстов Дол** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 870 до 1.180 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена околу 16 км. Атарот зазема простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 241 ха, на пасиштата отпаѓаат 226 ха, а на шумите 161 ха. Но, сепак, селото, во основа, има полјоделска функција. Крстов Дол е мала населба, којашто во 1961 година имала 154 жители, а во 1994 година 69 жители, македонско население.

**Крупиште** - Селото е една од поголемите населби во поранешната Општина Штип, а денес се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Карбинци, од десната страна на реката Брегалница, чиј атар се допира со просторот на Општината Облешево. Селото е рамнинско, на надморска височина од 300

метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 425 ха, на пасиштата отпаѓаат 391 ха, а на шумите само 18 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Во Крупиште е изградена црква „Св. Никола" во 1625 година, а живописот датира од 1627 година, додека некои нејзини делови биле доградени во XIX век. Крупиште, популациски, преминало од голема во средна населба. Така, селото во 1961 година броело 828 жители од кои 759 биле Македонци, 13 Срби, девет Турци и 37 жители - други, а во 1994 година 433 жители, од кои 410 се Македонци, 15 Власи и осум жители Турци.

**Крушеани** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Прилепското Поле, односно, во ист правец на територијата на Општината Кривогаштани, од левата страна на патот Прилеп-Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 597 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 8,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 711 ха, а на пасиштата отпаѓаат 85 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, дом на културата и споменик за НОБ. Во 1961 година Крушеани било голема населба со 869 жители, но во 1994 година, преминало во средна населба со 571 жители, од кои 568 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Крушевица** - Населбата се наоѓа на западната страна на Росоманското Поле, односно, во ист правец на територијата на Општината Росоман, од десната страна на патот Градско-Прилеп, а чиј атар се допира со просторот на Општината Градско. Селото е ридско, на надморска височина од 280 метри. Атарот зафаќа простор од 8,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 375 ха, на пасиштата отпаѓаат 412 ха, а шуми, речиси, нема. Селото, во основа, има полјоделска функција. Крушевица е мало село, коешто во 1961 година броело 190 жители, а во 1994 година само 16 жители, од кои осум се Македонци, а осум жители Срби.

**Крушевица** - Населбата се наоѓа на северозападната страна на територијата на Општината Витолиште, во прилепскиот дел на Мариово. Селото е ридско, на надморска височина од 759 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 26 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 27,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.316 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.190 ха, а на шумите само 28 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и земјоделска задруга. Поради емиграција на населението, Крушевица преминала од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година имало 637 жители, а во 1994 година 117 жители, македонско население.

**Крушево** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Виница. За неа податоците се скудни, не се евиентирани, а особено катастарските. Се знае дека селото е ридско. Во него работи основно училиште до IV одделение. Крушево е мала населба, којашто во 1961 година имала 254 жители, а во 1994 година 142 жители, македонско население.

**Крушица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Кичевската Котлина, а на северната страна на територијата на Општината Вранештица, чиј атар се допира со просторот на Општината Осломеј. Селото е ридско, на надморска височина од 890 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$ На него преовладуваат шумите на површина од 258 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 69 ха, а на пасиштата 33 ха. Крушица е мала населба, во фаза на наполно раселување. Таа во 1961 година имала 109 жители од кои 100 биле Македонци, а тројца жители Албанци, а во 1994 година, само 10 жители, македонско население.

**Крушица** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторот на Општината Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 388 ха, на шумите отпаѓаат 402 ха, а на пасиштата 173 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Крушица во 1961 година била средна населба со 266 жители, а во 1994 година преминала во мала населба, со 31 жители, македонско население.

**Крушје** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Велес, во сливното подрачје на Отовица, чиј атар се допира со просторот на Општината Петровец. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 762 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 245 ха, а на пасиштата 196 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Крушје е село во фаза на наполно раселување, бидејќи тоа во 1961 година броело 270 жители, од кои 138 биле Албанци, 94 Турци, и 34 жители муслимани и неодредени, а во 1994 година девет жители, од кои осум се Срби и еден жител Турчин.

**Крушопек** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, од десната страна на реката Треска, а во рамките на територијата на Општината Сарај. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 600 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 326 ха, на пасиштата отпаѓаат 258 ха, а на шумите 43 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и разни услужни објекти. Крушопек е голема населба, со значителен пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 893 жители, од кои 658 биле Турци, 205 Албанци, 24 Македонци и пет жители Црногорци, а во 1994 година 1.642 жители, од кои 1.629 се Албанци, а по шест жители се Македонци и Турци.

**Куклица** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Кратово, од десната страна на Крива Река, односно, во нејзиното средно сливно подрачје. Населбата е раштркана, чии маала се издигаат на надморска височина од 320 до 600 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 757 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 468 ха, а на шумите 81 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Куклица емигрирал значителен број од популацијата, па затоа бројот на населението се намалил од 540 жители во 1961 година, на 116 жители во 1994 година, македонско население.

**Куклиш** - Оваа голема населба се наоѓа во југозападниот дел на Струмичкото Поле, од десната страна на реката Тракања и претставува седиште и централно место на истоимената Општина. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 235 метри. Лоцирана е недалеку од патот Струмица-Валандово, а од градот Струмица е оддалечена четири километри. Атарот зафаќа простор од 22,1 км$^2$. На него доминираат шумите на падината на Беласица, на површина од 1.355 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 628 ха, а на пасиштата 95 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, урбанистички план, услужни објекти и др. Куклиш е голема населба, со пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 1.786 жители, а во 1994 година 2.517 жители, од кои 2.515 жители се Македонци.

**Куково** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Пробиштип, и припаѓа на сливното подрачје на Злетовска Река, а нејзиниот атар се допира со

просторот на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Од гратчето Пробиштип населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 494 ха, на пасиштата отпаѓаат 404 ха, а на шумите 24 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Куково е мала населба и во 1961 година броела 262 жители, а во 1994 година 45 жители, македонско население.

**Кукуречани** - Оваа голема населба се наоѓа на западната страна на Битолското Поле, на патот Битола-Демир Хисар, и претставува седиште и централно место на истоимената Општина, лоцирана на нејзината крајна јужна страна. Селото има рамничарско-ридски карактер, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа простор од 18,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.466 ха, а на пасиштата отпаѓаат 227 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, ветеринарна станица, услужни објекти, споменик за НОБ и др. Кукуречани е голема населба, но со намалување на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 1.712 жители, од кои 1.699 биле Македонци, шест Срби и двајца жители Црногорци, а во 1994 година 1.001 жители, од кои 990 се Македонци, а по пет жители се Турци и Роми.

**Куманичево** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Конопиште, во областа Витачево, од десната страна на Црна Река, односно, од Тиквешкото Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 33 км. Атарот на селото е релативно голем и зафаќа простор од 29,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.214 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 271 ха, а на пасиштата 126 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Куманичево се наоѓа во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година броело 308 жители, а во 1994 година, само седум жители, македонско население.

**Кумарино** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Велес, во сливното подрачје на Отовица, чиј атар се допира со просторот на Општината Лозово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 420 ха, а на пасиштата отпаѓаат 196 ха. Селото има полјоделска функција. Кумарино е мала населба, којашто во 1961 година броела 201 жители, од кои 182 биле Македонци, 16 Турци, а девет жители неопределени, а во 1994 година 79 жители, македонско население.

**Кундино** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со просторот на Општината Кратово. Лоцирано е северно од градот Пробиштип, од кого што е оддалечено четири километри. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 275 ха, на шумите отпаѓаат 260 ха, а на пасиштата 167 ха. Во основа селото има полјоделска функција. Кундино е мала населба, којашто во 1961 година броела 353 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 125 жители, македонско население.

**Куново** - Населбата се наоѓа на северозападната страна на територијата на Општината Србиново, во Горни Полог и лежи од десната страна на реката Лакавица. Неговиот атар се допира со просторот на Општината Долна Бањица. Селото е ридско-планинско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 684 ха, на пасиштата отпаѓаат 145 ха, а на обработливото земјиште 117 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Куново е мала населба, којашто во 1961 година броела 211 жители, а во

1994 година, само 18 жители, македонско население.

**Куново** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторот на Општината Злетово. Од градот Кратово населбата е оддалечена седум километри. Селото е планинско, на надморска височина од 1.300 метри. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,1 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 315 ха, на пасиштата отпаѓаат 134 ха, а на обработливото земјиште само 44 ха и селото нема некоја значајна земјоделска функција. Куново е мало село, коешто се наоѓа во фаза на наполно раселување. Тоа, во 1961 година броело 166 жители, а во 1994 година, само седум жители, македонско население.

**Куратица** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Охридската Котлина, а во северната страна на територијата на Општината Косел. Селото е планинско, на надморска височина од 1.080 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 20 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 23,3 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.271 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 681 ха, а на пасиштата 154 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има услужни објекти и спомен-чешма на паднатите борци. Куратица била голема населба, којашто во 1961 година броела 979 жители, а во 1994 година преминала во средна населба, со 417 жители, македонско население.

**Курбиново** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Ресен, помеѓу сртот на планината Пелистер и Преспанското Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 13,5 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 387 ха, на пасиштата отпаѓаат 306 ха, а на обработливото земјиште 218 ха. Според тоа, селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Во него има дом на културата, услужни објекти и споменик за НОБ. Во Курбиново постои едно мошне значајно светилиште, односно, црквата „Св. Ѓорѓи". Од еден напис се гледа дека таа била живописана во 1191 година. Во XVII век била извесно време запустена, а во XIX век била обновена. Таа има мошне вредни уметнички фрески. Курбиново е мала населба и во 1961 година броела 229 жители, а во 1994 година 122 жители, македонско население.

**Куридере** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што имала еден жител. Селото се наоѓа во северниот дел на Општината Градско, од левата страна на Вардар, на надморска височина од 270 метри. Атарот зафаќа простор од 12,3 $км^2$.

**Курија** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Неготино, на потегот меѓу реките Црна Река и Ваташка Река, или Луда Мара, а чиј атар се допира со просторот на Општината Росоман. Селото е рамничарско, на надморска височина од 158 метри. Од градот Неготино селото е оддалечено седум километри. Атарот зафаќа простор од 16,2 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 962 ха, на пасиштата отпаѓаат 550 ха, а на шумите 21 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Курија во 1961 година била средна по големина населба, со 400 жители, од кои 366 биле Македонци, 13 Срби, двајца Албанци и 19 жители неопределени, а во 1994 година преминала во мала населба, со 234 жители, од кои 232 се Македонци.

**Куртамзали** - Населбата се наоѓа во крајниот северен дел на територијата на Општината Стар Дојран, чиј атар се допира со просторот на Општината Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Од патот Нов Дорјан-Гевгелија, селото е одалечено 5,5

км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 297 ха, на пасиштата отпаѓаат 157 ха, а на обработливото земјиште 45 ха, така што, населбата нема некое битно земјоделско значење. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и во 1961 година имала 174 жители, а во 1994 година 187 жители, турско население.

**Курфалија** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Карбинци, во средното сливно подрачје на Брегалница, на западната потпланинска зона на Плачковица. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 48 ха, на шумите отпаѓаат 73 ха, а на пасиштата 31 ха. Селото нема некоја значајна земјоделска функција. Курфалија е мала населба, којашто во 1961 година броела 34 жители, а во 1994 година 58 жители, турско население.

**Кутлешево** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Прилепското Поле, како што се наоѓа во средишниот дел и на територијата на Општината Долнени. Селото е рамничарско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 17 км. Селото има мал атар, којшто зафаќа простор од само 2,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 152 ха, а на пасиштата отпаѓаат 106 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Кутлешево е мала населба, којашто во 1961 година имала 194 жители, од кои 160 биле Македонци, а 34 жители Срби, а во 1994 година, 34 жители, македонско население.

**Кутлибег** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Орашац, недалеку од патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 520 до 690 метри. Од градот Куманово селото е оддалечено 25 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 260 ха, на пасиштата отпаѓаат 39 ха, а на шумите само седум хектари. Селото има полјоделска функција. Во селото се наоѓа една стара црква „Св. Ѓорѓи“, но не е точно одреден периодот на изградбата, во средниот век. Кутлибег е мала населба, којашто во 1961 година имала 149 жители, а во 1994 година 27 жители, македонско население.

**Кутретино** - Населбата се наоѓа на југоисточната страна на територијата на Општината Демир Хисар, од десната страна на Црна Река, недалеку од патот Демир Хисар - Битола, а чиј атар се допира со просторот на Општината Кукуречани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 178 ха, на шумите отпаѓаат 126 ха, а на пасиштата 61 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Кутретино е мала населба, но со пораст на популацијата. Така, селото во 1961 година броело 164 жители, а во 1994 година 271 жители, македонско население.

**Кучевиште** - Оваа голема населба лежи во северниот дел на Скопската Котлина, на југозападните огранки на Скопска Црна Гора, а во рамките на територијата на Општината Чучер-Сандево. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 530 до 620 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 15 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 39,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.238 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.162 ха, а на пасиштата 445 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште и разни услужни и други објекти. Во населбата има значајна црква „Воведение на Св.Богородица“, позната кај населението под името „Св. Спас“. Таа била веројатно изградена во XIII век, а живописот се одвивал во три фази, од XIII до XVIII век. Кучевиште е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.874 жители, од кои 1.163 биле Македонци, 698 Срби и 13 жители неопреде-

лени, а во 1994 година 1.869 жители, од кои 1.467 се Срби, 367 Македонци и по четири жители Турци и Роми.

**КУЧИЛАТ** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 72 жители, турско население. Селото се наоѓа во југоисточниот дел на Општината Карбинци. Атарот зафаќа простор од 5,2 км$^2$.

**КУЧИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Карбинци, и ѝ припаѓа на групата потпланински села на Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 770 метри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 585 ха, на пасиштата отпаѓаат 230 ха, а на обработливото земјиште 189 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение. Кучица е мала населба, но со пораст на популацијата. Така, селото во 1961 година имало 84 жители, а во 1994 година 125 жители, турско население.

**КУЧИЧИНО** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Облешево, од левата страна на Брегалница, а чиј атар се допира со просторот на Општината Карбинци. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема 422 ха, на пасиштата отпаѓаат 509 ха, а на шумите само пет хектари. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, урбанистички план и разни услужни објекти. Кучичино е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 759 жители, а во 1994 година 610 жители, македонско население.

**КУЧКАРЕВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Орашац, недалеку од патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 7,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 325 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 283 ха, а на пасиштата 117 ха, но, селото, во основа, има полјоделска функција. Кучкарево е мала населба, којашто во 1961 година имала 290 жители, а во 1994 година 165 жители, македонско население.

**КУЧКОВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на потегот меѓу реките Вардар и Лепенец, а во приградската зона на Општината Ѓорче Петров. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Атарот е среден по големина и зафаќа простор од 23,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.276 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 686 ха, а на шумите 336 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Кучково била голема населба, но со значителна емиграција на населението, преминала во мало село. Така, населбата во 1961 година имала 1.220 жители, од кои 1.211 биле Македонци, шест Срби и двајца жители Албанци, а во 1994 година 249 жители, од кои 235 се Македонци, 10 Роми и четири жители Срби.

**КУШКУЛИЈА** - Населбата наполно е раселена по 1961 година, кога што броела четири жители, турско население. Селото се наоѓа на крајниот северен дел на Струмичкото Поле, а во иста насока на територијата на Општината Василево, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа простор од 27,3 км$^2$.

**К'ШАЊЕ** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Орашац, недалеку од патот Куманово - Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 530 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 448 ха, а на шумите 181 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. К'шање во 1961 година имало 451 жители, а во 1994 година 83 жители, македонско население.

# Л

**Лабуништа** - Оваа голема населба се наоѓа на западната страна на Струшкото Поле, чиј атар се издига високо до сртот на Јабланица, кадешто се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Населбата е централно место и седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско-ридско, бидејќи куќите се издигаат на надморска височина од 850 до 980 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 25,1 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.245 ха, на шумите отпаѓаат 564 ха, а на обработливото земјиште 557 ха. Според тоа, населбата има мешовита земјоделска функција. Во неа има осумгодишно училиште, фабрички погон, амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти, споменик за НОБ и урбанистички план. Лабуништа е мошне голема населба, со значителен пораст на популацијата. Така, таа во 1961 година имала 2.729 жители, од кои 1.687 биле Македонци, 596 Турци, 372 Албанци, и 67 жители муслимани и неопределени, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 5.901 жители, од кои 1.816 се Турци, 1.799 Албанци, 1.228 Македонци и 1.056 жители се декларирале како - други.

**Лавце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, односно, во средишниот дел на територијата на Општината Тетово, недалеку од градот на неколку километри. Селото е планинско, на надморска височина од 780 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,5 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите со 305 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 169 ха, а на пасиштата 54 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 56 жители, но откога почнала да се ревитализира со доселеници, во 1994 година нараснала на 268 жители, од кои 263 се Албанци и четири жители Македонци.

**Лавци** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Битолското Поле, односно, на територијата на Општината Битола, недалеку од градот, на неколку километри, чиј атар се издига на падината на планината Пелистер. Селото се наоѓа на надморска височина од 760 метри. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата на 492 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 231 ха, а на шумите 149 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Лавци е средна по големина населба, но со намалување на популацијата. Така, Лавци во 1961 година броело 620 жители, а во 1994 година 339 жители, македонско население.

**Лавци** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, чиј атар се издига до сртот на планината Галичица, каде што се допира со територијата на Општината Охрид. Селото е ридско, на надморска височина од 925 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 16,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 437 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 347 ха, а на шумите 339 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Поради емиграција на населението, Лавци преминало од средна, во мала населба. Така, тоа во 1961 година броело 339 жители, а во 1994 година 145 жители, од кои 113 се Турци, 28 Македонци и четири жители Албанци.

**Лавчани** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Другово, од левата страна на реката Треска, западно од градот Кичево, и недалеку од десната страна на патот Кичево-Охрид. Селото е ридско, на надморска височина од 1.050 метри.

Од градот Кичево населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 15,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 858 ха, на пасиштата отпаѓаат 568 ха, а на обработливото земјиште 70 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Поради емиграција на населението, Лавчани преминало од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година имало 449 жители, а во 1994 година, само 36 жители, македонско население.

**ЛАЖАНИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Прилепското Поле, а на западната страна на територијата на Општината Долнени, чиј атар се допира со територијата на Општината Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.082 ха, додека на пасиштата отпаѓаат само 41 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има земјоделска задруга и услужни објекти. Така, селото во 1961 година имало 1.397 жители, од кои 962 биле Турци, 415 Македонци, тројца Црногорци и 20 жители муслимани и неопределени, а во 1994 година 1.827 жители, од кои 464 се Турци, 327 Македонци, 34 Албанци и 994 жители декларирани како - други.

**ЛАЖЕЦ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Бистрица, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е рамничарско, на надморска височина од 595 метри. Атарот зафаќа простор од 12,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.036 ха, а на пасиштата отпаѓаат 111 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Од Лажец потекнува значителна емиграција на популацијата, па затоа селото преминало од голема, во средна населба. Така, селото во 1961 година броело 1.061 жители, од кои 1.047 биле Македонци, 11 Албанци и тројца жители Срби, а во 1994 година бројот се намалил на 339 жители, од кои 196 се Македонци, 146 Албанци и двајца жители Срби.

**ЛАЗАРОВЦИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Кичево, недалеку од градот, во североисточен правец и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 80 ха, на шумите отпаѓаат 94 ха, а на пасиштата 34 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Лазаровци е мала населба, којашто во 1961 година имала 151 жители, а во 1994 година 110 жители, македонско население.

**ЛАЗАРОПОЛЕ** - Оваа населба е мошне специфична, бидејќи во почетокот на нашиов век броела дури 3.000 жители, кои се занимавале, главно, со сточарство и печалбарство. Инаку, населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Ростуша, на планината Бистра, чиј атар се допира со просторот на Општината Другово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.300 метри. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 45,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите и пасиштата, на површини од 3.272 ха, односно, на 1.120 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат 159 ха. Според тоа, селото има, главно, сточарско-шумарска функција. Лазарополе е, речиси, наполно раселено, бидејќи тоа во 1961 година имало 720 жители, а во 1994 година само двајца жители. Сепак, иселеното население од оваа населба ги одржува своите куќи, така што, селото сега има, главно, рекреативно-викенд функција.

**ЛАКАВИЦА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Штип, во долината на реката Крива Лакавица, од нејзината десна страна. Преку селото води патот Штип-Радовиш. Тоа е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 17 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 6,6 км$^2$ На него

обработливото земјиште зазема површина од 201 ха, на шумите отпаѓааат 269 ха, а на пасиштата 131 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и услужни објекти. Населбата е мала, без поголеми промени во бројот на популацијата. Така, Лакавица во 1961 година имала 139 жители, од кои 124 биле Македонци, девет Турци и двајца жители Срби, а во 1994 година 151 жители, од кои 119 се Македонци и 29 жители Турци.

**ЛАКАВИЦА** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во долината на реката Лакавица, од нејзината десна страна, а во состав на територијата на Општината Србиново. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.039 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 176 ха, а на пасиштата само девет ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Лакавица е голема населба, со нешто зголемен популациски биланс. Така, таа во 1961 година имала 839 жители, од кои 822 биле Албанци, шест Македонци, еден Турчин и шест жители муслимани и неопределени, а во 1994 година бројот се зголемил на 914 жители, албанско население.

**ЛАКАЈЦА** - Населбата се наоѓа на западната страна на Струшкото Поле, на територијата на Општината Луково, чиј атар се издига до сртот на планината Јабланица и се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.300 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 29 км. За неговата аграрна структура нема катастарска евиденција. Лакајца е населба во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година броела 84 жители, а во 1994 година само седум жители, македонско население.

**ЛАКИ** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Виница, недалеку од патот Виница-Берово, чиј атар се издига до сртот на планината Плачковица, каде што се допира со просторите на општините Подареш и Берово. Селото е ридско, на надморска височина од 810 метри. Од градот Виница населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 56 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 4.039 ха, на пасиштата отпаѓаат 917 ха, а на обработливото земјиште 611 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има основно училиште до IV одделение, амбуланта и услужни објекти. Лаки е средна по големина населба, но со намалување на бројот на популацијата. Така, селото во 1961 година имало 797 жители, а во 1994 година 397 жители, македонско население.

**ЛАКТИЊЕ** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, во северниот дел на територијата на Општината Белчишта, недалеку од патот Охрид-Кичево. Селото е ридско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа простор од 17,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.061 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 380 ха, а на пасиштата 196 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него е подигнат споменик во чест на паднатите борци во Илинден и НОБ. Од населбата потекнува значителна емиграција на населението, па затоа таа преминала од средно, во мало село. Во 1961 година Лактиње броело 537 жители, а во 1994 година 93 жители, македонско население.

**ЛАРЦЕ** - Оваа голема населба се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Желино, недалеку од патот Тетово-Скопје, а на превалот помеѓу овие два града. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 20 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.405 ха, на обработливото земјште отпаѓаат 452 ха, а на пасиштата 152 ха. Селото има полјоделско-

шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Ларце е голема населба, со значителен пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 950 жители, а во 1994 година бројот двојно се зголемил, на 1.735 жители, албанско население.

**ЛАСКАРЦИ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сарај, чиј атар се допира со Општината Желино, во Долни Полог. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 343 ха, на шумите отпаѓаат 213 ха, а на пасиштата 86 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Ласкарци преминало од средна, во голема населба, бидејќи во 1961 година имало 709 жители, од кои 675 биле Албанци, а тројца жители Турци, а во 1994 година 1.083 жители, од кои 1.081 се Албанци.

**ЛАТОВО** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, а во јужната страна на територијата на Општината Македонски Брод, недалеку од левата страна на патот Македонски Брод - Кичево. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зазема површина од 24,4 км$^2$ На него преовладуваат шумите на површина од 2.170 ха, пасиштата заземаат простор од 93 ха, а обработливото земјиште 87 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Над селото постои манастир „Св. Петар“, но не се знае во кој период е подигнат. Латово во 1961 година било средно по големина село, со 318 жители, но во 1994 година преминало во мала населба со 98 жители, македонско население.

**ЛЕВА РЕКА** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, чиј атар се издига на Плаќенска Планина, каде што се допира со просторите на општините Демир Хисар и Сопотница. Селото е ридско, на надморска височина од 950 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 10 км. Атарот има средна големина, на простор од 24,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.584 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 500 ха, а на пасиштата 277 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Лева Река е мала населба, којашто во 1961 година броела 312 жители, а во 1994 година само 73 жители, македонско население.

**ЛЕЗОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Пробиштип, на десната страна на Злетовска Река, а недалеку од патот Пробиштип-Штип, или Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 357 ха, а на пасиштата отпаѓаат 330 ха. Но, сепак, населбата, во основа, има полјоделска функција. Лезово преминало од средна, во мала населба, односно, селото во 1961 година имало 375 жители, од кои 358 биле Македонци, а 17 жители муслимани (етничка припадност), а во 1994 година само 89 жители, македонско население.

**ЛЕНИШТА** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Прилеп, недалеку североисточно од градот и близу до патот Прилеп-Градско. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 940 ха, на пасиштата отпаѓаат 308 ха, а на шумите 203 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Од населбата се иселило грото од населението и таа е доведена во фаза на наполно раселување. Така, Леништа во 1961 година имала 413 жители, а во 1994 година само двајца жители.

**ЛЕПОПЕЛЦИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Кочанското Поле, а на територијата на Општината Чешиново. Селото е рамничарско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 25 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 308 ха, а на пасиштата отпаѓаат 44 ха. Селото има полјоделска функција. Лепопелци е мала населба, во фаза на раселување, бидејќи во 1961 година броела 156 жители, од кои 22 биле Турци, 21 Македонци и 113 жители неопределни, а во 1994 година само 18 жители, од кои 17 се Власи и еден жител Македонец.

**ЛЕРА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Цапарското Поле, непосредно до реката Шемница и до патот Битола-Ресен. Припаѓа на територијата на Општината Цапари. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 13 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 540 ха, на шумите отпаѓаат 397 ха, а на обработливото земјиште 290 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Лера во 1961 година броело 395 жители, од кои 279 биле Македонци, 68 Албанци и 46 жители Турци, додека во 1994 година бројот на населението се намалил на 153 жители , од кои 86 се Албанци, а 65 жители Македонци.

**ЛЕСКИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Виница, во западна насока, од левата страна на реката Брегалница, а чиј атар се допира со просторот на Општината Зрновци. Лески, речиси, ѝ припаѓа на рурбалната зона на Виница. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 430 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 161 ха, пасиштата заземаат 156 ха, а шумите 237 ха, но селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во Лески бројот на популацијата е зголемен. Така, во 1961 година населбата имала 251 жители, а во 1994 година бројот пораснал на 489 жители, македонско население.

**ЛЕСКОВО** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела еден жител. Селото се наоѓа во западниот дел на Општината Демир Хисар, на надморска височина од 1.000 мери. Атарот зафаќа простор од 8,4 $км^2$.

**ЛЕСКОВИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Штип, во долината на Крива Лакавица, од левата страна на реката, чиј атар се издига до сртот на планината Серта и се допира со Општината Неготино. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена малку повеќе од 20 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 32,9 $км^2$. На него преовладуваат шумите, на површина од 1.520 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 922 ха, а на пасиштата 615 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има земјоделска задруга и спомен-чешма на паднатите борци од НОБ. Поради значителна емиграција, Лесковица преминала од голема, во мала населба. Таа во 1961 година имала 874 жители, а во 1994 година 195 жители, македонско население.

**ЛЕСКОЕЦ** - Оваа мала населба се наоѓа на крајниот југозападен дел на Преспанската Котлина, во состав на Општината Ресен, чиј атар се издига на сртот на Галичица и се допира со просторот на Општината Охрид и на тесен дел со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.025 метри, а од градот Ресен е оддалечено 24 км. Има атар, со средна големина од 24,9 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.033 ха, на шумите отпаѓаат 957 ха, а на обработливото земјиште 117 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, бидејќи таа во 1961 година имала 239 жители, а во 1994 година само 13 жители, македонско население.

**ЛЕСКОЕЦ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Охрид, недалеку во североисточниот правец од градот и од патот Охрид-Ресен. Селото е рамничарско, на надморска височина од 820 метри. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 351 ха, на пасиштата отпаѓаат 233 ха, а на шумите само 13 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, фабрички погон, дом на културата и повеќе услужни објекти. Во селото има црква „Св. Спас", којашто била изградена во 1426 година, додека живописот потекнува од 1461 година. Во XVIII век црквата била разурната, а е обновена во 1898 година. Лескоец е населба со значителна имиграција на популацијата поради што таа прераснала од средна, во голема населба. Селото во 1961 година имало 659 жители, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 2.668 жители, од кои 2.651 се Македонци, осум Срби и девет жители - други.

**ЛЕСНОВО** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Злетово, од десната страна на Злетовска Река, чиј атар се издига високо и се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е планинско, на надморска височина од 890 метри. Атарот зафаќа простор од 14 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 574 ха, на пасиштата отпаѓаат 618 ха, а на обработливото земјиште 168 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Лесново е познато по тоа што во неговата блиска околина, во карпестиот дел, се изработуваат квалитетни воденични камења. Населбата е позната и по тоа што во неа се наоѓа значајната црква посветена на „Св. Архангел Михаил". Овој лесновски манастир има богата историја. Се споменува дека тој бил изграден во втората половина од XI век. Но, првпат во пишани документи се споменува во 1330 година. За развојот и доградбата на манастирот се споменуваат уште многу години. Лесново била средна, па преминала во мала населба. Така, селото во 1961 година имало 438 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 77 жители, македонско население.

**ЛЕТЕВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Скопската Котлина, а на територијата на Општината Петровец, од левата страна на реката Пчиња, а чиј атар се допира со просторот на Општината Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 435 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 34 км. Атарот зафаќа простор од 12,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 797 ха, на пасиштата отпаѓаат 209 ха, а на обработливото земјиште 147 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Летевци е мало село во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година селото броело 102 жители, од кои 89 биле Македонци, а 12 жители Срби, а во 1994 година само осум жители, од кои шест се Македонци, а двајца жители Срби.

**ЛЕУНОВО** - Леуново е едно од трите села коешто е поместено по создавањето на Мавровското Езеро. Тоа припаѓа на територијата на Општината Маврови Анови, лоцирано непосредно до брегот на Езерото. Селото е планинско, на надморска височина од 1.260 метри. Атарот зафаќа простор од 21,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.324 ха, на пасиштата отпаѓаат 744 ха, а на обработливото земјиште само 62 ха. Според аграрната структура, селото има сточарско-шумарска функција. Во селото е изграден споменик за НОБ, но тоа денес се обликува како туристичко-рекреативна населба, во којашто е изграден хотелот „Бистра". Инаку, селото е мало и во 1961 година имало 265 жители, од кои 194 биле Македонци, 53 Албанци и 16 жители Турци, а во 1994 година 40 жители, од кои 26 се Македонци, 10 Албанци, а двајца жители - Срби.

**ЛЕШАНИ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел во областа Дебарца, на територијата на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.115 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 404 ха, а на

пасиштата 45 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, фабрички погон и две продавници. Лешани е средна по големина населба, но со намалување на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 769 жители, а во 1994 година 472 жители, македонско население.

**ЛЕШКИ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот планински дел на територијата на Општината Кочани. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 8 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 447 ха, на пасиштата отпаѓаат 180 ха, а на обработливото земјиште 166 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Лешки е мала населба, којашто во 1961 година броела 273 жители, а во 1994 година 70 жители, македонско население.

**ЛЕШНИЦА** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, а во средишниот дел на територијата на Општината Врутоk, во извориштното сливно подрачје на Вардар, од левата страна на реката. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од само 2,4 $км^2$, така што нема некоја повидна земјоделска функција. Лешница е мало село. Тоа во 1961 година имало 169 жители, а во 1994 година 127 жители, македонско население.

**ЛЕШНИЦА** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во јужниот дел на територијата на Општината Зајас, чиј атар се издига на планината Бистра. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 760 до 880 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 18,4 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.430 ха, на шумите отпаѓаат 298 ха, а на обработливото земјиште 90 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Лешница не е голема населба и е со намалување на бројот на популацијата. Така, таа во 1961 година имала 302 жители, од кои 171 биле Албанци, а 131 жители Македонци, а во 1994 година 178 жители, од кои 125 се Албанци, а 51 жители Македонци.

**ЛЕШОК** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Теарце, недалеку од патот Тетово-Косово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 9,8 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 452 ха, на пасиштата отпаѓаат 240 ха, а на шумите 158 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти и лекувалиште за ТБЦ. Во него постои познатиот Лешочки манастир, односно, црквата е посветена на „Св. Атанасие". Во манастирот е и надгробната плоча на македонскиот преродбеник Кирил Пејчиновиќ. Се смета дека манастирот е подигнат помеѓу 1348 и 1315 година, или малку подоцна, бидејќи се претпоставува дека живописот датира од 1340/45 година. При крајот на XVII век, манастирот бил урнат. Во урнатини бил сѐ до 1927 година, кога што бил обновен. Инаку, населбата Лешок е средна по големина, со негативно популациско салдо. Таа во 1961 година броела 785 жители, од кои 766 биле Македонци, 13 Албанци и тројца жители Срби, а во 1994 година 399 жители, од кои 396 се Македонци, а двајца жители Срби.

**ЛИВАДА** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, а на крајната јужна страна на територијата на Општината Делогожда. Селото е рамничарско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,5 $км^2$ и бидејќи преовладува обработливото земјиште, на површина од 332 ха, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и услужни објекти. Ливада е голема населба, чие население бројно повеќе од двојно се зголемило, бидејќи во 1961 година населбата имала 640 жители од кои 637

биле Албанци, а тројца жители Македонци, а во 1994 година 1.332 жители, албанско население.

**Ливоишта** - Населбата се наоѓа во Охридското Поле, а на крајниот западен дел на територијата на Општината Косел. Селото е ридско, на надморска височина од 730 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 7,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 351 ха, на шумите отпаѓаат 385 ха, а на пасиштата само 10 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Ливоишта е мала населба, којашто во 1961 година броела 289 жители, а во 1994 година 196 жители, македонско население.

**Липа** - Населбата е наполно раселена по 1962 година, кога што броела двајца жители, Македонци. Селото се наоѓа во источниот дел на Општината Неготино, под југоисточната падина на Конечка Планина, на надморска височина од 350 метри. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$.

**Липец** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Блатец, во источниот дел на Македонија, а недалеку, во западен правец, од централното место на Општината. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа простор од 19,9 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите од 838 ха, на пасиштата отпаѓаат 532 ха, а на обработливото земјиште 511 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Липец е средна по големина населба, со одредено намалување на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 626 жители, од кои 602 биле Македонци, а 24 жители Турци, а во 1994 година 472 жители, од кои 470 се Македонци, а по еден жител Турчин и Србин.

**Липково** - Оваа голема населба се наоѓа на западниот дел на Кумановското Поле, во сливното подрачје на Липковска Река, којашто над Липково е заезерена. Оваа населба претставува центар и седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 420 метри. Селото лежи на локален пат којшто води од Куманово до Липковското Езеро. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 459 ха, на шумите отпаѓаат 522 ха, а на пасиштата 256 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, продавници, спомен-биста на Бајрам Шабани и др. Липково е голема населба, со позитивно популациско салдо. Таа во 1961 година броела 1.507 жители, од кои 1.256 биле Турци, 232 Албанци, а по пет жители Срби и Хрвати, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.339 жители, албанско население.

**Липов Дол** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Штип, недалеку јужно од градот, во долината на реката Отиња. Селото е ридско, на надморска височина од 440 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 402 ха, а на шумите и на обработливото земјиште отпаѓаат по 125 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Липов Дол е мала населба, којашто е во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 89 жители, а во 1994 година, само тројца жители, македонско население.

**Лисец** - Оваа голема населба се наоѓа во Долни Полог, на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Шипковица, недалеку од градот Тетово, во западен правец. Селото е планинско, на надморска височина од 1.220 метри. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 667 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 371 ха, а на шумите 331 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во населбата работи осумгодишно училиште, а има и

услужни објекти. Лисец е голема населба, без големи промени во населеноста. Таа во 1961 година броела 852 жители, од кои 836 биле Албанци, шест Македонци, четворица Турци и тројца жители Срби, а во 1994 година 814 жители, од кои 812 се Албанци, а по еден жител Македонец и Србин.

**Лисичани** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Пласница, непосредно од левата страна на реката Треска, чиј атар се допира со просторот на Општината Вранештица, во Кичевската Котлина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 11,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 604 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 365 ха, а на пасиштата 170 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има услужни објекти и споменик за НОБ. Лисичани е голема населба, со одреден пораст на својата популација. Така, населбата во 1961 година броела 901 жители, од кои 817 биле Турци, 74 Македонци и 10 жители Срби, а во 1994 година имала 1.001 жители, од кои 981 се Турци, 13 Македонци и седум жители Албанци.

**Лисиче** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на Тополка, непосредно од десната страна на реката. Селото е ридско, на надморска височина од 335 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 22,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 510 ха, на пасиштата отпаѓаат 764 ха, а на шумите 733 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и пошта. Лисиче преминало од средна, во мала населба, односно, бројот на населението се намалил од 483 жители во 1961 година, на 205 жители во 1994 година, македонско население.

**Лисолај** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Кукуречани. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 20,1 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.148 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 754 ха, а на шумите само 17 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и услужни објекти. Од Лисолај потекнува значителна емиграција на населението, па затоа тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година населбата броела 679 жители, а во 1994 година 276 жители, од кои 274 се Македонци.

**Логоварди** - Населбата се наоѓа на источната страна на Битолското Поле, а од десната страна на Црна Река. Лежи недалеку од градот Битола и припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 576 метри. Атарот зафаќа простор од 16,8 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.527 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Логоварди е голема населба, но со намалување на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 1.079 жители, а во 1994 година 744 жители, македонско население.

**Ложани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струшкото Поле, во северниот дел на територијата на Општината Струга, недалеку од градот, од десната страна на Црн Дрим. Селото е рамничарско, на надморска височина од 698 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 525 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, без поголема промена на бројот на населението. Така, Ложани во 1961 година имало 748 жители, од кои 709 биле Македонци,

а 37 жители Албанци, а во 1994 година 710 жители, македонско население.

**ЛОЗАНОВО** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Крива Паланка и лежи непосредно до градот, така што, припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е ридско, на надморска височина од 900 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 3,3 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 167 ха, на пасиштата 87 ха, а на шумите 68 ха. Селото има полјоделска функција. Оваа населба, поради близината до градот, бележи позитивен популациски биланс, бидејќи бројот на населението се зголемил од 130 жители во 1961 година, на 517 жители во 1994 година, од кои 517 се Македонци, еден Србин и пет жители - други.

**ЛОЗНАНИ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Могила, непосредно од десната страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 563 ха, на пасиштата отпаѓаат 219 ха, а на шумите само 32 ха. Селото има полјоделска функција. Според бројот на популацијата, Лознени преминало од средна, во мала населба, којашто во 1961 година имала 586 жители, а во 1994 година 215 жители, македонско население.

**ЛОЗОВО** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, лоцирана на патот Штип-Велес и претставува централно место и седиште на истоимената Општина. Населбата до неодамна се нарекувала Џумајлија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 24,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.908 ха, а на пасиштата отпаѓаат 248 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти, а има и урбанистички план. Поради механички прилив на населението, Лозово прераснало од средна, во голема населба. Така, селото во 1961 година броело 570 жители, од кои 520 биле Македонци, 13 Турци, седум Срби, шест Хрвати, тројца Албанци и 16 жители неопределени, а во 1994 година 946 жители, од кои 889 се Македонци, 39 Власи, шест Срби и пет жители Турци.

**ЛОЈАНЕ** - Оваа голема населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Липково, од левата страна на патот Куманово-Белград, а чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 440 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 18,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 810 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 636 ха, а на пасиштата 310 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има ветеринарна станица, услужни објекти и др. Во селото има црква „Св. Архангел", којашто е во урнатини и не се знае времето кога била изградена. Исто така, постои и црква „Св. Богородица", за којашто се знае дека била изградена во XIII век, а во 1232 година, од страна на царот Душан, била приложена на Хилендарскиот манастир. Лојане е голема населба, со пораст на својата популација, бидејќи бројот на населението се зголемил од 1.654 жители во 1961 година, од кои 953 биле Албанци, 609 Турци, 36 Срби и 24 жители Македонци, на 2.274 жители во 1994 година, од кои 2.270 се Албанци, еден е Србин и тројца жители - други.

**ЛОКВЕНИ** - Населбата до скоро се наоѓала во нискиот дел на територијата на Општината Крушево, а денес припаѓа на малиот простор на Општината Житоше. Селото е рамничарско, на надморска височина од 625 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 364 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 263 ха, а на пасиштата само 79 ха. Селото, во основа, има

полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Локвени е мала населба, којашто во 1961 година броела 259 жители, а во 1994 година 191 жители, од кои 35 се Македонци, а 156 се декларирале како - други.

**ЛОКВИЦА** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на источната страна на територијата на Општината Македонски Брод, чиј атар се издига на планината Даутица. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од централното место Македонски Брод, населбата е одалечена 11 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 39,4 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите на 2.685 ха, на пасиштата отпаѓаат 479 ха, а на обработливото земјиште 382 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има земјоделска задруга и услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Атанас", којашто потекнува од средниот век, но била преѕидувана. Од Локвица потекнува голема емиграција на населението, бидејќи оваа населба во 1961 година броела 870 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 119 жители, македонско население.

**ЛОКОВ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 61 жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Луково, под западната падина на планината Караорман, на надморска височина од 1.325 метри. Атарот зафаќа простор од вештачкото езеро Глобочица.

**ЛОМНИЦА** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на северната страна на територијата на Општината Неготино-Полошко, чиј атар се издига до squareртот на Шар Планина. Селото е на надморска височина од 1.020 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 19 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 27,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.773 ха, на пасиштата отпаѓаат 678 ха, а на обработливото земјиште 203 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во населбата работи осумгодишно училиште. Ломница е средна по големина населба, со пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 582 жители од кои 399 биле Турци, а 175 жители Албанци, а во 1994 година 762 жители, албанско население.

**ЛОПАТЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, недалеку во западен правец, и веќе ѝ припаѓа на рурбалната зона на градот. Селото е рамничарско, на надморска височина од 365 метри. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 728 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Лопате е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 1.260 жители, од кои 578 биле Турци, 475 Македонци, 129 Албанци, 54 Срби и 20 жители неопределени, а во 1994 година 2.320 жители, од кои 1.763 се Албанци, 473 Македонци, 74 Срби и 10 жители - други.

**ЛОПАТИЦА** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Кукуречани, а чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 576 метри. Има релативно голем атар од 24,4 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата коишто заземаат површина од 1.338 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 694 ха, а на шумите 329 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Од Лопатица се иселил голем број од неговото население, така што, таа преминала од голема, во средна населба. Во 1961 година населбата имала 611 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 331 жители, македонско население.

**ЛОПАТИЦА** - Населбата се наѓа на крајниот југоисточен дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани. Населбата е ридска, на надморска височина од 750 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 35 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него

преовладуваат пасиштата на површина од 897 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 594 ха, а на шумите 101 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Лопатица во 1961 година имала 410 жители, но во 1994 година бројот се намалил дури на само 80 жители, македонско население.

**Лубница** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Конче, во горното сливно подрачје на реката Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на Конечка Планина, каде што се допира со просторот на Општината Демир Капија. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Лежи на локален пат, а од градот Радовиш населбата е оддалечена 20 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 45,7 км$^2$ На него провладуваат шумите на површина од 2.091 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 934 ха, а на пасиштата 322 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на популацијата. Така, Лубница во 1961 година имала 592 жители, од кои 582 биле Македонци, шест Турци и четири жители Срби, а во 1994 година 366 жители, македонско население.

**Лугунци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, во сливното подрачје на реката Отовица. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа површина од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 665 ха, на шумите отпаѓаат 331 ха, а на пасиштата 118 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е мала, но во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година имала 202 жители, од кои 185 биле Македонци, а 16 жители Срби, а во 1994 година само 12 жители, македонско население.

**Луке** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и од раштркан тип, чии куќи се издигаат на надморска височина од 940 до 1.114 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 22,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 953 ха, на шумите отпаѓаат 665 ха, а на пасиштата 553 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Луке, поради емиграција на населението, преминало од голема, во средна населба. Така, селото во 1961 година имало 829 жители, од кои 812 биле Македонци, а 16 жители Срби, а во 1994 година било преполовено и броело 416 жители, од кои 414 се Македонци.

**Луковица** - Населбата се наоѓа во сливното подрачје на Брегалница, во југоисточниот дел на територијата на Општината Македонска Каменица, недалеку во источен правец од седиштето на Општината. Куќите на населбата се издигаат на надморска височина од 580 до 670 метри. Атарот зафаќа простор од 8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 364 ха, на шумите отпаѓаат 244 ха, а на пасиштата 164 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, земјоделска задруга и услужни објекти. Луковица е средна по големина населба, без поголеми промени на популацијата. Така, селото во 1961 година имало 372 жители, а во 1994 година 304 жители, македонско население.

**Луковица** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Желино, лоцирано на североисточната падина на Сува Гора. Селото е планинско, на надморска височина од 930 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 28 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 40,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите од 1.504 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 135 ха, а на пасиштата 22 ха. Селото има полјоделска функција. Луковица преминало од средна во мала населба, бидејќи во 1961 година населбата броела 386 жители, а во 1994 година 37 жители, македонско население.

**ЛУКОВО** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струшкото Поле, од левата страна на заезерената долина на Црн Дрим, и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е планинско, во кое што некои куќи се издигаат дури до 1.000 метри надморска височина. Од градот Струга населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 13,1 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите, на простор од 861 ха, на пасиштата отпаѓаат 217 ха, а на обработливото земјиште 163 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта и услужни објекти. Од Луково, речиси, половината на населението се иселило. Така, населбата во 1961 година броела 990 жители, од кои 961 биле Македонци, 19 Срби, двајца Хрвати, а осум жители Црногорци, а во 1994 година 511 жители, од кои 504 се Македонци, а пет жители Роми.

**ЛУКОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторите на општините Пробиштип и Злетово. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 9,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 742 ха, на пасиштата отпаѓаат 127 ха, а на обработливото земјиште само 44 ха. Луково е мала населба, којашто во 1961 година броела 147 жители, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**ЛУПИШТЕ** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Самоков, во средното сливно подрачје на реката Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Атарот зафаќа простор од 13,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 918 ха, на пасиштата отпаѓаат 321 ха, а на обработливото земјиште 11 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во населбата се наоѓа црквата „Св. Петровица", за која сè уште не се знае во кој период била изградена. Населбата, во 1961 година била средна по големина со 327 жители, а во 1994 година преминала во мало село, со 90 жители, македонско население.

# Љ

**ЉУБАНИШТЕ** - Населбата се наоѓа во најјужниот дел на територијата на Општината Охрид, недалеку од брегот на Охридското Езеро, чиј атар се допира со просторот на Општината Ресен и со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Се наоѓа на патот Охрид-Свети Наум, а од градот населбата е оддалечена 29 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 38,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.528 ха, на пасиштата отпаѓаат 817 ха, а на обработливото земјиште 295 ха. Селото има мешовита земјоделска функција, но со изградбата на бројни викенд-куќички, се здобива и со рекреативно-туристичка функција. Во него има амбуланта, пошта, услужни објекти, споменик за паднатите борци во НОБ и др. Љубаниште преминала од средна, во мала населба. Така, во 1961 година, селото броело 455 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 185 жители, македонско население.

**ЉУБАНЦИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Чаир, чиј атар се издига до сртот на Скопска Црна Гора, каде што се допира со просторот на Општината Липково. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 24,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.166 ха, на пасиштата отпаѓаат 627 ха, а на обработливото земјиште 546 ха. Селото има мешовита земјоделска функција

Во него се наоѓа црквата „Св. Богородица", во урнатини, но не се знае точно кога била подигната. Исто така, во оваа населба се наоѓа и црквата „Св. Никола", којашто се смета дека била подигната во 1337 година, а живописот датира од XVII век. Таа била обновена во 1847 година. Љубанци е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.312 жители, од кои 1.298 биле Македонци, а 10 жители Срби, а во 1994 година бројот се намалил на 863 жители, од кои 859 се Македонци, а тројца жители Срби.

**ЉУБИН** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сарај, недалеку од десната страна на патот Скопје-Тетово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 305 метри. Податоци за аграрната структура нема, бидејќи селото не е катастарски евидентирано. Љубин била мала населба, но особено со доселување на население од Санџак, преминало во големо село. Така, тоа во 1961 година броело 247 жители, од кои 240 биле Турци, а четири жители Албанци, а во 1994 година дури 1.617 жители, од кои 706 се Албанци, 10 Турци, двајца Македонци и 899 се - други (муслимани од Санџак).

**ЉУБИНЦИ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Славишкото Поле, на територијата на Општината Ранковци, од десната страна на Крива Река. Селото е рамнинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 520 до 560 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 20 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,2 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 276 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Селото е мало и во 1961 година броело 250 жители, а во 1994 година 144 жители, македонско население.

**ЉУБОДРАГ** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од десната страна на патот Куманово-Скопје. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 420 метри. Атарот не е голем и зафаќа површина од 5,4 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 487 ха и затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и ветеринарна станица и услужни објекти. Љубодраг е средна по големина населба, со позитивен популациски биланс. Така, населбата во 1961 година имала 482 жители, од кои 279 биле Македонци, а 201 жители Срби, а во 1994 година бројот се зголемил на 677 жители, од кои 396 се Македонци, а 275 жители Срби.

**ЉУБОЈНО** - Оваа некогаш голема населба, позната по печалбарските движења, се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е рамничарско-ридско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 13,6 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 477 ха, на пасиштата отпаѓаат 396 ха, а на шумите 356 ха, но, во основа, селото има полјоделска функција. Во селото работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, услужни објекти и споменик за НОБ. Во Љубојно има црква „Св. Никола", којашто веројатно потекнува од почетокот на XIV век, бидејќи во 1337 година царот Душан ја потврдил на манастирот Трескавец. Од населбата се иселил значителен број од населението и таа преминала од големо во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 884 жители, од кои 868 Македонци, 10 Албанци и седум жители Срби, а во 1994 година 238 жители, од кои 223 се Македонци, 12 Турци и еден жител Влав.

**ЉУБОТЕН** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Чаир, чиј атар се издига до сртот на Скопска Црна Гора, каде што се допира со просторот на Општината Липково. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 13,3 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 635 ха, на пасиштата отпаѓаат 323 ха, а на шумите 253 ха. Селото, во основа, има

полјоделско-сточарска функција. Љуботен е голема населба, со значителен пораст на својата популација. Така, населбата во 1961 година имала 1.254 жители, од кои 838 биле Албанци, 239 Турци и 177 жители Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.035 жители, од кои 1.887 се Албанци, а 146 жители Македонци.

**ЉУБОТЕН** - Ова мало село се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Штип, на стариот пат од Штип за Радовиш. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 585 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 375 ха, а на шумите 171 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Љуботен е мало село, коешто во 1961 година броело 214 жители, а во 1994 година 67 жители, македонско население.

# М

**МАВРОВИ АНОВИ** - Населбата е централно место и седиште на истоимената Општина. Лоцирано е на западниот брег на Мавровското Езеро. Населбата е планинска, на надморска височина од 1.290 метри. За Маврови Анови нема аграрни податоци, бидејќи таа, како млада населба по постанок, не се води во катастарската евиденција. Во неа работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, угостителски објекти и продавници, споменик за НОБ и др. Населбата има и туристичко-рекреативна функција, бидејќи во неа се изградени и повеќе викенд-куќички. Маврови Анови е мала населба, којашто и во 1961 година броела 191 жители, од кои 147 биле Македонци, 20 Срби, 13 Турци и девет жители Албанци, во 1994 година 183 жители, од кои 150 се Македонци, 16 Турци, девет Роми и четири жители Срби.

**МАВРОВО** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Маврови Анови, покрај јужниот брег на Мавровското Езеро, а под падината на планината Бистра. Селото е планинско, на надморска височина од 1.240 метри. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 31,3 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.517 ха, на шумите отпаѓаат 1.452 ха, а на обработливото земјиште 117 ха. Во основа, селото има сточарско-шумарска функција, но и туристичко значење. Во населбата работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е мала и во 1961 година броела 297 жители, а во 1994 година 183 жители, од кои 181 се Македонци и двајца жители Срби.

**МАГАРЕВО** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Битола, чиј атар се издига дури до сртот на планината Пелистер. Од градот Битола населбата е оддалечена девет километри. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Атарот зафаќа простор од 16,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 609 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 254 ха, а на пасиштата 201 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото постои манастир „Св. Ѓорѓи“, којштo не е доволно проучен, односно, не се знае точно кога настанал. Магарево е мала населба, којашто во 1961 година имала 159 жители, а во 1994 година 90 жители, од кои 74 се Македонци, девет Власи и шест жители - други.

**МАЖУЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Прилепското Поле, односно, на територијата на Општината Прилеп, недалеку северозападно од градот и непосредно до патот Прилеп - Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 660 метри. Атарот зафаќа простор

од 16,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.336 ха, а на пасиштата отпаѓаат 230 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и земјоделска задруга. Селото е средно по големина, но со намалување на популацијата. Тоа во 1961 година броело 610 жители, а во 1994 година 362 жители, македонско население.

**Мајден** - Населбата се наоѓа во областа Витачево, јужно од Кавадарци, а на територијата на Општината Конопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 780 метри. За него не постојат аграрни податоци, бидејќи не се води во катастарската евиденција. Населбата се наоѓа во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година имала 306 жители, а во 1994 година само четири жители, македонско население.

**Маково** - Населбата се наоѓа на крајниот дел на Битолското Поле, лоцирана, речиси, на сртот на Селечка Планина, а во рамките на територијата на Општината Старавина. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. До него денес е изграден добар асфалтен пат, а од градот Битола селото е оддалечено 29 км. Атарот зафаќа простор од 26,5 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.409 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 954 ха, а на шумите 185 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Маково било средно по големина село, но по пат на емиграција преминало во мала населба. Таа, во 1961 година имала 515 жители, а во 1994 година 98 жители, македонско население.

**Макреш** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, непосредно до патот Куманово-Крива Паланка. Селото е ридско, на надморска височина од 340 до 430 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 400 ха, а на пасиштата отпаѓаат 238 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Макреш е мала населба, којашто во 1961 година броела 275 жители, а во 1994 година само 58 жители, од кои 51 се Македонци, пет Срби и двајца жители Власи.

**Макреш** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар, на тесен дел, се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Свети Николе, населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 248 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 68 ха, а на шумите 50 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Макреш е мала населба, во фаза на наполно раселување, бидејќи таа во 1961 година имала 93 жители, од кои 88 биле Македонци, тројца Албанци и двајца жители Срби, а во 1994 година само двајца жители.

**Мал Габер** - Селото е наполно раселено во периодот по 1953 година, кога што броело 70 жители, турско население. Селото се наоѓало во југозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, под западната падина на Плачковица. Тоа било ридско село, на надморска височина од 550 метри. Атарот зафаќа површина од 4,6 км$^2$.

**Мал Папрадник** - Населбата се наоѓа во областа Дебарска Жупа, односно, на територијата на Општината Центар Жупа. Селото е рамнинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена девет километри. Има мошне мал атар, од 3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 139 ха, на шумите отпаѓаат 77 ха, а на пасиштата 70 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со значителен пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 434 жители, од кои 426 биле Турци, пет Албанци и двајца жители Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил на 753 жители, од

кои 631 се Турци, 109 Македонци и 13 - други.

**Мал Радобил** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Прилеп, во горното, изворишно сливно подрачје на реката Раец, веднаш по преминот на превалот Плетвар. Селото е рамнинско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 177 ха, на пасиштата отпаѓаат 461 ха, а на шумите 171 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е во фаза на раселување, бидејќи во 1961 година имала 115 жители, а во 1994 година само 23 жители, македонско население.

**Мала Речица** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Тетово, непосредно до градот, во северозападен правец, и веќе припаѓа во неговата рурбална зона. Населбата е рамнинска, на надморска височина од 490 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште, па затоа населбата има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и бројни услужни објекти. Во населбата постојат сочувани урнатини од манастирот „Св. Ѓорѓи", со сочувани фрески од XIV век. Мала Речица е голема населба, со значителен пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 957 жители, од кои 867 биле Албанци, 84 Турци и четворица жители Македонци, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 7.005 жители и тоа, како со природен прираст, така и со механички прилив, од кои 6.987 се Албанци, 12 Роми и четири жители Турци.

**Мала Црцорија** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат малку над 1.000 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него најголема површина зазема обработливото земјиште на простор од 518 ха, на пасиштата отпаѓаат 358 ха, а на шумите 276 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграција на населението, населбата преминала од средно, во мало село. Тоа во 1961 година броело 418 жители, а во 1994 година 149 жители, македонско население.

**Мали Влај** - Населбата се наоѓа на крајната југозападна страна на територијата на Општината Струга, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 758 ха, на пасиштата отпаѓат 149 ха, а на обработливото земјиште 38 ха. Селото, во основа, има шумарско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и услужни објекти. Мали Влај во 1961 година броело 421 жители, а во 1994 година преминало во мало село со 161 жители, македонско население.

**Малино** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторот на Општината Орашац. Селото е рамнинско-ридско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 18,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 938 ха, на шумите отпаѓаат 440 ха, а на пасиштата 370 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Има земјоделска задруга и услужни објекти. Во населбата постои Ѓуришки манастир, чија црква е посветена на „Св. Богородица", со натпис на вратата од 1595 година. Малино во 1961 година броело 534 жители, а во 1994 година преминало во мало село, со 68 жители, македонско население.

**Малкоец** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Другово, во изворишното сливно подрачје на Треска, од нејзината десна страна, а чиј атар се допира со просторот на областа Дебарца. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Атарот зафаќа простор од 11,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 715 ха, на пасиштата отпаѓаат 236 ха, а на обработливото земјиште 105 ха. Селото има, главно, полјоделско-шумарска функција. Малкоец е мала населба, којашто во 1961 година имала 290 жители, а во 1994 година 43 жители, македонско население.

**Маловиште** - Оваа мошне интересна планинска населба, со специфична градежна архитектура, се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Цапари, чиј атар се издига до сртот на планината Пелистер. Селото е планинско, на надморска височина од 1.140 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 29,3 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.675 ха, на пасиштата отпаѓаат 668 ха, а на обработливото земјиште 153 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во населбата има голема и убаво сочувана црква, но таа не е забележана како средновековен споменик. Маловиште во 1961 година броело 334 жители, од кои 316 биле неопределени и 27 жители Македонци, а во 1994 година бројот се намалил на 121 жители, од кои 102 се Власи, 18 Македонци и еден Албанец.

**Мало Илино** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Сопотница, во изворишното сливно подрачје на Црна Река, чиј атар се издига до сртот на Плаќенска Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Атарот зафаќа простор од 16,6 км$^2$. На него најголема површина заземаат пасиштата од 630 ха, на шумите отпаѓаат 499 ха, а на обработливото земјиште 250 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Во него има продавница и споменик за НОБ. Мало Илино, во 1961 година било средно по големина село, со 315 жители, од кои 305 биле Македонци, шест Власи и тројца жители Црногорци, а во 1994 година преминало во мала населба со 106 жители, македонско население.

**Мало Коњари** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Прилеп, недалеку од градот во западен правец и непосредно до патот Прилеп-Крушево. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 613 метри. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.284 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Мало Коњари е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 786 жители, а во 1994 година 713 жители, македонско население.

**Мало Мраморани** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Долнени, во северозападен правец од градот Прилеп, на оддалеченост од 12 км. Селото е ридско, на надморска височина од 715 метри. Има мал атар, што зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 241 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 98 жители, а во 1994 година 52 жители, македонско население.

**Мало Рувци** - Населбата се наоѓа на југоисточната страна на Прилепското Поле, а на јужниот дел на територијата на Општината Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 607 ха, а на пасиштата отпаѓаат 439 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Мало Рувци е мала населба, дури во фаза на раселување. Така, населбата во 1961 година броела 299 жители, а во 1994 година само 27 жители, македонско население.

**МАЛОТИНО** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 600 до 840 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 36 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 528 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 260 ха, а на шумите 192 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Малотино во 1961 година имало 317 жители, од кои 313 биле Македонци, тројца Срби и еден жител Албанец, а во 1994 година преминало во мала населба со 64 жители, од кои 58 се Македонци и шест жители Срби.

**МАЛО ТУРЧАНЕ** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Гостивар, недалеку од градот во јужен правец, и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 1,4 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 55 ха, но селото нема некое видно значење во областа на земјоделството. Населбата е средна по големина, но со пораст на својата популација. Така, Мало Турчане во 1961 година броело 308 жители, а во 1994 година двојно се зголемило на 602 жители, од кои 597 се Албанци, а пет жители Македонци.

**МАЛО ЦРСКО** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Другово, во сливното подрачје на Треска, недалеку од патот Кичево-Демир Хисар. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 12,1 $км^2$. На него доминираат шумите на површина од 720 ха, на пасиштата отпаѓаат 237 ха, а на обработливото земјиште 211 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото има црква „Св. Богородица", за којашто нема историски податоци и не се знае кога е подигната. Исто така, постои и црква „Св. Ѓорѓија", за којашто не е познат периодот на изградбата, како што не се знае ни кога била подигната црквата „Св. Никола". Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, бидејќи во 1961 година броела 122 жители, а во 1994 година само пет жители, македонско население.

**МАЛЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, во сливот на Маркова Рерка, од нејзината лева страна. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 24 км. Селото има мошне мал атар што зафаќа простор од само 2,8 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 153 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 61 ха, а на пасиштата 42 ха. Малчиште е во фаза на наполно раселување, бидејќи селото во 1961 година имало 159 жители, а во 1994 година, само седум жители, турско население.

**МАМУДОВЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Кичево, недалеку од градот во североисточен правец, во неговата рурбална зона. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Атарот е мошен мал и зафаќа простор од 3,1 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 102 ха, на шумите отпаѓаат 131 ха, а на пасиштата 65 ха. Мамудовци е мала населба, но со пораст на својата популација. Така, населбата во 1961 година броела 250 жители, од кои 179 биле Албанци, а 71 жители Турци, а во 1994 година 337 жители, албанско население.

**МАМУТЧЕВО** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Велес, во сливното подрачје на реката Отовица, а нејзиниот атар се допира со областа Овче Поле. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 400 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 10 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 401 ха, на пасиштата отпаѓаат 526 ха, па затоа селото има полјоделско-сточарска функција. Во однос на

населеноста, Мамутчево нема големи промени. Така, населбата во 1961 година броела 378 жители, од кои 358 биле Македонци, а 20 жители Албанци, а во 1994 година 351 жители, македонско население.

**Манастир** - Населбата се наоѓа на западната страна во прилепскиот дел на областа Мариово и ѝ припаѓа на територијата на Општината Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 38 км. Атарот зафаќа простор од 15,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 253 ха, на пасиштата отпаѓаат 705 ха, а шуми, речиси, нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1954 година во населбата бил откриен манастир „Св. Никола", во којшто една зачувана фреска потекнува од 1560 година. Населбата Манастир е мала, во фаза на раселување. Така, селото во 1961 година имало 232 жители, а во 1994 година само 12 жители, македонско население.

**Манастирец** - Населбата се наоѓа во Росоманското Поле, непосредно до Црна Река, на територијата на Општината Росоман. Селото е рамничарско, на надморска височина од 145 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 686 ха, на пасиштата отпаѓаат 321 ха, а на шумите само 20 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 489 жители, од кои 455 биле Македонци, 14 Срби, четворица Турци и 14 жители неопределени, а во 1994 година 339 жители, од кои 319 се Македонци, а 20 жители Срби.

**Манастирско Доленци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Другово, во горното сливно подрачје на Треска, а југозападно од градот Кичево, на оддалеченост од 12 км. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 963 ха, на пасиштата отпаѓаат 108 ха, а на обработливото земјиште само 38 ха. Населбата е мала, со намалување на бројот на населението. Така, таа во 1961 година имала 210 жители, а во 1994 година 126 жители, од кои 124 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Марвинци** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Валандово, од левата страна на Вардар, а нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Миравци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 114 метри. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 311 ха, на шумите отпаѓаат 227 ха, а на пасиштата 137 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Марвинци е средна по големина населба, со пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 379 жители, а во 1994 година 519 жители, од кои 275 се Македонци и 244 жители Срби.

**Маргари** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле, а во таа насока и на територијата на Општината Долнени, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 33 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,1 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 246 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 150 ха. Поради еимиграција на населението, населбата преминала од средно, во мало село. Тоа, во 1961 година броело 367 жители, а во 1994 година само 35 жители, македонско население.

**Марена** - Населбата се наоѓа во Тиквешката Котлина, во североисточниот дел на територијата на Општината Кавадарци, недалеку од градот и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина

од 207 метри. Атарот зафаќа простор од 12,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.000 ха, а на пасиштата отпаѓаат 135 ха. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Марена е средна по големина населба, но со пораст на бројот на населението. Таа во 1961 година броела 690 жители, од кои 622 биле Македонци, 33 Албанци, 23 Срби, тројца Турци и осум жители неопределени, а во 1994 година преминала во голема населба со 988 жители, од кои 920 се Македонци, 49 Роми, 11 Срби и осум - други.

**Марино** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Илинден, недалеку од патот Скопје-Куманово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,5 км$^2$. На него обработливото земјште зазема површина од 230 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Оваа населба е типичен имиграционен пример, зашто, поради големата имиграција на населението, преминала од мала, во мошне голема населба. Марино во 1961 година броело 243 жители, од кои 141 биле Македонци и 97 жители Срби, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.359 жители, од кои 3.205 се Македонци и 148 жители Срби.

**Маричино** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Пробиштип, неколку километри оддалечена од градот, а нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Кратово. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 5,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 252 ха, на шумите отпаѓаат 159 ха, а на пасиштата 147 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата во 1961 година била средна по големина, со 365 жители, а во 1994 година таа преминала во мало село, со 38 жители, македонско население.

**Маркова Сушица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, во долината на Маркова Река. Селото лежи на локален пат, а од Скопје е оддалечено 18 км. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 370 метри. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 496 ха, на обработливото земјште отпаѓаат 131 ха, а на пасиштата 92 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата се наоѓа Марков манастир, посветен на Св. Димитрие, којшто почнал да се гради во 1345 година, а бил живописан во 1376/77 година. Манастирот, преку разни записи и ракописи, се споменува од XIV век наваму. Во него од 1802 до 1818 година бил игумен и Кирил Пејчиновиќ. Во манастирот се обновени старите конаци.* Според бројот на населението населбата е мала, во фаза на раселување. Така, таа во 1961 година броела 132 жители, а во 1994 година само 24 жители, македонско население.

**Мартиница** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, јужно од градот, на оддалеченост од два километри, па затоа припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е ридско-планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 840 до 1.140 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 246 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 161 ха, а на пасиштата само 13 ха. Во 1961 година Мартиница била средна по големина населба, со 310 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 182 жители, македонско население.

**Мартолци** - Населбата се наоѓа во областа Азот, во средното сливно подрачје на реката

* Н. Панов: Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија. Графички центар "Бато и Дивјан", Скопје, 1998.

Бабуна, а на територијата на Општината Извор. Селото е ридско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 950 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 305 ха, а на шумите само 69 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради иселување на дел од населението, Мартолци во 1961 година броело 422 жители, а во 1994 година 215 жители, од кои 212 се Македонци.

**МАРУЛ** - Населбата се наѓа во јужниот дел на Прилепското Поле и во иста насока на територијата на Општината Тополчани. Населбата е ридска, на надморска височина од 780 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 14,1 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 644 ха, на пасиштата отпаѓаат 675 ха, а шуми нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Марул се иселил значителен број од неговото население и тоа преминало од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година броело 365 жители, а во 1994 година само 39 жители, македонско население.

**МАТЕЈЧЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Липково, чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 480 метри. Атарот е релативно мошне голем и зафаќа простор од 34,1 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.557 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.226 ха, а на пасиштата 484 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Во селото има стара црква „Св. Ѓорѓи“, којашто веројатно потекнува од XIV век. Матечје е голема населба, којашто во 1961 година броела 2.345 жители, од кои 1.120 биле Турци, 822 Срби, 264 Албанци, 82 Македонци, тројца Црногорци и 17 жители муслимани и неопределени, а во 1994 година бројот се зголемил на 3.137 жители, од кои 2.759 се Албанци, 355 Срби, 11 Македонци и 11 жители Срби.

**МАЧЕВО** - Населбата се наоѓа во областа Малеш, во северниот дел на територијата на Општината Берово, на патот Берово-Виница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 790 метри. Од населбата Берово селото е оддалечено девет километри. Атарот зафаќа простор од 9,7 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 371 ха, на пасиштата отпаѓаат 309 ха, а на шумите 249 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него има фабрички погони, основно училиште до IV одделение, услужни објекти и спомен-плоча за НОБ. Населбата е мала и во 1961 година броела 297 жители, а во 1994 година 216 жители, македонско население.

**М'ГЛЕНЦЕ** - Населбата се наоѓа во најсеверниот дел на областа Козјачија, на територијата на Општината Старо Нагоричане, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 620 до 920 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 44 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 493 ха, на пасиштата отпаѓаат 409 ха, а на шумите 70 ха. Според тоа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Поради емиграција на населението, населбата преминала од средно, во мало село. Така, таа во 1961 година броела 329 жители, од кои 176 биле Македонци, а 152 жители Срби, а во 1994 година 118 жители, од кои 107 се Срби и 11 жители Македонци.

**МЕГЛЕНЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Битолското Поле, но во северниот дел на територијата на Општината Новаци. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Се наоѓа недалеку од новиот пат Новаци-Маково, а од градот Битола населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 494 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 297 ха, а на

шумите само 17 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Тоа е во фаза на раселување, бидејќи во 1961 година броело 320 жители, а во 1994 година само 43 жители, македонско население.

**МЕЛНИЦА** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на Тополка, од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена околу 25 км. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 28,6 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.614 ха, на пасиштата отпаѓаат 698 ха, а на обработливото земјиште 379 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта и услужни објекти. Населбата е средна по големина, со мало намалување на бројот на населението. Така, Мелница во 1961 година имала 752 жители, од кои 676 биле Турци, 72 Албанци и двајца жители Македонци, а во 1994 година бројот се намалил на 688 жители, од кои 636 се Турци, девет Македонци, двајца Албанци и 41 жители - други.

**МЕМЕШЛИ** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Куклиш, во малото Костуринско Поле, чиј атар се допира со просторот на Општината Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 746 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 130 ха, а на пасиштата 129 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Мемешли е мала населба, којашто во 1961 година броела 95 жители, а во 1994 година 82 жители, турско население.

**МЕРОВО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Желино, во горното сливно подрачје на реката Фуш, а чиј атар се допира со просторот на Општината Сарај. Селото е ридско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 15,4 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.016 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 326 ха, а на пасиштата 124 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Мерово во 1961 година било средна по големина населба, со 578 жители, додека во 1994 година таа преминало во голема населба, со 918 жители, албанско население.

**МЕТЕЖЕВО** - Населбата се наоѓа во северниот висок дел на територијата на Општината Крива Паланка. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.020 до 1.260 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 15,7 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 606 ха, на пасиштата отпаѓаат 489 ха, а на шумите 328 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграција на населението, Метежево преминало од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година броело 431 жители, а во 1994 година 93 жители, македонско население.

**МЕТИМИР** - Ова мало село се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Цапари, во зоната на вештачката акумулација Стрежево, а неговиот атар се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Атарот не е голем и зафаќа простор од 5,3 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 238 ха, на шумите отпаѓаат 168 ха, а на пасиштата 115 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Метимир е населба во фаза на раселување, бидејќи во 1961 година таа броела 143 жители, а во 1994 година само 14 жители, македонско население.

**МЕЧКУЕВЦИ** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, во источниот дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со територијата на Општината Проби-

штип. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 13 км. Има релативно голем атар, на простор од 22,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.120 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 934 ха, а на шумите 97 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Мечкуевци се иселил значителен дел од населението, така што, населбата преминала од средно, во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 506 жители, од кои 459 биле Македонци, 18 Албанци и 23 жители неопределени, а во 1994 година само 18 жители, македонско население.

**МЕЦИТЛИЈА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, а во источна насока на територијата на Општината Бистрица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 587 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км. За оваа населба нема податоци за аграрната структура, бидејќи таа не се води во катастарската евиденција. Во неа работи основно училиште до IV одделение, а има и фабрички погон. Мецитлија е мала населба, којашто во 1961 година имала 221 жители, од кои 174 биле Албанци, 37 Турци, двајца Македонци и шест муслимани (етничка припадност) а во 1994 година 175 жители, албанско население.

**МЕШЕИШТА** - Оваа голема населба се наоѓа, речиси, во средишниот дел на истоимената Општина, на патот Охрид-Кичево, односно, Мешеишта е нејзино општинско седиште. Селото е рамничарско, на надморска височина од 750 метри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 24,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.309 ха, на обработливото земијште отпаѓаат 797 ха, а на пасиштата 105 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објект, ПП Мелница, споменик и спомен-плоча за НОБ и др. Мешеишта е голема населба, но со намалување на бројот на својата популација. Така, населбата во 1961 година броела 1.675 жители, од кои 1.662 биле Македонци, осум Албанци и тројца жители Турци, а во 1994 година бројот се преполовил на 904 жители, македонско население.

**МИДИНЦИ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во северниот дел на територијата на Општината Зајас, недалеку од патот Кичево-Охрид. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. Најголема површина заземаат шумите на 421 ха, на пасиштата отпаѓаат 236 ха, а на обработливото земјиште 98 ха. Мидинци е мала населба, којашто во 1961 година броела 159 жители, а во 1994 година 47 жители, од кои 45 се Македонци.

**МИЛАДИНОВЦИ** - Оваа голема населба се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Илинден, недалеку од патот Скопје-Куманово. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него обработливото земјште зазема површина од 700 ха, а на пасиштата отпаѓаат 625 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 265 метри. Во него работи осумгодишно училиште, а има и разни услужни објекти. Миладиновци е голема населба, со значителен пораст на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 806 жители, од кои 548 биле Македонци, 100 Албанци, 79 Срби, 19 Турци, 10 Црногорци, петмина Хрвати и 45 жители неопределени, а во 1994 година бројот, речиси, двојно се зголемил, на 1.429 жители, од кои 1.072 се Македонци, 277 Роми, 16 Срби, двајца Турци и 62 жители се декларирале како - други.

**МИЛЕТИНО** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во средишниот дел на територијата на Општината Брвеница, од десната страна на Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 510 метри. Од градот Тетово насел-

бата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 22,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 781 ха, на шумите отпаѓат 856 ха, а на пасиштата 497 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Милетино е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 1.498 жители, од кои 673 биле Албанци, 749 Македонци и 72 жители Турци, а во 1994 година 1.786 жители, од кои 1.142 се Албанци, 638 Македонци, двајца Турци и четири жители - други.

**МИЛЕТКОВО** - Населбата се наоѓа во Гевгелиското Поле, на јужниот дел на територијата на Општината Миравци, од десната страна на Вардар, непосредно до патот Скопје-Гевгелија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 95 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 313 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 193 ха, а на пасиштата само 84 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделеление. Милетково е мала населба, којашто во 1961 година броела 128 жители, а во 1994 година 122 жители, од кои 113 се Македонци, а девет жители Срби.

**МИЛИНО** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, во западниот дел на територијата на Општината Лозово, чиј атар се допира со просторот на Општината Велес. Селото е рамничарско-ридско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 17,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.215 ха, на пасиштата отпаѓаат 500 ха, а на шумите симболични 1,5 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има земјоделска задруга и услужни објекти. Милино е средна по големина населба, но со мошне иселено население. Така, селото во 1961 година броело 736 жители, од кои 341 биле Турци, 195 Албанци, 55 Македонци, 11 Срби, 99 муслимани (етничка припадност) и 12 жители неопределени, а во 1994 година бројот се преполовил на 370 жители, од кои 252 се Македонци, 51 Албанци, 19 Турци, двајца Срби, еден Влав и 45 жители - други.

**МИЛОШЕВО** - Оваа мала населба се наоѓа на јужниот, рамничарски дел на територијата на Општината Крушево. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 651 метри. Од градот Крушево селото е оддалечено 13 км. Бидејќи Милошево има заеднички атар со селото Пресил, за него нема одделни податоци за аграрната структура, односно, не се води во катастарската евиденција. Населбата е мала и во 1961 година броела 79 жители, од кои 63 биле Македонци, а 16 жители Срби, а во 1994 година 60 жители, од кои 51 се Македонци, а девет жители Срби.

**МИЛУТИНЦЕ** - Населбата се наоѓа во Славишкото Поле, а во средишниот дел на територијата на Општината Ранковце. Селото е рамнинско-ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 660 до 780 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 554 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 334 ха, а на шумите само 52 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграција на населението, Милутинце преминало од средно, во мало село. Така, населбата во 1961 година броела 444 жители, а во 1994 година 133 жители, македонско население.

**МИОКАЗИ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на источната страна на територијата на Општината Вранештица, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 606 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 185 ха, на шумите

отпаѓаат 201 ха, а на пасиштата 110 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Миокази е мала населба којашто во 1961 година имала 177 жители, а во 1994 година 49 жители, македонско население.

**Миравци** - Населбата се наоѓа во Гевгелиско-валандовската Котлина, во источниот дел на територијата на истоимената Општина, чие седиште е, од десната страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 110 метри. Лежи непосредно до старата траса на патот Демир-Хисар-Гевгелија. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 21 км. Има релативно голем атар, што зафаќа простор од 28,8 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.707 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 729 ха, а на пасиштата 263 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, фабрички погон, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Миравци е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 1.438 жители, од кои 1.419 биле Македонци, а 12 жители Срби, а во 1994 година 1.667 жители, од кои 1.662 се Македонци, а пет жители Срби.

**Мирковци** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Скопската Котлина, а на јужната страна на територијата на Општината Чучер-Сандево, во подножјето на Скопска Црна Гора. Населбата е ридска, на надморска височина од 475 метри. Атарот зафаќа простор од 15,9 км² На него најголема површина заземаат шумите на 894 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 399 ха, а на пасиштата 266 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во Мирковци има црква „Св. Меркурно“, за којашто не се знае во кој период била изградена. Во селото постои и црква „Св. Илија“, којашто потекнува од XVI или XVII век, а којашто била обновена во XIX век. Мирковци е голема населба, со незначителна промена на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 838 жители, од кои 819 биле Македонци, девет Срби, двајца Црногорци и петмина жители неопределени, а во 1994 година 866 жители, од кои 797 се Македонци, 50 Срби и 19 жители - други.

**Мирче Ацев** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, когашто броела 44 жители. Селото се наоѓало на територијата на Општината Кривогаштани, на надморска височина од 609 метри. Атарот зазема површина од 2,3 км².

**Мислешево** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Струга, односно, многу блиску до градот и до патот Струга-Охрид, па затоа ѝ припаѓа на рурбалната зона на градот. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 698 метри. Атарот зафаќа простор од 13,2 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.223 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има дом на културата, услужни објекти, споменик за НОБ и друго. Мислешево е голема населба, со значителен пораст на бројот на популацијата. Поради близината до градот Струга, Мислешево привлекло и доселеници. Населбата во 1961 година броела 1.213 жители, од кои 1.204 биле Македонци, тројца Хрвати, двајца Црногорци и двајца жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.246 жители, од кои 2.668 се Македонци, 433 Албанци, 52 Турци, 41 Власи, 14 Срби и 38 жители - други.

**Мислодежда** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, а на северната страна на територијата на Општината Делогожда, под јужната падина на Караорман. Селото е планинско, на надморска височина од 945 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км². На него преовладуваат шумите на површина од 564 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 232 ха, а на пасиштата 172 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има

амбуланта и услужни објекти. Мислодежда е средна по големина населба, без поголеми промени на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 520 жители, од кои 499 биле Албанци, шест Турци, четворица Македонци и 10 жители муслимани (етничка припадност) а во 1994 година 582 жители, албанско население.

**Митрашинци** - Оваа голема населба се наоѓа во областа Малеш, во северозападниот дел на територијата на Општината Берово, чиј голем атар се допира со просторите на општините Виница и Делчево. Селото е ридско, на надморска височина од 800 до 840 метри. Од градот Берово населбата е оддалечена 17 км. Митрашинци има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 54,1 км². На него доминираат шумите на површина од 2.933 ха, на обработливото земиште отпаѓаат 1.608 ха, а на пасиштата 844 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, културен дом, услужни објекти и спомен-плоча во чест на XIV Бригада. Поради емиграција на населението, Митрашинци популациски преминало од голема, во средна населба. Така, селото во 1961 година броело 1.149 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 794 жители, македонско население.

**Митрои Крсти** - Населбата наполно е раселена по 1991 година, кога што броела само еден жител. Селото се наоѓа на територијата на Општината Долна Бањица, во Горни Полог, на надморска височина од 840 метри. Атарот зафаќа простор од 4 км².

**Мичак** - Селото е сосема раселено во периодот по 1961 година, кога што броело 10 жители, турско население. Се наоѓа во високиот краен југоисточен дел на територијата на Општината Карбинци, под југозападната падина на Плачковица, на надморска височина од 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 4,7 км².

**Младо Нагоричане** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од десната страна на реката Пчиња. Дел од селото лежи непосредно до патот Куманово-Крива Паланка, а од градот Куманово населбата е оддалечена 11 км. Селото е рамнинско, но куќите се издигаат на надморска височина од 330 до 440 метри. Селото има мошне голем атар што зафаќа површина од 48,1 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 3.831 ха, на пасиштата отпаѓаат 596 ха, а на шумите само 77 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, продавници и угостителски дуќани. Во оваа населба постоела црква „Св. Арангел“, којашто е во урнатини, а имало и уште четири други цркви за кои не се знае времето на подигањето, а за црквата „Св. Петка“, којашто е во урнатини, се претпоставува дека била подигната во XVII век. Младо Нагоричане е голема населба, но со значително намалување на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 3.414 жители, од кои 3.387 биле Македонци и 25 жители Срби, а во 1994 година бројот се намалил на 1.488 жители, од кои 1.452 се Македонци, 28 Срби и осум жители - други.

**Могила** - Оваа голема населба се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле и претставува седиште на истоимената Општина. Лежи непосредно до патот Битола-Прилеп, а од градот Битола населбата е оддалечена 12 км. Селото е рамнинско, на надморска височина од 582 метри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 22,2 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.712 ха, на пасиштата отпаѓаат 340 ха, а на шумите само девет хектари. Селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, пошта, ветеринарна станица, земјоделска задруга, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Могила е голема населба, но со намалување на бројот на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 2.038 жители, а во 1994 година 1.576 жители, македонско население.

**МОГИЛЕЦ** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, во јужниот дел на Општината Самоков, непосредно до новиот пат изграден до Самоков, а од левата страна на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите на простор од 623 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 89 ха, а на пасиштата 77 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во оваа населба постоела црква „Св. Спас", којашто е сега во урнатини, со забележан натпис од 1560 година. Веројатно црквата тогаш била обновена или, пак, жовописана. Могилец е мала населба, којашто во 1961 година броела 194 жители, а во 1994 година 58 жители, македонско население.

**МОГОРЧЕ** - Оваа релативно голема населба се наоѓа во јужниот дел на Општината Ростуша, на северната падина на планината Стогово, а од левата страна на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 12,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 740 ха, на пасиштата отпаѓаат 270 ха, а на обработливото земјиште 176 ха. Според, тоа селото има, во основа, мешовита аграрна функција. Могорче е имиграциона населба, којашто прераснала од средна, во голема населба. Така, селото во 1961 година броело 788 жители, од кои 764 биле Турци, 10 Албанци и 13 жители Македонци, а во 1994 година 1.630 жители, од кои 935 се Македонци, 169 Турци и 525 жители се декларирале како - други.

**МОДРИЧ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Луково, чиј атар се издига до сртот на планината Јабланица, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 880 до 1.000 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 16,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.178 ха, на пасиштата отпаѓаат 233 ха, а на обработливото земјиште 191 ха. Според тоа, селото има мешовита аграрна функција. Во населбата има подрачно основно училиште до ИВ одделение. Модрич била средна по големина населба, но со значителната емиграција на населението, преминала во мала населба. Така, селото во 1961 година броело 701 жители, а во 1994 година само 51 жители, македонско население.

**МОДРИШТЕ** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на територијата на Општината Македонски Брод, непосредно до патот Македонски Брод - Скопје, а од десната страна на реката Треска. Селото е рамнинско, на надморска височина од 490 метри. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На обработливото земјиште отпаѓаат 28 ха, на пасиштата само 17 ха, додека шумите заземаат најголема површина, од 1.063 ха. Селото може да се смета дека има полјоделско-шумарска функција. Модриште е мала населба и со негативно популациско салдо. Така, селото во 1961 година броело 280 жители, во 1994 година само 86 жители, македонско население.

**МОЖДИВЊАК** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Крива Паланка, под северната падина на Осоговските Планини. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 580 до 780 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км$^2$, и се издига на Осоговските Планини. На него најголема површина заземаат шумите на 627 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 424 ха, а на пасиштата 125 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Можднвњак е средна по големина населба, без некои поголеми промени на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 671 жители, а во 1994 година 694 жители, македонско население.

**МОИН** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Гевгелија,

чиј атар се допира до државната гранична линија со Република Грција. Од градот Гевгелија селото е оддалечено неколку километри и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 120 метри. Атарот зафаќа површина од 16,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 772 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 254 ха, а на пасиштата 494 ха. Според тоа, селото има мешовита аграрна функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Моин во 1961 година броело 333 жители, а во 1994 година бројот на населението се намалил на 273 жители, од кои 264 се Македонци, осум Срби и еден жител Влав.

**Мојанци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Арачиново и нејзиниот атар се издига до сртот на планината Скопска Црна Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Скопје е оддалечено околу 15 км. Атарот зафаќа површина од 8,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 236 ха, на пасиштата отпаѓаат 345 ха, а на шумите 266 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Според популацијата, Мојанци прераснало од средна, во голема населба. Така, селото во 1961 година имало 392 жители, од кои 292 биле Турци, а 99 жители Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 1.519 жители, од кои 1.511 се Албанци, а осум жители - други.

**Мојанци** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, во јужниот дел на територијата на Општината Кочани, лоцирано од десната страна на реката Брегалница. Селото е рамнинско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 3,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 300 ха, па затоа населбата има исклучително полјоделска функција. Во него има дом на културата и услужни објекти. Мојанци е средна по големина населба, со незначителен пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 507 жители, а во 1994 година 578 жители, македонско население.

**Мојно** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, а во рамките на територијата на Општината Добрушево, лоцирано на северозападната падина на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Од градот Битола селото е оддалечено 29 км. Атарот зафаќа простор од 16,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.475 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Мојно е мала населба, којашто во 1961 година имала 258 жители, од кои 251 биле Македонци, тројца Турци, двајца Срби и по еден жител Црногорец и Албанец, а во 1994 година 116 жители, македонско население.

**Мокрени** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Богомила, во средното сливно подрачје на реката Бабуна. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 17,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 670 ха, на пасиштата отпаѓаат 610 ха, а на обработливото земјиште 288 ха, па затоа селото има мешовита аграрна функција. Мокрени е мала населба, во фаза на наполно раселување. Така, селото во 1961 година броело 193 жители, а во 1994 година само седум жители, македонско население.

**Мокрено** - Населбата се наоѓа на јужната страна на Струмичкото Поле, а во средишниот дел на територијата на Општината Ново Село. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена околу 30 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 514 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 341 ха, а на пасиштата само 46 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на култур-

ата, земјоделска задруга и услужни објекти. Мокрени во 1961 година било голема населба со 915 жители, додека во 1994 година премина-ло во средна населба, со 781 жители, македонско население.

**Мокриево** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Струмичката Котлина, на територијата на Општината Ново Село, а нејзиниот атар на сртот на Беласица се допира со државната гранична линија со Република Грција. Оваа населба е голема и ридска, на надморска височина од 340 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 21,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.257 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 678 ха, а на пасиштата 145 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Мокриево е голема населба, со незначителна промена на бројот на популацијата. Така, селото во 1961 година броело 1.381 жители, од кои 1.281 биле Македонци, 92 Турци и шест жители Срби, а во 1994 година 1.324 жители, од кои 1.317 се Македонци, тројца Срби и четири жители - други.

**Моноспитово** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичката Котлина, а на јужната страна на територијата на Општината Муртино. Селото е рамнинско, на надморска височина од 208 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км, и лежи непосредно до патот Струмица-Ново Село. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 754 ха, па затоа, селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, а има и урбанистички план. Моноспитово е голема населба, со пораст на неговата популација. Така, населбата во 1961 година броела 1.708 жители, а во 1994 година 1.872 жители, македонско население.

**Морани** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, а на локалниот пат од Скопје за Зелениково. Селото е рамнинско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него провладува обработливото земјиште на површина од 738 ха, на шумите отпаѓаат 348 ха, а на пасиштата 280 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во населбата има ќелија „Св. Петка", којашто била изградена во првата половина на XIII век. Во 1258 година се споменува како мало манастирче, коешто во 1348 година цар Душан го подарил на манастирот Хилендар. Морани е голема населба, со значителен пораст на популацијата. Така, селото во 1961 година имало 879 жители, од кои 375 биле Албанци, 281 Турци, 76 Македонци, 25 Срби и 122 жители неопределени, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.287 жители, од кои 1.079 се Албанци, 122 Роми, 73 Турци и 11 жители Македонци.

**Мороишта** - Населбата се наоѓа во Струшкото Поле, на територијата на Општината Струга, недалеку од градот и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамнинско, на надморска височина од 698 метри. Атарот е релативно мал и зафаќа простор од 6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 527 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има втеринарна станица и повеќе услужни објекти. Мороишта има позитивен популациски биланс, односно, населбата прераснала од средно, во големо село. Така, во 1961 година селото броело 681 жители, од кои 657 биле Македонци, 20 Албанци и тројца жители Срби, а во 1994 година 909 жители, од кои 902 се Македонци, двајца Албанци и четворица жители Срби.

**Мородвис** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а на западната страна на територијата на Општината Зрновци, на левата страна на реката Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Од градот

Кочани населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 855 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 461 ха, а на пасиштата 105 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Мородвис е средна по големина населба, но со намалување на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 637 жители, од кои 632 биле Македонци, тројца Турци и двајца жители Срби, а во 1994 година 524 жители, од кои 522 се Македонци и двајца жители Срби.

**МОШТИЦА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Македонска Каменица, а нејзиниот атар се допира до државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 750 до 1.050 метри. Населбата има релативно голем атар, што зафаќа простор од 24,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.278 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 570 ха, а на пасиштата 446 ха. Според тоа, селото има мешовита аграрна функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Моштица е средна по големина населба, со пораст на бројот на населението. Така, населбата во 1961 година имала 512 жители, а во 1994 година 606 жители, македонско население.

**МРАЛИНО** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Илинден, недалеку од патот Скопје-Куманово. Селото е рамнинско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 17 км. Атарот зафаќа површина од 7,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од околу 400 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Мралино примило многу доселеници, па затоа населбата преминала од мало, во средно село. Така, тоа во 1961 година броело 299 жители, од кои 296 биле Македонци, 42 Срби и 19 жители Албанци, а во 1994 година бројот се зголемил на 791 жители, од кои 616 се Македонци, 145 Срби, 22 Роми и тројца жители Албанци.

**МРАМОРЕЦ** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, а на територијата на Општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 1.030 метри. Од градот Охрид, населбата е оддалечена 44 км. Атарот зафаќа простор од 18,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.045 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 589 ха, а на пасиштата само 50 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото има споменик на паднатите борци во НОБ, како и спомен-чешма посветена на НОБ. Мраморец има негативно популациско салдо, бидејќи во него бројот на населението се намалил од 346 жители во 1961 година, на само 15 жители во 1994 година, македонско население.

**МРЕЖИЧКО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Конопиште, меѓу сливните подрачја на Црна Река и Бошавица, а чиј атар се издига високо и се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 34 км. Селото има мошне голем атар, што зафаќа простор од 57,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 4.251 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 314 ха, а на пасиштата 127 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Поради иселување на населението, Мрежичко преминало од средна, во мала населба. Така, селото во 1961 година имало 320 жители, од кои 304 биле Македонци, осум Срби, тројца Хрвати и петмина жители муслимани (етничка припадност) а во 1994 година 57 жители, македонско население.

**МРЕНОГА** - Населбата се наоѓа во областа Демир Хисар, на јужниот дел на територијата на Општината Сопотница, од десната страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Атарот зафаќа простор од 14,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.184 ха, на обработливото

земјиште отпаѓаат 183 ха, а на пасиштата само 45 ха. Според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Од Мренога се иселил значителен број од населението, така што, населбата преминала од средно, во мало село. Така, во 1961 година селото имало 414 жители, а во 1994 година 185 жители, македонско население.

**Мрзен-Ораовец** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Росоман, но според својата локација му припаѓа и на сливот на реката Бабуна, бидејќи нејзиниот атар се допира со Општината Извор. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 24,5 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.273 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 178 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во населбата има црква „Св. Никола", којашто била изградена во 1694 година, од кога што потекнува и живописот. Мрзен-Ораовец е мала населба, речиси во фаза на раселување, бидејќи селото во 1961 година броело 301 жители, од кои 288 биле Македонци, петмина Албанци, четворица Срби и тројца жители неопределени, а во 1994 година само 14 жители, македонско население.

**Мрзенци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Гевгелија, недалеку од градот неколку километри, па затоа ѝ припаѓа на рурбалната зона на Гевгелија. Селото е рамнинско, на надморска височина од 50 метри, и е една од најниските населби во Република Македонија. Атарот е мал и зафаќа простор од 6,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 320 ха, на пасиштата отпаѓаат 145 ха, а шумите заземаат малку помала површина од нив. Селото има, во основа, полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Мрзенци е средна по големина населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година селото имало 360 жители, а во 1994 година 480 жители, од кои 469 се Македонци, четири Срби и седум жители - други.

**Мршевци** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, а на територијата на Општината Илинден. Селото е рамнинско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште, на површина од 618 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Мршевци е населба со средна големина, чиј број на населението незначително се намалил. Така, населбата во 1961 година имала 666 жители, од кои 388 биле Македонци, 260 Срби и 17 жители неопределени, а во 1994 година 650 жители, од кои 385 се Македонци, 255 Срби и 10 жители - други.

**Муратлија** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела шест жители, турско население. Се наоѓа на југоисточната страна на територијата на Општината Карбинци, на западната падина на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Атарот зафаќа сосема мала површина, од само 1,2 км$^2$.

**Мургаш** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Клечевце, во средното сливно подрачје на Крива Река, од нејзината десна страна. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 620 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 10,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 517 ха, на пасиштата отпаѓаат 514 ха, а на шумите само 12 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Мургаш се иселил значителен број од неговото население, односно, селото во 1961 година броело 546 жители, а во 1994 година само 87 жители, од кои 84 се Македонци, а тројца жители Срби.

**МУРТИНО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичкото Поле, и претставува седиште на истоимената Општина. Лоцирано е на патот Струмица-Банско, а од градот Струмица населбата е оддалечена околу 11 км. Селото е рамнинско, на надморска височина од 211 метри. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите на 747 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 685 ха, а на пасиштата 115 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, а има и урбанистички план. Муртино е голем населба, со пораст на својата популација. Така, во 1961 година селото броело 1.922 жители, од кои 1.912 биле Македонци, шест Турци и четири жители Срби, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.159 жители, македонско население.

**МУСИНЦИ** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Битолското Поле, а на територијата на Општината Добрушево. Селото е рамнинско, на надморска височина од 630 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 29 км. Атарот зафаќа површина од 11,5 км$^2$. На него најголема површина зазема обработливото земјиште на 943 ха, на пасиштата отпаѓаат 132 ха, а на шумите само 14 ха. Селото, има во основа, полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Мусинци е средна по големина населба, но со негативен популациски биланс. Така, населбата во 1961 година имала 575 жители, од кои 480 биле Македонци, 90 Турци и четири жители Албанци, а во 1994 година бројот се намалил на 309 жители, од кои 284 се Македонци, 24 Турци и еден жител е Албанец.

**МУСТАФИНО** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на југоисточниот дел на Општината Свети Николе. Селото е рамнинско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 19 км. Селото има релативно голем атар на простор од 29,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.638 ха, на пасиштата отпаѓаат 338 ха, а шуми, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга и повеќе услужни објекти. Поради голема емиграција на населението, Мустафино преминало од голема, во средна населба. Така, во 1961 година населбата имала 947 жители, од кои 777 биле Македонци, а 170 жители неопределени, а во 1994 година бројот се намалил на 564 жители, од кои 517 се Македонци, 44 Власи, и тројца жители Срби.

**МУШКОВО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Кратово. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.120 до 1.300 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 12,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 602 ха, на пасиштата отпаѓаат 460 ха, а на обработливото земјиште 211 ха. Според тоа, селото има мешовита аграрна функција. Мушково во 1961 година имало 322 жители, а во 1994 година само 47 жители, македонско население.

# Н

**НАКОЛЕЦ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Ресен, лоцирана непосредно до брегот на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 854 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 33 км. Атарот не е голем и зафаќа површина од 4,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 277 ха, на пасиштата отпаѓаат 136 ха, додека шуми, речиси, нема. Селото има полјоделска функци-

ја. Во него работи основно училиште до IV одделение, има абуланта и услужни објекти. Николец била средна по големина населба, па преминала во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 637 жители, од кои 391 биле Албанци, 242 Македонци, а четири жители Турци. Во 1994 година бројот значително се намалил и населбата имала 295 жители, од кои 175 Албанци, 94 Македонци, шест Роми и десет жители - други.

**Небојани** - Населбата се наоѓа на крајниот висок северен дел на територијата на Општината Оризари, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонска Каменица. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 до 1.116 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 21 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 25,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.034 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.030 ха, а на обработливото земјиште 238 ха. Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, и во 1961 година броела 281 жители, а во 1994 година 87 жители, македонско население.

**Небрегово** - Населбата се наоѓа во Прилепското Поле, во источниот дел на територијата на Општината Долнени, чиј атар се издига до ртот на планината Бабуна, каде што се допира со просторот на Општината Извор. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 20 км. Атарот има средна големина, од 16,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 618 ха, потоа следат пасиштата на површина од 481 ха, а на шумите отпаѓаат 380 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата е мала, и во 1961 година броела 303 жители, а во 1994 година 155 жители, македонско население.

**Негорци** - Населбата се наоѓа во понискиот, речиси, средишен дел на територијата на Општината Гевгелија, таму каде што избиваат термоминералните извори и каде што е подигната познатата лековита бања Негорци. Лежи на локален пат, којшто води до градот Гевгелија, на оддалеченост од градот од околу шест километри. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 80 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 29,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.067 ха, на шумите отпаѓаат 1.289 ха, а на пасиштата 366 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, продавници, угостителски објекти, дом на културата, земјоделска задруга, продавници, споменик за НОБ и урбанистички план. Негорци е голема населба, којашто бележи пораст на населението. Така, во 1961 година селото броело 1.386 жители, а во 1994 година 1.837 жители, од кои 1.828 се Македонци, а осум жители Срби.

**Неготино Полошко** - Населбата се наоѓа во Горни Полог и е седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 575 метри. Од градот Гостивар селото е оддалечено 14 км. Атарот зафаќа површина од кои 8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 584 ха, на пасиштата отпаѓаат 110 ха, а на шумите само 23 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, услужни објекти, дом на културата и споменик за НОБ. Неготино е голема населба, со двојно зголемување на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата броела 1.664 жители, од кои 1.640 биле Албанци, 11 Турци, пет муслимани и двајца жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 3.191 жители, од кои 3.186 се Албанци и само пет жители - други.

**Негрево** - Населбата се наоѓа во областа Малеш, во горното сливно подрачје на Брегалница, а во средишниот дел на територијата на Општината Пехчево. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 до 1.080 метри. Атарот зафаќа простор од 19,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 524 ха, на пасиштата отпаѓаат 757 ха, а на

шумите 473 ха, па според тоа, населбата има мешовита земјоделска функција. Во Негрево работи погон на „Лозар" од Пехчево, за производство на ракија, потоа селото има основно училиште до IV одделение, амбуланта, продавници и дом на културата. Поради иселување на дел од населението, Негрево преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото имало 411 жители, а во 1994 година 170 жители, сите Македонци.

**НЕГРЕНОВЦИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 19 жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Конче, во горното сливно подрачје на Крива Лакавица, на надморска височина од 750 метри. Атарот зазема површина од 7,6 км$^2$.

**НЕЖИЛОВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Богомила, во горното, изворишно сливно подрачје на реката Бабуна, чиј атар се издига високо на планината Јакупица. Селото е планинско, на надморска височина од 680 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 54 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 39,8 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.884 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.012 ха, а на обработливото земјиште 157 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Нежилово, поради емиграција на населението, преминало од средна, во мала населба. Така во 1961 година населбата броела 333 жители, а во 1994 година 82 жители, македонско население.

**НЕЖИЛОВО** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се издига високо на планината Осогово. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 930 до 1.300 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена шест километри. Атарот има средна големина, на просторот од 14,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 635 ха, на пасиштата отпаѓаат 443 ха, а на обработливото земјиште 295 ха, па според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, со опаѓање на бројот на населението. Така, Нежилово во 1961 година имало 275 жители, а во 1994 година само 82 жители, целосно, македонско население.

**НЕМАЊИЦА** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на територијата на Општината Свети Николе, североисточно од градот, на оддалеченост од околу девет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 440 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа површина од 41,3 км$^2$. На него најзастапено е обработливото земјиште на површина од 1.938 ха, потоа следат пасиштата на површина од 1.741 ха, додека на шумите отпаѓаат 283 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга и услужни дејности. Од населбата се иселил мошне голем број од населението и Нежилово преминало од големо, во мало село. Така, во 1961 година населбата имала 1.476 жители, од кои 1.456 биле Македонци, 12 Албанци и шест жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил дури на 282 жители, од кои 278 се Македонци и четири жители Срби.

**НЕОКАЗИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Пробиштип, југоисточно од градот, на оддалеченост од околу четири километри. Лежи на десната страна на Злетовска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 450 метри. Атарот не е голем, и зазема простор од 5,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 302 ха, на пасиштата отпаѓаат 234 ха, а на шумите само шест хектари. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 192, а во 1994 година 109 жители, исклучително македонско население.

**НЕПРОШТЕНО** - Населбата е наоѓа во Долни Полог, во јужниот дел на територијата на Општината Теарце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 520 метри. Лежи непосредно до патот Тетово-Косово, а од градот Тетово населбата е оддалечена седум километри. Атарот е мал и зафаќа простор од

4,3 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 327 ха, додека на шумите отпаѓаат 70 ха, а на пасиштата само 37 ха. Селото има полјоделска функција. Во населбата работи основно училиште до ИВ одделение, а има и услужни објекти. Во Непроштено има црква „Св. Арангел", којашто била изградена во 1567 година, а живописана во 1568 година. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.132 жители, од кои 694 биле Македонци, 421 Албанци и по двајца жители Турци и Срби. Во 1994 година населбата имала 1.251 жители, од кои 835 се Албанци, а 415 жители Македонци.

**Нерав** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира до државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 980 до 1.200 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 24 км. Атарот е релативно голем и зафаќа површина од 23,7 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.428 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 646 ха, а на пасиштата 223 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Нерав било средно по големина село, па преминало во мала населба. Таа, во 1961 година броела 710 жители, од кои 681 биле Македонци и 28 жители Срби. Во 1994 година, населбата имала 204 жители, од кои 199 се Македонци, а четири жители Срби.

**Нераште** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во североисточниот дел на територијата на Општината Теарце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 530 метри. Од патот Тетово-Косово населбата е оддалечена околу три километри, а од градот Тетово 19 км. Атарот зафаќа простор од 9,7 км². На него преовладува обработливото земјиште, на површина од 624 ха, на шумите отпаѓаат 162 ха, а на пасиштата 123 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и услужни објекти. Нераште е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.663 жители, од кои 1.633 биле Албанци, а 13 жители Турци. Во 1994 година, бројот на населението двојно се зголемил, односно, населбата броела 3.235 жители, исклучително населена само со албанско население.

**Нерези** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Струшкото Поле, а на југоисточната страна на територијата на Општината Луково. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 720 до 900 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км². На него шумите заземаат површина од 393 ха, на пасиштата отпаѓаат 147 ха, а на обработливото земјиште 146 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, амбуланта и услужни објекти. Популацијата во Нерези двојно се намалила и селото преминало од средно, во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 598 жители, а во 1994 година имала 232 жители, исклучително македонско население.

**Нивичани** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Кочани, односно, лежи на локален пат којшто, преку селото Бели, води за Кочани, на оддалеченост од градот од 12 км. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 600 до 760 метри. Атарот зазема простор од 18,9 км². На него пасиштата зафаќаат површина од 828 ха, на шумите отпаѓаат 745 ха, а на обработливото земјиште 264 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и дом на културата. Населбата популациски двојно се намалила но, сепак, останала средна по големина. Во 1961 година населбата имала 625, а во 1994 година 364 жители, исклучително населена со македонско население.

**Нивичино** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела само пет жители. Селото лежи во Струмичкото Поле, на територијата на Општината Василево, на надморска

височина од 640 метри. Атарот зазема површина од 33 км$^2$.

**НИВИШТЕ** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела 81 жители, турско и албанско население. Се наоѓа на територијата на Општината Маврови Анови, на надморска височина од 1.160 метри.

**НИЖЕПОЛЕ** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Битола, чиј што голем атар се издига до сртот на планината Пелистер, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 1.030 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена околу девет километри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 46,8 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 4.230 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 225 ха, а на шумите 200 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, амбуланта и земјоделска задруга. Нижеполе во 1961 година броело 577 жители, од кои 123 биле Македонци, 118 Албанци, а 336 жители биле - други (веројатно влашко население). Во 1994 година, пак, бројот се намалил на 231 жители, од кои 121 биле Власи, 53 Македонци, 51 Албанци и четири жители Турци.

**НИКИФОРОВО** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Маврови Анови, на северната падина на планината Бистра, а непосредно до брегот на Мавровското Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 1.270 метри. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 772 ха, на шумите отпаѓаат 620 ха, а на обработливото земјиште само 38 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала и во фаза на раселување. Таа во 1961 година броела 145 жители, а во 1994 година, само девет жители, македонско население.

**НИКИШТАНЕ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, од десната страна на реката Лепенец, а на територијата на Општината Ѓорче Петров. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа површина од 12,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 583 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 274 ха, а на шумите 215 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Никиштане во 1961 година броело 618 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.010 жители, исклучително албанско население.

**НИКОДИН** - Оваа населба се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Прилеп, под североисточната падина на планината Бабуна, а во горното сливно подрачје на Раечка Река. Селото се наоѓа на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 37 км. Атарот зазема мошне голема површина од 52,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 2.528 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.512 ха, а на обработливото земјиште 1.029 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Никодин бил средна по големина населба, којашто е доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година населбата броела 437 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 10 жители, македонско население.

**НИКОЛИЌ** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Стар Дојран, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција, и со северниот брег на Дојранското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 205 метри. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 767 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 406 ха, а на пасиштата 175 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата и услужни објекти. Населбата е средна по големина, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година

Николиќ броело 427 жители, од кои 398 биле Македонци, а 24 жители Срби, додека во 1994 година бројот се зголемил на 529 жители, од кои 513 се Македонци, а 15 жители Срби.

**Никоман** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Штип, во горното сливно подрачје на реката Отиња. Селото е планинско, на надморска височина од 770 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот зафаќа простор од 11 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 769 ха, на пасиштата отпаѓаат 164 ха, а на обработливото земјиште 152 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 120 жители, а во 1994 година, само двајца жители.

**Никуљане** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на западната страна на територијата на Општината Старо Нагоричане, во горното сливно подрачје на Пчиња. Селото е ридско, на надморска височина од 500 до 590 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 14,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 643 ха, на пасиштата отпаѓаат 624 ха, а на шумите 141 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Илија“, којашто е изградена на темелите на една стара црква, за којашто сè уште не е утврден периодот на изградбата. Селото било големо, но поради емиграцијата на населението, преминало во мала населба. Така, во 1961 година во Никуљане имало 919 жители, од кои 905 биле Срби, а 14 жители Македонци, додека во 1994 година бројот се намалил на 259 жители, исклучително српско население.

**Никуштак** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Липково, чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина, и е лоцирано недалеку од патот Куманово-Скопје. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Куманово, населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 20,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 710 ха, на пасиштата отпаѓаат 403 ха, а на шумите 791 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга и услужни објекти. Никуштак е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.414 жители, од кои 1.209 биле Турци, а 198 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.558 жители, исклучително албанско население.

**Нистрово** - Населбата се наоѓа во областа Горна Река, на западната страна на територијата на Општината Маврови Анови, во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.180 метри. Атарот зафаќа површина од 15,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 870 ха, потоа следат пасиштата на површина од 413 ха, додека на обработливото земјиште отпаѓаат 134 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Нистрово е мала населба, којашто во 1961 година броела 259 жители, од кои 146 биле Албанци, 106 Македонци, а пет жители Турци. Во 1994 година, бројот се намалил на 153 жители, исклучително албанско население.

**Ничпур** - Населбата се наоѓа во областа Горна Река, речиси во средишниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, а во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.150 метри. Атарот зафаќа простор од 12,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.153 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 60 ха, а на пасиштата 45 ха. Селото има, во основа, шумарска функција. Населбата е мала, доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото броело 52 жители, од кои 29 биле Албанци, а 22 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 16 жители, од кои 15

се Албанци, а само еден жител Македонец.

**Нова Брезница** - Оваа населба се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, поточно на крајната висока западна страна на територијата на Општината Сопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 760 метри. Лежи непосредно до регионалниот пат Скопје-Македонски Брод. Од градот Скопје населбата е оддалечена 22 км. Има релативно голем атар, којшто зафаќа површина од 33,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.587 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.375 ха, а на обработливото земјиште 345 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Поради голема емиграција на населението, Нова Брезница преминала од големо, во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 1.125 жители, од кои 1.117 биле Македонци, а седум жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил само на 80 жители, македонско население.

**Новак** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Центар Жупа, под југозападната падина на планината Стогово. Населбата е планинска, на надморска височина од 1.300 метри. Од Дебар населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 8,8 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 628 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 115 ха, а на шумите само девет хектари. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во 1961 година населбата броела 537 жители, турско население, додека во 1994 година бројот значително се зголемил и тогаш селото броело 949 жители, исто така, турско население, односно, тоа така се декларирало.

**Новаке** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во средишниот дел на територијата на Општината Камењане, од десната страна на патот Тетово-Гостивар. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мошне мал и зазема простор од само 1,9 км$^2$. На него најголема површина зазема обработливото земјиште на 82 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во населбата работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во 1961 година селото било мало и броело 237 жители, од кои 223 биле Албанци, а 14 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 331 жители, исклучително албанско население.

**Нова Маала** - Населбата се наоѓа во Струмичкото Поле, на источната страна на територијата на Општината Василево, чиј атар се издига високо на Огражден, каде што се допира со просторот на Општината Берово. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Атарот зафаќа простор од 17,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 557 ха, на шумите отпаѓаат 770 ха, а на пасиштата 335 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има дом на културата и услужни објекти. Нова Маала е средна по големина населба, којашто во 1961 година броела 622 жители, од кои 343 биле Македонци, а 276 жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 739 жители, од кои 544 се Македонци, а 192 жители Турци.

**Нова Мездра** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 57 жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Свети Николе, односно, во Овче Поле. Лежи на надморска височина од 510 метри, а атарот зафаќа површина од 5,1 км$^2$. (заедно со Стара Мездра).

**Новаци** - Оваа голема населба се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле и претставува седиште на истоимената Општина. Лежи на патот којшто води од Битола, преку Селечка Планина, за битолскиот дел на Мариово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 576 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него преовладува

обработливото земјиште на површина од 980 ха, а на пасиштата отпаѓаат 111 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, услужни објекти и споменик за НОБ. Новаци е голема населба, со позитивен популациски биланс. Така, во 1961 година, Новаци броело 1.048 жители, од кои 1.044 биле Македонци и четири жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.279 жители, главно, македонско население.

**Новачани** - Оваа мала населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, недалеку од браната на вештачкото езеро Младост. Селото е рамничарско, на надморска височина од 220 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 13,3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 736 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 426 ха, а на шумите само 36 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Новачани е мошне мала населба, во фаза на наполно раселување. Селото во 1961 година броело 44, а во 1994 година, само двајца жители.

**Нов Дојран** - Оваа населба, којашто веќе има карактеристики на гратче, се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Стар Дојран. Населбата лежи покрај Дојранското Езеро, а на патот Гевгелија-Стар Дојран. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 160 метри. Атарот зафаќа простор од 18,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.192 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 398 ха, а на пасиштата 241 ха. Во однос на земјоделството, населбата има полјоделско-шумарска функција. Меѓутоа, населбата има и рибарска функција, бидејќи во неа е седиштето на рибарската задруга. Во населбата работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, бензинска пумпа, дом на културата, споменик за НОБ, урбанистички план, услужни објекти и др. Населбата е голема, но со незначителни промени во бројот на популацијата. Така, во 1961 година Нов Дојран броел 1.116 жители, од кои 1.052 биле Македонци, 52 Срби и шест жители Албанци. Во 1994 година населбата имала 1.199 жители, од кои 1.115 се Македонци, 37 Срби, 20 Роми, 16 Албанци и седум жители Турци.

**Нов Истевник** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Делчево, од десната страна на реката Брегалница, а чиј атар се допира со просторот на Општината Пехчево. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од градот Делчево, населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 17,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 799 ха, на шумите отпаѓаат 738 ха, а на пасиштата 115 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од оваа населба потекнува значителна емиграција на населението, така што, таа преминала од средно, во мало село. Во 1961 година населбата броела 662 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 262 жители, македонско население.

**Нов Караорман** - Оваа мала населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Карбинци, од левата страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 285 метри. Атарот зафаќа површина од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 474 ха, на пасиштата отпаѓаат 333 ха, а на шумите само шест хектари. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 198, а во 1994 година 72 жители, македонско население.

**Ново Змирново** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Битолското Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Кукуречани, недалеку од патот Битола-Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 595 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 12 км. Атарот, заедно со Старо Змирново, мошне е мал и зафаќа простор од 3,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 211 ха, а обработливото земјиште

80 ха. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 171, а во 1994 година 60 жители, исклучително македонско население.

**Ново Коњарево** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Ново Село, чиј атар на поголем дел се допира со државната гранична линија со Република Бугарија, а на помал дел со Република Грција. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 215 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 15,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 917 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 475 ха, а на пасиштата 131 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Во однос на популацијата, Ново Коњарево нараснало од средна, во голема населба. Така, во 1961 година селото броело 574 жители, а во 1994 година 1.040 жители, исклучително населено со македонско население.

**Ново Коњско** - Ова е новосоздадена населба, којашто лежи во средишниот дел на територијата на Општината Гевгелија, односно, лоцирана е северозападно од градот, на патот којшто води за планинската населба Коњско. За оваа населба не се води катастарска евиденција, но може да се каже дека, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Во статистиката населбата првпат е заведена во 1971 година, кога што броела 219 жители, додека во 1994 година имала 145 жители, од кои 141 се Македонци, а четири жители Срби.

**Ново Лагово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Прилеп, непосредно до патот Прилеп-Битола, односно, на пет километри оддалеченост од Прилеп, во југозападен правец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 640 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 230 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 251 жители, од кои 240 биле Македонци а девет жители Срби. Во 1994 година, бројот се намалил на 189 жители, од кои 183 се Македонци, а четири жители Срби.

**Новоселани** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Могила, од деснат[а] страна на Црна Река. Селото е рамничарско, н[а] надморска височина од 610 метри. Од градо[т] Битола населбата е оддалечена 26 км. Атарот [е] мал и зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На нег[о] доминира обработливото земјиште, н[а] површина од 374 ха, а на пасиштата отпаѓаат 8[...] ха. Селото има полјоделска функциј[а]. Населбата е мала, којашто во 1961 годин[а] броела 210 жители, а во 1994 година бројот с[е] намалил на 79 жители, македонско население.

**Новоселани** - Населбата се наоѓа в[о] средишниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Долнени, непосредн[о] до патот Прилеп-Македонски Брод. Селото [е] рамничарско, на надморска височина од 62[...] метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 8[...] км$^2$. На него обработливото земјиште зазем[а] површина од 609 ха, а на пасиштата отпаѓа[ат] 213 ха. Селото има полјоделска функција. В[о] него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година населбата броела 36[...] жители, а во 1994 година бројот се намалил н[а] 145 жители, македонско население.

**Ново Селани** - Населбата се наоѓа [во] Кочанското Поле, на западниот дел на територијата на Општината Чешиново, чиј атар [се] допира со просторот на Општина[та] Пробиштип. Селото е ридско, на надморс[ка] височина од 330 метри. Од градот Коча[ни] населбата е оддалечена малку повеќе од 20 к[м]. Има мошне мал атар, на површина од само [...] км$^2$. На него обработливото земјиште зазе[ма]

површина од 162 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 122, а во 1994 година 79 жители, населена со македонско население.

**Ново Село** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела само двајца жители. Селото лежи на територијата на Општината Велес, на надморска височина од 400 метри. Атарот зафаќа мала површина, од само 1,2 км$^2$.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во јужниот дел на територијата на Општината Осломеј, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 10,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 632 ха, на пасиштата отпаѓаат 317 ха, а на обработливото земјиште 86 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во селото се наоѓа црква „Св. Спас“, којашто не е проучена туку само е евидентирана. Во 1961 година населбата броела 316 жители, од кои 253 биле Албанци, а 61 жители биле Македонци. Во 1994 година бројот на населението се намалил на 170 жители, од кои 159 се Албанци, а 11 жители Македонци.

**Ново Село** - Населбата наполно е раселена по 1961 година, кога што броела 12 жители, македонско население. Селото се наоѓа во Битолското Поле, на територијата на Општината Новаци, на надморска височина од 700 метри.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 215 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 577 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 279 ха, а на пасиштата 222 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во селото има црква „Св. Талеа“, за којашто не е утврдена првобитната изградба, но била обновена во 1896 година. Во 1961 година населбата имала 333 жители, од кои 323 биле Македонци, а осум жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 149 жители, од кои 145 се Македонци, а четири жители Срби.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, познат како Ново Село. Во овој случај станува збор за Ново Село - Гостиварско, коешто се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Маврови Анови. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор само 1,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 120 ха, а обработливото земјиште 42 ха. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 135, а во 1994 година само 36 жители, македонско население.

**Ново Село** - Оваа населба се наоѓа во Горни Полог, позната како Ново Село - Врапчишко. Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Врапчиште. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 371 ха, на пасиштата отпаѓаат 131 ха, а на обработливото земјиште 87 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 159, а во 1994 година само 22 жители, македонско население.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Демир Хисар, непосредно до патот Демир

Хисар-Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа површина од 5,4 км². На него шумите заземаат површина од 282 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 151 ха, а на пасиштата 81 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата има услужни објекти и споменик за НОБ. Селото е мало, коешто во 1961 година броело 239, а во 1994 година 50 жители, македонско население.

**Ново Село** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што имала само седум жители, македонско население. Селото е наоѓа на територијата на Општината Радовиш, на падината на Плачковица, на надморска височина од 1.060 метри. Атарот зафаќа површина од 24,3 км².

**Ново Село** - Населбата се наоѓа во средишниот висок дел на територијата на Општината Оризари, на планинскиот дел на Осогово. Селото е планинско и раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 900 до 1.100 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа површина од 6,1 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 157 ха, на пасиштата отпаѓаат 171 ха, а на шумите 241 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото броело 150, а во 1994 година само 11 жители, македонско население.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Куманово, и лежи на стариот пат Куманово-Скопје. Селото е рамничарско, на надморска височина од 420 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 266 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, без некои значителни промени во бројот на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 366 жители, од кои 355 биле Албанци, а 11 жители Македонци, додека во 1994 година бројот изнесувал 316 жители, од кои 267 се Албанци, а 49 жители Македонци.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, во јужниот дел на територијата на Општината Белчишта, недалеку од десната страна на патот Охрид-Кичево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 775 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа површина од 5,1 км². На него шумите заземаат површина од 233 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 188 ха, а на пасиштата само 10 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 241 жители, од кои 238 биле Македонци, а тројца жители муслимани. Во 1994 година бројот се намалил на 92 жители, од кои 79 се Македонци, двајца Срби, а 11 жители се наведени како - други.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Делогожда. Селото е рамничарско, на надморска височина од 705 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мошне мал и зафаќа само 1,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 119 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Во 1961 година населбата броела 143 жители, од кои 128 биле Албанци, а 15 жители Турци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 213 жители, од кои 171 се Албанци, а 42 жители - други.

**Ново Село** - Ова е едно од поголемите села во јужниот дел на Струмичкото Поле и според своите физиономски карактеристики има веќе лик на гратче, па затоа е и седиште на истоимената Општина. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 235 метри. Се наоѓа на патот Струмица-граничен премин спрема Република Бугарија, односно, лежи недалеку од овој премин. Од градот Струмица населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 19,2 км². На него обработливото земјиште зазе-

ма површина од 759 ха, на шумите отпаѓаат 550 ха, а на пасиштата 441 ха. Населбата има мешовита земјоделска функција. Во Ново Село работи осумгодишно училиште, потоа има фабрички погони за мебел и трикотажа, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, дом на културата, земјоделска задруга, повеќе продавници и угостителски објекти, занаетчиски дуќани, а има и урбанистички план. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 1.833 жители, од кои 1.774 биле Македонци, 55 Срби, 19 Турци, осум Хрвати и шест жители Црногорци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 2.692 жители, од кои 2.673 се Македонци, осум Срби и 11 жители - други.

**Ново Село** - Оваа населба, под името Ново Село - Жеровјане, се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Боговиње, чиј атар се издига високо до сртот на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.150 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 18 км. Има голем атар, којшто зафаќа површина од 35,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 393 ха, на шумите отпаѓаат 420 ха, додека пасиштата заземаат дури 2.214 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Тоа е големо, со значителен пораст на населението. Така, во 1961 година населбата имала 823 жители, а во 1994 година 1.450 жители, исклучително населена со албанско население.

**Ново Село** - Оваа населба, под името Ново Село - Сараќино, се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Желино, на превалот меѓу Скопје и Тетово. Селото е ридско, на надморска височина од 530 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 5,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 224 ха, на шумите отпаѓаат 205 ха, а на пасиштата само 16 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со двоен пораст на бројот на популацијата. Така, во 1961 година селото броело 351 жители, од кои 346 биле Албанци, двајца жители Македонци, и еден Србин, додека во 1994 година, бројот се зголемил на 666 жители, а селото е населено исклучително со албанско население.

**Ново Село** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на Тополка, од нејзината десна страна. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 6,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 367 ха, на пасиштата отпаѓаат 275 ха, а на шумите само 40 ха. Селото има полјоделска функција. Тоа е мало, во фаза на наполно раселување. Селото во 1961 година броело 11, а во 1994 година, само седум жители, македонско население.

**Ново Село** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела 13 жители, македонското население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Штип, на надморска височина од 430 метри. Атарот зазема површина од 12,3 км$^2$.

**Новосељане** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Орашац, оддалечена неколку километри од патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 616 ха, а на пасиштата отпаѓаат 118 ха. Селото има полјоделска функција. Поради емиграција на населението, селото преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година населбата броела 465, а во 1994 година 86 жители, македонско население.

**Ноѓаевци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Градско, непосредно до левиот брег на реката Вардар.

Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 15,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 873 ха, а на пасиштата отпаѓаат 444 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 302 жители, од кои 289 биле Македонци, седум Срби и шест жители Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 244 жители, од кои 240 се Македонци, тројца Срби и еден жител Албанец.

**Норово** - Населбата се наоѓа во понискиот дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторот на Општината Житоше. Селото е ридско, на надморска височина од 785 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 17,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 814 ха, на пасиштата отпаѓаат 594 ха, а на обработливото земјиште 296 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 432 жители, од кои 412 биле Турци, седум Македонци и шест жители Албанци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 542 жители, од кои 432 се Албанци, а девет жители Турци.

**Ношпал** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Добрушево. Селото е рамнинско, на надморска височина од 588 метри. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 921 ха, па според тоа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на жителите. Така, во 1961 година селото броело 572 жители, а во 1994 година 360 жители, населено со македонско население.

# О

**Обедник** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Демир Хисар, чиј атар се допира со просторот на Општината Кукуречани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 750 метри. Атарот зафаќа простор од 21,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.684 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 322 ха, а на пасиштата 96 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на жителите. Така, во 1961 година Обедник броел 408 жители, од кои 236 биле Македонци, а 171 жители Турци. Во 1994 година населбата имала 382 жители, од кои 195 се Македонци, 181 Албанци и шест жители Турци.

**Облавце** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Клечевце, непосредно до патот којшто води од Куманово за Крива Паланка, или Кратово. Селото е рамнинско, но куќите се издигаат на надморска височина од 400 до 480 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 535 ха, а на пасиштата отпаѓаат 314 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта и услужни објекти. Поради емиграција на населението, селото преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година Облавце броело 454, а во 1994 година 180 жители, исклучително населено со македонско население.

**ОБЛАКОВО** - Ова мало село се наоѓа на западната страна на Битолското Поле, на територијата на Општината Кукуречани. Селото е планинско, на надморска височина од 1.100 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 333 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 209 ха, а на шумите 156 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и речиси раселена. Таа во 1961 година имала 293, а во 1994 година, само еден жител.

**ОБЛЕШЕВО** - Оваа голема населба се наоѓа во средишниот дел на Кочанското Поле, на патот Кочани-Штип и претставува центар и седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 305 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена осум киломери. Атарот зафаќа простор од 6,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта, амбуланта, ветеринарна станица, лупилница за ориз, земјоделска задруга, дом на културата, продавници и угостителски објекти, споменик за НОБ, а има и урбанистички план. Облешево е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата броела 1.011 жители, од кои 982 биле Македонци, 10 Срби, двајца Албанци и 17 жители - други. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.206 жители, а населбата е населена исклучително со македонско население.

**ОБРШАНИ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Прилепското Поле, а на југозападната страна на територијата на Општината Кривогаштани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 589 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 588 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта и услужни објекти. Обршани е голема населба, но со намалување на бројот на жителите. Во 1961 година населбата имала 1.229 жители, главно, македонско население, а во 1994 година бројот се намалил на 825 жители, од кои 823 се Македонци и двајца жители Срби.

**ОГЊАНЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на крајната западна страна на територијата на Општината Петровец, непосредно од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 225 метри. Атарот зафаќа простор од 5,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 407 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Поради бројниот пораст на населението, Огњанци преминало од средна, во голема населба. Таа во 1961 година имала 659 жители, од кои 279 биле Македонци, 169 Албанци, 122 Срби, 79 Турци и тројца жители муслимани. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.207 жители, од кои 616 се Албанци, 289 Македонци, 278 Срби, 10 Турци и седум жители Роми.

**ОГУТ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Крива Паланка, каде што се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.200 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 20 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 725 ха, на шумите отпаѓаат 533 ха, а на пасиштата 476 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Поради значителна емиграција на населението, Огут преминало од средна во мала населба. Така, во 1961 година населбата броела 730 жители, од кои 662 биле Македонци, а 65 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 190 жители, од кои 176 Македонци и четири жители Срби.

**ОДРЕНО** - Населбата се наоѓа во Славишкото Поле, на крајниот јужен дел на територијата на

Општината Ранковце, на левата страна од Крива Река. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 500 до 1.000 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 11,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 498 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 217 ха, а на пасиштата 207 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година Одрено броело 388 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 140 жители, населено со македонско население.

**Одри** - Оваа голема населба се наоѓа во североисточниот дел на Горни Полог, а во иста насока на територијата на Општината Теарце, чиј атар се издига до сртот на Шар Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 11 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 352 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 320 ха, а на пасиштата 231 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, споменик за НОБ и услужни објекти. Во селото постоела црква „Св.Димитрие", којашто се спомнува во XIII или XIV век. Меѓутоа, таа не е зачувана. Во XIX век била изградена црквата „Св. Никола", но не е утврдено дали таа била изградена на темелите на старата црква. Одри е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.363 жители, од кои 842 биле Албанци, а 518 жители Македонци. Во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.608 жители, од кои 1.436 се Албанци, 168 Македонци и четири жители Срби.

**Оздолени** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на областа Дебарца, на територијата на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 36 км. Атарот зафаќа простор од 18,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.334 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 456 ха, а на пасиштата само 25 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото се наоѓа спомен-чешма со плоча посветена на паднати борци во Илинденското востание и во НО Поради емиграција на населението, Оздоле преминало од средна, во мала населба. Така, 1961 година селото броело 409 жители, а 1994 година бројот се намалил на 79 жители целото население било, и е македонско.

**Озормиште** - Населбата се наоѓа во Дол Полог, на крајниот северозападен дел на тер торијата на Општината Желино. Селото рамничарско, на надморска височина од 4 метри. Од градот Тетово населбата оддалечена 18 км. Атарот е мошне мал зафаќа само 1,6 км$^2$. На него обработливо земјиште зазема површина од 149 ха, така ш селото има полјоделска функција. Населба била мала, но по пат на имиграција, прерасна во големо село. Така, во 1961 година село броело 206 жители, од кои 166 биле Албан 36 Турци и четири жители Македон Меѓутоа, во 1994 година населбата имала ду 970 жители, од кои 945 Албанци, а 23 жите Турци.

**Октиси** - Оваа населба се наоѓа на западна страна на Струшкото Поле, на територијата Општината Струга, а под источната падина планината Јабланица. Селото е ридско, на н морска височина од 800 метри. Од град Струга населбата е оддалечена 11 км. Атар зафаќа простор од 13,3 км$^2$. На н обработливото земјиште зафаќа површина 315 ха, на пасиштата отпаѓаат 454 ха, а шумите 429 ха. Селото има мешовита земјод ска функција. Во него работи осумгодиш училиште, има амбуланта, пошта, угостител објекти и продавници, како и споменик за НО Октиси е голема населба, којашто во 1961 г ина имала 1.965 жители, од кои 1.840 б Македонци, 103 Турци и 11 жители Албан Во 1994 година бројот се зголемил на 2. жители, од кои 2.712 се Македонци, 52 Турци Албанци и двајца жители Срби.

**Олевени** - Населбата се наоѓа во северн дел на територијата на Општината Бистриц лежи на локалниот потпланински пат, кој

води сè до државната гранична линија со Република Грција. Селото е рамнинско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 4,7 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 301 ха, а на пасиштата отпаѓаат 148 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Олевени е мала населба, којашто во 1961 година имала 283 жители, од кои 279 биле Македонци, а тројца жители Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 154 жители, сите македонско население.

**Оморани** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на областа Азот, на територијата на Општината Извор, а во средното сливно подрачје на реката Бабуна. Селото е рамнинско, а од централното место Велес е оддалечено околу 30 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 55,1 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 2.580 ха, на пасиштата отпаѓаат 2.125 ха, а на обработливото земјиште 496 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во селото се наоѓа манастир „Св. Никола", но за него не е познато од кој век потекнува. Исто така, постои и црква „Св. Атанас Александриски", за којашто се знае дека е изградена во XIV век. Во 1961 година селото броело 495 жители, од кои 484 биле Македонци, осум Црногорци, двајца Срби и еден Турчин. Во 1994 година бројот се намалил на 173 жители, од кои 170 се Македонци.

**Опае** - Населбата се наоѓа во Кумановското Поле, на територијата на Оштината Липково, непосредно до локалниот пат Куманово-Липково. Селото е рамничарско, на надморска височина од 365 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена шест километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,4 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 277 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во населбата работи основно училиште до IV одделение, има мелница за жито и услужни објекти. Опае популациски нараснало од средна, во голема населба. Така, во 1961 година селото броело 709 жители, од кои 303 биле Македонци, 198 Албанци, 106 Турци и 101 Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.886 жители, од кои 1.595 се Албанци, 192 Македонци, 72 Срби и 25 жители Турци.

**Опењца** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Косел, недалеку од патот Охрид-Ресен. Селото е ридско, на надморска височина од 770 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 16,6 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 604 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 498 ха, а на пасиштата само 42 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од оваа населба се отселил значителен број од населението и таа преминала од средно по големина, во мало село. Така, во 1961 година селото имало 681, а во 1994 година 104 жители, сите македонско население.

**Опила** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Ранковце, од левата страна на Крива Река, чиј атар се издига високо на Осоговските Планини и се допира со просторот на Општината Кратово. Селото е ридско, на надморска височина од 580 до 640 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 21,6 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 706 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 677 ха, а на пасиштата 417 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта и услужни објекти. Од Опила потекува голема емиграција на населението, па затоа тоа преминало од голема, во мала населба. Во 1961 година населбата броела 1.193 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 288 жители, само македонско население.

**Оптичари** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Бистрица. Селото е рамничарско,

на надморска височина од 578 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 16,7 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.530 ха, а на пасиштата отпаѓаат 140 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и продавници. Оптичари е средна по големина населба, но со опаѓање на бројот на населението. Така, во 1961 година селото имало 712 жители, од кои 703 биле Македонци, а осум жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 326 жители, а населбата е населена само со македонско население.

**Ораовец** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Велес, во долното сливно подрачје на Бабуна, од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 15,3 км². На него шумите заземаат површина од 1.308 ха, на пасиштата отпаѓаат 939 ха, а на обработливото земјиште 249 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување. Така, таа во 1961 година имала 205, а во 1994 година 28 жители, македонско население.

**Ораовица** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Радовиш, недалеку од градот, на оддалеченост од околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 350 метри. Атарот зафаќа простор од 17,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 894 ха, на шумите отпаѓаат 675 ха, а на пасиштата само 30 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има урбанистички план, продавници и угостителски објекти. Ораовица е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата имала 1.294 жители, од кои 1.251 биле Македонци, 34 Турци и тројца жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.687 жители, од кои 1.671 се Македонци, 12 Турци и двајца жители Срби.

**Орах** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Клечевце, чиј атар високо се издига на Осоговските Планини, каде што се допира со просторот на Општината Кратово. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 480 до 540 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 21,9 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 664 ха, на шумите отпаѓаат 467 ха, а на пасиштата 268 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и споменик за НОБ. Во 1961 година селото било големо и броело 935 жители, од кои 917 биле Македонци, а 13 жители Срби. Меѓутоа, во 1994 година селото преминало во мало, со 182 жители, населено само со македонско население.

**Орашац** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на истоимената Општина, и е нејзино седиште, недалеку од патот Куманово-Свети Николе, а од левата страна на реката Пчиња. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 22,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 922 ха, на пасиштата отпаѓаат 889 ха, а на шумите 303 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица и услужни објекти. Според движењето на бројот на населението, Орашац преминало од голема, во средна населба. Така населбата во 1961 година имала 1.259 жители од кои 1.218 биле Македонци, а 30 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 480 жители, сите македонско население.

**Орашје** - Селото се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог, на територијата на Општината Вратница, чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Тетово населбата е

оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 9,4 км². На него пасиштата заземаат површина од 365 ха, на шумите отпаѓаат 323 ха, а на обработливото земјиште 144 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Орашје во 1961 година имало 645 жители, од кои 605 биле Албанци, 36 Турци и тројца жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 929 жители, а селото е исклучително населено само со албанско население.

**Органџали** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Стар Дојран, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Атарот зафаќа простор од 9,4 км². На него шумите заземаат површина од 633 ха, на пасиштата отпаѓаат 164 ха, а на обработливото земјиште 123 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 171 жители, а во 1994 година, само 22 жители. И во двете пописни години, во Органџали живеело и живее исклучително турско население.

**Орел** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, а на северната страна на територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 18,1 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.052 ха, на пасиштата отпаѓаат 598 ха, а на шумите 94 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Орел се иселил значителен број од населението и тоа преминало од средна, во мала населба. Во 1961 година селото броело 530 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 63 жители. Селото е целосно населено со македонско население.

**Ореов Дол** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Богомила, во сливното подрачје на Бабуна, лоцирано од нејзината десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 30 км. Атарот зафаќа простор од 22,8 км². На него шумите заземаат површина од 1.052 ха, на пасиштата отпаѓаат 573 ха, а на обработливото земјиште 566 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Таа во 1961 година имала 279, а во 1994 година, само тројца жители.

**Ореовец** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Прилеп, недалеку од Прилепското Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 19 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 773 ха, на пасиштата отпаѓаат 754 ха, а на шумите 261 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата во 1961 година броела 308, а во 1994 година само 16 жители, македонско население.

**Ореовец** - Населбата се наоѓа на југозападната страна на територијата на Општината Македонски Брод, од левата страна на реката Треска, чиј атар се допира со просторот на Општината Вранештица. Селото е ридско, на надморска височина од 760 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 8,3 км². На него шумите заземаат површина од 391 ха, на пасиштата отпаѓаат 275 ха, а на обработливото земјиште 96 ха. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 153 жители, од кои 152 биле Македонци, а тројца жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 85 жители, од кои 52 Турци, а 33 жители Македонци.

**Орехово** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Битолското Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Битола. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Битола населбата е одд-

алечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 20,5 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.189 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 385 ха, а на шумите 334 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година Орехово броело 279 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 39 жители, македонско население.

**Орешани** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, непосредно до реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 192 ха, на шумите отпаѓаат 79 ха, а на пасиштата 44 ха. Селото има полјоделска функција. Поради пораст на бројот на населението, Орешани преминало од мала, во средна населба. Така, во 1961 година селото имало 208 жители, од кои 137 биле Македонци, 38 Албанци и седум жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 429 жители, од кои 311 се Македонци, 94 Албанци и 22 жители Срби.

**Ореше** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Богомила, во горното сливно подрачје на реката Бабуна. Селото е планинско, на надморска височина од 760 метри. Атарот е релативно голем и зафаќа простор од 27,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.616 ха, на пасиштата отпаѓаат 676 ха, а на обработливото земјиште 303 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од Ореше потекнува значителна емиграција на населението. Така, населбата во 1961 година броела 871 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 296 жители, населена со македонско население.

**Оризари** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, на крајниот јужен дел на истоимената Општина, чие седиште е, од десната страна на реката Брегалница. Атарот и селото, речиси, се допираат до периферијата на градот Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 300 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 335 ха, на шумите отпаѓаат 265 ха, а на обработливото земјиште 100 ха. Селото, сепак, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има погон за белење на оризот, потоа амбуланта, пошта, дом на културата, споменик за НОБ, продавници и угостителски објекти, а има и урбанистички план. Оризари е голема населба, којашто во 1961 година, имала 2.154 жители, од кои 2.147 биле Македонци. Во 1994 година бројот на населението се зголемил на 3.795 жители, а населбата е населена исклучително со македонско население.

**Оризари** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Липково, недалеку од патот Куманово-Липково. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа површина од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 245 ха, а на пасиштата отпаѓаат 224 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавници и угостителски објекти. Оризари е голема населба, со двоен пораст на населението. Така, во 1961 година населбата броела 966 жители, од кои 547 биле Албанци, а 389 Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 1.847 жители, а во населбата живеело исклучително албанско население.

**Орланци** - Населбата се наоѓа на источната страна на Скопската Котлина, а на територијата на Општината Арачиново, чиј атар се издига на планината Скопска Црна Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 4,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 195 ха, на пасиштата отпаѓаат 176 ха, а на шумите само девет хектари. Селото, во основа, има полјоделска функција. Орланци е средна по

големина населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година селото имало 319 жители, од кои 315 биле Албанци, а четири жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 688 жители, од кои 618 се Албанци, а 70 жители се водат во графата - други (веројатно муслимани).

**Орланци** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во средишниот дел на територијата на Општината Вранештица. Од градот Кичево населбата е оддалечена седум километри. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 12,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 732 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 212 ха, а на пасиштата 168 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Атанас", за којашто се смета дека е средновековна, но не се знае кога била изградена. Во селото се наоѓаат урнатини на манастирот „Св. Богородица Пречиста". Исто така, во урнатини се наоѓаат и црквите „Св. Ѓорѓи", „Св.Недела" и „Св. Никола", за кои не е познато кога биле изградени. Во однос на населеноста, Орланци преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 392 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 76 жители, населено со македонско население.

**Орле** - Населбата се наоѓа во источниот, битолскиот дел на Мариово, на северозападната страна на територијата на Општината Старавина, а на падината на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. Атарот зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 593 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 220 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото броело 226, а во 1994 година само 26 жители, населено со македонско население.

**Орман** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Ѓорче Петров, недалеку од патот Скопје-Качаник, а на десната страна од реката Лепенец. Селото е рамничарско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Скопје, населбата е оддалечена 11 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 206 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, но без некои значајни промени во бројот на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 265 жители, од кои 184 биле Македонци, 16 Срби, а тројца жители Албанци. Во 1994 година селото броело 227 жители, од кои 216 се Македонци, а осум жители Срби.

**Орманли** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Куклиш, лоцирана во малото Костуринско Поле, чиј атар се издига на западната падина на планината Беласица. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 18 км. Атарот зазема простор од 6,8 км$^2$. На него шумите заземаат простор од 362 ха, на пасиштата отпаѓаат 258 ха, а на обработливото земјиште само 53 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение. Орманли е мала населба, населена исклучително со турско население. Во 1961 година селото имало 80, а во 1994 година 94 жители.

**Оровник** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Мешеишта, недалеку од патот Охрид-Кичево и од северниот брег на Охридското Езеро. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 700 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 420 ха, а на шумите отпаѓаат 228 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, без значителни промени во бројот на популацијата, а е населена исклучително со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 476, а во 1994 година 489 жители.

**ОРЌУШЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Маврови Анови, недалеку од патот Гостивар-Маврови Анови, а во изворното сливно подрачје на Вардар. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Гостивар населбата е одд-алечена околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 4,7 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од околу 400 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 77 ха, а на пасиштата 10 ха. Орќуше е мала населба, во фаза на раселување, населена со албанско население. Така, таа во 1961 година броела 221, а во 1994 година само 24 жители.

**ОСИНЧАНИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, а во средишното сливно подрачје на Маркова Река. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Скопје населбата е одалечена 18 км. Атарот зазема простор од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 700 ха, на шумите отпаѓаат 391 ха, а на пасиштата само 83 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала во фаза на наполно раселување, а е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 170, а во 1994 година, само двајца жители.

**ОСИЧЕ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, во северозападниот дел од градот, на оддалеченост од околу шест километри. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.200 метри. Атарот зафаќа простор од 13,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 518 ха, на шумите отпаѓаат 313 ха, а на пасиштата 224 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Поради иселување на населението, Осиче преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 459, а во 1994 година 88 жители.

**ОСИЧЕ** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на источниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, чиј атар се допира со просторот на Општината Ранковце. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 38 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 121 ха, на пасиштата отпаѓаат 93 ха, а на шумите 62 ха. Селото има полјоделска функција. Селото е мало, во фаза на раселување. Така, во 1961 година населбата броела 91 жители, од кои 89 биле Македонци, а двајца жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил само на 17 жители, од кои 14 се Македонци, а тројца жители Срби.

**ОСЛОМЕЈ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во јужниот дел на територијата на истоимената Општина, чие седиште е, североисточно од градот Кичево, на оддалеченост од околу шест километри. Селото лежи на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 4,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 214 ха, на пасиштата отпаѓаат 134 ха, а на шумите 107 ха. Селото има полјоделска функција. Во него се наоѓа амбуланта, пошта и услужни објекти. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 201, а во 1994 година 57 жители.

**ОСОЈ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на територијата на Општината Кичево, а поради близината до градот, припаѓа на неговата рурбална зона. Селото се наоѓа на надморска височина од 790 метри. Атарот зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 107 ха, на шумите отпаѓаат 324 ха, а на пасиштата само 93 ха. Сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Поради пораст на населението, Осој преминало од мала, во средна по големина населба. Така, во 1961 година селото броело 194 жители, исклучително населено со македонско население. Во 1994 година бројот се зголемил на 484 жители, од кои 255 се

Македонци, 124 Роми, 51 Албанци и 35 жители Турци.

**ОСОЛНИЦА** - Населбата е наполно раселена во 1991 година, кога што броела тројца жители, турско население. Се наоѓа на територијата на Општината Центар Жупа, во областа Дебарска Жупа. Селото лежи на надморска височина од 700 метри, а атарот зафаќа простор од 4,9 км$^2$.

**ОСТРЕЦ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Бистрица, чиј атар се издига до сртот на планината Пелистер, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Од градот Битола населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 17,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 848 ха, на пасиштата отпаѓаат 471 ха, а на обработливото земјиште 364 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Острец е село населено исклучително со албанско население и преминало од средна по големина, во мала населба. Така, селото во 1961 година броело 526, а во 1994 година 260 жители.

**ОСТРИЛЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е ридско, на надморска височина од 860 до 920 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена околу четири километри. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 832 ха, на пасиштата отпаѓаат 176 ха, а на обработливото земјиште 80 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Острилци е мала населба, населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 230, а во 1994 година 42 жители.

**ОТЕШЕВО** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела 14 жители, македонско население. Таа лежи на територијата на Општината Ресен. Селото се наоѓа на надморска височина од 910 метри, а атарот зафаќа простор од 13,2 км$^2$.

**ОТИШАНИ** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Дебар, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Лежи непосредно до патот Дебар-Струга, оддалечено од градот Дебар околу 12 км. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 636 ха, на пасиштата отпаѓаат 87 ха, а на обработливото земјиште 82 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Отишани е средна по големина населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата имала 328 жители, од кои 253 биле Турци, 67 Албанци и пет жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 544 жители, од кои 284 се Македонци, 220 Турци и 33 жители Албанци.

**ОТИШТИНО** - Населбата се наоѓа на северниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на Тополка, од нејзината лева страна. Селото е рамничарско, на надморска височина од 270 метри. Атарот зафаќа простор од 5,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 309 ха, а на пасиштата отпаѓаат 192 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година имала 85 жители, од кои 73 биле Македонци, седум Турци, а четири жители Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 51 жители, од кои еден жител е Македонец, двајца Албанци и 48 жители се изјасниле како други - веројатно, муслимани.

**ОТЉА** - Населбата се наоѓа во Кумановското Поле, речиси во средишниот дел на територијата на Општината Липково. Селото е рамничарско, на надморска височина од 550 метри. Од градот Куманово населбата е одд-

алечена околу 15 км. Атарот зафаќа простор од 17,1 км². На него шумите заземаат површина од 883 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 436 ха, а на пасиштата 238 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и продавници и угостителски објекти. Населбата е голема и во 1961 година броела 1.638 жители, од кои 1.442 биле Турци, 162 Албанци, 17 Срби, 11 Македонци и четири жители муслимани. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.685 жители, а во населбата живеело исклучително албанско население.

**ОТОВИЦА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, недалеку од вештачкото езеро Младост. Селото е рамничарско, на надморска височина од 255 метри. Од градот Велес селото е оддалечено околу осум километри. Атарот зафаќа простор од 6,3 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 407 ха, а на пасиштата отпаѓаат 142 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 192 жители, од кои 188 биле Македонци, а тројца жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 248 жители, од кои 245 се Македонци, а тројца жители Срби.

**ОТОШНИЦА** - Населбата се наоѓа во Славишкото Поле, на крајниот западен дел на територијата на Општината Ранковце, чиј атар се допира до просторот на Општината Клечевце. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 600 до 830 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 14,8 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 687 ха, на пасиштата отпаѓаат 415 ха, а на шумите само 20 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од Отошница се иселил голем број од населението и таа преминала од голема, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 997 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 154 жители и е населено со македонско население.

**ОТУЊЕ** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела 10 жители, македонско население. Се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Џепчиште. Селото лежи на надморска височина од 985 метри, а атарот зазема простор од 5,8 км².

**ОЧИПАЛА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Делчево, недалеку, северно од градот, на околу пет километри. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 212 ха, на шумите отпаѓаат 218 ха, а на пасиштата 179 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 230, а во 1994 година 106 жители.

**ОЏАЛИЈА** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Карбинци, а на поранешниот простор на Општина Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 610 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км². На него шумите заземаат површина од 301 ха, на пасиштата отпаѓаат 204 ха, а на обработливото земјиште 162 ха. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 50, а во 1994 година 113 жители.

**ОЏОВЦИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Дебар. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. За оваа населба не се води катастарска евиденција. Населбата е мала и во 1971 година броела 132 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 241 жители, од кои 231 се Турци, а 10 жители Македонци.

# П

**ПАВЛЕШЕНЦИ** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, на крајниот северен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Орашац. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Свети Николе селото е оддалечено 17 км. Атарот на селото зафаќа релативно голема површина од 24 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.051 ха, на шумите отпаѓаат 647 ха, а на пасиштата 598 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Од Павлешенци се иселил значителен број од неговото население и населбата преминала од средно, во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 734 жители, од кои 730 биле Македонци и три жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 122 жители, македонско население.

**ПАГАРУША** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 5,2 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 606 ха, на шумите отпаѓаат 206 ха, а на обработливото земјиште 228 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и населена со турско население. Така, Пагаруша во 1961 година броела 291, а во 1994 година 239 жители.

**ПАДАЛИШТЕ** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на крајната југоисточна страна на територијата на Општината Србиново, чиј атар се допира со просторот на Општината Зајас. Селото е планинско, на 920 метри надморска височина. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 21 км. Атарот зазема простор од 16,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина 1.089 ха, на пасиштата отпаѓаат 338 ха, а на обработливото земјиште 213 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Падалиште преминало од средна, во голема населба, исклучително населена со албанско население. Така, населбата во 1961 година броела 881 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 958 жители.

**ПАКЛИШТЕ** - Оваа високо лоцирана населба, се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Ранковце, а атарот на селото се допира со просторот на Општината Старо Нагоричане. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.140 до 1.260 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 32 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него шумите зафаќаат простор од 336 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 239 ха, а на пасиштата 121 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и во 1961 година броела 236 жители, од кои 228 биле Македонци, а осум жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 50 жители, исклучително македонско население.

**ПАКОШЕВО** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, недалеку на левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 220 метри. Има мал атар, што зафаќа површина од 4,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 174 ха, а на шумите отпаѓаат 260 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата е мала, без некои значителни промени во населеноста. Така, во 1961 година, селото броело 234 жители, од кои 181 биле Македонци, 16 Турци и осум жители Срби. Во 1994 година селото имало 222 жители , од кои

199 се Македонци, 20 Роми и тројца жители Срби.

**Палатица** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во северниот дел на територијата на Општината Желино, од левата страна на река-та Вардар. Селото е рамничарско, на надморс-ка височина од 417 метри. Има мошне мал атар од само 2,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 196 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Селото има основно училиште до IV одделение и услужни објекти. Палатица е населена исклучително со албанско население и бележи голем пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 410 жители, а во 1994 година дури 1.926 жители.

**Палиград** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, под северната падина на планината Голешница. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него преовладу-ваат шумите на површина од 1.099 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 264 ха, а на пасиштата 235 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Населбата е средна по големина, но со намалување на бро-јот на популацијата. Така, Палиград во 1961 година броела 472 жители, од кои 265 биле Турци, а 207 Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 397 жители, и селото целосно е населено со Албанци.

**Паликура** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Росоман, недалеку од Црна Река, чиј атар се допира со територијата на Општината Градско. Селото е рамничарско, на надморска височина на 140 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазе-ма површина од 716 ха, на пасиштата отпаѓаат 348 ха, а на шумите само 14 ха. Селото, во осно-ва, има полјоделска функција. Во него работи училиште до IV одделение, има дом на култур-ата, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата во 1961 година била средна по големина, со 387 жители, од кои 332 биле Македонци, а 40 Срби. Додека во 1994 година, бројот се намалил на 209 жители, од кои 197 се Македонци, седум Роми и пет жители Срби.

**Паничари** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сарај, чиј атар се издига до сртот на планината Осој и лежи на надморска височина од 530 метри. Од градот Скопје насел-бата е оддалечена 27 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 4,7 км$^2$. На него обработлив-ото земјиште зазема површина од 204 ха, шумите заземаат површина од 172 ха, а на пасишта отпаѓаат само 40 ха. Селото, во осно-ва, има полјоделска функција. Паничари е мала населба, со незначителен пораст на популација-та. Населбата во 1961 година броела 240 жители, од кои 232 биле Албанци, а осум жители Турци. Во 1994 година, селото имало 271 жители, населено само со албанско населе-ние.

**Пантелеј** - Оваа висока населба се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Кочани, чиј атар нашироко се допира со Општината Злетово. Селото е планинско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Кочани населбата е оддале-чена 14 км. Атарот зафаќа простор од 14 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 536 ха, на шумите отпаѓаат 449 ха, а на обработлив-ото земјиште 186 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Близу селото бил подиг-нат манастир во 1820 година. Тој под името „Св Пантелејмон“ постоел до 1890 година, а подоц на се сочувала само една мала црква. Населбата е мала, населена само со македонско население Таа во 1961 година броела 295, а во 1994 година 83 жители.

**Панчарево** - Населбата се наоѓа на крајнио северен дел на територијата на Општинатат Пехчево, чиј атар се допира со територијата н Општината Делчево, како и со државнат гранична линија со Република Бугарија. Селот е ридско-планинско, бидејќи куќите се издигаа

на надморска височина од 800 до 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 24,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 926 ха, на пасиштата отпаѓаат 894 ха, а на шумите 579 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, услужни објекти, споменик на Гоце Делчев и др. Панчарево била голема населба, па преминала во средно село по големина, населено само со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 993, а во 1994 година 467 жители.

**ПАПАВНИЦА** - Населбата се наоѓа во Радовишкото Поле, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Радовиш, чиј атар се допира со просторот на Општината Василево. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 823 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 119 ха, а на пасиштата само 70 ха. Селото има шумарско-полјоделска функција. Населбата, којашто е населена со македонско население е мала, во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година броела 129, а во 1994 година само тројца жители.

**ПАПРАДИШТЕ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот северен дел на Општината Осломеј, чиј атар се допира со територијата на Општината Србиново. Селото е планинско, на надморска височина на 1.160 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 6 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 283 ха, на пасиштата отпаѓаат 167 ха, а на обработливото земјиште 126 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата е мала, и населена само со албанско население. Таа, во 1961 година имала 216 , а во 1994 година 119 жители.

**ПАПРАДИШТЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Богомила, во изворишното подрачје на реката Бабуна, чиј атар високо се издига на јужната падина на Јакупица. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Атарот зафаќа простор од 13 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 735 ха, на пасиштата отпаѓаат 337 ха, а на обработливото земјиште 115 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Папрадиште, во коешто живее македонско население, се иселил значителен број од популацијата, така што, населбата е во фаза на наполно раселување. Во 1961 година населбата броела 716 жители, а во 1994 година, бројот се намалил само на четири жители.

**ПАРАЛЕВО** - Населбата се наоѓа на источниот дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Новаци, на југозападната падина на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Лежи на неколку километри далечина, од десната страна на патот Новаци-Маково-Рапеш, а на оддалеченост од градот Битола од 20 км. Атарот зафаќа површина од 8,3 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 523 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 321 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во населбата постои црква „Св. Ѓорѓи", којашто е изградена во 1876 година, но веројатно на темелите на постар средновековен споменик. Селото е мало, населено со македонско население и е доведено во фаза на раселување. Така, во 1961 година населбата броела 213, а во 1994 година само 17 жители.

**ПАРЕШИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 35 жители, македонско население. Таа се наоѓала во областа Дебарска Жупа, на територијата на Општината Центар Жупа. Селото лежи на надморска височина од 1.220 метри, а атарот е мал и зафаќа простор од 2,1 км$^2$.

**ПАТАЕЦ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Вранештица. Селото е планинско, на надморска височина од 1.027 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 124 ха, на пасиштата отпаѓаат 245 ха, а на обработливото земјиште 378 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Населбата, којашто е населена со македонско население е мала и е доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото броело 100, а во 1994 година само 10 жители.

**ПАТЕТИНО** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 737 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 181 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 87, а во 1994 година само шест жители, македонско население.

**ПАТИШКА РЕКА** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сопиште, во горното сливно подрачје на Маркова Река, чиј атар високо се издига на планината Јакупица. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 27 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 35,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.161 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.182 ха, а на обработливото земјиште 132 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 608 жители, од кои 541 биле Албанци, а 64 жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 706 жители, од кои 704 се Албанци, а еден жител Турчин.

**ПАШАЏИКОВО** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела четири жители, македонско население. Таа се наоѓала на територијата на Општината Кочани. Селото лежи на надморска височина од 850 метри, додека атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$.

**ПАШИНО РУВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Прилепското Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Кривогаштани. Селото е рамнинско, на надморска височина од 585 метри. Лежи меѓу двата пата, кои што водат од Прилеп за Битола и за Крушево. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа површина од 8,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 686 ха, а на пасиштата отпаѓаат само 81 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Од Пашино Рувци, коешто е населено со македонско население, се иселил значителен број од популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 1.018 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 659 жители.

**ПЕЗОВО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Орашац, недалеку од левата страна на патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 540 до 680 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 13,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 800 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 406 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба се иселил голем број од населението. Така Пезово во 1961 година имало 511 жители, од кои 505 биле Македонци, а пет жители Срби, додека во 1994 година, бројот се намалил дури на 84 жители, македонско население.

**ПЕКЉАНИ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Виница, чиј атар високо се издига на планината Голак. Селото е ридско, на надморска височина

од 580 метри. Од градот Виница населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 49,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 3.183 ха, на пасиштата отпаѓаат 840 ха, а на обработливото земјиште 807 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавници, споменик за НОБ и свињарска и овоштарска фарма на ЗИК „Брегалница". Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 405 жители, од кои 395 биле Македонци, а 10 жители Турци. Во 1994 година селото броело 459 жители, а е населено со македонско население.

**ПЕЛИНЦЕ** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, во северниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, во горното сливно подрачје на реката Пчиња, а чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 370 до 500 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 33 км. Има голем атар којшто зафаќа простор од 26,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 626 ха, на пасиштата отпаѓаат 312 ха, а на шумите 523 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти и споменик за НОБ. Во оваа населба, којашто во литературата била забележена под името Пеленија, постоела црква „Св. Никола", којашто била изградена во XIV век, а во XIX век била веќе во урнатини. Поради иселување на населението, населбата преминала од средна по големина, во мало село. Тоа, во 1961 година броело 671 жители, од кои 628 биле Македонци, а 43 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 221 жители, од кои 177 се Македонци, а 36 жители Срби.

**ПЕНДАЌ** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Кратово, од десната страна на Крива Река, а чиј атар се допира со просторот на Општината Клечевце. Селото е рамничарско-ридско и раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 640 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 8,2 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 403 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 361 ха, а на шумите само 19 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во Пендаќ, каде што исклучително живее македонско население, во 1961 година имало 335, а во 1994 година само 56 жители.

**ПЕНУШ** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Штип, непосредно од левата страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Атарот зафаќа простор од 17,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 321 ха, на пасиштата отпаѓаат 917 ха, а на шумите 341 ха. Селото има земјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во фаза на раселување. Така, селото во 1961 година броело 254 жители, од кои 38 биле Турци, тројца Албанци и еден Македонец, додека 212 жители се заведени во графата - други. Во 1994 година бројот се намалил на 39 жители, само турско население.

**ПЕПЕЛИШТЕ** - Оваа голема населба се наоѓа на територијата на Општината Неготино, од левата страна на реката Вардар, недалеку од патот којшто води од Неготино, преку Криволак, за долината на Крива Лакавица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 130 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 38,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 2.195 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 1.158 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, услужни објекти, земјоделска задруга, фабрички погон, дом на културата и урбанистички план. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година, селото имало 818 жители, од кои 530 биле Македонци, 221 Срби и 66 жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 1.033 жители, од кои 717 се Македонци, 233 Срби, 58 Турци и 20 жители Роми.

**Песочани** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, на западниот дел на територијата на Општината Белчишта, до патот којшто води од Охрид за Кичево. Атарот високо се издига на планината Караорман. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 23,6 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.863 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 244 ха, а на пасиштата 188 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него, под ХЕЦ „Песочани", се произведуваат електро-материјали. Во 1961 година населбата броела 355 жители, од кои 335 биле Македонци и 19 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 106 жители, од кои 105 се Македонци и еден жител Турчин.

**Пестршино** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Пробиштип, а нејзиниот атар се допира со просторот на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 409 ха, а на пасиштата отпаѓаат 311 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување, а е населена само со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 152, а во 1994 година 21 жители.

**Петалино** - Населбата е наполно раселена пред 1953 година. Селото се наоѓа на територијата на Општината Старавина, од десната страна на Црна Река. Селото лежи на надморска височина од 800 метри, а атарот зазема простор од 7,7 км$^2$.

**Петралинци** - Населбата се наоѓа во Струмичкото Поле, на западната страна на територијата на Општината Босилово, на патот којшто води од Струмица за Берово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 225 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 11 км. Атарот на селото е мал и зазема простор од 3,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 314 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта, услужни објекти и погон за производство на ќеси. Населбата е средна по големина, со двоен пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата броела 330 жители, од кои 314 биле Македонци, а 16 жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 600 жители и во селото живеело само македонско население.

**Петралица** - Населбата се наоѓа во Славишкото Поле, на источната страна на територијата на Општината Ранковце, од десната страна на Крива Река. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 570 до 1.000 метри. Од градот Крива Паланка, населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 44,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.543 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.442 ха, а на шумите 792 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, услужни објекти и др. Од населбата, во којашто исклучително живее македонско население, се иселил голем дел од популацијата, така што, Петралица преминала од голема, во средна населба. Во 1961 година селото броело 1.350 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 672 жители.

**Петрино** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 30 жители, македонско население. Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен. Лежи на надморска височина од 1.080 метри, а атарот зазема простор од 11,3 км$^2$.

**Петришино** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Пробиштип. Селото е рамничарско, на надморска височина од 505 метри. Од градот

Пробиштип населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 470 ха, па затоа селото има само полјоделска функција. Населбата е мала по големина и во неа живее исклучително македонско население. Во 1961 година селото броело 336, а во 1994 година 127 жители.

**Петровец** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на стариот пат којшто води од Скопје за Катланово и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 225 метри. Денес од градот Скопје населбата е оддалечена околу 18 км. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 538 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има продавници и угостителски објекти, како и објекти од други јавни дејности. Петровец е голема населба, со значителен пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата броела 966 жители, од кои 784 биле Македонци, 104 Срби и осум жители Албанци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 2.490 жители, од кои 2.154 се Македонци, 116 Срби, 44 Албанци, 29 Роми и 147 жители се забележани како - други.

**Петрово** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Оштината Миравци, од десната страна на Вардар, чиј што голем атар нашироко се допира со просторите на општините Демир Капија и Конопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 30 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 57,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 5.504 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 154 ха, а на пасиштата само пет хектари. Селото има, во основа, полјоделско-шумарска функција. Во него има земјоделска задруга и услужни објекти. Петрово преминало од средно по големина, во мало село. Така, во 1961 година населбата броела 410 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 269 жители, при што и во двете пописни години, во Петрово живеело и живее исклучително македонско население.

**Печково** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Вруток, југозападно од градот Гостивар, на оддалеченост од осум километри и непосредно до патот Гостивар-Маврови Анови. Селото е планинско, на надморска височина од 930 метри. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 526 ха, на пасиштата отпаѓаат 349 ха, а на обработливото земјиште 139 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Печково преминало од средна по големина, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 348 жители, додека во 1994 година, бројот се намалил на 53 жители.

**Пеширово** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на територијата на Општината Свети Николе, недалеку југостоично од градот, на оддалеченост од околу шест километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 667 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, земјоделска задруга и продавници. Пеширово е мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 274, а во 1994 година 244 жители.

**Пешталево** - Населбата се наоѓа во Прилепското Поле, односно, лежи во средишниот дел на територијата на Општината Долнени. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Од патот Прилеп-Македонски Брод населбата е оддалечена 2,5 км, а од градот Прилеп 24 км. Атарот зафаќа простор од 8,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 730 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Пешталево е средна по големина населба. Во 1961 година

населбата броела 438 жители, од кои 225 биле Турци, а 211 Македонци. Во 1994 година селото имало 448 жители, од кои 288 се Македонци, 137 Турци, а 23 жители Албанци.

**ПЕШТАНИ** - Оваа атрактивна населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Охрид, покрај брегот на Охридското Езеро, а на самиот пат Охрид-Свети Наум. Селото е рамнинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 15 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 6,2 км². На него шумите заземаат површина од 280 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 207 ха, а на пасиштата само пет хектари. Денес Пештани нема некоја впечатлива земјоделска дејност туку тоа прераснало во туристичка и рибарска населба. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, неколку продавници, повеќе од десетина угостителски објекти, а селото има и урбанистички план. Во близината на населбата, во карпите на источниот брег на Охридското Езеро, се наоѓа црквата „Св. Богородица". Се смета дека живописот во неа потекнува од средината на XIV век. Поради својата разновидна функција, Пештани е голема населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 1.147 жители, а во 1994 година, бројот се зголемил на 1.346 жители.

**ПЕШТАНИ** - Населбата се наоѓа во прилепскиот дел на Мариово, на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа простор од 18,5 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.297 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 389 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, а е населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 210 жители, а во 1994 година, бројот се намалил на само 18 жители.

**ПЕШТЕРНИЦА** - Оваа мала населба се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Неготино, од левата страна на Вардар, чиј атар се издига до сртот на планината Серта, и таму се допира со просторот на Општината Штип. Селото е ридско, на надморска височина од 420 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 13 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 30,7 км². На него преовладуваат шумите на површина од 2.161 ха, пасиштата заземаат 774 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат само 71 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Пештерница е сосема мала населба, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 49 жители, од кои 24 биле Македонци, 16 Срби и девет жители Турци. Во 1994 година, пак, селото имало само тројца жители.

**ПИПЕРОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Штип во долината на реката Крива Лакавица, чи[ј] атар се допира со општините Конче [и] Неготино. Селото е ридско, на надморск[а] височина од 520 метри. Од градот Штип насел[]бата е оддалечена 28 км. Атарот е голем [и] зафаќа простор од 23 км². На него преовладу[]ваат шумите на површина од 1.170 ха, н[а] обработливото земјишите отпаѓаат 599 ха, а н[а] пасиштата 424 ха. Селото има мешовит[а] земјоделска функција. Од Пиперово се исели[л] голем број од населението и тоа преминало о[д] средна, во мала населба, населена со македон[]ско население. Така, во 1961 година населбат[а] имала 401 жители, а во 1994 година, само 2[...] жители.

**ПИПЕРОВО** - Оваа голема населба се наоѓа в[о] средишниот дел на Струмичкото Поле, а н[а] јужната страна на територијата на Општинат[а] Василево, од десната страна на рекат[а] Струмица. Селото е рамничарско, на надмор[с]ка височина од 228 метри. Од градот Струми[ца] населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќ[а] простор од 7,2 км². На него преовладув[а] обработливото земјиште на површина од 63[...] ха, па затоа селото има полјоделска функциј[а]. Во него работи осумгодишно училиште, им[а] амбуланта, земјоделска задруга, дом на култу[р]

ата, услужни објекти, а селото има и урбанистички план. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 976 жители, од кои 875 биле Македонци, а 98 жители Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 1.300 жители, од кои 1.200 се Македонци, а 100 жители Турци.

**Пирава** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Валандово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 110 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена четири киломери, а од патот Валандово-Удово 0,5 км, односно, денес се доближува непосредно до самиот пат. Атарот зафаќа простор од 20,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.002 ха, на пасиштата отпаѓаат 553 ха, а на шумите 313 ха. Селото има, во основа, полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, продавници, угостителски објекти, а има и урбанистички план. Населбата е голема, со пораст на бројот на популацијата. Така, Пирава во 1961 година имало 1.339 жители, од кои 1.327 биле Македонци, тројца Срби, двајца Албанци и тројца жители Турци. Во 1991 година бројот се зголемил на 1.839 жители, од кои 1.827 се Македонци и 11 жители Срби.

**Пирок** - Оваа голема населба се наоѓа во Долни Полог, на јужниот дел на територијата на Општината Боговиње, чиј атар се допира со просторот на Општината Неготино-Полошко. Селото е рамничарско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 16 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 709 ха, на шумите отпаѓаат 103 ха, а на пасиштата само 44 ха. Селото има полјоделска фунција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, продавници и угостителски објекти, а има и споменик на НОБ. Пирок е голема населба, со пораст на бројот на популацијата. Така, во 1961 година населбата броела 2.482 жители, од кои 2.444 биле Албанци, седум Македонци, четири Срби, тројца Турци и 11 жители муслимани. Во 1994 година, бројот се зголемил на 3.884 жители, од кои 3.875 се Албанци, четири Роми, четворица се изјасниле како други и еден Македонец.

**Пискупштина** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струшкото Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Луково. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа површина од 5,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 348 ха, а на пасиштата отпаѓаат 139 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 249, а во 1994 година 256 жители.

**Пишица** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со просторите на општините Карбинци и Чешиново. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 7,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 347 ха, а на пасиштата отпаѓаат 266 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште, има фабрички погон и продавници. Пишица, според населеноста, преминала од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото имало 401 жители, од кои 337 биле Македонци, а 62 жители се декларирале како - други (веројатно биле Власи). Во 1994 година бројот се намалил на 204 жители, од кои 187 се Македонци, а 17 жители Власи.

**Плавуш** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 22 жители, турско население. Селото се наоѓало на територијата на Општината Валандово. Тоа лежи на надморска височина од 500 метри, а атарот зазема простор од 22,6 км$^2$.

**ПЛАСНИЦА** - Оваа голема населба претставува центар и седиште на истоимената Општина, а е лоцирана од десната страна на реката Треска, оддалечена на неколку километри од патот Македонски Брод-Кичево. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 17,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 804 ха, на пасиштата отпаѓаат 412 ха, а на обработливото земјиште 221 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има продавници, угостителски и други јавни објекти. Населбата е голема, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 1.584 жители, од кои 1.496 биле Турци, а 86 жители Македонци. Во 1994 година бројот на населението се зголемил на 2.390 жители, од кои 2.318 се Турци, 74 Албанци и 46 жители Македонци.

**ПЛАЌЕ** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Косел, на југозападната падина на Плаќенска Планина, чиј атар се допира со просторот на Оштината Сопотница. Селото е планинско, на надморска височина од 1.370 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 19,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.116 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 669 ха, а на пасиштата 282 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од Плаќе се иселил голем дел од населението и селото преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 391 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 34 жители.

**ПЛЕВЕЊЕ** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела тројца жители, македонско население. Таа се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Бабуна, а на територијата на Општината Богомила. Селото лежи на надморска височина од 750 метри, а атарот зазема простор од 4,4 км$^2$.

**ПЛЕТВАР** - Населбата се наоѓа на североисточниот дел на територијата на Општината Прилеп, на превалот и патот којшто води од Прилеп за Градско. Селото е планинско, на надморска височина од 990 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 18,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 704 ха, на шумите отпаѓаат 515 ха, а на обработливото земјиште 279 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него се наоѓа споменик на НОБ. Во 1961 година селото броело 331 жители, од кои 323 биле Македонци, а осум жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил дури на само 30 жители, македонско население.

**ПЛЕШАНЦИ** - Населбата се наоѓа на северозападниот дел на територијата на Општината Пробиштип, оддалечена од градот околу 3,5 км, па затоа селото припаѓа во рурбалната зона на централното место. Селото лежи на надморска височина од 590 метри. Атарот зафаќа простор од 9,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 390 ха, на пасиштата отпаѓаат 274 ха, а на шумите 244 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавници. Од Плешанци се иселил дел од населението, така што населбата преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Во 1961 година населбата имала 523, а во 1994 година 278 жители.

**ПОБОЖЈЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Чучер-Сандево, а на јужната падина на Скопска Црна Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 10,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 482 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 349 ха, а на пасиштата 178 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото постои манастир „Св. Богородица", којшто, според некои истражу

вачи, бил изграден во XVI или XVII век, а други утврдиле дека тој датира од 1593 година. Исто така, овде постои и црква „Св. Димитрие", чиј што живопис датира од XVII век, но некои сметаат дека црквата била подигната во XIV век. Овде се спомнува и црквата „Св. Петар", за којашто се смета дека датира од крајот на XV век. Побожје е населба со средна големина, но со намалување на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 782 жители, од кои 687 биле Македонци, а 91 Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 560 жители, од кои 443 се Македонци, а 100 жители Срби.

**Погулево** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општина Радовиш, во таканареченото Дамјанско Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 560 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 302 ха, на пасиштата отпаѓаат 236 ха, а на шумите само 97 ха. Селото има полјоделска функција. Погулево е мала населба, населена со македонско население, но е доведена во фаза на раселување. Во 1961 година населбата имала 149, а во 1994 година само 18 жители.

**Подареш** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Радовишкото Поле и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 16 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 34,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.241 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 748 ха, а на пасиштата 362 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има услужни објекти и урбанистички план. Подареш е голема населба, со пораст на бројот на населението. Така, во 1961 година населбата имала 1.263 жители, од кои 1.179 биле Македонци, а 67 Турци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 1.413 жители, од кои 1.401 се Македонци, а 11 жители Турци.

**Подбреѓе** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, во североисточниот дел на територијата на Општината Јегуновце, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 395 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 18 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 195 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 222 жители, а во 1994 година 176 жители, од кои 164 се Македонци, седум жители Роми и двајца Срби.

**Подвис** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Другово, недалеку од патот Кичево-Охрид, а во горното сливно подрачје на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 629 ха, на пасиштата отпаѓаат 121 ха, а на обработливото земјиште само 78 ха. Во населбта работи основно училиште до IV одделение. Подвис е мала населба, населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 188, а во 1994 година 99 жители.

**Подгорци** - Населбата се наоѓа на западната страна на Струшкото Поле, а на територијата на Општината Лабуништа, чиј атар се издига на источната падина на планината Јабланица. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 12 км. Атарот се издига дури до сртот на планината Јабланица и зафаќа простор од 13,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 567 ха, на пасиштата отпаѓаат 480 ха, а на обработливото земјиште 256 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, услужни објекти, споменик на НОБ, а има и урбанистички план. Подгорци е голема населба, со пораст на популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 1.240 жители, од кои 1.176 биле Македонци, 37 Турци, а 12 жители

Албанци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 2.231 жители, од кои 1.339 се Македонци, 465 Турци, 103 Албанци, двајца Срби, а 322 жители се изјасниле како - други.

**ПОДИНО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, а во истата насока и на територијата на Општината Могила. Селото е рамничарско-ридско, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа простор од 6,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 341 ха, на пасиштата отпаѓаат 130 ха, а на шумите 115 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 194, а во 1994 година 67 жители.

**ПОДЛЕС** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Градско, на падината на Клепа, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Ропотово. Селото е планинско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 27 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,1 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.400 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 681 ха, а на шумите 127 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграцијата на населението, Подлес преминало од средно, во мало село. Во 1961 година селото имало 574 жители, од кои 588 биле Македонци, а по шест жители Турци и Албанци. Во 1994 година бројот се намалил дури на 77 жители, македонско население.

**ПОДМОЛ** - Селото се наоѓа на крајниот јужен дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани, чиј атар се допира со просторот на Општината Добрушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 29 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 721 ха, а на пасиштата отпаѓаат 339 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграција на населението, Подмол преминало од средна, во мала населба, населена исклучително со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 552, а во 1994 година 185 жители.

**ПОДМОЛЈЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Охрид, непосредно до патот од Охрид за Струга, или Кичево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 697 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена околу четири километри. Подмолје не се води во катастарската евиденција, па затоа не може да се прикаже неговата аграрна структура. Селото е мало, но со пораст на популацијата. Така, населбата во 1961 година броела 126 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 269 жители, од кои 267 се Македонци, а по еден жител Србин и Влав.

**ПОДМОЧАНИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Ресен, на патот којшто води од Ресен за Љубојно, а чиј атар се издига до сртот на планината Пелистер, каде што се допира со просторот на Општината Цапари. Селото е рамничарско, на надморска височина од 890 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена околу десет километри. Атарот зафаќа простор од 12,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 556 ха, на шумите отпаѓаат 488 ха, а на пасиштата 121 ха. Селото во основа, има полјоделска функција. Во населбата работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, споменик за НОБ, услужни објекти, а има и урбанистички план. Населбата е средна по големина, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото имало 726 жители, од кои 675 биле Македонци, а 40 жители Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 350 жители од кои 338 се Македонци и 11 жители Албанци.

**ПОДРЖИ КОЊ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.280 метри

Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 22,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 912 ха, на шумите отпаѓаат 689 ха, а на пасиштата 271 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Од селото се иселил значителен број на населението и тоа преминало од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото имало 740 жители, од кои 719 биле Македонци, а 16 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 183 жители, а селото е населено само со македонско население.

**ПОЕШЕВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Битола, југоисточно од градот, на оддалеченост од шест километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 578 метри. Атарот зафаќа површина од 7,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 670 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта, земјоделска задруга и услужни објекти. Поешево во 1961 година броело 335, а во 1994 година 256 жители, и целото е населено со македонско население.

**ПОЖАРАНЕ** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во средишниот дел на територијата на Општината Врапчиште. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена девет км. Атарот е голем и зафаќа простор од 29,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.562 ха, на шумите отпаѓаат 1.176 ха, а на обработливото земјиште 305 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Пожаране се иселил голем број од популацијата. Така, во 1961 година селото имало 601 жители, од кои 501 биле Македонци, а 98 жители муслимани. Во 1994 година бројот се намалил на 57 жители, од кои 47 се Македонци и 10 жители Албанци.

**ПОКРАЈЧЕВО** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Радовишкото Поле, а во иста насока на територијата на Општината Подареш, од левата страна на реката Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 302 ха, на пасиштата отпаѓаат 276 ха, а на шумите 97 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работат основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавници. Покрајчево е средна по големина населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 303, а во 1994 година 415 жители.

**ПОКРВЕНИК** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се издига до сртот на планината Галичица, каде што се допира со просторот на Општината Охрид. Селото е рамничарско, на надморска височина од 870 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 516 ха, на пасиштата отпаѓаат 262 ха, а на обработливото земјиште 225 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште, а има и споменик за НОБ. Покрвеник е мала населба, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 159, а во 1994 година 100 жители.

**ПОЛАКИ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Кочани, чиј голем атар се допира со просторите на неколку општини: Кратово, Крива Паланка и Оризари. Селото е планинско и раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 780 до 1.110 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 74,5 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 5.742 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.237 ха, а на обработливото земјиште 399 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Полаки се иселил

голем број на населението и тоа преминало од голема, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 1.024 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 245 жители.

**ПОЛЕТО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Делчево, и бидејќи лежи на неколку километри оддалечено од градот, таа припаѓа на неговата рурбална зона. Селото се наоѓа на надморска височина од 600 метри. За него не се води катастарска евиденција, па затоа не може да се прикаже ниту неговата аграрна структура. Населбата е мала и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 200, а во 1994 година 114 жители.

**ПОЛОГ** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на Битолското Поле, а на северната страна на територијата на Општината Бач, на јужната падина на Селечка Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена, околу 30 км. Атарот зафаќа простор од 11,4 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 867 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 196 ха, а на шумите само 71 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, доведена во фаза на наполно раселување, а е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 117, а во 1994 година, само двајца жители.

**ПОЛЧИШТЕ** - Населбата се наоѓа во прилепскиот дел на Мариово, на источната страна на територијата на Општината Витолиште. Селото е планинско, на надморска височина од 910 метри. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор дури од 83 км$^2$, односно, атарот катастарски се дели на Полчиште I и Полчиште II. На него пасиштата заземаат површина 3.646 ха, на шумите отпаѓаат 3.069 ха, а на обработливото земјиште на 1.336 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од населбата емигрирал значителен број од населението и таа преминала од големо, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 824 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 45 жители.

**ПОМЕНОВО** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела четири жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Извор, во средното сливно подрачје на реката Бабуна. Лежи на надморска височина од 490 метри, а атарот зазема простор од 11,9 км$^2$.

**ПОПАДИЈА** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Извор, чиј атар се допира со просторите на општините Прилеп и Кавадарци. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 35 км. Атарот зафаќа простор од 25,8 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.246 ха, на шумите отпаѓаат 664 ха, а на обработливото земјиште 210 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, а е населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 303 жители, а во 1994 година, само двајца жители.

**ПОПОВЈАНИ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на територијата на Општината Осломеј. Селото е ридско, на надморска височина од 710 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 4,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 196 ха, на шумите отпаѓаат 140 ха, а на пасиштата 128 ха. Селото има полјоделска функција. Во 1961 година селото имало 267 жители, од кои 184 биле Албанци, а 82 жители Македонци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 309 жители, од кои 296 се Албанци, а 13 жители Македонци.

**ПОПОЕЦ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Другово, во

изворишното сливно подрачје на реката Треска. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 800 до 920 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 594 ха, на пасиштата отпаѓаат 176 ха, а на обработливото земјиште 85 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Попоец била средна по големина населба, па преминала во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 375, а во 1994 година, само 49 жители.

**Пополжани** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Другово, во горното сливно подрачје на реката Треска, непосредно до патот Кичево-Охрид. Селото е рамничарско, на надморска височина од 785 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена седум километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 133 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 45 ха. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 164, а во 1994 година 120 жители.

**Попчево** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Струмица, недалеку од езерото Водоча, на оддалеченост од градот од околу шест километри. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Атарот зафаќа простор од 15,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 562,5 ха, на пасиштата отпаѓаат 527 ха, а на обработливото земјиште 274 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавници. Населбата е средна по големина, со намалување на бројот на жителите и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 625, а во 1994 година 443 жители.

**Породин** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, а во иста насока и на територијата на Општината Бистрица, на потпланинскиот пат којшто води од Битола до државната гранична линија со Република Грција. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$ На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.154 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и споменик за НОБ. Во 1961 година Породин броел 460 жители, од кои 425 биле Македонци, 12 Срби, 11 Турци и 10 Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 241 жители, главно, македонско население.

**Пороj** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Џепчиште, непосредно до патот Тетово-Вратница-Косово, на оддалеченост од градот Тетово од околу три километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 500 метри. Има мал атар, којшто зафаќа простор од 5,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 250 ха, на шумите отпаѓаат 165 ха, а на пасиштата само 22 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, продавници, угостителски објекти и друго. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.527 жители, од кои 1.457 биле Албанци, а 70 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.443 жители, исклучително албанско население.

**Поум** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Делогожда, на јужната падина на планината Караорман. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 12,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 702 ха, на пасиштата отпаѓаат 313 ха, а на обработливото земјиште 174 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година Поум броел 394 жители, од кои 381 биле Албанци, а 10 жители Турци. Во 1994 година, селото било

населено само со албанско население, коешто броело 188 жители.

**Почивало** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Штип, на југозападната падина на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 930 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 724 ха, на шумите отпаѓаат 393 ха, а на обработливото земјиште 376 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и исклучително населена со турско население. Таа, во 1961 година имала 65, а во 1994 година 85 жители.

**Праведник** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на територијата на Општината Кавадарци, чиј атар нашироко се допира со западната брегова линија на вештачкото езеро Тиквеш. Селото е планинско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 20 км. Атарот е голем и зафаќа површина од 32 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.254 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 128 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Кај селото постои црква „Св. Спас“, којашто била подигната и живописана во 1625 година, од повеќе ктитори. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување. Така, Праведник во 1961 година имал 224 жители, а во 1994 година, само еден жител.

**Праленик** - Населбата се наоѓа во областа на Дебарска Жупа, на територијата на Општината Центар Жупа, недалеку од Дебарското Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне мал и зафаќа површина од само 1,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 40 ха, на пасиштата отпаѓаат 26 ха, а на шумите 55 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и населена со турско население. Така, селото во 1961 година броело 93, а во 1994 година 146 жители.

**Првце** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 109 жители, албанско население. Селото се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Теарце, на надморска височина од 1.040 метри. Атарот зазема простор од 7 км$^2$.

**Прдејци** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Гевгелија, од десната страна на реката Вардар, а на старииот пат којшто води од Гевгелија за Миравци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 65 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 18,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 568 ха, на пасиштата отпаѓаат 559 ха, а на шумите 386 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 500, а во 1994 година 538 жители.

**Прджево** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 22,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.243 ха, на пасиштата отпаѓаат 630 ха, а шуми, речиси, нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е средна по големина, но со намалување на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 668 жители, од кои 633 биле Македонци, а 32 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 316 жители, од кои 301 се Македонци, седум Турци и по четири жители

Срби и Роми.

**Превалец** - Оваа населба во статистиката се води од 1971 година, и таа е, всушност, приградска населба на Велес, лоцирана на превалот меѓу градот и Горно Оризари. Како нова населба, којашто е дел на градскиот простор, за неа нема катастарски податоци, односно, евиденција. Превалец во 1971 година имал 505 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.192 жители, од кои 2.136 се Македонци, 22 Срби, 21 Турци и двајца Албанци.

**Преглово** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Пласница, од десната страна на реката Треска, а порано ѝ припаѓала на Општината Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 680 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 12,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 979 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 154 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него, покрај основно училиште, постои пошта и услужни објекти. Во 1961 година селото имало 601 жители, од кои 584 биле Турци, а 16 жители Македонци. Во 1994 година, селото броело 1.031 жители, од кои 1.001 се Турци, 29 Македонци и еден жител Албанец.

**Прељубиште** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на западниот дел на територијата на Општината Јегуновце, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 338 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Селото е средно по големина. Така, во 1961 година населбата имала 370 жители, од кои 327 биле Македонци, а 40 жители Албанци. Во 1994 година, селото броело 341 жители, од кои 267 се Македонци, 65 Албанци, пет Роми и четири жители Срби.

**Прељубје** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на западниот дел на територијата на Општината Ресен, недалеку од патот Ресен - Отешево. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 метри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од само 2,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 153 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото имало 79, а во 1994 година само 23 жители.

**Премка** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во јужниот дел на територијата на Општината Осломеј. Селото е ридско, на надморска височина од 770 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$ На него пасиштата заземаат површина од 415 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 198 ха, а на шумите 140 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во населбата постои црква „Св. Атанас“, во којашто е пронајден ракопис од XIII век. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 266 жители, од кои 202 биле Македонци, а 62 жители Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 132 жители, од кои 35 се Македонци, 95 Албанци и двајца жители Срби.

**Преод** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, во северозападниот дел на територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 550 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 548 ха, на пасиштата отпаѓаат 288 ха, а на шумите 127 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, насе-

лена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 390 жители, но во 1994 година бројот се намалил дури на само 40 жители.

**Пресека** - Населбата се наоѓа во високиот средишен дел на територијата на Општината Оризари, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Македонска Каменица. Селото е планинско, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.000 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 23 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 25 км². На него преовладуваат шумите на површина од 1.075 ха, на пасиштата отпаѓаат 336 ха, а на обработливото земјиште 310 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од оваа населба, којашто била и е населена со македонско население, емигрирал голем број од популацијата. Така, во 1961 година селото броело 961 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 160 жители.

**Пресил** - Населбата се наоѓа во јужниот рамничарски дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 16,2 км². На него шумите заземаат површина од 716 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 584 ха, а на пасиштата 270 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е средна по големина, но со негативно популациско салдо. Така, во 1961 година селото имало 745 жители, од кои 336 биле Турци, а 334 Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 481 жители, од кои 323 се Албанци, 121 Турци и 37 жители Македонци.

**Претор** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, во југоисточниот дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар се допира до брегот на Преспанското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 900 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,9 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 178 ха, на шумите отпаѓаат 148 ха, а на пасиштата само 49 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Селото е мало и во 1961 година броело 220 жители, од кои 218 биле Македонци, а двајца жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 153 жители, од кои 149 се Македонци и тројца жители Срби.

**Прибачево** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а во јужниот дел на територијата на Општината Оризари, чиј атар се допира со просторот на Општината Виница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена четири километри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3 км². На него преовладува обработливото земјиште на површина од 222 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одде-ление, а има и дом на културата. Селото е сред-но по големина и е населено само со македон-ско население. Така, во 1961 година населбат имала 420, а во 1994 година 423 жители.

**Прибилци** - Населбата се наоѓа во северниo дел на територијата на Општината Деми Хисар, од левата страна на патот Демир Хиса - Крушево. Селото е рамничарско, на надмор ка височина од 670 метри. Од централнот место Демир Хисар населбата е оддалечена 4 км. Атарот зафаќа простор од 10,5 км². На не шумите заземаат површина од 459 ха, обработливото земјиште отпаѓаат 230 ха, а пасиштата 178 ха. Селото има полјоделск шумарска функција. Во него работи основ училиште до IV одделение, има споменик НОБ и услужни објекти. Прибилци е населе со македонско население. Во 1961 година се то имало 436 жители, а во 1994 година бројот намалил на 287 жители.

**Приковци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кратово, недалеку од градот и од патот Кратово-Шлегово-Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 263 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 204 ха, а на пасиштата 104 ха. Од населбата се иселил голем број од населението и таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 238, а во 1994 година 153 жители.

**Прилепец** - Населбата се наоѓа во Прилепското Поле, во јужниот дел на територијата на Општината Прилеп, кон падината на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 408 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 235 ха, а на шумите само 12 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото постои манастир посветен на „Св. Никола". Црквата била обновена во 1861 година, на темелите на старата црква, за којашто не се знае кога била изградена. Населбата е мала, населена со македонско население и е доведена во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото имало 154 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 16 жители.

**Припечани** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Карбинци, во средното сливно подрачје на реката Брегалница, а чиј атар се допира со просторите на општините Чешиново и Зрновци. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Атарот зафаќа простор од 13,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.246 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 51 ха, а на пасиштата 46 ха. Населбата е мала, доведена во фаза на наполно раселување и е населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 188 жители, а во 1994 година, само пет жители.

**Припор** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Кочани, недалеку од градот во северен правец и може да се вброи во неговата рурбална зона. Селото е ридско-планинско, бидејќи маалата се издигаат на надморска височина од 660 до 780 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 277 ха, на шумите отпаѓаат 87 ха, а на обработливото земјиште 30 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е доведена во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 66 жители, а во 1994 година, само пет жители.

**Присад** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Прилеп, на југозападната падина на планината Бабуна. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Прилеп населбата е оддлечена 13 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.150 ха, на пасиштата отпаѓаат 644 ха, а на обработливото земјиште 541 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонското население и е доведена во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 204 жители, а во 1994 година, само девет жители.

**Присовјани** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Луково, а на западната падина на планината Караорман. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 20,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.368 ха, на пасиштата отпаѓаат 430 ха, а на обработливото земјиште 195 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е доведена во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото имало 288 жители, а во 1994 година, бројот се намалил на само 13 жители.

**Присојница** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Ростуша, од десната страна на реката Радика и недалеку од патот Гостивар-Дебар. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,3 км². На него шумите заземаат површина од 189 ха, на пасиштата отпаѓаат 96 ха, а на обработливото земјиште 38 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, со благ пораст на населението. Така, во 1961 година селото броело 253 жители, од кои 237 биле Турци, а 10 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 332 жители, од кои 21 се Македонци, 13 Албанци, еден Турчин и 297 се изјасниле за - други, а тие се, секако, Македонци со исламска вероисповед.

**Прналија** - Населбата се наоѓа на северозападната страна на територијата на Општината Радовиш, во таканаречената област Јуруклук, под северозападната падина на Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зафаќа простор од 10,2 км². На него пасиштата заземаат површина од 504 ха, на шумите отпаѓаат 367 ха, а на обработливото земјиште 146 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Прналија е мала населба, населена со турско население, од групата Јуруци. Во 1961 година селото броело 194 жители, а во 1994 година 136 жители.

**Прналија** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Карбинци, под падината на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 22 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,6 км². На него шумите заземаат површина од 299 ха, на пасиштата отпаѓаат 100 ха, а на обработливото земјиште 58 ха. Населбата е мала и во неа живее исклучително турско население. Во 1961 година селото имало 108, а во 1994 година 148 жители.

**Пробиштип** - Населбата се наоѓа во се ерниот дел на територијата на Општинат Пробиштип, односно, ова село веќе е споено с населбата Пробиштип, којашто во 1965 годин добила статус на гратче, така што, селото веќ се смета за најнепосредна приградска насел на градот. Сепак, селото има свој атар, којшт зафаќа простор до 12,7 км². На него обраб тливото земјиште зафаќа површина од 714 х на пасиштата отпаѓаат 325 ха, а на шумите сам 97 ха. Во селото работи основно училиште IV одделение, има амбуланта, пошта, пр давници, угостителски објекти и др. Населба е средна по големина. Таа во 1961 година има 549 жители, од кои 540 биле Македонци, трој Турци и двајца жители Срби. Во 1994 годи бројот се зголемил на 625 жители, од кои 614 Македонци, тројца Роми и осум - други.

**Проевце** - Населбата се наоѓа на територи та на Општината Куманово, на неколку кил метри оддалеченост од градот, во југоисточ правец, па затоа ѝ припаѓа на рурбалната зо на градот Куманово. Селото е рамничарско, надморска височина од 405 метри. Атар зафаќа простор од 5,4 км². На него обработл ото земјиште зафаќа површина од 304 ха, а пасиштата отпаѓаат 164 ха. Селото и полјоделска функција. Поради својата близи до градот, Проевце привлекло голем број им гранти и тоа нараснало од мала, во голе населба. Така, во 1961 година селото брое 280 жители, од кои 273 биле Македонци, тро Срби и еден жител Турчин. Во 1994 година б јот се зголемил дури на 1.944 жители, од к 1.864 се Македонци, 70 Срби и четири жите Роми.

**Просениково** - Оваа голема населба наоѓа во средишниот дел на Струмичк Поле, на територијата на Општин Струмица, недалеку, во североисточен пра од градот. Селото е рамничарско, на надмор височина од 223 метри. Атарот зафаќа прос од 5,1 км². На него доминира обработлив земјиште на површина од 424 ха, па затоа се то има полјоделска функција. Во него раб осумгодишно училиште и има услужни објек

Населбата е голема и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 984 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.500 жители.

**Пространье** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Другово, чиј атар се допира со просторот на Општината Сопотница. Селото е ридско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 27 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 29,3 км². На него шумите зафаќаат површина од 1.721 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.114 ха, а на обработливото земјиште 114 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 295 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 35 жители, од кои 33 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Прстен** - Оваа населба се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар се допира со просторот на Општината Конче. Селото е ридско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 2,1 км². На него шумите зафаќаат површина од 123 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 53 ха, а на пасиштата 20 ха. Населбата е мала и е населена со турско население. Таа во 1961 година имала 78, а во 1994 година 105 жители.

**Пршовце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Теарце, непосредно до патот Тетово-Вратница-Косово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 550 метри. Атарот зафаќа простор од 5,4 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 439 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е голема со, речиси, двоен пораст на бројот на популацијата. Така, во 1961 година населбата имала 1.248 жители, од кои 1.207 биле Албанци, 23 Турци и 11 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.117 жители, од кои 2.103 се Албанци и 12 жители Роми.

**Псача** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Ранковце, од левата страна на Крива Река. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 500 до 1.100 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км². На него шумите заземаат површина од 627 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 424 ха, а на пасиштата 125 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ и услужни објекти. Во селото има манастирска црква „Св. Никола“. Се смета дека таа била изградена во средината на XIV век. Од Псача половината од населението емигрирало. Така, во 1961 година селото броело 1.253 жители, од кои 1.246 биле Македонци и шест жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 538 жители, од кои 535 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Пузалька** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, во средишниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од десната страна на реката Пчиња. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 360 до 400 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 27 км. Селото има мошне мал атар, од само 1,7 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 99 ха, па затоа, селото има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 134 жители, од кои 108 биле Македонци, а 26 Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 63 жители, од кои 50 се Македонци, а 13 жители Срби.

**Пуздерци** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена девет киломери. Атарот зафаќа простор од 6,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од

353 ха, а на пасиштата отпаѓаат 225 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 255, а во 1994 година 59 жители.

**ПУСТА РЕКА** - Оваа висока населба се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторите на општините Друговo, Сопотница и Пласница. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 672 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 238 ха, а на пасиштата 195 ха. Селото има полјоделско-шумарска фунција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата преминала од средно, во мало село и е населена со македонско население. Во 1961 година населбата имала 415 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 173 жители.

**ПУТУРУС** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Добрушево. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 34 м. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него обработливото земјште зазема површина од 446 ха, а на пасиштата отпаѓаат 167 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, тоа во 1961 година имало 371 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 72 жители.

**ПУХЧЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Штип, во долината на реката Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на планината Серта. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 7,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 282 ха, на шумите отпаѓаат 219 ха, а на пасиштата 196 х
Селото, во основа, има полјоделска функци
Населбата е мала, којашто во 1961 годи
броела 272 жители, од кои 94 биле Турци,
Македонци и 100 жители се изјасниле ка
други. Во 1994 година бројот се намалил на
жители, од кои 38 се Македонци, 25 Турци
четворица жители Роми.

**ПЧИЊА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел
територијата на Општината Куманово, во ср
ното сливно подрачје на реката Пчиња. Село
е рамничарско, на надморска височина од 2
метри. Од градот Куманово населбата е о
алечена 15 км. Атарот е голем и зафаќа пр
тор од 25,3 км$^2$. На него обработливото земјш
зазема површина од 1.080 ха, на пасишта
отпаѓаат 1.056 ха, а на шумите 314 ха. Село
има полјоделско-сточарска функција. Пора
емиграција на населението, населбата прем
нала од големо, во средно село. Така, во 19
година населбата имала 1.184 жители, од к
1.172 биле Македонци и седум жители Срби.
1994 година бројот се намалил на 777 жите
од кои 774 се Македонци и тројца жители Ср

# Р

**РАБЕТИНО** - Населбата се наоѓа во Кичевс
та Котлина, во северниот дел на територија
на Општината Вранештица. Селото е ридс
на надморска височина од 770 метри. Од гра
Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атаро
мал и зафаќа простор од 3,4 км$^2$. На не
шумите заземаат површина од 212 ха,
пасиштата отпаѓаат 87 ха, а на обработливо
земјиште 40 ха. Кај селото се наоѓал манаст
„Св.Спас“, којшто бил изграден во ср
новековниот период, но при една непогода б
целосно изгорен. Населбата е мала, населена
македонско население, но е во фаза на напо

раселување. Така, во 1961 година селото имало 72, а во 1994 година, само шест жители.

**Раборци** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Куклиш, недалеку од десната страна на патот Струмица-Костурино-Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 10 км. Атарот е мал и зафаќа површина од 4,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 284 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 80 ха, а на пасиштата 34 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 131, а во 1994 година 112 жители.

**Раброво** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Валандово, недалеку, источно од градот, на оддалеченост од околу два километри. Селото лежи непосредно до патот Валандово-Струмица. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 160 метри. Атарот зафаќа простор од 10 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 459 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 337 ха, а на пасиштата 130 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Населбата порано имала и рударска функција, бидејќи на нејзиниот атар се вадела хромна руда. Населбата е мала, но со пораст на популацијата. Во 1961 година селото имало 160 жители, од кои 116 биле Македонци, а 33 жители Срби. Во 1994 година, бројот се зголемил на 271 жители, од кои 261 се Македонци, а 10 жители Срби.

**Равен** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Вруток, во горното сливно подрачје на Вардар и недалеку, југоисточно од градот Гостивар, на оддалеченост од околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 680 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 229 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 122 ха, а на пасиштата 47 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 923 жители, од кои 884 биле Албанци, а 25 жители Македонци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 1.507 жители и селото е исклучително населено со албанско население.

**Радање** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Карбинци, од десната страна на Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 380 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа површина од 1.066 ха, на пасиштата отпаѓаат 412 ха, а на шумите 254 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Во 1961 година населбата броела 926 жители, од кои 772 биле Македонци, а 26 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 542 жители, од кои 422 се Македонци, 71 Турци, 48 Власи и еден жител Србин.

**Радибуш** - Оваа населба се наоѓа во Славишкото Поле, во средишниот дел на територијата на Општината Ранковци. Селото е ридско-планинско и раштркано, на надморска височина од 530 до 960 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 17,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 569 ха, на пасиштата отпаѓаат 577 ха, а на шумите 160 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Од населбата се иселил голем дел од популацијата и таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 792 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 197 жители.

**Радиовце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на источната страна на територијата на Општината Брвеница, недалеку од патот

Тетово-Гостивар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 267 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и услужни објекти. Во 1961 година селото имало 599 жители, од кои 327 биле Македонци, 246 Албанци и 12 жители Срби. Во 1994 година бројот на населението двојно се зголемил, односно, населбата имала 1.026 жители, од кои 346 се Македонци, а 678 Албанци.

**Радичево** - Населбата се наоѓа во Струмичкото Поле, во северозападниот дел на територијата на Општината Василево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 426 ха, на шумите отпаѓаат 322 ха, а на пасиштата 49 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и пошта. Населбата е средна по големина, со пораст на бројот на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 407 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 582 жители, од кои 562 се Македонци, 15 Турци и пет жители Срби.

**Радишани** - Оваа населба веќе не може да се спомне како класично село, бидејќи е урбанизирана и територијално поврзана со градот Скопје, во рамките на Општината Чаир. Атарот на населбата зафаќа простор од 6,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 497 ха, а на пасиштата отпаѓаат 38 ха. Во населбата се наоѓаат различни секундарни и терцијарни дејности, а има и урбанистички план. Во Радишани се наоѓа црква „Св. Никола", којашто, веројатно, потекнува од XVI век. Во 1961 година населбата броела 436 жители, но во 1994 година, како приградска населба, таа станала привлечно имиграционо место, со пораст на бројот на населението на 7.579 жители. Од нив, 6.680 жители се Македонци, 360 Срби, 129 Албанци, 114 Роми, 50 Власи, 25 Турци и 221 жители се декларирале како - други.

**Радња** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела шест жители, македонско население. Селото се наоѓа во горното сливно подрајче на Бошавица, а на територијата на Општината Конопиште. Населбата лежи на надморска височина од 720 метри, а атарот зафаќа простор од 35,9 км$^2$.

**Радобор** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Могила, недалеку од Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 531 метри. Атарот зафаќа простор од 8,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 752 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во населбата работи основно училиште до IV одделение. Населбата, во однос на популацијата, преминала од средно, во мало село, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 431, а во 1994 година 157 жители.

**Радово** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Босилово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 12 км. Атарот не е голем и зафаќа простор од 4,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 339 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, дом на културата, услужни објекти, а селото има и урбанистички план. Радево преминало од средна по големина, во голема населба. Така, селото во 1961 година имало 593 жители, од кои 567 биле Македонци, а 25 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 884 жители, од кои 865 се Македонци и 19 жители Турци.

**Радово** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Селото е планинско, на надморска височина од 1.010 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него на обработливото земјиште отпаѓаат 122 ха, на шумите 175 ха, а на пасиштата 174 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 179 жители, а во 1994 година, само 28 жители.

**Радожда** - Населбата се наоѓа на југозападниот дел на територијата на Општината Струга, чиј атар се допира до брегот на Охридското Езеро и до државната гранична линија со Република Албанија. Селото е рамничарско, на надморска височина на 700 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 505 ха, на пасиштата отпаѓаат 185 ха, а на обработливото земјште 59 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, фабрички погон и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 866, а во 1994 година 849 жители, од кои 845 се Македонци, а по двајца жители Власи и Срби.

**Радолишта** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Струга, чиј атар се издига до сртот на Јабланица, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е рамничарско-ридарско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 700 до 820 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена четири километри. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 814 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 336 ха, а на пасиштата 227 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ, услужни објекти, а има и урбанистички план. Радожда е голема населба, населена со албанско население и со пораст на популацијата. Така, селото во 1961 година броело 1.617 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 2.892 жители.

**Радуша** - Оваа селска населба се наоѓа на крајниот северозападен дел на Скопската Котлина, во Жеденската Клисура, непосредно од десната страна на реката Вардар, и ѝ припаѓа на територијата на Општината Кондово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 380 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 23 км. На атарот на оваа населба се откриени рудни наоѓалишта на хром, и тој, заедно со атарот на рудникот Радуша, зазема површина од 25,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.596 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 288 ха, а на пасиштата 541 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Радуша е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.212 жители, од кои 1.043 биле Албанци, а 162 жители Турци. Во 1994 година, во селото живеело само албанско население, а Радуша броела 1.824 жители.

**Раец** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Кавадарци, во долината на Раечка Река, а чиј атар се допира со просторот на Општината Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина малку над 300 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 10,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 255 ха, на пасиштата отпаѓаат 355 ха, а на шумите 423 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 238, а во 1994 година 128 жители.

**Разловци** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Делчево, непосредно од левата страна на

Брегалница, чиј голем атар се допира со просторите на општините Берово и Виница. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 60,2 км². На него шумите заземаат површина од 2.944 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.160 ха, а на обработливото земјиште 1.650 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, дом на културата, услужни објекти, спомен-плоча и спомен-дом на Разловечкото востание, споменик за паднатите борци во НОБ и урбанистички план. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.116 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 906 жители, од кои 904 се Македонци и тројца жители Срби.

**РАЈЦА** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, недалеку од патот Ресен-Љубојно. Селото е ридско, на надморска височина од 910 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,6 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 144 ха, на пасиштата отпаѓаат 103 ха, а на шумите 198 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 155, а во 1994 година 72 жители.

**РАЈЧАНИ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Кочани, чиј атар се допира со просторот на Општината Злетово. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 8 км². На него обработливото земјиште зазема простор од 325 ха, на пасиштата отпаѓаат 270 ха, а на шумите 188 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Од Рајчани се отселил дел од населението и тоа преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 350 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 54 жители.

**РАЈЧИЦА** - Населбата се наоѓа на територија- та на Општината Дебар, недалеку од градот, па затоа ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е ридско, на надморска височина од 79( до 880 метри. Атарот е мошне мал и зафаќ простор од 2,6 км². На него шумите заземаат површина од 150 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 55 ха, а на пасиштата 32 ха Во селото постои црква „Св. Варвара“, којашто била подигната во 1597 година. Селото е мало коешто во 1961 година имало 116 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 34 жители, о кои 26 се Македонци, а осум жители Турци.

**РАКИТЕЦ** - Населбата се наоѓа во источнио дел на територијата на Општината Конче, в горното сливно подрачје на реката Крив Лакавица, од нејзината десна страна. Селото ридско, на надморска височина од 500 метр Од градот Радовиш населбата е оддалечена 1 км. Атарот зафаќа простор од 12,8 км². На нег шумите заземаат површина од 738 ха, н обработливото земјште отпаѓаат 420 ха, а н пасиштата 60 ха. Селото има полјоделско шумарска функција. Во него работи основн училиште до IV одделение. Населбата е средн по големина, населена со македонско насел ние. Во 1961 година селото имало 421, а во 19 година 527 жители.

**РАКИТНИЦА** - Населбата се наоѓа на крајни северен дел на територијата на Општина Демир Хисар, лоцирана недалеку од пат Демир Хисар-Крушево. Селото е рамничарск на надморска височина од 690 метри. Атар зафаќа простор од 17,6 км². На него шуми заземаат површина од 850 ха, на обработливо земјиште отпаѓаат 427 ха, а на пасиштата 2 ха. Селото има полјоделско-шумарска функц ја. Населбата е мала и населена со македонс население. Така, во 1961 година селото има 305 жители, додека во 1994 година бројот намалил на 40 жители.

**РАКЛЕ** - Населбата се наоѓа на север источната страна на територијата на Општи та Прилеп, во горното сливно подрачје

Раечка Река. Селото е планинско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 828 ха, на шумите отпаѓаат 407 ха, а на обработливото земјиште 317 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 269 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само седум жители.

**РАКЛИШ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Радовиш, недалеку од градот, и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 380 метри. Атарот зазема простор од 6,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 616 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти и урбанистички план. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 430 жители, а во 1994 година бројот изнесувал 479 жители.

**РАКОВЕЦ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Боговиње, чиј атар се допира со просторот на Општината Неготино-Полошко. Селото е планинско, на надморска височина од 790 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 227 ха, на пасиштата отпаѓаат 376 ха, а на шумите 260 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Според движењето на популацијата, селото преминало од средна, во голема населба. Така, во 1961 година селото имало 674 жители, од кои 652 биле Албанци, а 20 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 828 жители, албанско население.

**РАКОВЕЦ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Чашка, во средното сливно подрачје на реката Тополка. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 297 ха, на пасиштата отпаѓаат 228 ха, а на шумите само пет хектари. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 250, а во 1994 година само 30 жители.

**РАКОТИНЦИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сопиште. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Атарот зафаќа простор од 9,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 680 ха, на шумите отпаѓаат 100 ха, а на пасиштата 83 ха. Селото има полјоделска функција. Во населбата има основно училиште и разни услужни дејности. Во Ракотинци се наоѓа мошне стара црква „Успение на Св. Богородица“, но сè уште не е утврдено од кој период потекнува. Населбата е средна по големина. Таа во 1961 година броела 541 жители, а во 1994 година 576 жители, од кои 570 се Македонци, а шест жители Срби.

**РАМНА** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Цапари, во Цапарското Поле, на десната страна од реката Шемница. Селото е ридско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 7,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 310 ха, на пасиштата отпаѓаат 267 ха, а на шумите 112 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него има амбуланта, и земјоделска задруга. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 299 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 86 жители, од кои 79 се Македонци, а шест жители Албанци.

**РАМНЕ** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на територијата на Општината

Самоков, чиј атар се допира до текот на реката Треска, од нејзината лева страна. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Атарот зафаќа простор од 19 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.132 ха, на пасиштата отпаѓаат 103 ха, а на обработливото земјиште 188 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Рамне преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 380, а во 1994 година 60 жители.

**РАМНЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Охрид, недалеку, источно од градот Охрид. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Атарот зафаќа простор од 19,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.039 ха, на шумите отпаѓаат 634 ха, на обработливото земјиште 163 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Покрај разни услужни дејности, во населбата е подигната биста посветена на Јасна Ристеска. Селото е средно по големина. Тоа во 1961 година броело 407 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 589 жители, од кои 563 се Македонци, девет Турци и тројца жители Албанци.

**РАМНИ ГАБЕР** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, а на источната страна на територијата на Општината Студеничани. Селото е планинско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 10,9 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 594 ха, на пасиштата отпаѓаат 339 ха, а на обработливото земјиште 143 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и населена со албанско население. Така, во 1961 година селото имало 260, а во 1994 година бројот се намалил на 60 жители.

**РАМНО** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, во североисточниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 860 до 960 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 38 км. Атарот зазема простор од 17,1 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 712 ха, на шумите отпаѓаат 418 ха, а на обработливото земјиште 367 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Рамно преминало од средно, во мало село. Така, во 1961 година селото имало 357 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 40 жители, од кои 35 се Македонци и пет жители Срби.

**РАНКОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Славишкото Поле, а со еден дел на патот Крива Паланка - Куманово, и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 490 до 570 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 12,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 959 ха, а на пасиштата отпаѓаат 124 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е голема, но со намалување на бројот на населението. Така, во 1961 година селото броело 1.44 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 1.007 жители, од кои 963 се Македонци, 36 Роми и четири жители Срби.

**РАНЧИНЦИ** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на источната страна на територијата на Општината Свети Николе. Селото е рамничарско, на надморска височина од 46 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 540 ха, на пасиштата отпаѓаат 433 ха, а на шумите 180 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Наум“, којашто е мошне стара, но не е утврдено времето на нејзината изградба. Од населбата се иселил голем број од населението, така што селото преминало о

средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 445 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 67 жители.

**РАОВИЌ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сарај, чиј атар се издига на планината Осој. Селото е планинско, на надморска височина од 750 метри. Атарот зафаќа простор од 18,6 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 884 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 261 ха, а на пасиштата само 14 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во 1961 година селото имало 328 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 284 жители, од кои 283 се Албанци, а еден жител Србин.

**РАОТИНЦЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Јегуновце, од десната страна на Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 15,8 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.181 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 231 ха, а на пасиштата само 10 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти и споменик за НОБ. Од населбата се иселил голем дел од населението и таа преминала од големо, во мало село. Така, во 1961 година населбата имала 1.008 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 648 жители, од кои 635 се Македонци и девет жители Албанци.

**РАПЕШ** - Населбата се наоѓа во битолскиот дел на Мариово, на источната падина на Селечка Планина, а на територијата на Општината Старавина. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Атарот зафаќа простор од 22,3 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.119 ха, на пасиштата отпаѓаат 791 ха, а на шумите 98 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Поради емиграција на населението, селото преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 478, а во 1994 година само 74 жители.

**РАСИНО** - Населбата се наоѓа во Охридското Поле, на територијата на Општината Косел. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 16 км. За населбата не се води катастарска евиденција. Селото е мало, во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година населбата имала 78, а во 1994 година само 13 жители, македонско население.

**РАСТЕШ** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на територијата на Општината Самоков. Селото е ридско-планинско, бидејќи куќите се издигаат на надморска височина од 720 па до 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 8,4 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 430 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 141 ха, а на пасиштата 104 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има амбуланта и услужни објекти. Во селото се наоѓа црквата „Св. Јован", којашто се смета за средновековна, но сè уште не е детално проучена. Поради иселување на населението, селото преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 429 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 92 жители.

**РАСТОЈЦА** - Населбата во претходната територијална поделба се наоѓала на територијата на Општината Крушево, а денес е во состав на Општината Демир Хисар, на нејзиниот краен северен дел, недалеку од патот Демир Хисар-Крушево. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот зафаќа простор од 8 $км^2$. На него шумите зафаќаат површина од 540 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 125 ха, а на пасиштата 116 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција.

Населбата е мала, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 238 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 23 жители.

**РАТАВИЦА** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Злетово, од десната страна на Злетовска Река. Селото е рамнинско, на надморска височина од 420 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,5 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 165 ха, на пасиштата отпаѓаат 157 ха, а шуми, речиси, нема. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Ратавица преминала од мало, во средно по големина село. Тоа, во 1961 година имало 296 жители, а во 1994 година броело 312 жители, од кои 304 се Македонци, а седум жители Власи.

**РАТАЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на западната страна на територијата на Општината Јегуновце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 435 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена девет киломери. Атарот е мал и има простор од 3,2 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 291 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавници. Населбата е средна по големина и населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 398, а во 1994 година 403 жители.

**РАТЕВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Берово, во горното сливно подрачје на реката Брегалница, недалеку од Беровското Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Берово населбата е оддалечена седум километри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 39,7 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 1.843 ха, на шумите отпаѓаат 1.205 ха, а на пасиштата 836 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата услужни објекти и приватен погон за производ ство на амбалажа. Населбата е голема, но с намалување на бројот на жителите. Во 196 година селото имало 1.229 жители, од кои 1.17 биле Македонци, а 53 жители Турци. Во 199 година бројот се намалил на 910 жители, од ко 905 се Македонци, а пет жители Роми.

**РАШТАК** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, чиј атар на тесе дел се издига до сртот на Скопска Црна Гора Припаѓа на приградската зона на на Општина та Гази Баба. Селото е ридско, на надморск височина од 620 мери. Атарот зафаќа просто од 12,1 км². На него обработливото земјишт зафаќа површина од 416 ха, на шумите отпаѓаа 426 ха, а на пасиштата 334 ха. Селото им мешовита земјоделска функција. Во селото им црква „Св. Спас", којашто е обновена, но не с знае кога е подигната. Населбата е средна п големина, главно, населена со македонско насе ление. Така, селото во 1961 година имало 468, во 1994 година 408 жители, од кои 404 с Македонци, а двајца жители Срби.

**РАШТАНИ** - Населбата се наоѓа на територи јата на Општината Битола, недалеку од градо Битола на околу четири километри и ѝ припаѓ на рурбалната зона на ова централно место Селото е ридско, на надморска височина од 78 метри. Атарот зафаќа простор од 5 км². Н него пасиштата заземаат површина од 314 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 142 ха Селото има полјоделско-сточарска функција Населбата е мала по големина, но со пораст н популацијата. Така, во 1961 година селот имало 187 жители, а во 1994 година бројот с зголемил на 264 жители, од кои 259 с Македонци, а тројца жители Власи.

**РАШТАНИ** - Населбата се наоѓа во Кичевска та Котлина, недалеку северно од градот Кичев и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селот е ридско, на надморска височина од 740 метри Атарот зафаќа простор од 6 км². На нег шумите заземаат површина од 263 ха, н

обработливото земјиште отпаѓаат 186 ха, а на пасиштата 117 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, но со значителен пораст на населението. Така, селото во 1961 година имало 353 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 753 жители, од кои 500 жители се Македонци, 181 Албанци, 42 Роми, 26 Турци и тројца жители Срби.

**РАШТАНИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Велес, во долното сливно подрачје на Тополка, а на северозападната падина на ридот Гроот. Селото е рамничарско, на надморска височина од 380 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена неколку километри. Атарот зафаќа простор од 12,1 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 660 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 487 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, речиси, без промени во бројот на населението. Така, селото во 1961 година, па и во 1994 година, броело 301 жители, од кои 279 се Македонци и 22 жители Албанци.

**РАШЧЕ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Кондово. Лоцирана е од десната страна на Вардар, чиј атар се издига високо на планината Жеден, и на чиј атар извира познатиот извор Рашче. Селото е рамничарско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 15 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.378 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 741 ха, а на шумите само 76 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата има основно училиште и услужни објекти. Рашче е големо село, коешто во 1961 година броело 1.450 жители, од кои 884 биле Албанци и 552 Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.363 жители, од кои 2.361 се Албанци, а по еден жител Турчин и Македонец.

**РЕЖАНОВЦЕ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, недалеку во северозападен правец од градот Куманово и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Селото е рамничарско, на надморска височина од 360 метри. Атарот зафаќа простор од 5,9 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 490 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, но со пораст на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 423 жители, од кои 400 биле Македонци, 14 Турци и осум жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 679 жители, од кои 596 се Македонци, 40 Срби, 38 Албанци и еден жител Турчин.

**РЕСАВА** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Кавадарци, недалеку од брегот на Тиквешкото Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 330 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 666 ха, а на пасиштата отпаѓаат 440 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во населбата има амбуланта, продавници и дом на културата. Од Ресава се иселил значителен број од населението и таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 616 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 179 жители.

**РЕЧАНЕ** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во јужниот дел на територијата на Општината Врутоk, а во изворишното сливно подрачје на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Атарот зафаќа простор од 9,6 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 691 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 249 ха, а на пасиштата само 32 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата е голема, но со намалување на популацијата и е населена со албанско насе-

ление. Така, селото во 1961 година имало 1.640 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 995 жители.

**РЕЧАНИ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Оризари, на падината на Осоговските Планини. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 335 ха, на шумите отпаѓаат 265 ха, а на обработливото земјиште 94 ха. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 201 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 43 жители.

**РЕЧАНИ** (Зајашко) - Населбата се наоѓа во северниот дел на Кичевската Котлина, на територијата на Општината Зајас. Селото е планинско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 377 ха, на пасиштата отпаѓаат 51 ха, а на обработливото земјиште само 22 ха. Населбата е мала, без поголеми промени на бројот на населението и е населена со албанско население. Таа, во 1961 година броела 88, а во 1994 година 87 жители.

**РЕЧАНИ** (Челопечко) - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на источната страна на територијата на Општината Вранештица, чиј атар се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 5,8 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 456 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 71 ха, а на пасиштата 45 ха. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 133, а во 1994 година само 31 жители.

**РЕЧИЦА** - Населбата се наоѓа во Охридскот Поле, во повисокиот источен дел на територ јата на Општината Косел, недалеку од пат Охрид-Ресен. Селото е планинско, на надмор ка височина од 980 метри. Од градот Охр населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафа простор од 10,2 км$^2$. На него шумите заземаа површина од 694 ха, на обработливот земјиште отпаѓаат 199 ха, а на пасиштата са 14 ха. Селото има полјоделско-шумарс функција. Населбата е мала и во фаза на напо но раселување, населена со македонско насел ние. Така, во 1961 година селото имало 2 жители, додека во 1994 година бројот намалил на само пет жители.

**РЕЧИЦА** - Населбата се наоѓа во Кумановск то Поле, на територијата на Општина Куманово, недалеку, во северен правец градот и од патот Куманово-Белград. Селото рамничарско, на надморска височина од 3 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 км$^2$. На него обработливото земјиште зафа површина од 402 ха, па затоа селото и полјоделска функција. Во него работи основ училиште до IV одделение, има мелница услужни објекти. Населбата е средна по голе ина, со мал пораст на популацијата. Така, 1961 година селото броело 421 жители, а 1994 година 498 жители, од кои 475 се Срби, а жители Македонци.

**'РЖАНИЧИНО** - Населбата се наоѓа во југо точниот дел на Скопската Котлина, на тер торијата на Општината Петровец, од десна страна на реката Пчиња, а на стариот пат Скопје до Катланово. Селото е рамничарск на надморска височина од 225 метри. Од град Скопје, населбата е оддалечена 22 км. Атар зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него преовладу обработливото земјиште, на површина од 7 ха, па затоа селото има полјоделска функци Во него работи основно училиште и и услужни објекти. Популациски населбата п

минала од средно, во големо село. Така, во 1961 година селото имало 562 жители, од кои 400 биле Македонци, 92 Срби и 32 жители Албанци. Во 1994 година, бројот се зголемил на 903 жители, од кои 714 се Македонци, 49 Срби, тројца Албанци и 137 жители се изјасниле како - други.

**'Ржаново** - Населбата се наоѓа во високиот дел на територијата на Општината Конопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 990 метри. За оваа населба не е водена катастарска евиденција. Селото е мало и во фаза на наполно раселување. Тоа во 1971 година броело 20 жители, а во 1994 година само двајца жители.

**'Ржаново** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што имала 128 жители, македонско население. Селото се наоѓа во Струшкото Поле, на територијата на Општината Луково. Лежи на надморска височина од 1.250 метри.

**Рибарци** - Населбата се наоѓа во Росоманското Поле, од десната страна на Црна Река, недалеку од нејзиниот влив во Вардар, а на територијата на Општината Росоман. Селото е рамничарско, на надморска височина од 150 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 538 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 189, а во 1994 година само 39 жители.

**Рибарци** - Населбата се наоѓа во Битолското Поле, од левата страна на Црна Река, а на западната страна на територијата на Општината Новаци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 643 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и продавница. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 223 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 146 жители, од кои 143 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Рибница** - Населбата се наоѓа во високиот западен дел на територијата на Општината Маврови Анови, во горното сливно подрачје на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 1.110 метри. Атарот зафаќа простор од 21,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.010 ха, на пасиштата отпаѓаат 893 ха, а на обработливото земјиште само 21 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 216 жители, од кои 172 биле Албанци, 25 Македонци и 10 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 60 жители, исклучително албанско население.

**Рилево** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле, а на западната страна на територијата на Општината Долнени. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 27 километри. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 601 ха, на пасиштата отпаѓаат 395 ха, а на шумите 94 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Од оваа населба се иселил голем дел од полицијата, а таа е населена со македонското население. Селото во 1961 година имало 885 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 106 жители.

**Рич** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Струмица, недалеку од езерото Водоча, а чиј атар се допира со просторот на Општината Konче. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 24,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.729 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 602 ха, а

на пасиштата само 39 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е средна по големина, со намалување на популацијата, којашто е македонско население. Така, во 1961 година селото имало 535, а во 1994 година 365 жители.

**'РЛЕВЦИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Велес, чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Атарот е голем и зафаќа површина од 24,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.934 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 385 ха, а на пасиштата 129 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од населбата се иселил дел од населението, така што таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население, но населбата е во фаза на раселување. Така, во 1961 година селото имало 356 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 35 жители.

**Р'НКОВЦЕ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Липково, недалеку од патот од Липково до Липковското Езеро. Селото е планинско, на надморска височина од 780 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 17 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,8 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 199 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 47 ха. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со албанско население. Така, во 1961 година селото броело 184 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 35 жители.

**РОБОВО** - Населбата се наоѓа во областа Малеш, на западната страна на територијата на Општината Пехчево, од десната страна на реката Брегалница. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 860 до 900 метри. Атарот зафаќа простор од 20 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 819 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 698 ха, а на шумите 449 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население, но со намалување на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 713, а во 1994 година 476 жители.

**РОБОВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Босилово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 215 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 309 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга, продавници и урбанистички план. Населбата е средна по големина населена со македонско население, со мало намалување на популацијата. Така, во 1961 година селото имало 627, а во 1994 година 57[illegible] жители.

**РОГАЧЕВО** - Населбата се наоѓа во Долн[illegible] Полог, на крајниот североисточен дел на тери[illegible]торијата на Општината Вратница, чиј атар с[illegible] допира со државната гранична линија со С[illegible] Југославија. Селото е ридско, на надморск[illegible] височина од 800 метри. Од градот Тетово насел[illegible]бата е оддалечена 28 км. Атарот е голем [illegible] зафаќа простор од 23,5 км$^2$. На него пасиштат[illegible] заземаат површина од 1.204 ха, на шумит[illegible] отпаѓаат 542 ха, а на обработливото земјишт[illegible] 262 ха. Селото има мешовита земјоделск[illegible] функција. Во него работи основно училиште [illegible] IV одделение, амбуланта и услужни објекти. [illegible] него има манастир „Св. Илија“, но тој е [illegible] урнатини и не се знае во кој период е изграде[illegible] Населбата е средна по големина, којашто [illegible] 1961 година броела 574 жители, додека во 19[illegible] година бројот се намалил на 353 жители, од к[illegible] 330 се Македонци и 23 жители Срби.

**РОГЛЕ** - Населбата се наоѓа на крајни[illegible] источен дел на територијата на Општина[illegible]

Желино, непосредно до патот Скопје-Тетово. Селото е ридско, на надморска височина од 530 метри. Атарот зафаќа простор од 5,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 282 ха, на шумите отпаѓаат 200 ха, а на пасиштата само 18 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и услужни објекти. Населбата е средна по големина, но со пораст на популацијата. Таа во 1961 година броела 306 жители, од кои 295 биле Албанци, а 10 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 540 жители, а во населбата живеело само албанско население.

**РОЖДЕН** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Конопиште, под источната падина на планината Козјак. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 81,9 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 6.939 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 436 ха, а на пасиштата 270 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото постои црква „Св. Спас". Во 1872 година, старата црква, за којашто не се знае кога била изградена, била разурната, а во 1874 година на нејзините темели била обновена и тогаш живописана. Од населбата се иселил голем број од популацијата и таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население, но доведено во фаза на раселување. Така, во 1961 година населбата броела 681 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 27 жители.

**РОМАНОВЦЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од патот и од железничката линија Куманово-Скопје. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 24,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 2.162 ха, на пасиштата отпаѓаат 155 ха, а на шумите само 23 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 2.077 жители, од кои 1.013 биле Македонци, 833 Турци, 126 Албанци и 41 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.591 жители, од кои 1.722 се Албанци, 711 Македонци, 145 Турци и шест жители Срби.

**РОПАЛЦЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Липково, недалеку од патот Скопје-Куманово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 425 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Поради пораст на популацијата, селото преминало од средна, во голема населба. Таа, во 1961 година имала 685 жители, од кои 586 биле Турци, 22 Албанци, 16 Македонци, а другите Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.060 жители, од кои 1.056 биле Албанци, а четири жители Срби.

**РОПОТОВО** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Долнени, односно, во иста насока во Прилепското Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 13,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.008 ха, а на пасиштата отпаѓаат 266 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Ропотово преминало од големо, во средно по големина село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 824 жители, а во 1994 година 597 жители.

**РОСОКИ** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што имала само двајца жители. Селото се наоѓа на јужната падина на планината Бистра, на територијата на

Општината Ростуша. Лежи на надморска височина од 980 метри, а атарот зазема површина од 11,1 км$^2$.

**Росоман** - Оваа голема населба се наоѓа во Росоманското Поле, на патот Градско-Прилеп и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 135 метри. Атарот зафаќа простор од 20 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.714 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, продавници и угостителски објекти. Населбата е голема, со пораст на популацијата. Така, во 1961 година Росоман имал 1.480 жители, од кои 888 биле Македонци, 234 Срби, 14 Турци и 340 се запишани во графата - други. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.489 жители, од кои 2.027 се Македонци, 334 Срби, девет Роми и 119 - други.

**Ростуша** - Населбата се наоѓа во западниот дел на истоимената Општина, чие седиште е, непосредно од десната страна на реката Радика и недалеку од патот Гостивар-Дебар. Селото е ридско-планинско, на надморска височина од 720 метри. Атарот зафаќа простор од 15,3 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 1.109 ха, на пасиштата отпаѓаат 261 ха, а на обработливото земјиште 63 ха. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта, услужни објекти, споменик за НОБ и др. Во селото постои црква „Св. Богородица", којашто се спомнува дека во 1426 година била приложена на манастирот Хилендар. Во еден период била разурната и пак обновена, а се мисли дека на местото на црквата била изградена џамија. Селото е големо, со пораст на популацијата. Во 1961 година населбата имала 825 жители, од кои 400 биле Македонци, 391 Турци и 14 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 919 жители, од кои 509 се Турци, 293 Македонци, 25 Албанци и 92 жители - други.

**Ротино** - Населбата се наоѓа во Цапарското Поле, на источната страна на територијата на Општината Цапари, од левата страна на реката Драгор. Селото е планинско, на надморска височина од 1.020 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 585 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 373 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има ветеринарна станица и услужни објекти. Ротино било средна по големина населба, па преминало во мало село, населено со македонско население. Во 1961 година селото имало 573, а во 1994 година 193 жители.

**Рудник** - Населбата се наоѓа во Отовичкиот басен, на крајниот северен дел на територијата на Општината Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 682 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 417 ха, а на пасиштата 429 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во селото и околу него имало 12 црквички но не се знае кога биле изградени тие како храмови. Од оваа населба се иселил голем бро[ј] од населението и таа е доведена во фаза на раселување. Во 1961 година селото имало 50[8] жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 47 жители, од кои 40 жители се Македонци и седум жители Срби.

**Руѓинце** - Населбата се наоѓа во источнио[т] дел на територијата на Општината Клечевц[е] од десната страна на Крива Река, чиј атар с[е] допира со просторот на Општината Кратов[о]. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на на[д]морска височина од 550 до 680 метри. Атар[от] зафаќа простор од 17,5 км$^2$. На него домин[и]раат шумите на површина од 1.142 ха, н[а] обработливото земјиште отпаѓаат 291 ха, а н[а] пасиштата 256 ха. Селото има полјоделск[о-]шумарска функција. Од Руѓинце се исели[л] значителен број од популацијата и тоа прем[и]нало од средно, во мало село, населено со мак[е]донско население. Во 1961 година населба имала 692 жители, додека во 1994 година број

се намалил на 124 жители.

**Руљак** - Населбата се наоѓа во повисокиот југоисточен дел на територијата на Општината Карбинци, во средното сливно порачје на Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 7,8 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 461 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 171 ха, а на шумите 119 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 87, а во 1994 година, само 12 жители.

**Руница** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Липково, во Кумановското Поле. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 18 км. Атарот зазема простор од 13 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 602 ха, а на пасиштата отпаѓаат 558 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште и има услужни објекти. Во 1961 година селото имало 761 жители, од кои 538 биле Турци, а 219 Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 182 жители, сите албанско население.

**Русиново** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Берово, под северната падина на Малешевските Планини. Селото е ридско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Берово населбата е оддалечена шест километри. Русиново има еден од најголемите, по површина, атари во Република Македонија. Всушност, неговиот атар зафаќа простор од 133,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 9.078 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 2.518 ха, а на пасиштата 1.542 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, услужни објекти, а во селото се подигнати и две спомен-бисти. Русиново е голема населба, населена со македонско население. Тоа, во 1961 година броело 2.242, а во 1994 година 2.100 жители.

**Русјаци** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, од левата страна на реката Треска. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Атарот зафаќа простор од 13,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 844 ха, на пасиштата отпаѓаат 389 ха, а на обработливото земјиште 93 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има стара црква „Св. Пантелејмон", но не е познато во кој век од средновековниот период е изградена. Населбата преминала од средно, во мало село, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 328 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 68 жители.

# С

**Саждево** - Населбата се наоѓа на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Крушево, чиј атар се допира со просторите на општините Македонски Брод и Долнени. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 21 км. Атарот зафаќа простор од 5,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 329 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 128 ха, а на пасиштата 97 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Саждево е мала населба, без поголеми промени на бројот на населението. Во 1961 година населбата броела 246 жители, од кои 218 биле Турци, 14 Македонци и седум жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на

316 жители, од кои 191 се Албанци и 108 жители Турци.

**Сакулица** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 700 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 18,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 709 ха, на шумите отпаѓаат 517 ха, а на пасиштата 472 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и продавница. Од Сакулица се иселил голем број од населението и таа преминала од средна, во мала населба. Така, во 1961 година селото броело 777 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 235 жители и во него живее само македонско население.

**Самоилово** - Оваа населба е новофмирана од доселеници од неколку подогражденски планински села. Таа се наоѓа во источниот дел на Струмичкото Поле, во рамките на територијата на Општината Ново Село, недалеку од патот Струмица-Ново Село. Населбата се наоѓа на надморска височина од околу 220 метри. За Самоилово нема аграрни податоци, односно, не е водена катастарска евиденција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Според податоците од 1981 година, селото броело 281 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 370 жители, населено со македонско население.

**Самоков** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на просторот од левата страна на реката Треска и претставува седиште на истоимената Општина. До него води асфалтен пат од патната траса Македонски Брод - Скопје. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 14,2 км$^2$. Најзастапени се шумите на површина од 869 ха, на пасиштата отпаѓаат 256 ха, а на обработливото земјиште 182 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала, без поголеми промени на бројот на населението. Таа во 1971 година имала 270 жители, а во 1994 година 292 жители и е населена само со македонско население.

**Сарај** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струмичкото Поле, од десната страна на реката Струмица, недалеку од патот Струмица-Берово и ѝ припаѓа на територијата на Општината Босилово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 227 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 36 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 3.251 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти, а населбата има и урбанистички план. Во 1961 година населбата броела 581 жители, а во 1994 година таа преминала во големо село со 940 жители, населено само со македонско население.

**Сарај** - Населбата се наоѓа на западниот дел од Скопската Котлина, недалеку од десната страна на реката Вардар и на градот Скопје. Сарај претставува седиште на истоимената Општина. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 300 метри. Атарот е мал и зазема простор од 4,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 306 ха, па затоа населбата, во однос на земјоделството има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има разни јавни и услужни објекти. Сарај е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.015 жители, од кои 460 биле Македонци, 294 Албанци, 177 Турци, 21 Срби и 55 жители - други. Во 1994 година, бројот на населението значително се зголемил и Сарај броел 7.596 жители, од кои

6.003 се Албанци, 1.256 Македонци, 165 Роми, 28 Турци, 15 Срби и 120 жители се изјасниле како - други.

**Сарамзалино** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, на територијата на Општината Лозово, недалеку од патот Штип-Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 280 метри. Од градот Свети Николе, населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 5,1 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 458 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Селото е мало, коешто во 1961 година броело 118, а во 1994 година 110 жители и е населено со македонско население.

**Сарандиново** - Населбата се наоѓа на северната страна на Прилепското Поле, во средишниот дел на територијата на Општината Долнени, непосредно до патот Прилеп-Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 18 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 468 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Селото е мало, коешто во 1961 година имало 219, а во 1994 година 99 жители, населено со македонско население.

**Саракино** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Долни Полог, на територијата на Општината Тетово, недалеку од патот Тетово-Скопје. Селото е рамничарско, на надморска височина од 405 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 521 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Саракино е населба со средна големина, којашто во 1961 година броела 542 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 955 жители, од кои 765 се Македонци, 182 Албанци и седум жители Срби.

**Саригол** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 150 жители, турско население. Лоцирана е на источниот дел на територијата на Општината Радовиш, на југозападната падина на планината Плачковица, на надморска височина малку над 1.000 метри. Атарот зафаќа површина од 6 км$^2$.

**Сарчиево** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Штип, во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 335 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 9,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 532 ха, на пасиштата отпаѓаат 397 ха, додека шумско земјиште нема. Населбата е мала и во фаза на раселување. Така, селото во 1961 година имало 235 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 54 жители, населено со македонско население.

**Саса** - Оваа голема населба лежи во северниот планински дел на територијата на Општината Македонска Каменица, чиј атар се допира со просторите на општините Оризари и Крива Паланка, како и со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 700 до 1.340 метри, односно, на голема вертикална оддалеченост, додека дел од населбата се наоѓа на локалниот рударски пат. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 56,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.565 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.782 ха, а на обработливото земјиште 960 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, услужни објекти и споменик посветен на Вера Јоциќ. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.206, а во 1994 година 1.190 жители, населена со македонско население.

**Сачево** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Муртино, недалеку од патот којшто води од Струмица за бањата Банско. Селото е рамнинско, на надморска височина од 213 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена осум километри. Атарот е мал и зафаќа простор од само 2,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 247 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 637, а во 1994 година 554 жители, населена со македонско население.

**Света** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Демир Хисар, чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 710 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 633 ха, на пасиштата отпаѓаат 359 ха, а на обработливото земјиште 337 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, услужни објекти, а има и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 545, а во 1994 година 403 жители, населена со македонско население.

**Света Петка** - Населбата се наоѓа на западната страна на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сопиште, поточно кажано, на северозападната падина на планината Водно. Селото е планинско, на надморска височина од 730 метри. Атарот зафаќа простор од 19,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.016 ха, на шумите отпаѓаат 598 ха, а на обработливото земјиште 206 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 460 жители, од кои 386 биле Албанци, а 72 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 632 жители, а селото целосно е населено со албанско население.

**Свети Тодори** - Населбата се наоѓа, речи[...] во средишниот дел на Пелагониската Котли[...] односно, во северниот дел на Битолското По[...] а во иста насока и на територијата на Општи[...]та Могила. Селото е ридско, на надморс[...] височина од 660 метри. Атарот зафаќа прос[...] од 11,1 км$^2$. На него обработливото земји[...] зазема површина од 510 ха, на шумите отпаѓ[...] 339 ха, а на пасиштата 224 ха. Селото, во ос[...]ва, има полјоделска функција. Во него раб[...] основно училиште до IV одделение. Од нас[...]бата, речиси, половината од населението [...] иселило и таа преминала од средно, во ма[...] село. Така, во 1961 година населбата имала [...] жители, а во 1994 година бројот се намалил [...] 256 жители, населена со македонско населен[...]

**Свето Митрени** - Населбата се наоѓа [...] југоисточниот дел на територијата [...] Општината Крушево, односно, во нејзин[...] рамничарски дел, а чиј атар се допира со пр[...]торот на Општината Кривогаштани. Селот[...] рамничарско, на надморска височина од [...] метри. Од градот Крушево населбата е о[...]алечена 12 км. Атарот зафаќа простор од [...] км$^2$. На него обработливото земјиште заз[...] површина од 493 ха, на пасиштата отпаѓаат [...] ха, а на шумите 204 ха. Селото, во основа, [...] полјоделска функција. Во него работи осно[...] училиште до IV одделение. Населбата е сре[...] по големина и е населена со македонско на[...]ление. Во 1961 година селото имало 575, а [...] 1994 година 408 жители.

**Светораче** - Населбата се наоѓа во Кич[...]ската Котлина, а во североисточниот дел [...] територијата на Општината Вранешти[...] Селото е ридско, на надморска височина од [...] метри. Од градот Кичево населбата [...] оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор [...] 5,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите [...] површина од 364 ха, на обработлив[...] земјиште отпаѓаат 86 ха, а на пасиштата 6[...] Во населбата постоел манастир „Св. Враче[...] којшто не се знае кога бил изграден и ур[...] Населбата е мала, во фаза на наполно рас[...]

вање и е населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 106, а во 1994 година, само 10 жители.

**СВЕЌАНИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 16 жители, од кои 11 биле Албанци, а пет жители Македонци. Селото е лоцирано југозападно од Градско, од десната страна на реката Вардар и автопатот. Атарот зафаќа површина од 11,7 км$^2$.

**СВИДОВИЦА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Куклиш, чиј атар се издига до сртот на Беласица и таму се допира со територијата на Општината Валандово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 240 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 12,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 725 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 346 ха, а на пасиштата 110 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, продавници и земјоделска задруга. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 326 жители, од кои 285 биле Македонци, а 35 жители Турци. Во 1994 година бројот малку се зголемил и тоа на 352 жители, од кои 314 се Македонци и 38 жители Турци.

**СВИЊИШТА** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Охридското Поле, на територијата на Општината Косел, чиј атар се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 1.140 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 22 км, а од патот Охрид-Ресен помалку од два километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 26,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.837 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 574 ха, а на пасиштата само 23 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од оваа планинска населба се иселил голем број од населението и таа преминала од големо, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 833 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 130 жители.

**СВИЊИШТЕ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, а на западната страна на територијата на Општината Другово, чиј атар се допира со просторот на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,7 км$^2$ . На него шумите заземаат површина од 265 ха, на пасиштата отпаѓаат 100 ха, а на обработливото земјиште 80 ха. Свињиште е мала населба, којашто во 1961 година броела 237, а во 1994 година 98 жители, и е населена со македонско население.

**СЕВЕНДЕКЛИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Стар Дојран, чиј атар се допира со просторот на Општината Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Од патот Нов Дојран-Валандово населбата е оддалечена околу 4,5 км. Атарот зафаќа простор од 7,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 456 ха, на пасиштата отпаѓаат 210 ха, а на обработливото земјиште 92 ха. Во населбата има дом на културата и продавница. Селото е мало и населено само со турско население. Така, во 1961 година селото имало 101, а во 1994 година само 20 жители.

**СЕДЛАРЕВО** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Желино, во непосредното сливно подрачје на реката Треска, а на падината на планината Сува Гора. Селото е планинско, на надморска височина од 1.240 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена малку повеќе од 30 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 29,7 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 948 ха, на шумите отпаѓаат 730 ха, а на обработливото земјиште 350 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има амбуланта и услужни објекти. Населбата е голема, населена со

албанско население. Таа во 1961 година имала 868 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.508 жители.

**СЕДЛАРЦИ** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струмичкото Поле, а на југоисточната страна на територијата на Општината Василево. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 232 ха, на шумите отпаѓаат 139 ха, а на пасиштата 36 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Од оваа населба се иселил голем број од населението и таа преминала од големо, во средно село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 280 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 334 жители.

**СЕКИРАНИ** - Населбата се наоѓа на западната страна на Битолското Поле, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Кукуречани, непосредно од десната страна на реката Шемница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 625 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 12,4 км². На него преовладуваат пасиштата на површина од 935 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 280 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година населбата броела 372 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 126 жители и во неа живее само македонско население.

**СЕКИРНИК** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Босилово, непосредно до патот Струмица-Ново Село, а од левата страна на реката Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 216 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 8,8 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина о 688 ха, па затоа селото има полјоделск функција. Во населбата работи осумгодишн училиште. Секирник е голема населба, населе на со македонско население. Во 1961 годин селото имало 966, а во 1994 година 1.19 жители.

**СЕКИРЦИ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле, а во средишниот де на територијата на Општината Долнени Селото е рамничарско, на надморска височин од 620 метри. Од градот Прилеп населбата оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор о 8,9 км². На него обработливото земјишт зафаќа површина од 808 ха, а на пасиштат отпаѓаат 50 ха, па затоа селото има полјоделск функција. Во него работи основно училиште д IV одделение. Во 1961 година населбата броел 543 жители, а во 1994 година преминала во мал населба со 258 жители, од кои 255 с Македонци, а двајца жители Срби.

**СЕЛЕМЛИ** - Населбата се наоѓа во југо источниот дел на територијата на Општинат Богданци, чиј атар се допира со државнат гранична линија со Република Грција. Селото рамничарско, на надморска височина од 15 метри. Од градот Гевгелија населбата е одд алечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 6 км² На него обработливото земјиште зафаќ површина од 390 ха, на пасиштата отпаѓаат 16 ха, а на шумите само четири хектари. Во осно ва, селото има полјоделска функција. Поради порастот на бројот на населението, селото пре минало од мала, во средна населба. Така, в 1961 година Селемли имало 287 жители, а в 1994 година бројот се зголемил на 342 жители од кои 311 се Срби, а 31 жители Македонци.

**СЕЛНИК** - Населбата се наоѓа на крајниот сев ерен дел на територијата на Општинат Делчево, чиј атар се допира со државнат гранична линија со Република Бугарија. Селот е ридско, на надморска височина од 880 метри

Од градот Делчево населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 11,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 442 ха, на пасиштата отпаѓаат 348 ха, а на обработливото земјиште 266 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Селник преминало од средна, во мала населба, населена само со македонско население. Така, во 1961 година селото броело 314, а во 1994 година 66 жители.

**СЕЛОКУЌИ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Дебар, недалеку од државната гранична линија со Република Албанија. Од градот Дебар населбата е оддалечена околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 520 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 239 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 497 жители, од кои 485 биле Албанци, а седум жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 608 жители, а во населбата живее само албанско население.

**СЕЛЦЕ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што имала 62 жители, од кои 42 биле Македонци, 18 Албанци и двајца жители Турци. Селото е лоцирано на источната страна на Општината Ростуша, а на југозападната падина на Бистра. Атарот зафаќа површина од 17 км$^2$.

**СЕЛЦЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Тетово, недалеку од градот, а на југоисточната падина на Шар Планина. Селото лежи на надморска височина од 800 метри. Атарот зафаќа простор од 14,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 766 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 452 ха, а на пасиштата 170 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и разни услужни објекти. Населбата е голема, населена со албанско население. Таа во 1961 година имала 1.406 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 2.124 жители.

**СЕЛЦЕ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Штип, од левата страна на реката Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на планината Серта. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 23,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.083 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 779 ха, а на пасиштата 345 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има продавница и спомен-плоча за НОБ. Во 1961 година селото броело 521 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 227 жители, од кои 177 се Турци, 32 Македонци, 12 Срби и двајца жители Власи.

**СЕЛЦЕ** - Населбата се наоѓа на високиот северен дел на територијата на Општината Крушево, под југоисточната падина на Бушова Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 10,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 642 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 174 ха, а на пасиштата 178 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од Селце се иселил голем број од населението и тоа преминало од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 471 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 48 жители.

**СЕЛЦЕ** - Населбата се наоѓа во Прилепското Поле, на територијата на Општината Прилеп, недалеку од градот, во југоисточен правец. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Атарот зафаќа простор од 15,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 784 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 467 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција.

Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 322, а во 1994 година 310 жители.

**СЕЛЦЕ - КЕЧ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Боговиње, лоцирано на југоисточната падина на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Од градот Тетово, населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 3,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 141 ха, на пасиштата отпаѓаат 110 ха, а на шумите 54 ха. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата не е многу голема и е населена со албанско население. Таа во 1961 година имала 263 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 308 жители.

**СЕЛЦИ** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Луково, на јужната падина на планината Стогово, во областа Малесија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 до 1.150 метри. Атарот зафаќа простор од 27,9 км$^2$. (заедно со с. Буринец). На него преовладуваат шумите на површина од 1.895 ха, на пасиштата отпаѓаат 844 ха, а на обработливото земјиште 30 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Во селото постои споменик посветен на Војдан Чернодрински, Арсени Јовков и на паднатите борци во Илинденското востание и во НОБ. Во 1961 година селото имало 38 жители, а во 1994 година бројот се намалил на четири жители, македонско население, а населбата е во фаза на раселување.

**СЕМЕНИШТЕ** - Населбата се наоѓа на западниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Сарај, недалеку од патот Скопје - Тетово. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Атарот зафаќа простор од 5,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 214 ха, на пасиштата отпаѓаат 145 ха, а на шумите 136 ха. Населбата е средна по големина и е населена со албанско население. Во 1961 година селото имало 404, а во 1994 година 479 жители.

**СЕНОКОС** - Населбата се наоѓа во северни[illegible] дел на Горни Полог, на територијата [illegible] Општината Неготино-Полошко, недалеку [illegible] левата страна на патот Гостивар-Тетов[illegible] Селото е рамничарско, на надморска височи[illegible] од 570 метри. Атарот е мошне мал и зафа[illegible] простор од 2,3 км$^2$. На него обработливо[illegible] земјиште зазема површина од 152 ха, па зат[illegible] селото има полјоделска функција. Во не[illegible] работи основно училиште до IV одделение[illegible] има и разни услужни објекти. Во населба[illegible] живее албанско население, кое во 1961 годи[illegible] броело 613 жители, но во 1994 година, број[illegible] двојно се зголемил, односно, населбата има[illegible] 1.340 жители.

**СЕНОКОС** - Населбата се наоѓа, речиси, [illegible] средишниот дел на Прилепското Поле, а [illegible] југоисточната страна на територијата [illegible] Општината Долнени, недалеку од пат[illegible] Прилеп-Македонски Брод. Селото е рам[illegible]чарско, на надморска височина од 623 мет[illegible] Од градот Прилеп населбата е оддалечена [illegible] км. Атарот зафаќа површина од 8,4 км$^2$. [illegible] него обработливото земјиште зазема површ[illegible] од 612 ха, а на пасиштата отпаѓаат 167 [illegible] Селото има полјоделска функција. Во н[illegible] работи основно училиште до IV одделение. [illegible] Сенокос половината од населението емиг[illegible]рало и селото преминало од средна, во м[illegible] населба, населена со македонско населен[illegible] Така, во 1961 година населбата имала [illegible] жители, а во 1994 година бројот се намалил [illegible] 298 жители.

**СЕНЦЕ** - Населбата се наоѓа на територ[illegible] на Општината Маврови Анови, на северозап[illegible]ната падина на планината Бистра. Селот[illegible] планинско, на надморска височина од 1.[illegible] метри. Атарот зафаќа простор од 17,5 км$^2$. [illegible] него доминираат шумите на површина од 1.[illegible] ха, на пасиштата отпаѓаат 544 ха, а [illegible] обработливото земјиште 84 ха. Во селото [illegible]тои црква „Успение Св. Богородица“, [illegible] којашто не е утврдено кога е изграде[illegible]

Населбата е мала и во 1961 година броела 234 жители, од кои 98 биле Албанци, 84 Македонци и 50 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 78 жители, од кои 66 се Албанци, а 12 жители Македонци.

**Серменин** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Гевгелија, на југоисточната падина на планината Кожуф, чиј атар на тесен дел се допира со просторот на Општината Конопиште. Селото е планинско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 20 км. Атарот е мошне голем и зафаќа површина од 71,9 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 5.895 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 302 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од Серменин се иселил голем број од населението и тоа преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население, но е доведена во фаза на наполно раселување. Така, во 1961 година селото броело 502 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 18 жители.

**Сетоле** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Цепчиште, на југоисточната падина на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 915 мери. Од градот Тетово населбата е оддалечена 8,5 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 194 ха, на пасиштата отпаѓаат 91 ха, а на обработливото земјиште 78 ха. Населбата е мала, населена со македонско население, и е на пат на наполно раселување. Така, таа во 1961 година имала 25, а во 1994 година само седум жители.

**Симница** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Горни Полог, на територијата на Општината Долна Бањица, недалеку од стариот пат Гостивар-Кичево. Селото е риско, на надморска височина од 720 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 13,1 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 775 ха, на пасиштата отпаѓаат 291 ха, а на обработливото земјиште 226 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со албанско население. Така, во 1961 година селото имало 753, а во 1994 година 445 жители.

**Синичане** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Камењане, непосредно до локалниот потплanински пат. Селото лежи на надморска височина од 650 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 14 км. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 2,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 149 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во 1961 година населбата имала 750 жители, од кои 594 биле Албанци, 110 Турци и 43 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 925 жители, од кои 923 се Албанци, а само едно лице Турчин.

**Сиричино** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Јегуновце, чиј атар се издига со еден дел на планината Жеден. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 579 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 207 ха, а на пасиштата само 14 ха. Сепак, во основа, селото има полјоделска функција. Во селото има црква „Св. Петка", за којашто се претпоставува дека потекнува од XVIII век, којашто во 1884 година била обновена. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Така, селото во 1961 година броело 762 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 435 жители.

**Сирково** - Населбата се наоѓа во Росоманското Поле, на западниот дел на територијата на Општината Росоман, чиј атар се допира со просторот на Општината Градско. Селото е рамничарско, на надморска височина од 300

метри. Атарот зафаќа простор од 23 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.249 ха, а на пасиштата отпаѓаат 838 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Во 1961 година населбата имала 893 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 657 жители, од кои 498 се Македонци, а 154 жители Срби.

**Сирула** - Населбата се наоѓа во Охридското Поле, односно, на северозападната страна на територијата на Општината Косел. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 23,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.301 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 610 ха, а на пасиштата 156 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Од селото се иселил голем број од населението, така што тоа преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население и е доведена во фаза на раселување. Така, во 1961 година Сирула имала 631 жители, а во 1994 година бројот се намалил само на 25 жители.

**Скандалци** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 20 жители, албанско население. Лоцирана е на западната страна на Општината Штип, од левата страна на реката Брегалница, на надморска височина од 250 метри. Атарот зафаќа простор од 4,7 км$^2$.

**Скачинци** - Оваа мала населба се наоѓа на западниот дел од Општината Градско, под врвот на ридот Клепа. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Атарот зафаќа простор од 16 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.212 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 133 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Селото во 1961 година имало 116 жители, а во 1994 година, само еден жител.

**Скачковце** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Орашац, недалеку од десната страна на патот Куманово-Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 430 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 545 ха, на шумите отпаѓаат 271 ха, а на пасиштата 164 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и продавница. Од Скачковце се иселил голем дел од населението и тоа преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 576 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 166 жители.

**Скоруша** - Населбата се наоѓа на територи- јата на Општината Конче, во горното сливно подрачје на реката Крива Лакавица, од нејзина- та десна страна. Селото е ридско, на надморска височина од 530 метри, чиј атар се издига д сртот на планината Серта. Атарот зафаќа прос- тор од 15,1 км$^2$. На него преовладуваат шумит на површина од 709 ха, на пасиштата отпаѓаа 331 ха, а на обработливото земјиште 286 х Селото има мешовита земјоделска функциј Од Скоруша се иселил голем број од населени ето и таа преминала од средна, во мала населб населена со македонско население и се наоѓа в фаза на раселување. Така, селото во 1961 годи на имало 438 жители, а во 1994 година бројот с намалил на само 18 жители.

**Скочивир** - Населбата се наоѓа на крајнио југоисточен дел на Битолското Поле, на тери- торијата на Општината Бач, а на локалниот па којшто води по долината на Црна Река з битолскиот дел на Мариово. Селото лежи н надморска височина од 600 метри. Атарот многу голем, којшто се протега на широк про- тор и до државната гранична линија с Република Грција. Тој зафаќа површина од 90 км$^2$. На него доминираат шумите на површин од 4.729 ха, на пасиштата отпаѓаат 3.836 ха, а н

обработливото земјиште 313 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. И од оваа населба се иселил значителен број од населението и таа преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година Скочивир броел 503 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 50 жители.

**Скребатно** - Оваа населба се наоѓа во Охридското Поле, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Косел, чиј атар се издига до сртот на Петринска Планина и таму се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 18,1 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 740 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 407 ха, а на пасиштата 182 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во оваа населба постои манастир „Св. Богородица“, којшто се споменува во 1699 година, а потекнува од периодот пред XVII век. Населбата преминала од средно, во мало село, населено со македонско население и се наѓа во фаза на наполно раселување. Селото во 1961 година имало 549 жители, а во 1994 година, само 13 жители.

**Скудриње** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Ростуша, на источната падина на планината Дешат, а од десната страна на реката Радика. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Атарот зафаќа простор од 9,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 617 ха, на пасиштата отпаѓаат 103 ха, а на обработливото земјиште 78 ха. Во населбата работи осумгодишно училиште, има амбуланта и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.027 жители, од кои 1.012 се декларирале за Турци, а 11 жители биле Македонци. Во 1994 година, бројот двојно се зголемил и тоа на 2.126 жители, од кои 1.739 се Турци, 138 Македонци, шест Албанци, а 243 лица се изјасниле како - други.

**Славеј** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Кривогаштани, недалеку од патот Прилеп-Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 3,7 км$^2$, целосно под обработливо земјиште, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 436 жители, а во 1994 година 423 жители, од кои 417 се Македонци и четири жители Срби.

**Сладуево** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Демир Хисар, непосредно до патот Демир Хисар-Кичево или Крушево, непосредно до текот на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 635 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена четири километри. Атарот е мошне мал и зафаќа простор од 1,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 80 ха и селото има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 109, а во 1994 година 81 жители.

**Сланско** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Македонски Брод, лоцирана на десната страна на реката Треска. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 4,5 км. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Атарот зафаќа простор од 17,3 км$^2$. На него доминират шумите на површина од 1.243 ха, на пасиштата отпаѓаат 212 ха, а на обработливото земјиште 175 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата работи основно училиште до IV одделение. Населбата преминала од средно, во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година Сланско броело 579, а во 1994 година 218 жители.

**СЛАТИНА** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, лоцирана од левата страна на реката Треска. Селото е рамнинско, на надморска височина од 580 метри. Од централното место Македонски Брод населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 19,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.649 ха, на пасиштата отпаѓаат 147 ха, а на обработливото земјиште 100 ха. Населбата е мала, населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 265, а во 1994 година 51 жители.

**СЛАТИНО** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Теарце, недалеку од патот Тетово-Вратница-Косово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 540 метри. Атарот зафаќа простор од 6,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 508 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има разни услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 2.008 жители, од кои 1.870 биле Албанци, 88 Македонци и 46 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.893 жители, од кои 3.834 се Албанци, 39 Македонци и 18 жители Роми.

**СЛАТИНО** - Населбата се наоѓа во источниот дел на областа Дебарца, а во истата насока и на територијата на Општината Белчишта. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 33 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.626 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 693 ха, а на пасиштата 127 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има амбуланта, две продавници и споменик посветен на партизанските борци. Од Слатино се иселил голем број од населението и тоа преминало од голема, во мала населба, населено со македонско население. Така, населбата во 1961 година броела 948 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 204 жители.

**СЛАТИНСКИ ЧИФЛИК** - Оваа мала насел се наоѓа во источниот дел на областа Дебар на територијата на Општината Белчишта лежи недалеку од селото Слатино. Селото рамничарско, на надморска височина од 7 метри. За оваа населба нема аграрни податоц бидејќи не се води во катастарската евиденци Селото е мало, коешто во 1961 година има 124 жители, а во 1994 година бројот се намал дури на 14 жители.

**СЛЕПЧЕ** - Населбата се наоѓа на територија на Општината Демир Хисар, недалеку од це тралното место, на оддалеченост од 3,3 км неколку километри од патот Демир Хиса Кичево. Селото лежи на надморска височи од 680 метри. Атарот е голем и зафа површина од 24,5 км$^2$. На него доминира шумите на површина од 1.737 ха, обработливото земјиште отпаѓаат 365 ха, а пасиштата 367 ха. Селото има мешови земјоделска функција. Во него работи основ училиште до IV одделение, има дом на култу ата, услужни објекти и споменик за НОБ. Н селото постои мананстирска црква, посвете на Св. Јован Крстител. Таа била изградена п крајот на XIV век и има богат историски раз ток. Поради емиграција на население Слепче преминало од голема во средна нас ба, населена со македонско население. Та населбата во 1961 година броела 1.099 жите а во 1994 година бројот се намалил на 7 жители.

**СЛЕПЧЕ** - Населбата се наоѓа во северозап ниот дел на Прилепското Поле, на територи та на Општината Долнени, чиј атар наширо се допира со просторот на Општина Богомила. Селото е ридско, на надмор височина од 700 метри. Од градот Прил населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафа простор од 16,7 км$^2$. На него обработливо земјиште зазема површина од 705 ха, на шум отпаѓаат 584 ха, а на пасиштата 229 ха. Село има полјоделско-шумарска функција. Во се то постои манастирска црква, посветена на Никола. Не се знае точно кога е подигната, живописот бил обновен 1672/74 годи

Црквата во XIX век била запустена. Од Слепче се иселил голем дел од населението и тоа преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 692 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 102 жители.

**СЛИВИЦА** - Ова мало село се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Бач, недалеку од локалниот пат којшто води за Мариово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 29 км. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 792 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 346 ха, додека шумско земјиште нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување и е населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 282 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само шест жители.

**СЛИВЈЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Долнени, непосредно од десната страна на рекичката Рибница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 625 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 29 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 2,6 км$^2$. На него преовладува обработливото земјште на површина од 186 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 199, а во 1994 година, само 32 жители.

**СЛИВНИК** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Велес, во средното сливно подрачје на реката Тополка. Селото е ридско, на надморска височина од 440 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 10 км. Има мал атар, којшто зафаќа простор од 2,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 130 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Сливник во 1961 година имал 169 жители, од кои 105 биле Албанци, 37 муслимани и 15 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 332 жители, од кои 330 биле Албанци.

**СЛИВНИЦА** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Преспанската Котлина, на територијата на Општината Ресен, недалеку од патот Ресен-Љубојно. Селото е ридско, на надморска височина од 940 метри, чиј атар се издига дури на сртот на планината Пелистер. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 489 ха, на пасиштата отпаѓаат 283 ха, а на обработливото земјиште 219 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Сливница е населена со македонско население, коешто во 1961 година броело 310 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 166 жители.

**СЛИВОВО** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, на крајниот северен дел на територијата на Општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 698 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 358 ха, а на пасиштата 23 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има спомен-чешма посветена на НОБ. Населбата не е голема и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 332 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 24 жители.

**СЛОЕШТИЦА** - Населбата се наоѓа во областа Демир Хисар, во јужниот дел на територијата на Општината Сопотница, од десната страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 770 метри. Атарот зафаќа простор од 21,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.511 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 330 ха, а на пасиштата 269 ха. Во него има основно училиште и услужни објекти. Од населбата се иселил голем број од населението и населбата преминала од средно,

во мало село, населено со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 746 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 299 жители.

**С'ЛП** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, непосредно во долината на Вардар, од десната страна на реката, чиј атар се допира со просторот на Општината Зелениково. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 15 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.815 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 304 ха, а на пасиштата 49 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото постоела црква „Св. Илија" за којашто не се знае кога била подигната, но сега е во урнатини. Во населбата живее македонско население, коешто во 1961 година броело 378 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 67 жители.

**СЛУПЧАНЕ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Липково. Селото е рамничарско, на надморска височина од 415 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 16,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 770 ха, на пасиштата отпаѓаат 593 ха, а на шумите 216 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има ветеринарна станица и услужни објекти. Во ова село постоела стара црква „Св. Ѓорѓи", којашто е во урнатини, но не се знае кога е подигната. Селото е големо, со значителен пораст на популацијата. Во 1961 година населбата имала 1.854 жители, од кои 1.054 биле Турци, а 775 Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 3.107 жители, од кои 3.100 се Албанци, а седум жители Турци.

**СМЕСНИЦА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, од десната страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 300 метри. Атарот зафаќа простор од 5 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 296 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 159 жители, од кои 114 Турци, 28 Албанци и 13 жители Македонци. Во 1994 година бројот изнесувал 168 жители, а селото било исклучително населено само со албанско население.

**СМИЛАНЦИ** - Населбата се наоѓа во Радовишкото Поле, односно, на територијата на Општината Подареш, лоцирано на јужната падина на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 20 км. Има голем атар, којшто зафаќа простор од 51,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 3.631 ха, на пасиштата отпаѓаат 901 ха, а на обработливото земјиште 454 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата не е голема и е населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 384, а во 1994 година 71 жители.

**СМИЛЕВО** - Оваа историска населба, позната уште од времето на Илинденското востание, се наоѓа во крајниот јужен дел на територијата на Општината Демир Хисар, чиј атар се издига на Плаќенска Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 880 метри. Од патот Демир Хисар-Битола населбата е оддалечена малку повеќе од девет километри. Атарот зафаќа површина од 16,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.402 ха, на пасиштата отпаѓаат 113 ха, а на обработливото земјиште 104 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има земјоделска задруга, услужни објекти и споменик за НОБ. Над селото постои Смилевскиот манастир, обновен во поново време, а е посветен на Св. Петар. Не е познато кога е подигната првата градба. Во него во 1903 година е одржан познатиот Смилевски конгрес. Од Смилево се иселил голем дел од населението и селото преминало од голема, во средна

населба, населена со македонско население. Во 1961 година селото броело 1.158 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 384 жители.

**Смиловци** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Бабуна, во јужниот дел на територијата на Општината Извор, недалеку од старата патна траса Велес-Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 410 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 1.126 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 186 ха, па затоа селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување, населена со македонско население. Во 1961 година населбата броела 190 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 19 жители.

**Смојмирово** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Малешевската Котлина, на територијата на Општината Берово, недалеку од градот Берово, а на патот Берово-Пехчево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 850 метри. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 638 ха, на пасиштата отпаѓаат 244 ха, а на шумите 116 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, услужни објекти, споменик посветен на Јане Сандански и спомен-биста на Ацо Караманов. Населбата е голема, без некои големи промени во населеноста и е населена со македонско население. Така, Смојмирово во 1961 година имало 854, а во 1994 година 825 жители.

**Смоквица** - Населбата се наоѓа во Гевгелиското Поле, во југоисточниот дел на територијата на Општината Миравци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 90 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 24,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.716 ха, на пасиштата отпаѓаат 293 ха, а на обработливото земјиште 215 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има основно училиште до IV одделение, потоа амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 523, а во 1994 година 326 жители.

**Смолани** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела само двајца жители, Македонци. Селото е лоцирано на источната страна на територијата на Општината Прилеп, во горното сливно подрачје на реката Раец, на надморска височина од 650 метри. Атарот зафаќа површина од 9,7 км$^2$.

**Смолари** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Ново Село, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција. Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Атарот зафаќа простор од 17,8 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 1.018 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 138 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и услужни објекти. Населбата е средна по големина и населена со македонско население. Смолари во 1961 година имало 963, а во 1994 година 628 жители.

**Снегово** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што имала 166 жители, турско население. Селото е лоцирано, недалеку, во северозападен правец од Битола, од левата страна на патот Битола-Демир Хисар, на надморска височина од 1.100 метри. Атарот зафаќа површина од 4,1 км$^2$.

**Собри** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Валандово,

односно, во Валандовското Поле. Селото е рамничарско, на надморска височина од 170 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 7,6 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 414 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 217 ха, а на пасиштата 113 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и две продавници. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, селото во 1961 година мало 244, а во 1994 година 250 жители.

**СОВИЧ** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела 17 жители, македонско население. Населбата е лоцирана на југоисточниот дел на територијата на Општината Бач, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција, на надморска височина од 1.080 метри. Атарот зафаќа простор од 16,2 км$^2$.

**СОГЛЕ** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на Бабуна, од левата страна на реката, а на територијата на Општината Богомила. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Атарот зафаќа простор од 20,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 813 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 486 ха, а на пасиштата 493 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата не е голема. Таа во 1961 година имала 320 жители, од кои 224 биле Турци, а 91 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 127 жители, од кои 83 се Македонци, 19 Албанци, 16 Турци и пет жители Срби.

**СОЈАКЛАРИ** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Велес, недалеку од железничката линија Велес-Штип-Кочани. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 924 ха, на пасиштата отпаѓаат 320 ха, а на шумите 152 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има пошта и услужни објекти. Сојаклари во 1961 година имало 375 жители, од кои 350 биле Македонци, а 24 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 170 жители, од кои 166 се Македонци, а тројца жители Турци.

**СОКОЛАРЦИ** - Оваа населба се наоѓа во југозападниот дел на Кочанското Поле, во средното сливно подрачје на Брегалница, а на територијата на Општината Чешиново. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа простор од 19 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 893 ха, а на пасиштата отпаѓаат 990 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има ветеринарна станица, дом на културата, услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.307 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 994 жители, од кои 989 се Македонци, а пет жители Власи.

**СОПИШТЕ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, недалеку од Скопје и ѝ припаѓа на неговата рурбална зона. Населбата лежи на патот којшто води од Скопје до Нова Брезница и натаму за областа Поречје. Инаку, Сопиште претставува седиште на истоимената Општина. Населбата е ридска, на надморска височина од 540 метри. Атарот зафаќа простор од 9,9 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 652 ха, а на пасиштата отпаѓаат 269 ха. Во селото работи осумгодишно училиште и има разни услужни објекти. Во Сопиште се наоѓа црква „Св. Мина", којашто е обновена во поново време, но не се знае периодот кога била изградена. Сопиште се одликува како големо имиграционо место. Тоа во 1961 година имало 976 жители, од кои 940 жители биле Македонци, а 10 жители Срби. Во 1994 година Сопиште нараснало дури на 5.554 жители, од кои 5.390 се Македонци, 73 Власи, 38 Срби, 25 Роми и четири жители Албанци.

**СОПОТ** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, а на западната страна на територијата на Општината Свети Николе. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена шест киломери. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 816 ха, а на пасиштата отпаѓаат 275 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во селото постои мошне стара црква „Св. Никола", но не се знае во кој век од средновековниот период била изградена. Во 1961 година Сопот броел 466 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 102 жители, македонско население.

**СОПОТ** - Оваа населба се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Велес, лоцирана до автопатот. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 203 ха, на пасиштата отпаѓаат 262 ха, а на шумите 267 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во селото се наоѓа манастирска црква „Св. Спас", којашто не е доволно проучена и не се знае од кој век од средновековниот период потекнува. Селото е мало, населено со македонско население, но е во фаза на раселување. Тоа во 1961 година броело 194 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само седум жители.

**СОПОТ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од десната страна на патот Куманово-Белград, а чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 420 до 480 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зазема простор од 7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 304 ха, на пасиштата отпаѓаат 231 ха, а на шумите само 23 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Во селото се наоѓа црквата „Св. Лазар", којашто е мошне стара, но не се знае од кој век потекнува. Во 1961 година селото броело 595 жители, од кои 203 биле Срби, 204 Турци, 109 Албанци и 68 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 353 жители, од кои 333 се Албанци, а 20 жители Срби.

**СОПОТ** - Населбата се наоѓа во Тиквешката Котлина, на североисточната страна на територијата на Општината Кавадарци, непосредно од левата страна на реката Луда Мара, а селскиот атар нашироко се допира со просторот на Општината Неготино. Селото е рамничарско, на надморска височина од 205 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа просторот од 19,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.721 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, дом на културата и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 865 жители, од кои 822 биле Македонци, а 20 жители Срби, додека во 1994 година селото имало 866 жители, од кои 853 се Македонци, осум Срби и тројца жители Роми.

**СОПОТНИЦА** - Населбата се наоѓа во областа Демир Хисар, непосредно од левата страна на Црна Река и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа простор од 17,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 850 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 492 ха, а на пасишта 289 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон „Железник", за производство на сачми, амбуланта, пошта, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 956 жители, а во 1994 година 989 жители, од кои 985 се Македонци и двајца жители Срби.

**СОПОТСКО** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на источната страна на тери-

торијата на Општината Ресен, чиј атар се допира со просторот на општината Цапари. Селото е ридско, на надморска височина од 910 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 20,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.249 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 566 ха, а на пасиштата 155 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и споменик за НОБ. Населбата била средна по големина, но популациски преминала во мало село. Така, во 1961 година населбата имала 643 жители, а во 1994 година 246 жители, од кои 215 се Македонци, а 30 жители Албанци.

**Софилари** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на општината Штип, непосредно до реката Брегалница и недалеку од патот Штип-Радовиш. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 6,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 306 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 195 ха, а на шумите 63 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 273 жители, од кои 146 биле Власи, а 119 Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 59 жители, од кои 33 се Македонци, а 26 жители Власи.

**Сошани** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, а на територијата на Општината Белчишта. Населбата сè уште не е забележана на географската карта на Република Македонија. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. За оваа населба нема аграрни податоци, бидејќи не се води во катастарската евиденција. Селото е мало, населено со македонско население, коешто во 1961 година броело 112, а во 1994 година само 18 жители.

**Спанчево** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а на северниот дел на територијата на Општината Облешево. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа 17,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат 785 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 484 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на култура, споменик за НОБ, услужни објекти, лупилница за ориз и ископ за рудникот за неметали „Опалит“. Населбата е голема и населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 1.209, а во 1994 година 1.061 жители.

**Спас** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Дебар, и како на погранична населба, атарот ѝ се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Од градот Дебар населбата е оддалечена шест километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 570 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 244 ха, на шумите отпаѓаат 112 ха, а на пасиштата 93 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата исклучително е населена со албанско население. Таа во 1961 година броела 312, а во 1994 година 275 жители.

**Србиново** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во средишниот дел, и е седиште на истоимената Општина. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 17,8 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.141 ха, на пасиштата отпаѓаат 461 ха, а на обработливото земјиште 157 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 897 жители, од кои 878 биле Албанци, а 16 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 983 жители, албанско население.

**Србица** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во средишниот дел на територијата на Општината Осломеј. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 10,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 333 ха, на пасиштата отпаѓаат 250 ха, а на шумите 228 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Во населбата се наоѓа манастир „Св. Меркурие", којшто е во урнатини, но за кого, како црковен споменик, нема доволно податоци. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 1.217 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 1.676 жители, од кои 1.672 се Албанци, а двајца жители Македонци.

**Србјани** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на источната страна на Општината Другово, од десната страна на реката Треска. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Атарот зафаќа простор од 6,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 252 ха, на шумите отпаѓаат 225 ха, а на пасиштата 132 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Во населбата се наоѓа црква „Св. Петар", којашто не е проучена и не е познато во кој век од средновековниот период настанала. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 473 жители, од кои 400 биле Македонци, а 71 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 508 жители, од кои 298 се Македонци, 138 Турци и 70 жители Албанци.

**Средно Егри** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, а на источната страна на територијата на Општината Бистрица. Селото е ридско, на надморска височина од 900 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 24 км. За Средно Егри нема аграрни податоци, бидејќи не се води во катастарската евиденција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 545, а во 1994 година 348 жители.

**Средно Коњаре** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Петровец, во долината на Пчиња, од десната страна на реката. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Атарот зазема простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 714 ха, на пасиштата отпаѓаат 562 ха, а на шумите 117 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е голема, со пораст на бројот на популацијата. Така, селото во 1961 година имало 874 жители, од кои 694 биле Турци, 87 Албанци, 60 Македонци, осум Срби и пет жители Црногорци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.102 жители, од кои 599 се Албанци, 90 Турци, тројца Роми, а 410 жители се попишале како - други.

**Средорек** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Прилепското Поле, а на територијата на Општината Долнени, чиј атар се допира со просторот на Општината Житоше. Селото е рамничарско, на надморска височина од 602 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 24 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 614 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население, коешто во 1961 година броело 182, а во 1994 година 71 жители.

**Сретеново** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Стар Дојран, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Грција и се спушта до брегот на Дојранското Езеро. Селото е рамничарско, на надморска височина од 150 метри. Атарот зафаќа простор од 15,6 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 719 ха, на шумите отпаѓаат 509 ха, а на обработливото земјиште 209 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него

работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, земјоделска задруга, дом на културата. Населбта е мала, којашто во 1961 година броела 151 жители, од кои 72 биле Срби, 35 Хрвати, 28 Македонци, осум Црногорци и пет жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 268 жители, од кои 142 се Македонци, 62 Срби, 25 Роми, 11 Турци и четири жители Албанци.

**Сретково** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, но просторно припаѓа на Горни Полог, недалеку од патот Гостивар-Кичево. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 14 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.823 ха, на пасиштата отпаѓаат 300 ха, а на обработливото земјиште 90 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и во фаза на раселување, населена со македонско население. Така, таа во 1961 година имала 230, а во 1994 година, само 28 жители.

**Србци** (Долно) - Населбата се наоѓа во северниот дел на Битолското Поле, на западната страна на територијата на Општината Могила, од левата страна на патот Битола-Прилеп. Селото е рамничарско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 21 км. Атарот е голем и зафаќа површина од 42,2 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.500 ха, на пасиштата отпаѓаат 789 ха, а на шумите 186 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Од Долно Србци се иселил добар дел од населението, така што, тоа преминало од голема, во средна населба. Така, во 1961 година населбата имала 1.307 жители, а во 1994 година 545 жители, од кои 542 се Македонци.

**Стамер** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Делчево, чиј атар на тесен дел се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 700 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 387 ха, а на пасиштата 162 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Селото во 1961 година имало 264 жители, од кои 249 биле Македонци, а девет жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 447 жители, исклучително македонско население.

**Станица Зелениково** - Населбата, којашто се наоѓа околу железничката станица, припаѓа на територијата на Општината Зелениково. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 230 метри. Атарот на населбата е заеднички со атарот на селото Зелениково. Населбата во 1961 година броела 334 жители, а во 1994 година преминала во големо село со 1.100 жители, од кои 913 се Македонци, 14 Срби, седум Албанци, а 166 жители се попишале како - други.

**Стануловци** - Населбата се наоѓа на крајниот источен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 450 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена повеќе од 20 км. Атарот зафаќа простор од 7,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 348 ха, на пасиштата отпаѓаат 352 ха, а на шумите само осум хектари. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Во 1961 година селото броело 155, а во 1994 година, само четири жители.

**Станци** - Населбата се наоѓа во високиот југоисточен дел на територијата на Општинат[а] Крива Паланка, чиј атар се допира со прос[]торот на Општината Македонска Каменица. Селото е планинско и раштркано, чии маала с[е]

издигаат на надморска височина од 900 до 1.060 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 21,4 км². На него шумите заземаат површина од 943 ха, на пасиштата отпаѓаат 811 ха, а на обработливото земјиште 319 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Станци, популациски преминало од голема, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 430 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 249 жители.

**Станча** - Населбата се наоѓа во Славишкото Поле, во северозападниот дел на територијата на Општината Ранковце. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 800 до 1.020 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена 31 км. Атарот зафаќа простор од 5,5 км². На него пасиштата заземаат површина од 182 ха, на шумите отпаѓаат 126 ха, а на обработливото земјиште 75 ха. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Во 1961 година селото имало 126, а во 1994 година 28 жители.

**Стањевци** - Населбата се наоѓа во Овче Поле, на северозападниот дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторот на Општината Орашац. Селото е рамнинско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 12 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 23 км². На него шумите заземаат површина од 869 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 885 ха, а на пасиштата 500 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Стањевци во 1961 година имало 475 жители, од кои 392 биле Македонци, а 83 жители Срби. Во 1994 година населбата броела само 82 жители, исклучително населена со македонско население.

**Старавина** - Населбата се наоѓа во битолскиот дел на Мариово, на источната висока страна на истоимената Општина, чие седиште е. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Атарот е мошне голем и зафаќа простор од 60 км². На него преовладуваат шумите на површина од 3.547 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.357 ха, а на обработливото земјиште 1.042 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од Старавина се иселил голем број од населението и таа преминала од средна, во сосема мала населба, населена со македонско население. Така, селото во 1961 година имало 655 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 26 жители.

**Стара Мездра** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 11 жители, македонско население. Селото е лоцирано недалеку северозападно од градот Свети Николе, на надморска височина од 330 метри. Атарот зафаќа простор од 5,7 км² (заедно со атарот на Нова Мездра).

**Стар Дојран** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на истоимената Општина, чие седиште е, на западниот брег на Дојранското Езеро. Таа е рамничарска населба, на надморска височина од 160 метри. Лежи на патот од Нов Дојран кон граничниот премин спрема Република Грција. Атарот зафаќа простор од 9,2 км². На него шумите зафаќаат површина од 490 ха, на пасиштата отпаѓаат 381 ха, а на обработливото земјиште 21 ха. Стар Дојран било развиено место со одлики на гратче, но како такво, било разурнато за време на Првата светска војна. Населбата има туристичко-рекреативна функција, со голем број викенд куќички. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, бројни угостителски објекти, дом на културата, земјоделска задруга, споменик за НОБ, а населбата има и урбанистички план. Стар Дојран во 1961 година имал 107 жители, од кои 77 биле Македонци, а 21 жители Срби, додека во 1994 година бројот се зголемил на 328 жители, од кои 232 се Македонци, 47 Турци, 33 Срби и 11 жители Албанци.

**Стар Истевник** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Делчево, од левата страна на реката Брегалница, чиј атар се допира до просторот на Општината Пехчево. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 26 км. Атарот зафаќа простор од 17,7 км$^2$. На него сите три вида аграрни структури заземаат, речиси, иста површина, односно, по околу 500 ха, па затоа селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година населбата броела 493 жители, од кои 454 биле Македонци, а 38 жители Турци, додека во 1994 година бројот се намалил на 137 жители, македонско население.

**Стар Караорман** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Штип, од левата страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена шест километри. Атарот е заеднички со селото Нов Караорман, но, во основа, населбата има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата и услужни објекти. Во 1961 година населбата броела 374 жители, од кои 240 биле Македонци и 132 жители - други, додека во 1994 година бројот се зголемил дури на 893 жители, од кои 787 се Македонци, 100 Власи и четири жители Срби.

**Стари Град** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Бабуна, а на северозападната страна на територијата на општината Извор. Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Атарот зафаќа простор од 8,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 438 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 320 ха, а шумско земјиште нема. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 270 жители, а во 1994 година 128 жители, македонско население. Во поново време, дел од селото се поместува непосредно до патот Велес-Извор.

**Старо Балдовци** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Босилово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 223 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,7 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 326 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 181 жители, а во 1994 година бројот се зголемил на 262 жители, од кои 140 се Македонци, а 122 жители Турци.

**Староец** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на територијата на Општината Вранештица, јужно од градот Кичево на оддалеченост од шест километри и лежи непосредно до патот Кичево-Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 610 метри. Атарот е заеднички со селото Карбуница и зазема површина од 11,3 км$^2$. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 325 жители, од кои 311 биле Македонци и 12 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 219 жители, само македонско население.

**Старо Змирново** - Ова мала населба се наоѓа во западниот дел на Битолското Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Кукуречани, оддалечена од градот Битола 12 км. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Атарот е сосема мал и зафаќа површина од само километар квадратен. Населбата е мала и е населена со турско население. Таа во 1961 година имала 49, а во 1994 година само 13 жители.

**Старо Коњарево** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Ново Село, чиј атар нашироко се допира со државната граница со Република Бугарија, а на тесен дел и со границата на Република Грција.

Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 37 км. Атарот е заеднички со Ново Коњарево. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Така, таа во 1961 година броела 742, а во 1994 година 616 жители.

**Старо Лагово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепското Поле и во иста насока на територијата на Општината Прилеп, недалеку од патот Прилеп-Битола. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 10 километри. Селото е ридско, на надморска височина од 685 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 248 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 161, а во 1994 година само 49 жители.

**Старо Нагоричане** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, во југозападниот дел на истоимената Општина, чие седиште е, од десната страна на реката Пчиња, недалеку од патот Куманово-Крива Паланка. Селото лежи на надморска височина од 480 до 540 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 976 ха, на пасиштата отпаѓаат 258 ха, а на шумите 111 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица и услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Ѓорѓи“, со богат историски развиток. Се смета дека таа била изградена уште во XI век. Меѓутоа, таа била разурната и на нејзино место во 1313 година бил изграден манастир. Всушност, до XIV век била манастир, а потоа, пак била црква. Во 1931 година црквата била реновирана. Во 1961 година населбата била голема и имала 1.528 жители, од кои 1.382 биле Срби, а 141 жители Македонци. Во 1994 година населбата преминала во средно по големина село и имала 638 жители, од кои 540 се Срби, 90 Македонци и двајца жители Роми.

**Старо Село** - Оваа мала населба се наоѓа на територијата на Општината Македонски Брод, а од централното место е оддалечена 17 км. Селото е ридско, на надморска височина од 730 метри. За него нема аграрни податоци, бидејќи не се води во катастарската евиденција. Населбата е мала, населена со македонско население. Во 1971 година, откога е забележано во статистиката, селото имало 65 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само седум жители.

**Старо Село** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Вратница, недалеку од патот Тетово-Косово. Селото е ридско, на надморска височина од 870 метри. Атарот зафаќа простор од 10,3 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 382 ха, на пасиштата отпаѓаат 338 ха, а на обработливото земјиште 173 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и услужни објекти. Во 1961 година селото броело 424 жители, од кои 413 биле Македонци и 10 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 230 жители, од кои 226 се Македонци, а четири жители Срби.

**Стенче** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на јужната страна на територијата на Општината Брвеница. Селото е рамнинско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 16,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 512 ха, на пасиштата отпаѓаат 658 ха, а на шумите 411 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, продавница и споменик за НОБ. Стенче преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Во 1961 година населбата имала 614, а во 1994 година 184 жители.

**СТЕЊЕ** - Населбата се наоѓа во Преспанската Котлина, на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Ресен, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со Република Албанија и со брегот на Преспанското Езеро. Всушност, селото е лоцирано до брегот на Езерото, на надморска височина од 855 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 17,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.410 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 250 ха, а на пасиштата само 17 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Меѓутоа, населбата има и рибарска и туристичка функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, пошта, амбуланта, дом на културата и споменик за НОБ. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 477 жители, а во 1994 година 324 жители, од кои 320 се Македонци, двајца Срби и еден Влав.

**СТЕПАНЦЕ** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија во средишниот дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, од левата страна на реката Пчиња. Селото е ридско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 28 км. Атарот зафаќа простор од 11,3 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 534 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 422 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Степанце е населено со македонско население, коешто во 1961 година броело 382, а во 1994 година 118 жители.

**СТЕПАНЦИ** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Бабуна, на јужната страна на територијата на Општината Извор, од десната страна на старата патна траса Велес-Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 30,1 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.160 ха, на пасиштата отпаѓаат 353 ха, а на обработливото земјиште 245 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население, и е во фаза на наполно раселување. Така, таа во 1961 година броела 138 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само четири жители.

**СТЕПАНЦИ** - Населбата се наоѓа во најјужниот дел на територијата на Општината Штип, во проширената долина на Крива Лакавица, чиј атар се издига до сртот на планината Серта. Селото е ридско, на надморска височина 560 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена за 20 километри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 289 ха, на шумите отпаѓаат 222 ха, а на пасиштата 104 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Селото е мало, населено со турско население. Тоа во 1961 година имало 107 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 31 жители.

**СТИНИК** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струмичкото Поле, а на северната страна на територијата на Општината Ново Село, чиј голем атар се издига до сртот на планината Огражден. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 34 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 34,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.668 ха, на пасиштата отпаѓаат 539 ха, а на обработливото земјиште 226 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Стиник е населено со македонско население, коешто во 1961 година броело 399 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 113 жители.

**СТИПОНА** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела 17 жители, македонско население. Таа е лоцирана југозападно од градот Ресен, а на источната падина на планината Галичица, на надморска височина од 920 метри. Атарот зафаќа простор од 32 км$^2$.

**СТОЈАКОВО** - Оваа голема населба се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Богданци, чиј атар на тесен дел се допира со државната граница со Република Грција. Селото е рамничарско, на надморска височина

од 60 метри. Од градот Гевгелија населбата е оддалечена осум километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,4 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 1.731 ха, на пасиштата отпаѓаат 644 ха, а на шумите 141 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти, а населбата има и урбанистички план. Стојаково е голема населба, којашто во 1961 година броела 1.933 жители, од кои 1.815 биле Македонци, а 101 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.041 жители, од кои 2.010 се Македонци, а 23 жители Срби.

**Страгово** - Населбата се наоѓа во областа Витачево, на територијата на Општината Конопиште, во изворишното подрачје на раката Луда Мара. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 18 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,4 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.762 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 700 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Страгово во 1961 година била средна по големина населба со 469 жители. Во 1994 година бројот се намалил на само 55 жители, од кои 52 се Македонци, а тројца жители Срби.

**Стража** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 89 жители, турско и албанско население. Селото се наоѓа во западниот дел на Општината Липково, под североисточната падина на Скопска Црна Гора, на надморска височина од 1.080 метри. Атарот зафаќа простор од 5,2 $км^2$.

**Страјане** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на источниот дел на територијата на Општината Србиново, чиј атар се допира со областа Поречје, односно, со просторот на Општината Самоков. Селото е планинско чии куќи се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.120 метри. Атарот зафаќа простор од 8,3 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 614 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 144 ха, па според тоа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Во Страјане живее албанско население, коешто во 1961 година броело 504, а во 1994 година 339 жители.

**Страхојадица** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, чиј атар се допира до десниот брег на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 152 ха, а на шумите отпаѓаат 220 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 277 жители, од кои 122 биле Турци, 129 Албанци и 20 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 228 жители, од кои 222 се Турци и шест жители Албанци.

**Страцин** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Кратово, а еден дел од населбата се наоѓа на патот Куманово-Кратово. Селото е ридско и планинско, односно, раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 600 до 900 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 18 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 27,2 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 1.005 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.293 ха, а на шумите 264 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, споменик за НОБ и услужни објекти. Од Страцин се иселил голем број од населението. Така, населбата во 1961 година броела 1.365 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 273 жители, од кои 272 се Македонци.

**Страчинци** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Гази Баба, чиј атар зазема дел од југоисточната падина на Скопска

Црна Гора. Селото е ридско, на надморска височина од 400 метри. Атарот зафаќа простор од 6,7 км². На него пасиштата заземаат површина од 311 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 253 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во 1961 година селото броело 541 жители, од кои 377 биле Турци, 94 Албанци и 69 жители Македонци. Во 1994 година бројот двојно се зголемил и населбата броела 1.038 жители, од кои 709 се Албанци, 317 Македонци и осум жители Турци.

**Стрезовце** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Клечевце, на потегот помеѓу реките Петрашница и Крива Река. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 10,3 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 568 ха, на пасиштата отпаѓаат 381 ха, па затоа селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Никола", којашто била изградена во 1606 година, а тогаш е и живописана. Од Стрезовце се иселил голем број од населението. Така, населбата во 1961 година имала 635 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 136 жители, од кои 134 се Македонци, а двајца жители Власи.

**Стрелци** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Осломеј. Селото е ридско на надморска височина од 820 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зафаќа простор од 7,3 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 279 ха, на шумите отпаѓаат 238 ха, а на пасиштата 155 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Врача", којашто била подигната пред почетокот на XIV век. Во Стрелци живее албанско население, коешто во 1961 година броело 752 жители, а во 1994 година бројот се зголемил дури на 1.274 жители.

**Стрима** - Оваа висока населба се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Липково, чиј атар се издига дури до сртот на Скопска Црна Гора. Селото е планинско, на надморска височина од 1.080 метри. Атарот зафаќа простор од 8,5 км². На него шумите заземаат површина од 398 ха, на пасиштата отпаѓаат 305 ха, а на обработливото земјиште 138 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во 1961 година селото броело 326 жители, од кои 308 биле Турци, а 16 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се намалил на 98 жители, од кои 95 се Албанци.

**Стримница** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на западната страна на Општината Желино. Селото е рамничарско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 6,4 км². На него шумите заземаат површина од 364 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 238 ха. Селото, во основа има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Во населбата живее албанско население коешто во 1961 година броело 1.042 жители, а во 1994 година бројот двојно се зголемил и тоа на 2.194 жители.

**Стрисовци** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Пробиштип, чиј атар се допира со просторот на Општината Свети Николе. Селото е рамничарско, на надморска височина од 490 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 16,4 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 746 ха, на пасиштата отпаѓаат 731 ха, а на шумите само 72 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е населена со македонско население, но од неа се иселил значителен број од населението. Така, населбата во 1961 година имала 401 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 86 жители.

**Стрмашево** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела четири жители, македонско население. Селото се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Демир Капија, од десната страна на реката Бошавица, на надморска височина од 620 метри. Атарот зафаќа простор од 12,8 км$^2$.

**Стрмош** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Пробиштип, оддалечена од градот околу четири километри, па затоа таа ѝ припаѓа на рурбалната зона на централното место. Селото е рамничарско, на надморска височина од 475 метри. Атарот зафаќа простор од 5,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 387 ха, а на пасиштата отпаѓаат 132 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 345, а во 1994 година 315 жители.

**Стрновац** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на територијата на Општината Старо Нагоричане, а од левата страна на реката Пчиња. Селото е ридско, на надморска височина од 470 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 6,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 347 ха, на пасиштата отпаѓаат 206 ха, па затоа селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е населена со македонско население, којашто во 1961 година имала 389 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 106 жители.

**Стровија** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Прилепското Поле, односно, во иста насока на територијата на Општината Долнени. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 25,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.810 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 311 ха, а на пасиштата 285 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е населена со македонско население. Таа во 1961 година била средна по големина, со 632 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на само 75 жители.

**Строиманци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторите на општините Пробиштип и Кратово. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 600 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 251 ха, а на шумите 151 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 302 жители, а во 1994 година е доведена во фаза на наполно раселување, бидејќи тогаш броела само тројца жители.

**Стругово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, недалеку од централното место и од патот Демир Хисар - Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 710 метри. Атарот зафаќа простор од 16,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 1.000 ха, на пасиштата отпаѓаат 386 ха, а на обработливото земјиште 224 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште и има услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 607, а во 1994 година 353 жители.

**Студена Бара** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Куманово, лоцирана од десната страна на реката Пчиња. Селото е рамничарско, на надморска височина од 270 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 15,4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 995 ха, а на пасиштата отпаѓаат 288 ха. Селото има

полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и услужни објекти. Од селото се иселил голем дел од населението. Така, населбата во 1961 година броела 1.070 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 403 жители, од кои 401 се Македонци.

**Студеничани** - Оваа голема населба се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Скопската Котлина и претставува седиште на истоимената Општина, лоцирана во долното сливно подрачје на Маркова Река. Селото е рамничарско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 270 до 360 метри. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 615 ха, на шумите отпаѓаат 184 ха, а на пасиштата 74 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 1.862 жители, од кои 1.567 биле Албанци, а 112 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил дури на 4.488 жители, од кои 4.459 се Албанци, а 28 жители Турци.

**Суво Грло** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Штип, во проширената долина на Крива Лакавица. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 410 до 520 метри. Атарот зафаќа простор од 8,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 365 ха, на шумите отпаѓаат 324 ха, а на пасиштата 118 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Се спомнува дека во селото постоела црква „Св. Богородица", којашто постоела во XIV век, но не се знае точно, дали во тоа село или во Суво Грло во Општината Демир Хисар. Селото е мало, коешто во 1961 година броело 146 жители, од кои 88 биле Македонци, а 55 жители - други, односно Власи. Во 1994 година бројот се намалил на само 20 жители, од кои 15 се Македонци, а пет жители Власи.

**Суво Грло** - Населбата се наоѓа во областа Демир Хисар и ѝ припаѓа на територијата на Општината Сопотница, лоцирана од левата страна на Црна Река. Селото се наоѓа на надморска височина од 720 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,6 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 241 ха, на пасиштата отпаѓаат 120 ха, а на обработливото земјиште 79 ха. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, таа во 1961 година имала 143 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на 27 жители.

**Суводол** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Битолското Поле, во средишниот дел на територијата на Општината Новаци. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 19 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 581 ха, а на пасиштата отпаѓааат 280 ха. Селото има полјоделска функција. Од Суводол се иселил голем дел од населението и селото преминало од средна, во мала населба, населена со македонско население. Така, во 1961 година селото имало 550 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 17 жители.

**Суводол** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на територијата на Општината Македонски Брод, од десната страна на реката Треска. Селото е рамничарско, на надморска височина од 560 метри. Атарот зафаќа простор од 8,8 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 770 ха, а на обработливото земјште отпаѓаат само 40 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 123, а во 1994 година 188 жители.

**Суводол** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Демир Хисар, од десната страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 670 метри. Атарот зафаќа простор од 11 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 610 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 262 ха, а на пасиштата 185 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е средна по големина и во 1961 година имала 448 жители, од

кои 371 биле Македонци, а по 36 жители биле Турци и Албанци. Во 1994 година бројот се намалил на 426 жители, од кои 385 се Македонци, 20 Турци и 18 жители Албанци.

**СУДИЌ** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Штип, чиј атар се допира со просторите на општините Свети Николе и Пробиштип. Селото е ридско, на надморска височина од 460 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 18 км. Атарот зафаќа простор од 17,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 895 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 784 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е населена со македонско население, коешто во 1961 година броело 440 жители, а во 1994 година бројот се намалил дури на 27 жители.

**СУЛДУРЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Радовиш, недалеку од десната страна на патот Радовиш-Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 9,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 360 ха, а на шумите отпаѓаат 536 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Сулдурци е населено со македонско население, коешто во 1961 година броело 459 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 262 жители.

**СУПУРГЕ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Радовиш, во областа Јуруклук, чиј атар се допира со просторот на Општината Штип. Селото е планинско, на надморска височина од 665 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 4,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 119 ха, на шумите отпаѓаат 201 ха, а на пасиштата 118 ха. Населбата е населена со турско население, од групата Јуруци, односно, најстари турски доселеници од XIV век. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 72, а во 1994 година 61 жители.

**СУШЕВО** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Куманово, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 268 ха, на пасиштата отпаѓаат 373 ха, а на шумите 210 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 289 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 58 жители, од кои 57 жители се Срби.

**СУШЕВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Василево, од левата страна на реката Струмица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 10,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 373 ха, на шумите отпаѓаат 456 ха, а на пасиштата 183 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 518 жители, од кои 489 биле Македонци, а 26 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 745 жители, од кои 729 се Македонци, а 16 жители Турци.

**СУШЕВО** - Населбата се наоѓа на северозападниот дел на територијата на Општината Штип, недалеку од градот, на оддалеченост од околу четири километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 380 метри. Атарот зафаќа простор од 4,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 248 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 144 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 107 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 20 жители, влашко население.

**Сушица** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 49 жители, македонско население. Таа е лоцирана во средишниот дел на територијата на Општината Ростуша, од десната страна на Гарска Река, на надморска височина од 1.410 метри. Атарот зафаќа простор од 10 $км^2$.

**Сушица** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на крајниот јужен дел на територијата на Општината Самоков. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Атарот зафаќа простор од 7,4 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 106 ха, на пасиштата отпаѓаат 229 ха, а на шумите 224 ха. Во населбата постои манастир „Св. Спас", но не е познато во кој период во средновековието бил изграден. Населбата е мала, населена со македонско население, којашто во 1961 година броела 167 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 24 жители.

**Сушица** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Струмичкото Поле, а во иста насока на територијата на Општината Ново Село. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 23,7 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.015 ха, на пасиштата отпаѓаат 961 ха, а на шумите 258 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, амбуланта, ветеринарна станица, земјоделска задруга, услужни објекти, а селото има и урбанистички план. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.659 жители, од кои 1.619 биле Македонци, а 29 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.813 жители, македонско население.

**Сушица** (Катлановска) - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Петровец, од левата страна на реката Пчиња. Селото е рамничарско-ридско, на надморска височина од 380 метри. Атарот зафаќа простор од 25,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 835 ха, на пасиштата отпаѓаат 728 ха, а на шумите 778 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во 1961 година оваа населба броела 562 жители, од кои 552 биле Македонци и 10 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 206 жители, од кои 205 жители се Македонци.

**Сушица** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во северозападниот дел на територијата на Општината Долна Бањица, од десната страна на реката Вардар. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Атарот зафаќа простор од 10,8 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 856 ха, на пасиштата отпаѓаат 172 ха, а на обработливото земјиште само 58 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на раселување. Таа во 1961 година броела 219, а во 1994 година само 26 жители.

# Т

**Табановце** - Населбата се наѓа во северниот дел на територијата на Општината Куманово, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.260 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, фабрички погон-мелница и услужни објекти. Во селото постои манастир „Св. Димитрие", но не е познат периодот кога настанал. Исто така, постоела и црква „Св. Петка", којашто во

почетокот на овој век била во урнатини и не е познато во кој век од средновековниот период била изградена. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.259 жители, од кои 1.159 биле Срби и 78 жители Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 885 жители, од кои 553 се Срби, 174 Албанци и 148 жители Македонци.

**Тажево** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на источната страна на територијата на Општината Самоков, од десната страна на реката Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 980 метри. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 49,1 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.649 ха, на пасиштата отпаѓаат 833 ха, а на обработливото земјиште 103 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Од XIV век, па наваму, во овој крај потекнуваат многу цркви и манастири, а една црква е во селото Тажево, позната под името „Св. Јован". Селото е мало, населено со македонско население и е во фаза на раселување. Тоа во 1961 година имало 248 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само 24 жители.

**Тајмиште** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот северен дел на територијата на Општината Зајас, во едно рударско подрачје. Селото е планинско, на надморска височина од 1.060 метри. Лежи на локален рударски пат, којшто се надоврзува на патот Кичево-Гостивар. Од градот Кичево населбата е оддалечена 25 км. Атарот е голем и зафаќа површина од 30 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 2.179 ха, на пасиштата отпаѓаат 517 ха, а на обработливото земјиште 200 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има дом на културата и продавница. Населбата е населена со македонско население. Таа во 1961 година била средна, со 359 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 137 жители.

**Талашманце** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Кратово, недалеку од патот Кратово-Куманово. Селото е ридско и раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 630 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена осум километри. Атарот зафаќа простор од 7,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 325 ха, на пасиштата отпаѓаат 282 ха, а на шумите 118 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Талашманце е населено со македонско население, но жителите во голем број се иселиле од него. Така, во 1961 година населбата имала 467 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 194 жители.

**Танатарци** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Штип, во таканаречениот Лакавички регион, од десната страна на реката Крива Лакавица. Селото е ридско, на надморска височина од 580 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена малку повеќе од 25 км. Атарот зафаќа простор од 8,6 $км^2$. На него шумите заземаат површина од 441 ха, на пасиштата отпаѓаат 289 ха, а на обработливото земјиште 101 ха. Населбата е мала, населена со македонско население, и е во фаза на раселување. Таа во 1961 година имала 115, а во 1994 година, само 14 жители.

**Тануше** - Населбата се наоѓа во високиот западен дел на територијата на Општината Маврови Анови, чиј атар се издига на Кораб и таму се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 1.200 метри. Атарот зафаќа простор од 16,7 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.204 ха, на шумите отпаѓаат 402 ха, а на обработливото земјиште само 51 ха. Селото, во основа, има сточарско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 288 жители, од кои 223 биле Албанци, а 62 жители Турци. Во 1994 година селото било исклучително населено со албанско население, коешто тогаш броело 89 жители.

**ТАНУШЕВЦИ** - Населбата се наоѓа на крајниот висок северен дел на Скопската Котлина, а во иста насока на територијата на Општината Чучер-Сандево. Оваа населба е специфична по својата локација, бидејќи лежи на водоразделот на Скопска Црна Гора меѓу Вардарскиот и Црноморскиот слив. Селото е планинско, на надморска височина од 950 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 35 км. Атарот зафаќа простор од 22,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.314 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 632 ха, а на пасиштата 284 ха. Селото, во основа, има мешовита земјоделска функција. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 841 жители од кои 767 биле Албанци и 93 жители Турци. Во 1994 година селото броело 814 жители, од кои 811 се Албанци.

**ТАОР** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Атарот зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 264 ха, на шумите отпаѓаат 206 ха, а на пасиштата 38 ха. Селото има полјоделска функција. Во селото постои црква „Св. Димитрие“, којашто потекнува од пред XIV век, а се спомнува и во еден запис од 1562 година. Исто така, во оваа населба постои и црква „Св. Илија“, но не се знае од кога потекнува овој стар храм. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 201 жители, од кои 171 биле Македонци, 17 Албанци и 12 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 158 жители, од кои 154 се Македонци, а тројца жители Срби.

**ТАРИНЦИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Карбинци, од левата страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 310 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 11,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 739 ха, на пасиштата отпаѓаат 291 ха, а на шумите само 31 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, фабрички погон и услужни објекти. Таринци во 1961 година имало 605 жители, од кои 595 биле Македонци, а 10 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил дури на 909 жители, исклучително македонско население.

**ТАТАР ЕЛЕВЦИ** - Оваа мала населба се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Дебар, на падината на планината Крчин, недалеку од градот, на оддалеченост од три километри. Селото е планинско, на надморска височина од 1.160 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 287 ха, на шумите отпаѓаат 108 ха, а на обработливото земјиште 37 ха. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа во 1961 година броела 67, а во 1994 година само 13 жители, и е во фаза на раселување.

**ТАТАРЛИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар се допира со просторот на Општината Куклиш. Селото е рамничарско, на надморска височина од 150 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена за малку повеќе од пет километри. За оваа населба нема податоци за аграрната структура, бидејќи не се води во катастарската евиденција. Селото е мало, но со пораст на бројот на населението. Тоа во 1961 година имало 36 жители, од кои 29 биле Срби, а седум жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 116 жители, од кои 114 се Турци, а двајца жители Срби.

**ТАТОМИР** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторите на општините Орашац и Свети Николе. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 600 до 700 метри. Атарот зафаќа простор од 13,6 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 516 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 453 ха, а на шумите 331 ха. Селото има мешовита земјодел-

ска функција. Татомир е населен со македонско население. Населбата во 1991 година имала 391 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 135 жители.

**Ташмаруништа** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Лабуништа, таму каде што започнува да се заезерува реката Црн Дрим. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 9,4 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 616 ха, на пасиштата отпаѓаат 223 ха, а на обработливото земјиште 77 ха. Селото има, главно, полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти и споменик за НОБ. Населбата е населена со македонско население, но со намалување на бројот на популацијата. Така, селото во 1961 година броело 588, а во 1994 година 210 жители.

**Теарце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, непосредно од левата страна на патот Тетово-Косово, и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 540 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена околу 10 километри. Атарот е голем и зафаќа простор од 31,8 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 1.656 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 740 ха, а на пасиштата 697 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон „Едтко", амбуланта, пошта, ветеринарна станица, дом на културата, споменички обележја и услужни објекти. Теарце припаѓа во групата големи села, коешто во 1961 година имало 2.883 жители, од кои 1.353 биле Македонци, 805 Албанци, 652 Турци и 14 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил дури на 3.766 жители, од кои 2.123 се Албанци, 1.100 Македонци, 461 Турци, 62 Роми и 15 жители Срби.

**Текија** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Илинден, на источниот дел на Скопската Котлина, недалеку од патот Скопје-Куманово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 290 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена малку повеќе од 20 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,8 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 218 ха, а на пасиштата отпаѓаат 120 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата не е многу голема и во 1961 година имала 307 жители, од кои 237 биле Македонци, 26 Турци и 25 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 298 жители, од кои 265 се Македонци и 18 жители Срби.

**Теново** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Брвеница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 475 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 20 км. Атарот зазема простор од 5,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 358 ха, а на шумите отпаѓаат 128 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и услужни објекти. Во селото постоела црква „Св. Недела", којашто се спомнува во XVIII или XIX век. Сега е во урнатини, но веројатно постоела на едно од местата на сегашните цркви „Св. Никола" или „Св. Недела", изградени во првата половина од XIX век. Населбата е голема, којашто во 1961 година броела 1.081 жители, од кои 730 биле Албанци, а 234 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.469 жители, од кои 1.209 се Албанци, а 258 жители Македонци.

**Теово** - Населбата се наоѓа во средното сливно подрачје на Бабуна, од левата страна на реката, а на територијата на Општината Богомила, во обласа Азот. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена малку повеќе од 30 км. Атарот зафаќа простор од 27,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 785 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.000 ха, а на шумите 825 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и пошта. Теово е населено со македонско население, но

со значителна негова емиграција. Така, во 1961 година селото броело 659 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 188 жители.

**ТЕПОВЦИ** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, а на јужната страна на територијата на Општината Новаци, од левата страна на Црна Река. Селото е ридско, на надморска височина од 750 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 23 км. Атарот зафаќа простор од 12,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 683 ха, а на пасиштата отпаѓаат 506 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Теповци е населено со македонско население, но со неговата значителна емиграција. Така, во 1961 година населбата броела 432 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 44 жители.

**ТЕРАНЦИ** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а во средишниот дел на територијата на Општината Облешево, од левата страна на реката Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 340 до 400 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 21,6 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 963 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 614 ха, а на пасиштата 445 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти и урбанистички план. Теранци во 1961 година било голема населба, којашто броела 883 жители, од кои 812 биле Македонци и 17 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 761 жители, од кои 755 се Македонци, четворица Власи и двајца жители Срби.

**ТЕРЗЕЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1981 година, кога што броела 21 жители, македонско население. Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Валандово, на надморска височина од 175 метри. Атарот зафаќа простор од 3 км$^2$.

**ТЕСТЕМЕЛЦИ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 73 жители, турско население. Селото се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Штип, од десната страна на реката Брегалница, на надморска височина од 240 метри. Атарот зазема простор од 7,5 км$^2$.

**ТИМЈАНИК** - Населбата се наоѓа во средното Повардарие, на територијата на Општината Неготино, недалеку југозападно од градот Неготино, и припаѓа на неговата рурбална зона. Населбата е рамничарска, на надморска височина од 190 метри. Атарот зафаќа простор од 15 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 1.308 ха, а на пасиштата отпаѓаат 289 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга, дом на културата, услужни објекти и споменик за НОБ. Тимјаник во 1961 година имало 515 жители, од кои 433 биле Македонци, 72 Срби и седум жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.094 жители, од кои 1.025 биле Македонци, 13 Турци и 55 жители Срби.

**ТИСОВИЦА** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Зелениково, непосредно до Кадина Река, а под северната падина на Голешница. Селото е ридско, на надморска височина од 60[illegible] метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 28,[illegible] км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 2.630 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 147 ха, а на пасиштата само 50 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и населена со албанско население. Таа, во 1961 година броела 173, а во 199[illegible] година 102 жители.

**Т'ЛМИНЦИ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, недалеку од патот Крива Паланка-Куманово, а на десната страна на Крива Река. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 720 до 80[illegible] метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,[illegible]

км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 137 ха, а на шумите отпаѓаат 129 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 225 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 95 жители.

**ТОДОРОВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Македонска Каменица, чиј атар се допира до просторите на општините Виница и Делчево. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 480 до 760 метри. Атарот зафаќа простор од 6,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 196 ха, на шумите отпаѓаат 181 ха, а на пасиштата 82 ха. Населбата, којашто не е многу голема, во 1961 година имала 327 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 240 жители, македонско население.

**ТОМИНО СЕЛО** - Оваа висока населба се наоѓа во областа Поречје, на северозападната страна на територијата на Македонски Брод. Селото е планинско, на надморска височина од 900 метри. Од централното место Брод населбата е оддалечена околу девет километри. Атарот зафаќа простор од 10,2 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 558 ха, на пасиштата отпаѓаат 327 ха, а на обработливото земјиште 119 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 212, а во 1994 година, само 56 жители.

**ТОПАЛОВИЌ** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Кратово, од левата страна на Крива Река. Селото е раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 460 до 580 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зазема простор од 8,1 км$^2$ На него пасиштата заземаат површина од 342 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 257 ха, а на шумите 118 ха. Населбата не е многу голема и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 308 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 68 жители.

**ТОПЛИК** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 23 жители, од кои 11 биле Македонци, а 12 Албанци. Селото се наоѓа на територијата на Општината Штип. Атарот зазема простор од 5,5 км$^2$.

**ТОПЛИЦА** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на територијата на Општината Прилеп, во горното сливно подрачје на реката Раец, а под јужната падина на планината Бабуна. Селото е ридско, на надморска височина од 680 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена околу 25 км. Атарот зафаќа простор од 14,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 434 ха, на пасиштата отпаѓаат 493 ха, а на шумите 192 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, во фаза на наполно раселување и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 144 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само шест жители.

**ТОПЛИЦА** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на северната страна на територијата на Општината Врапчиште, недалеку од левата страна на патот Гостивар-Тетово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 570 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зазема само 2 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 143 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има и услужни објекти. Во 1961 година населбата била средна по големина и имала 578 жители, додека во 1994 година бројот двојно се зголемил и изнесувал 1.226 жители, од кои 1.210 се Албанци, а 13 жители Турци.

**ТОПОЛНИЦА** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, на северната страна на територијата на Општината Македонски Брод. Селото е рид-

ско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зафаќа простор од 15,5 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.102 ха, на пасиштата отпаѓаат 244 ха, а на обработливото земјиште 185 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Тополница е населена со македонско население, но населбата е мала. Таа, во 1961 година имала 253 жители, а во 1994 година само 63 жители.

**Тополница** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Радовиш, во малото Дамјанско Поле, а во близината на рудникот Бучим. Селото е ридско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена малку повеќе од 10 км. Атарот зафаќа простор од 16,2 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 565 ха, на шумите отпаѓаат 489 ха, а на пасиштата 472 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година броела 533 жители, од кои 274 биле Турци, 156 Албанци и 98 жители Македонци. Во 1994 година селото имало 532 жители, од кои 425 се Турци, 92 Македонци и 13 жители Албанци.

**Тополчани** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Прилепското Поле, под нискиот превал меѓу Битолското и Прилепското Поле, и непосредно до патот Прилеп-Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Населбата е седиште на истоимената Општина. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 13,7 $км^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 860 ха, на пасиштата отпаѓаат 394 ха, а на шумите само 16 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е населена со македонско население. Таа, во 1961 година била големо село со 929 жители, додека во 1994 година селото преминало во средна населба, со 505 жители.

**Тоска** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 69 жители. Населбата се наоѓа во повисокиот северен дел на територијата на Општината Делогожда, на надморска височина од 880 метри.

**Тработивиште** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Делчево, на патот помеѓу Делчево и Пехчево, лоцирано недалеку од десната страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 22,5 $км^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.144 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 634 ха, а на пасиштата 291 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, услужни објекти, а има и урбанистички план. Населбата во 1961 година била голема и броела 813 жители. Во 1994 година, бројот се намалил на 571 жители, од кои 488 се Македонци, 77 Роми и тројца жители Турци.

**Трап** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на Битолското Поле, а на југозападната страна на Општината Добрушево, од левата страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 573 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 6,3 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 581 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Трап е населено со македонско население. Населбата во 1961 година имала 316 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 176 жители.

**Трапчин Дол** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, а на северната страна на територијата на Општината Кичево, непосредно до патот Гостивар-Кичево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 65

метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена шест километри. Атарот зафаќа простор од 5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 180 ха, на пасиштата отпаѓаат 149 ха, а на шумите 132 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Трапчин Дол е населен со албанско население, коешто во 1961 година броело 459 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 724 жители.

**Требеништа** - Населбата се наоѓа во Охридското Поле, а на југозападната страна на територијата на Општината Мешеишта, чиј атар се допира со просторот на Општината Струга. Селото е рамничарско, на надморска височина од 710 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зафаќа простор од 12 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 566 ха, на шумите отпаѓаат 546 ха, а на пасиштата само 14 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, две продавници и споменик за паднатите борци во НОБ. Во 1961 година населбата била голема и броела 880 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 587 жители, од кои 574 се Македонци, осум Албанци и четворица жители Турци.

**Требино** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, на оддалеченост од централното место Брод, во северен правец, од два километри. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 714 ха, на пасиштата отпаѓаат 76 ха, а на обработливото земјиште само 62 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во селото постои црква „Св. Димитрие“, чиј живопис датира од 1644 година, но не се знае дали тогаш била подигната и црквата, и дали била зачувана при крајот на турското владеење. Требино е мала населба, населена со македонско население, коешто во 1961 година броело 211 жители, а во 1994 година 204 жители.

**Требичино** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на Струмичкото Поле, а во иста насока на територијата на Општината Василево. Селото е ридско, на надморска височина од 520 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 17 км. Атарот зафаќа простор од 9,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 745 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 135 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 274 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 26 жители, и селото се наоѓа во фаза на раселување.

**Требиште** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Ростуша, од десната страна на реката Радика, чиј атар се издига на планината Дешат, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е планинско, на надморска височина од 940 метри. Атарот зафаќа простор од 15,4 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.014 ха, на пасиштата отпаѓаат 358 ха, а на обработливото земјиште 120 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Требиште е голема населба, којашто во 1961 година имала 904 жители, од кои 640 биле Турци, 233 Македонци и 28 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.106 жители, од кои 156 се Турци, 39 Албанци, 22 Македонци, а 889 жители се декларирале како - други.

**Требовље** - Населбата се наоѓа во областа Поречје, во високиот северен дел на територијата на Општината Самоков, од левата страна на реката Треска. Селото е планинско, на надморска височина од 970 метри. Атарот зафаќа простор од 16,9 км$^2$. На него доминираат

шумите на површина од 1.019 ха, на пасиштата отпаѓаат 124 ха, а на обработливото земјиште 79 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е доведена во фаза на раселување. Таа, во 1961 година броела 164 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 18 жители.

**Требош** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на северозападната страна на територијата на Општината Желино, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 420 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 374 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Богородица", којашто била изградена уште во почетокот на XIV век. Требош во 1961 година имало 518 жители од кои 327 биле Албанци, 126 Македонци и 60 жители Турци. Меѓутоа, во 1994 година во населбата се доселиле голем број доселеници, така што селото тогаш броело 2.001 жители, од кои 1.985 се Албанци, а 12 жители Македонци.

**Тремник** - Населбата се наоѓа во средното Повардарје, на јужната страна на територијата на Општината Неготино, чиј атар се протега од обете страни на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 120 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена 10 км. Атарот зафаќа простор од 12,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште коешто зафаќа површина од 812 ха, а на пасиштата отпаѓаат 290 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, дом на културата, услужни објекти и споменик за НОБ. Во 1961 година населбата броела 552 жители, од кои 306 биле Македонци, 210 Срби и 35 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 818 жители, од кои 613 се Македонци, 119 Срби, 74 Турци и пет жители Роми.

**Тресонче** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Ростуша, на јужната падина на планината Бистра, а од левата страна на Мала Река. Селото е планинско, на надморска височина малку над 1.000 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 36,2 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 2.684 ха, на шумите отпаѓаат 851 ха, а на обработливото земјиште само 26 ха. Селото има сточарско-шумарска функција. Во селото има манастир „Св. Никита", којшто потекнува од пред XIX век, но не се знае точно од кој век пред тоа. Во 1846 година главните икони биле изработени од зографот Димитрие, којшто потекнува од ова село. Населбата е мала и во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 184 жители, од кои 155 биле Македонци, а 16 жители Албанци. Во 1994 година селото имало само 10 жители, македонско население.

**Три Води** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Куклиш, во долината на Тракања, односно, од десната страна на реката. Селото е ридско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена околу 11 км. Атарот зафаќа простор од 7,7 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 484 ха, на пасиштата отпаѓаат 162 ха, а на обработливото земјиште 53 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 194, а во 1994 година, само 16 жители.

**Трипатанци** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Злетово, непосредно од левата страна на Злетовска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Атарот е мал и зафаќа простор од 4,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема простор од 251 ха, а на пасиштата отпаѓаат 180 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа, во 1961

година броела 295, а во 1994 година 203 жители.

**Три Чешми** - Оваа млада по постанок, но голема населба, се наоѓа на територијата на Општината Штип, недалеку во северен правец од градот, на оддалеченост од околу четири километри и лежи непосредно до патот Штип-Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 320 метри. Атарот зафаќа простор од 10,8 км². На него обработливото земјиште зазема површина од 646 ха, на пасиштата отпаѓаат 298 ха, а на шумите само 70 ха. Селото има полјоделска функција. Меѓутоа, голем дел од населението работи во Земјоделскиот комбинат „Црвена ѕвезда" и учествува во дневните миграциони движења на релацијата село-град. Во населбата работи осумгодишно училиште, има амбуланта, фабрички погон, услужни објекти, споменик за НОБ, а селото има и урбанистички план, според кој, од неколку куќи, населбата се развивала во современо населено место. Три Чешми во 1961 година имало 664 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 982 жители, од кои 845 се Македонци, 132 Власи и пет жители Срби.

**Тркање** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, на територијата на Општината Кочани, недалеку од централното место, на оддалеченост од шест километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 370 метри. Атарот зафаќа простор од 10,8 км². На него обработливото земјиште зафаќа површина од 563 ха, а на пасиштата отпаѓаат 459 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти и споменик на Никола Карев. Населбата е голема и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 1.065, а во 1994 година 1.243 жители.

**Трн** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Битола, од десната страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 573 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот зафаќа простор од 12 км². На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.059 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 305 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 120 жители.

**Трнаник** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 45 жители. Селото се наоѓа на територијата на Општината Дебар, на надморска височина од 540 метри.

**Трновац** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Кратово, од десната страна на Крива Река. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 460 до 660 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 14,4 км². На него пасиштата заземаат површина од 764 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 648 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 752 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 381 жители.

**Трново** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Битола, на североисточната падина на планината Пелистер. Селото е планинско, на надморска височина од 960 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена седум километри. Атарот зафаќа простор од 6,5 км². На него пасиштата зафаќаат површина од 217 ха, на обработливото земјште отпаѓаат 203 ха, а на шумите 193 ха. Во населбата работи основно училиште до IV одделение. Во селото постои манастир „Св. Богородица", но ништо не се знае за неговата изградба. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 292 жители, од

кои 170 биле Македонци, 55 Турци и 10 жители Албанци. Во 1994 година селото броело 299 жители, од кои 187 се Македонци, 87 Албанци и 22 жители Власи.

**Трново** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар нашироко се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.010 метри. Од градот Крива Паланка населбата е оддалечена девет километри. Атарот зазема простор од 20,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 891 ха, на пасиштата отпаѓаат 639 ха, а на шумите 384 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Кај оваа населба, преку мостот на Крива Река, во 1505 година била изградена црква „Св. Никола". Населбата е населена со македонско население, но е со голема емиграција на популацијата. Така, населбата во 1961 година имала 868 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 206 жители.

**Трново** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на територијата на Општината Србиново, чиј атар се допира со просторот на Општината Самоков. Селото е планинско, на надморска височина од 920 метри. Атарот зафаќа простор од 19,3 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.578 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 312 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Во населбата живее албанско население, коешто во 1961 година броело 997, а во 1994 година 548 жители.

**Трновци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Битолското Поле, на територијата на Општината Могила, чиј атар се допира со просторот на Општината Крушево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Атарот зафаќа простор од 11,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 664 ха, на пасиштата отпаѓаат 202 ха, а на шумите 232 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него има ветеринарна станица и услужни објекти. Трновци во 1961 година имало 839 жители, од кои 808 биле Македонци, а 27 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 435 жители, од кои 373 се Македонци, 36 Албанци и 25 жители Турци.

**Тројаци** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Прилеп, преку превалот Плетвар, во горното сливно подрачје на реката Раец. Селото е ридско, на надморска височина малку над 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 20 км. Атарот зафаќа простор од 19,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 893 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 357 ха, а на шумите 281 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и во фаза на раселување. Таа во 1961 година имала 224 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 30 жители, од кои 29 се Македонци.

**Тројкрсти** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Прилепското Поле, а на просторот на Општината Тополчани, од левата страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 2,4 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 199 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 98 ха. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година броела 268, а во 1994 година 97 жители.

**Тромеѓа** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од градот во источен правец, оддалечена од Куманово неколку километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 470 метри. Атарот зазема простор од 9,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 811 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и други јавни и услужни објекти. Тромеѓа е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.022 жители, од кои 517 биле Срби, 452 Македонци и 11 жители Хрвати. Во

1994 година бројот се зголемил на 1.291 жители, од кои 729 се Срби и 554 жители Македонци.

**Троло** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Пробиштип, од десната страна на Злетовска Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 490 метри. Од градот Пробиштип населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 13,9 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 879 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 466 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 295 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 63 жители.

**Трпејца** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Охрид, односно, таа лежи на јужниот брег на Охридското Езеро и на патот од Охрид за Свети Наум. Населбата е лоцирана на надморска височина од 710 метри. Од градот Охрид таа е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 13,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 800 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 213 ха. Покрај полјоделството, во Трпејца се активира и туристичко-рекреативната функција. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти, а населбата се развива според урбанистички план. Селото е средно по големина и е населено со македонско население. Тоа, во 1961 година имало 416, а во 1994 година 360 жители.

**Трсино** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Виница, чиј атар се допира со просторот на Општината Делчево. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Виница населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 35 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 1.384 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.301 ха, а на обработливото земјиште 756 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и продавници. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 637 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 749 жители, од кои 741 се Македонци, а осум жители Турци.

**Трстеник** - Населбата се наоѓа во Росоманското Поле, во јужниот дел на територијата на Општината Росоман, од левата страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 140 метри. Атарот зафаќа простор од 6,8 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 409 ха, а на пасиштата отпаѓаат 175 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во селото постои Илимска (Елинска) црква, којашто била подигната во XIV век. По градба била мала и постоела и во XVIII век. Во 1961 година населбата имала 326 жители, од кои 307 биле Македонци и 14 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 248 жители, од кои 238 се Македонци и девет жители Срби.

**Трстеник** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, на крајниот западен дел на територијата на Општината Свети Николе, чиј атар се допира со просторот на Општината Велес. Селото е ридско, на надморска височина од 650 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена малку повеќе од осум километри. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 314 ха, а на пасиштата отпаѓаат 211 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, во фаза на раселување. Таа, во 1961 година броела 203 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 52 жители, од кои 49 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Туденце** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на јужниот дел на територијата на Општината Јегуновце, непосредно од десната страна на ѓеката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 385 метри. Атарот зафаќа простор од 8,7 км$^2$. На

него шумите заземаат површина од 587 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 194 ха. Сепак, селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 521 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 446 жители, од кои 440 се Македонци, а четворица жители Срби.

**Туин** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во северниот дел на територијата на Општината Осломеј, чиј атар нашироко се допира со просторот на Општината Македонски Брод. Селото е ридско-планинско, бидејќи куќите се издигаат на надморска височина од 720 до 960 метри. Има голем атар, којшто зазема простор од 33,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.965 ха, на пасиштата отпаѓаат 774 ха, а на обработливото земјиште 490 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште. Населбата е голема, којашто во 1961 година имала 1.307 жители, од кои 1.121 биле Албанци, а 177 жители Македонци. Во 1994 година селото броело 1.266 жители, од кои 1.249 се Албанци, а 14 жители Македонци.

**Тумчевиште** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на западната страна на територијата на Општината Чегране, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 490 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена малку повеќе од осум километри. Атарот е мал и зазема простор од само 3,2 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 285 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 247, а во 1994 година 241 жители.

**Туралево** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Кратово, недалеку од градот во западен правец, на оддалеченост од околу пет километри. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 510 до 580 метри. Атарот зазема простор од 7,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 293 ха, на пасиштата отпаѓаат 209 ха, а на шумите 173 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, услужни објекти и спомен-плоча за НОБ. Населбата е средна по големина и во неа живее македонско население. Таа во 1961 година имала 368, а во 1994 година 304 жители.

**Турново** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на Струмичкото Поле, од левата страна на реката Струмица, на територијата на Општината Босилово и недалеку од патот Струмица-Ново Село. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 14 км. Атарот зафаќа простор од 5,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 468 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во селото работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга, услужни објекти, а има и урбанистички план. Турново е голема населба, исклучително населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 925, а во 1994 година 929 жители.

**Турија** - Населбата се наоѓа на западниот дел на територијата на Општината Делчево, од левата страна на реката Брегалница, чиј атар се допира со просторот на Општината Виница. Селото е ридско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 620 до 800 метри. Од градот Делчево населбата е оддалечена 19 км. Атарот е мал и зазема простор од 4,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 332 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 103 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Турија е мала населба, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 182, а во 1994 година 127 жители.

**Турје** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Белчишта. Селото е планинско, на надморска височина од 1.160 метри. Атарот зафаќа простор од 11,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 560 ха, на шумите отпаѓаат 372 ха, а на пасиштата 149 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него има спомен-чешма за паднатите борци во НОБ и спомен-плоча за паднатите борци во Илинденското востание и во НОБ. Турје е населено со македонско население. Населбата во 1961 година имала 338 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 36 жители.

**Турско** (Подвис) - Населбата се наоѓа во јужниот, рамничарски дел на Прилепското Поле, на малата територија на Општината Житоше. Селото е рамничарско, на надморска височина од 607 метри. Од градот Крушево населбата е оддалечена 16 км. Атарот зафаќа простор од 7,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 431 ха, на пасиштата отпаѓаат 133 ха, а на шумите 120 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 271, а во 1994 година 152 жители.

**Турско Рудари** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Злетово, од левата страна на Злетовска Река. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Атарот зазема простор од 10,5 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 488 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 263 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 284 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 172 жители.

# Ќ

**Ќафа** - Населбата, којашто порано и припаѓала на Општината Гостивар, денес се наоѓа во составот на територијата на Општината Осломеј, во Кичевската Котлина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.440 метри. Атарот зафаќа простор од 10,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 907 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 94 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Ќафа е мала населба, населена со албанско население. Таа, во 1961 година имала 224 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 34 жители.

**Ќојлија** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Петровец, недалеку од левата страна на автопатот Скопје-Велес. Селото е рамничарско, на надморска височина од 230 метри. Атарот зафаќа простор од 11,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 539 ха, а на пасиштата отпаѓаат 380 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Ќојлија во 1961 година била средна по големина населба и броела 576 жители, од кои 303 биле Македонци, 152 Турци, 29 Албанци и 23 муслимани. Во 1994 година бројот се намалил на 354 жители, од кои 158 се Албанци, а 196 жители-други.

**Ќосевица** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Македонска Каменица, чиј надолжен атар се протега дури до државната гранична линија со Република Бугарија. Селото е ридско-планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 670 до 1.160 метри. Атарот зафаќа

простор од 14,3 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 742 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 396 ха, а на пасиштата 138 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, а има и услужни објекти. Ќосевица е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 384, а во 1994 година 321 жители, од кои 320 се Македонци.

**ЌОСЕЛЕРИ** - Населбата се наоѓа во областа Овче Поле, во средишниот дел на територијата на Општината Лозово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 250 метри. Од градот Свети Николе населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 22,2 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 1.204 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 867 ха, а на шумите 120 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон и услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 413 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 95 жители, од кои 62 се Македонци и 33 жители Власи.

**ЌОСЕЛИЈА** - Населбата е наполно раселена по 1953 година, кога што броела 236 жители, турско население. Селото се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Радовиш, на планината Плачковица. Атарот зафаќа простор од 3 км$^2$.

# У

**УБОГО** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 15 жители, македонско и албанско население. Селото се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Градско, од левата страна на Вардар, на надморска височина од 160 метри. Атарот зафаќа простор од 65 км$^2$.

**УДОВО** - Оваа некогаш значајна населба, се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Валандово, чиј атар се допира до левиот брег на реката Вардар. Со изградбата на вардарската железница Удово било позната товарна и истоварна станица, но подоцна, замрело како таква населба. Удово е рамничарска населба, на надморска височина од 90 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена околу 13 км. Атарот зафаќа простор од 20,3 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.602 ха, па затоа населбата има полјоделска функција. Во неа работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и повеќе услужни објекти. Во 1961 година Удово била мала населба и броела 287 жители, но во 1994 година, по пат на имиграција, бројот се зголемил на 886 жители, од кои 856 се Македонци, 11 Турци и седум жители Срби.

**УЗЕМ** - Населбата се наоѓа на источната страна на територијата на Општината Крива Паланка, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Од градот Крива Паланка селото е оддалечено 11 км. Населбата е планинска и раштркана, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.060 метри. Атарот зазема простор од 8,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 353 ха, на шумите отпаѓаат 326 ха, а на пасиштата 143 ха. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 574 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 272 жители.

**УЛАНЦИ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Градско, недалеку од левата страна на реката Вардар. Селото е рамнинско, на надморска височина од 120 метри. Атарот зафаќа простор од 18,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.141 ха, а на обработливото земјиште

отпаѓаат 462 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 249 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 84 жители, од кои 72 се Македонци, седум Турци и четири жители Роми.

**УЛАРЦИ** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, на западната страна на територијата на Општината Облешево, од десната страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 305 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 17 км. Атарот зазема простор од 5,3 $км^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 468 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има лупилница за ориз, дом на културата и услужни објекти. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 465, а во 1994 година 378 жители.

**УМИН ДОЛ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Куманово, чиј атар се допира со Скопската Котлина и лежи на стариот пат кон Котлината. Селото е рамничарско, на надморска височина од 480 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена околу 11 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 760 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, земјоделска задруга и услужни објекти. Умин Дол е средна по големина населба, којашто во 1961 година имала 654 жители, од кои 327 биле Срби, а 320 Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 480 жители, од кои 273 се Срби, а 201 жители Македонци.

**УМЛЕНА** - Населбата се наоѓа во областа Малеш, на западната страна на територијата на Општината Пехчево. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 880 до 920 метри. Атарот зафаќа простор од 16,6 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 713 ха, на пасиштата отпаѓаат 438 ха, а на шумите 435 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Умлена е средна по големина населба, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 643 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 391 жители.

**УМОВО** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 24 жители, турско население. Таа се наоѓа во јужниот дел на Скопската Котлина, а на југозападната страна на Општината Студеничани, во сливот на Маркова Река. Атарот на оваа ридска населба зафаќа простор од 10,1 $км^2$.

**УРВИЧ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на западната страна на територијата на Општината Камењане, под југоисточната падина на Шар Планина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.120 метри. Атарот зафаќа простор од 17 $км^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.132 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 414 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Во 1961 година Урвич броел 770 жители, турско население, додека во 1994 година бројот се зголемил на 811 жители, од кои 699 се Турци, 95 Албанци и 17 жители Македонци.

**УТОВО** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 690 метри. Од централното место Демир Хисар населбата е оддалечена шест километри. Атарот е мал и зазема простор од 2,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 110 ха, а на шумите отпаѓаат 162 ха. Селото има полјоделска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 119, а во 1994 година 51 жители.

# Ф

**ФАЛИШЕ** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општината Тетово, недалеку јужно од градот на оддалеченост од пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 438 метри. Атарот зафаќа простор од 4 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 366 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има услужни објекти, а населбата има и урбанистички план. Во 1961 година Фалише било мало село и броело 294 жители, од кои 264 биле Македонци, 17 Албанци и 13 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 565 жители, од кои 525 се Македонци, 25 Албанци и 13 жители Срби.

**ФАРИШ** - Населбата се наоѓа на крајниот северозападен дел на територијата на Општината Кавадарци, од левата страна на реката Раец. Селото е ридско, на надморска височина од 415 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 22 км. Атарот зазема простор од 16,2 км$^2$. На него пасиштата заземаат површина од 946 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 378 ха, а на шумите 186 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Фариш е мала населба, којашто во 1961 година имала 253 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 41 жители, од кои 39 се Македонци и двајца жители Срби.

**ФИЛИПОВЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кратово, чиј атар се допира со просторот на Општината Пробиштип. Селото е ридско, раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 530 до 620 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена околу 10 км. Атарот зазема простор од 13,4 км$^2$. На него обработливото земјиште зазема површина од 489 ха, на шумите отпаѓаат 493 ха, а на пасиштата 318 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Филиповци е населено со македонско население. Тоа, во 1961 година имало 519 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 140 жители.

**ФОРИНО** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, на југозападната страна на територијата на Општината Чегране, од десната страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 500 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 11,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 509 ха, на шумите отпаѓаат 397 ха, а на пасиштата само 42 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Форино е мошне голема населба, којашто во 1961 година броела 2.043 жители, од кои 2.017 биле Албанци, а 10 жители Македонци. Во 1994 година бројот двојно се зголемил и тоа на 4.047 жители, од кои 3.994 се Албанци и 49 жители Роми.

**ФРАНГОВО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Струга, чиј атар се издига до сртот на планината Јакупица, каде што се допира со државната гранична линија со Република Албанија. Селото е ридско, на надморска височина од 810 метри. Од градот Струга населбата е оддалечена шест километри. Атарот зазема простор од 9,4 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 648 ха, на пасиштата отпаѓаат 138 ха, а на обработливото земјиште 124 ха. Во него работи осумгодишно училиште, има услужни објекти и споменик за НОБ. Франгово е голема населба, населена со албанско население. Таа, во 1961 година имала 844 жители, додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 1.554 жители.

**Фурка** - Населбата се наоѓа во северозападниот дел на територијата на Општината Стар Дојран, недалеку од патот Нов Дојран-Валандово. Селото е ридско, на надморска височина од 320 метри. Атарот зафаќа простор од 21,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.168 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 618 ха, а на пасиштата 210 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е средна по големина, којашто во 1961 година имала 715 жители, од кои 694 биле Македонци и 20 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 586 жители, од кои 582 се Македонци и двајца жители Срби.

# Х

**Хаме** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Дебар, на оддалеченост од градот од околу четири километри. Селото е ридско, на надморска височина од 830 метри. За него нема катастарски податоци. Во населбата работи основно училиште до IV одделение. Во Хаме живее албанско население, коешто во 1961 година броело 228, а во 1994 година 307 жители.

**Хамзали** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Струмичкото Поле, односно, во иста насока на територијата на Општината Босилово. Селото е ридско, на надморска височина од 360 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км. Атарот зазема простор од 19,7 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.428 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 479 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата во 1961 година броела 303 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 20 жители, од кои 14 се Македонци, четири Турци и двајца жители Срби.

**Хаџи Реџепли** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 34 жители, од кои 28 биле Македонци, а шест жители Турци. Селото се наоѓа на југозападната страна на територијата на Општината Штип, од левата страна на реката Крива Лакавица, на надморска височина од 490 метри. Атарот зазема простор од 15,2 км$^2$.

**Хаџи Сејдели** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела осум жители. Селото се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Штип, од левата страна на реката Крива Лакавица, на надморска височина од 340 метри. Атарот зафаќа простор од 9 км$^2$.

**Хаџи Хамзали** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 76 жители турско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Штип, од левата страна на реката Крива Лакавица, на надморска височина од 370 метри. Атарот зафаќа простор од 20,9 км$^2$.

**Худаварлија** - Населбата е наполно раселена по 1953 година., кога што броела 174 жители, турско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Радовиш, на планината Плачковица, на надморска височина од 1.000 метри. Атарот зафаќа простор од 9,5 км$^2$.

**Хума** - Населбата е наполно раселена по 1961 година. Селото се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Гевгелија. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Атарот зафаќа простор од 42,3 км$^2$. Хума, во 1961 година, имала само еден жител.

# Ц

**Цапари** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Цапарското Поле, под североисточната падина на планината Пелистер и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.010 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 15 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 33,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.612 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 892 ха, а на пасиштата 609 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Цапари во 1961 година била голема населба, којашто броела 1.618 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 565 жители, од кои 562 се Македонци, а по еден жител е Влав и Србин.

**Царев Двор** - Оваа, една од поголемите населби во Преспанската Котлина, се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Ресен. Селото е рамничарско, на надморска височина од 863 метри. Од градот Ресен населбата е оддалечена околу шест километри. Атарот зазема простор од 7,5 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 682 ха, па затоа селото има полјоделска функција, со значителна нагласка на овошните насади, односно, на јаболкото, по коешто е позната оваа котлина. Во селото работи осумгодишно училиште, има фабрички погон, амбуланта, пошта, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Царев Двор во 1961 година била голема населба со 1.303 жители, од кои 950 биле Македонци и 344 Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 708 жители, од кои 612 се Македонци, а 95 жители Турци.

**Царевиќ** - Населбата се наоѓа во источниот дел на територијата на Општината Прилеп, во горното сливно подрачје на реката Раец. Селото е ридско, на надморска височина од 696 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 25 км. Атарот зафаќа простор од 20,1 км$^2$. На него најголема површина имаат шумите на простор од 1.391 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 367 ха, а на пасиштата 201 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на раселување. Таа, во 1961 година имала 166 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 12 жители.

**Цветишница** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на крајниот североисточен дел на територијата на Општината Старо Нагоричане, чиј атар се допира со државната гранична линија со СР Југославија. Населбата е планинска и раштркана, чии маала се издигаат на надморска височина од 900 до 1.000 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 40 км. Атарот е мал и зазема простор од 4,3 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 196 ха, на шумите отпаѓаат 170 ха, а на пасиштата 48 ха. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 141 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 30 жители, од кои 28 се Македонци, а двајца жители Срби.

**Цветово** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Скопската Котлина, во горното сливно подрачје на Маркова Река, во рамките на Општината Студеничани. Селото е планинско, на надморска височина од 820 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 14,7 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 762 ха, на пасиштата отпаѓаат 361 ха, а на обработливото земјиште 307 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во Цветово популацијата се изјаснила како турско население, коешто во 1961 година броело 519 жители. Меѓутоа, во 1994 година бројот се

зголемил на 847 жители, од кои 835 се Турци, а 12 жители Македонци.

**Цвиланце** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на територијата на Општината Старо Нагоричане. Селото е ридско, чии куќи се издигаат од 500 до 600 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 27 км. Атарот зазема простор од 6,5 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 427 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 198 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Цвиланце е мала населба, населена со македонското население. Таа, во 1961 година имала 181 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 60 жители.

**Цер** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Другово, чиј атар се допира со просторот на општините Македонски Брод, Крушево и Сопотница. Селото е планинско, на надморска височина од 1.010 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена 22 км. Атарот е голем и зафаќа простор од 50,4 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 2.229 ха, на пасиштата отпаѓаат 2.171 ха, а на обработливото земјиште 534 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него има амбуланта, пошта, споменик за НОБ и продавници. Во селото е евидентирана црква „Св. Никола", но не се знае периодот на нејзината изградба. Исто така, евидентирана е и црквата „Св. Петка", за којашто не се знае кога била изградена. Од неколкуте средновековни цркви, во ова село се наоѓа и црквата „Св. Спас", за којашто, исто така, не е утврдено кога била изградена. Населбата е населена со македонско население, од коешто голем број емигрирало. Така, селото во 1961 година имало 945 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 208 жители.

**Цера** - Населбата се наоѓа на западната страна на територијата на Општината Македонска Каменица, од десната страна на Каменичка Река. Селото е планинско и раштркано, чии маала се издигаат на надморска височина од 780 до 1.100 метри. Атарот е релативно голем и зазема простор од 27,9 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.124 ха, на пасиштата отпаѓаат 532 ха, а на обработливото земјиште 690 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е населена со македонско население, коешто во 1961 година броело 942 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 523 жители.

**Церово** - Оваа мала населба се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Маврови Анови, но природно припаѓа на изворишното сливно подрачје на реката Вардар. Селото е планинско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 13 км. Атарот зазема простор од 6,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 515 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 72 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во Церово живее македонско население, коешто во 1961 година броело 186 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на само 17 жители.

**Церово** - Населбата се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општината Сопотница, чиј атар се издига до сртот на Плаќенска Планина, каде што се допира со просторот на Општината Ресен. Селото е планинско, на надморска височина од 970 метри. Атарот зазема простор од 7,7 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 364 ха, на пасиштата отпаѓаат 213 ха, а на обработливото земјиште 175 ха. Населбата е мала, во фаза на раселување и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 211 жители, а во 1994 година, само 10 жители.

**Церово** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Желино, чиј атар се издига на планината Жеден. Селото е ридско, на надморска височина од 660 метри.

Од градот Тетово населбата е оддалечена 17 км. Атарот зазема простор од 11,9 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 877 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 157 ха, а на пасиштата 26 ха. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Церово е населено исклучително со албанско население. Тоа, во 1961 година броело 371, а во 1994 година 435 жители.

**Црвена Вода** - Населбата се наоѓа во областа Дебарца, на територијата на Општината Белчишта, чиј атар се издига на планината Караорман. Селото е планинско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 1.000 до 1.200 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена 33 км. Атарот зафаќа простор од 17,1 км$^2$. На него превладуваат шумите на површина од 1.202 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 323 ха, а на пасиштата 150 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него се наоѓа спомен-чешма со плоча за паднатите борци во НОБ и други споменички обележја за НОБ. Селото е населено со македонско население, но е во фаза на раселување. Така, тоа во 1961 година имало 282 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 17 жители.

**Црвена Вода** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Скопската Котлина, на територијата на Општината Студеничани, во средното сливно подрачје на Маркова Река. Селото е ридско, на надморска височина од 640 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 22 км. Атарот зафаќа простор од 8,5 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 559 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 122 ха, а на пасиштата 70 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Црвена Вода е мала населба, населена од албанско население. Таа, во 1961 година имала 247 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 47 жители.

**Црвена Нива** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кочани, од десната страна на Кочанска Река. Селото е планинско, на надморска височина од 690 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена девет километри. Атарот е мал и зазема простор од 3 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 216 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 31 ха, а на шумите 29 ха. Населбата е мошне мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 47 жители, а во 1994 година, само тројца жители.

**Црвени Брегови** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Тиквешката Котлина, на западната страна на територијата на Општината Неготино, непосредно од десната страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 130 метри. Од градот Неготино населбата е оддалечена осум километри. Атарот зазема простор од 16,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 736 ха, а на пасиштата отпаѓаат 698 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 518 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 156 жители, од кои 87 се Македонци, 27 Албанци, 14 Турци, 13 Роми и осум жители Срби.

**Црвивци** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, на југозападната страна на територијата на Општината Осломеј, недалеку североисточно од градот, на одадлеченост од пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 640 метри. Атарот зафаќа простор од 6,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 399 ха, а на пасиштата отпаѓаат 173 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата е голема и населена со албанско население. Таа, во 1961 година имала 841 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.343 жители.

**ЦРВУЛЕВО** - Населбата се наоѓа, речиси, во средишниот дел на територијата на Општината Карбинци, од левата страна на реката Брегалница. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Атарот зазема простор од 8,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 321 ха, а на пасиштата отпаѓаат 444 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Црвулево е мала населба, којашто во 1961 година имала 277 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 106 жители, од кои 96 се Македонци и 10 жители Срби.

**ЦРЕШЕВО** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Скопската Котлина, а во иста насока, на територијата на Општината Гази Баба, чиј атар се издига до сртот на Скопска Црна Гора. Селото е рамничарско, на надморска височина од 350 метри. Атарот има простор од 16,5 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 617 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 583 ха, а на пасиштата 360 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Кај ова село има црква „Св.Димитрие", којашто се споменува од крајот на XIII век, но таа била разурната во XV, или најдоцна во XVI век. Црешево е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.202 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 1.565 жители, од кои 1.546 се Македонци, 14 Срби и двајца жители Власи.

**ЦРЕШКА** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 47 жители, од кои 36 Албанци и девет жители Турци. Селото се наоѓа на крајниот западен дел на територијата на Општината Штип, непосредно до реката Брегалница, на надморска височина од 420 метри. Атарот зафаќа простор од 23,4 км$^2$.

**ЦРЕШНЕВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Македонски Брод, чиј голем атар се издига на планината Даутица, каде што се допира со просторот на Општината Богомила. Селото е ридско-планинско, на надморска височина од 850 метри. Атарот е мошне голем и зазема простор од 56,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 3.689 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.340 ха, а на обработливото земјиште 301 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Во селото постои стара црква „Св. Никола", но не е познато од кој век потекнува. Црешнево во 1961 година имало 579 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 230 жители, од кои 228 се Македонци.

**ЦРЕШНЕВО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Богомила, во горното сливно подрачје на реката Бабуна, а чиј атар се издига на планината Јакупица. Селото е планинско, на надморска височина од 840 метри. Атарот зазема простор од 11,1 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 453 ха, на шумите отпаѓаат 372 ха, а на обработливото земјиште 198 ха. Селото, во основа, има полјоделско-сточарска функција. Црешнево е населено со македонско население, но е во фаза на наполно раселување. Тоа, во 1961 година имало 176 жители, додека во 1994 година бројот се намалил дури на само 10 жители.

**ЦРКВИНО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Велес, од десната страна на реката Бабуна. Селото е ридско, на надморска височина од 340 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена девет километри. Атарот зафаќа простор од 19,6 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.232 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 371 ха, а на шумите 121 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Црквино во 1961 година имало 461 жители, од кои 341 биле Турци, односно муслимани од Санџак, 89 Македонци, а 10 жители Срби. Во 1994 година селото броело 341 жители, од кои 327 се декларирале како други (муслимани од Санџак) седум жители се Албанци, а пет жители Македонци.

**Црн Врв** - Населбата се наоѓа на крајниот југозападен дел на Скопската Котлина, а во иста насока на територијата на Општината Студеничани, односно, во изворишното сливно подрачје на Маркова Река, чиј атар се издига до сртот на планината Јабланица. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена 34 км. Атарот е мошне голем и зазема простор од 61,6 км$^2$. На него доминираат пасиштата на површина од 3.088 ха, на шумите отпаѓаат 2.317 ха, а на обработливото земјиште 347 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Црн Врв во 1961 година броело 690 жители, од кои 525 биле Турци, а 161 жители Албанци, додека во 1994 година бројот се зголемил на 986 жители, од кои 964 се Албанци, а 22 жители Турци.

**Црник** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Пехчево, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Бугарија. Селото се наоѓа на надморска височина од 860 метри. Атарот е голем, којшто зазема простор од 33 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 1.189 ха, на пасиштата отпаѓаат 1.043 ха, а на шумите 851 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, амбуланта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти. Црник во 1961 година имало 978 жители, од кои 520 биле Турци, 332 Македонци и 13 жители Срби. Во 1994 година бројот малку се намалил, поточно на 752 жители, од кои 331 се Турци, 231 Роми и 188 Македонци.

**Црнилиште** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Прилепското Поле и во иста насока на територијата на Општината Долнени. Селото е ридско, на надморска височина од 662 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 33 км. Атарот зазема простор од 12,5 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 711 ха, на пасиштата отпаѓаат 202 ха, а на шумите 147 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта и услужни објекти. Населбата е голема и етнички мешана. Така, во 1961 година имало 1.118 жители, од кои 884 Турци, 208 Албанци, а 19 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.486 жители, од кои 1.209 се Албанци, 243 Турци и 34 жители Македонци.

**Црничани** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Битолското Поле, а на југоисточната страна на територијата на Општината Добрушево. Селото е ридско, на надморска височина од 690 метри. Од градот Битола населбата е оддалечена 27 км. Атарот зафаќа простор од 12,5 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 607 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 523 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала, населена со македонско население. Така, таа во 1961 година имала 295, а во 1994 година 54 жители.

**Црничани** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Стар Дојран, недалеку од патот Нов Дојран-Гевгелија. Селото е рамничарско, на надморска височина од 210 метри. Атарот зазема простор од 10,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 475 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 424 ха, а на пасиштата 67 ха. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 188 жители, од кои 143 биле Срби, 37 Македонци и седум жители Турци. Во 1994 година бројот малку се зголемил, поточно на 214 жители, од кои 122 се Срби, 86 Македонци и пет жители Роми.

**Црн Камен** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Виница, од левата страна на реката Брегалница. Селото е ридско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Виница населбата е оддалечена седум километри. Атарот зазема простор од 5,1 км$^2$. На него

пасиштата зафаќаат површина од 208 ха, на шумите отпаѓаат 171 ха, а на обработливото земјиште 105 ха. Во населбата работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 221, а во 1994 година 105 жители.

**Црнобоци** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Центар Жупа, во Дебарска Жупа, на просторот меѓу југозападната падина на Стогово и Дебарско Езеро. Селото е ридско, на надморска височина од 850 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 11 км. За оваа населба нема катастарска евиденција. Населбата е мала, населена со турско население. Таа, во 1971 година имала 59, а во 1994 година 49 жители.

**Црнобуки** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Битолското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Кукуречани, недалеку од патот Битола-Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Атарот зазема простор од 16 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 1.042 ха, а на пасиштата отпаѓаат 434 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 849 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 444 жители.

**Црновец** - Населбата се наоѓа на крајниот западен дел на Битолското Поле, а на северозападната страна на територијата на Оштината Кукуречани, чиј атар се допира со просторот на Општината Демир Хисар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 650 метри. Атарот зазема простор од 14 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 647 ха, на пасиштата отпаѓаат 334 ха, а на шумите 324 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Црновец во 1961 година имало 636 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 124 жители, од кои 95 се Македонци, а 28 жители Албанци.

# Ч

**Чајлане** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Скопската Котлина, а на просторот на Општината Сарај. Селото е ридско, на надморска височина од 450 метри. Од градот Скопје населбата е оддалечена околу 20 км. Атарот зафаќа простор од 20,2 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.671 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 233 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е населена со албанско население. Таа, во 1961 година имала 552, а во 1994 година 580 жители.

**Чајле** - Населбата се наоѓа во Горни Полог, во средишниот дел на територијата на Општината Гостивар, недалеку од градот, на оддалеченост од три километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 510 метри. Атарот зафаќа простор од 18,2 км$^2$. На него преовладуваат пасиштата на површина од 1.073 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 316 ха, а на шумите 388 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, а има јавни и услужни објекти. Чајле е голема населба, којашто во 1961 година имала 1.681 жители, од кои 1.380 биле Албанци, 288 Македонци и седум жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 2.674 жители, исклучително албанско население.

**Чалакли** - Населбата се наоѓа во Валандовското Поле, на источната страна на територијата на Општината Валандово. Селото е рамничарско, на надморска височина од 160 метри. Од градот Валандово населбата е оддалечена 11 км. Атарот зафаќа простор од 9,1 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 701 ха, а на обработливото

земјиште отпаѓаат 113 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има пошта и четири продавници. Населбата е мала, којашто во 1961 година броела 111 жители, од кои 58 биле Турци, а 50 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 277 жители, исклучително турско население.

**ЧАЛОШЕВО** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Велес, недалеку од градот во северен правец, на оддалеченост од околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 260 метри. Атарот зазема простор од 6,3 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 407 ха, а на пасиштата отпаѓаат 142 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 179 жители, од кои 155 биле Македонци, а 24 жители Срби. Во 1994 година бројот изнесувал 187 жители, од кои 180 се Македонци и седум жители Срби.

**ЧАНАКЛИЈА** - Населбата се наоѓа во североисточниот дел на Струмичкото Поле, на територијата на Општината Василево, чиј долгнавест атар се издига на планината Огражден. Селото е ридско, на надморска височина од 350 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 16 км. Атарот зазема простор од 18,5 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.093 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 628 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него има основно училиште до IV одделение и услужни објекти. Населбата е средна по големина. Така, селото во 1961 година имало 496 жители, од кои 278 биле Турци и 215 жители Македонци. Во 1994 година бројот се зголемил на 569 жители, од кои 529 се Македонци, а 40 жители Турци.

**ЧАНИШТЕ** - Населбата се наоѓа во прилепскиот дел на Мариово, на југозападната страна на територијата на Општината Витолиште. Селото е ридско, на надморска височина од 720 метри. Атарот е голем и зафаќа простор од 36,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 1.627 ха, а на пасиштата отпаѓаат 1.565 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него има земјоделска задруга и продавница. Чаниште е населено со македонско население. Селото во 1961 година броело 694 жители, додека во 1994 година бројот значително се намалил, на само 83 жители.

**ЧАРДАКЛИЈА** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Штип, од десната страна на Брегалница, на патот Штип-Кочани и недалеку од градот Штип, на оддалеченост од околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 275 метри. Атарот зазема простор од 8,9 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 425 ха, претежно оризови ниви, на пасиштата отпаѓаат 391 ха, а на шумите само 18 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 524 жители, од кои 426 биле Македонци, а 15 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 873 жители, од кои 789 се Македонци, 49 Власи, 17 Турци и 10 жители Роми.

**ЧАУШЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 12 жители. Селото се наоѓа на територијата на Општината Стар Дојран, на надморска височина од 410 метри. Атарот зазема простор од 4,4 км$^2$.

**ЧАШКА** - Оваа населба се состои од два дела, од селото Чашка и од населбата Чашка, којашто претставува железничка станица на линијата Велес-Прилеп-Битола. Населбата е лоцирана од десната страна на реката Тополка и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 240 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 15 км. Атарот зафаќа површина од 8,6 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 565 ха, а на пасиштата отпаѓаат 231 ха. Селото има полјоделска функција. Во населбата работи

осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, фабрички погон, споменик за НОБ и повеќе услужни објекти. Чашка во 1961 година имала 561 жители, од кои 507 биле Македонци, а 45 жители Срби. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.346 жители, од кои 1.288 се Македонци, а 53 жители Срби.

**ЧЕГРАНЕ** - Оваа голема населба се наоѓа на источната страна на Горни Полог, од десната страна на реката Вардар и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 498 метри. Од градот Гостивар населбата е оддалечена 11 км. Атарот зазема простор од 21,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 716 ха, на пасиштата отпаѓаат 510 ха, а на шумите 635 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, ветеринарна станица, споменик за НОБ и повеќе услужни објекти. Чегране е мошне голема населба, којашто во 1961 година имала 3.216 жители, од кои 3.183 биле Албанци, 12 Македонци и седум жители Турци. Меѓутоа, во 1994 година бројот двојно се зголемил и населбата имала 6.743 жители, од кои сите се Албанци.

**ЧЕЛЕВЕЦ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Демир Капија, недалеку од левата страна на автопатот и реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 190 метри. Атарот зазема простор од 12 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 32 ха, на пасиштата отпаѓаат 46 ха, а на шумите само три хектари, додека на неплодното земјиште отпаѓаат околу 1.000 ха. Во селото работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мошне мала, којашто во 1961 година имала 44 жители, од кои 28 биле Турци и четири жители Срби, додека во 1994 година бројот изнесувал 49 жители, исклучително турско население.

**ЧЕЛОПЕК** - Населбата се наоѓа во областа Козјачија, на западната страна на територијата на Општината Старо Нагоричане. Селото е ридско, на надморска височина од 450 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 18 км. Атарот зазема простор од 15,6 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 754 ха, а на пасиштата отпаѓаат 620 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има споменик за НОБ и услужни објекти. Во селото постоела средновековна црква „Св. Троица", за којашто не се знае кога била изградена и во почетокот на овој век била во урнатини. Населбата во 1961 година имала 768 жители, од кои 751 биле Македонци, а 17 жители Срби, додека во 1994 година бројот се намалил на 252 жители, од кои 226 биле Македонци, а 25 жители Срби.

**ЧЕЛОПЕК** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на источната страна на територијата на Општината Брвеница. Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 500 до 600 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 17 км. Атарот е голем и зазема простор од 27,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.315 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 1.105 ха, а на пасиштата 176 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта, земјоделска задруга, споменик за НОБ и услужни објекти. Во селото постои црква „Св. Никола", којашто веројатно потекнува од втората половина или од крајот на XIV век. Населбата е мошне голема, којашто во 1961 година имала 3.196 жители, од кои 2.224 биле Албанци, 816 Македонци и 28 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 4.876 жители, од кои 4.336 се Албанци, а 532 жители Македонци.

**ЧЕЛОПЕЦИ** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, во источниот дел на територијата на Општината Вранештица, непосредно до патот Кичево-Македонски Брод. Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена девет киломери. Атарот зазема простор од 7,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 265 ха, на пасиштата отпаѓаат 271 ха, а на шумите 141 ха.

Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има амбуланта, пошта и продавници. Населбата во 1961 година имала 421 жители, од кои 218 биле Македонци, а 202 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 388 жители, од кои 315 се Турци, 62 Македонци, осум Албанци и двајца жители Срби.

**ЧЕМЕРСКО** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Конопиште, од десната страна на реката Бошавица, а посредно во областа Витачево. Селото е планинско, на надморска височина од 670 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 24 км. Атарот зазема простор од 18,6 км$^2$. На него најголема површина заземаат шумите 787 ха, на пасиштата отпаѓаат 582 ха, а на обработливото земјиште 283 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во селото има манастир „Св. Спас", којшто е изграден на темелите на поранешна црква, за којашто не е оценето кога била изградена. Во населбата живее македонско население, коешто во 1961 година броело 358 жители, додека во 1994 година бројот се намали на само 17 жители, од кои 16 се Македонци.

**ЧЕПЕЛИ** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 44 жители, турско население. Селото се наоѓа на крајната западна страна на територијата на Општината Куклиш, на надморска височина од 600 метри. Атарот зазема простор од 18,2 км$^2$.

**ЧЕПИГОВО** - Населбата се наоѓа на јужниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани, од лева страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 20 км. Атарот зазема простор од 6,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 467 ха, а на пасиштата отпаѓаат 108 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 216, а во 1994 година 167 жители.

**ЧЕРКЕЗИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Куманово, недалеку од градот, на оддалеченост од три километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 метри. Атарот е мал и зазема површина од 3,4 км$^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 302 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него има осумгодишно училиште, амбуланта и услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 345 жители, од кои 171 биле Турци, 75 Албанци, 67 Срби и 31 жители Македонци. Меѓутоа, во 1994 година, поради голем прилив на доселеници, Черкези имало 3.417 жители, од кои 3.247 се Албанци, 104 Македонци и 50 жители Турци.

**ЧЕСТЕВО** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела 12 жители, турско население. Селото се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Валандово, од левата страна на Анска Река, на надморска височина од 140 метри. Атарот зазема простор од 2,2 км$^2$.

**ЧЕТИРЦЕ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Куманово, на неколку километри од десната страна на патот Куманово-Белград. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 метри. Од градот Куманово населбата е оддалечена 13 км. Атарот зафаќа простор од 13,7 км$^2$. На него доминира обработливото земјиште на површина од 910 ха, а на пасиштата отпаѓаат 369 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во селото постоела стара црква „Св. Троица", со потекло од средновековниот период, но не е утврден векот на изградбата. Во почетокот на овој век, црквата се наоѓала во урнатини. Четирце во 1961 година била голема населба со 974 жители, од кои 879 биле Срби, а 46 жители Македонци. Меѓутоа, во 1994 година бројот се намалил на 258 жители, од кои 242 се Срби, а 16 жители

Македонци.

**ЧЕШИНОВО** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а во јужниот дел на територијата на истоимената Општина, чие седиште е. Селото е рамничарско, на надморска височина од 225 мери. Од градот Кочани населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 7 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште, на површина од 610 ха, па во однос на земјоделството, населбата има полјоделска функција. Во Чешиново работи осумгодишно училиште, има погон за мелен камен „Опалит", потоа има амбуланта, пошта, земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е голема и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 1.134 жители, а во 1994 година 1.052 жители.

**ЧЕШМЕ МААЛЕ** - Населбата е наполно раселена по 1991 година, кога што броела шест жители, турско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Радовиш, на планината Плачковица, на надморска височина од околу 1.000 метри. Атарот зазема простор од 7,1 $км^2$.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа во западниот дел на Скопската Котлина, а во иста насока на територијата на Општината Сопиште. Селото е ридско-планинско, на надморска височина од 660 метри. Атарот е мал и зазема простор од 4,7 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 217 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 173 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата во 1961 година имала 363 жители, од кои 346 биле Турци и 13 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 536 жители, од кои 510 се Албанци, а 25 жители Турци.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа во областа Малеш, на територијата на Општината Пехчево, недалеку од градот, и лежи на патот Берово-Пехчево-Делчево. Селото е рамничарско, на надморска височина од 900 метри. Атарот зазема простор од 8,9 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 442 ха, на пасиштата отпаѓаат 258 ха, а на шумите 116 ха. Селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, дом на културата и услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 493 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 362 жители, од кои 359 се Македонци и тројца жители Срби.

**ЧИФЛИК** - Населбата е наоѓа во областа Пијанец, а во средишниот дел на територијата на Општината Делчево, јужно од градот, на оддалеченост од неколку километри. Селото лежи на надморска височина од 640 метри. Атарот зазема простор од 7,4 $км^2$. На него најголема површина заземаат шумите на површина од 572 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 129 ха, а на пасиштата 63 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 218 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 68 жители.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа во Кочанското Поле, а на западната страна на територијата на Општината Облешево, недалеку од патот Кочани - Штип. Селото е рамничарско, на надморска височина од 295 метри. Од градот Кочани населбата е оддалечена 13 км. Атарот зазема простор од 5,7 $км^2$. На него преовладува обработливото земјиште на површина од 435 ха, па затоа селото има исклучително полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има дом на културата, услужни објекти и урбанистички план. Населбата е средна по големина, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 623, а во 1994 година 706 жители.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Демир Капија, недалеку од реката Бошавица. Селото е рамничарско, на надморска височина од 140 метри. Атарот зазема простор од 5,3 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 112 ха, на пасиштата отпаѓаат 75

ха, а на шумите 90 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има споменик за НОБ. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 256, а во 1994 година 106 жители.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа на источниот дел на територијата на Општината Желино, на превалскиот простор помеѓу Тетово и Скопје. Селото е ридско, на надморска височина од 505 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 13 км. Атарот е мал и зафаќа простор од 3,6 $км^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 148 ха, на шумите отпаѓаат 136 ха, а на пасиштата 50 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 510 жители, од кои 489 биле Албанци и 20 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.063 жители, исклучително албанско население.

**ЧИФЛИК** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Штип, на стариот пат којшто водел од Штип за Радовиш, но не во долината на Крива Лакавица. Селото е ридско, на надморска височина од 600 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 12 км. Атарот зафаќа простор од 6,8 $км^2$. На него шумите зафаќаат површина од 390 ха, на пасиштата отпаѓаат 174 ха, а на обработливото земјиште 97 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на целосно раселување. Таа, во 1961 година броела 88 жители, а во 1994 година бројот се намалил на само девет жители.

**ЧУМОВО** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на Прилепското Поле, а во иста насока на територијата на Општината Прилеп, на западната падина на Селечка Планина. Селото е ридско, на надморска височина од 860 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 15 км. Атарот зазема простор од 9,4 $км^2$. На него пасиштата заземаат површина од 476 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 396 ха, а на шумите 35 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Така, во 1961 година населбата имала 227 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 33 жители.

**ЧУЧЕР** - Населбата се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, во средишниот дел на територијата на Општината Чучер-Сандево. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Атарот зафаќа простор од 11 $км^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 596 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 238 ха, а на шумите 114 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото се наоѓа црква „Св. Архангел", којашто во еден запис се спомнува во 1626 година. Исто така, постои и црква „Св. Ѓорѓи", којашто потекнува од пред крајот на XVI век. Црквата „Св. Троица", пак, била изградена при крајот на XIII век или на почетокот на XIV век. Таа била запустена, а во 1856 година била обновена. Над селото, пак, постои манастир „Св. Спас", којшто бил изграден помеѓу 1308 и 1316 година, а во почетокот на овој век бил полуразурнат. Населбата во 1961 година имала 518 жители, од кои 328 биле Срби, а 180 Македонци. Во 1994 година бројот се намалил на 274 жители, од кои 234 се Срби, а 35 жители Македонци.

# Џ

**ЏЕПИН** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струшкото Поле, на територијата на Општината Делогожда. Селото се наоѓа на надморска височина од 720 метри. Лежи североисточно од градот Струга, на оддалеченост од околу пет километри. За оваа населба нема катастарска евиденција. Населбата е мала и е населена со албанско население. Таа, во 1961 година броела 144 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 345 жители.

**Цепиште** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Дебар, чиј атар се допира со државната гранична линија со Република Албанија и лежи непосредно до патот Дебар-Струга. Селото е ридско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Дебар населбата е оддалечена 12 км. Атарот е мал и зазема простор од 3,4 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 204 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 65 ха, а на пасиштата 49 ха. Во селото работи осумгодишно училиште и има услужни објекти. Населбата во 1961 година имала 293 жители, од кои 162 биле Турци, 88 Македонци и 30 жители Албанци. Во 1994 година бројот се зголемил на 421 жители, од кои 207 се Македонци, 132 Турци и 74 жители Албанци.

**Цепчиште** - Населбата се наоѓа во Долни Полог и претставува седиште на истоимената Општина. Лоцирана е недалеку во северен правец од градот, на оддалеченост од четири километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 480 метри. Атарот е мал и зазема простор од 4,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 324 ха, па затоа селото, во однос на земјоделството, има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има споменик за НОБ и повеќе јавни и услужни објекти. Цепчиште е голема населба, коешто во 1961 година имало 2.141 жители, од кои 1.959 биле Албанци, 152 Македонци и 26 жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 3.834 жители, од кои 3.758 се Албанци и 75 жители Македонци.

**Цидимирци** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела 174 жители, од кои 145 биле Македонци, 16 Срби и 13 жители Турци. Селото се наоѓа во Тиквешката Котлина, на територијата на Општината Неготино, на надморска височина од 140 метри.

**Цидимирци** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на Општината Велес, во Отовичкиот басен, чиј атар се допира со просторот на Општината Петровец. Селото е ридско, на надморска височина од 490 метри. Од градот Велес населбата е оддалечена 27 км. Атарот зазема простор од 14,7 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 893 ха, на пасиштата отпаѓаат 367 ха, а на обработливото земјиште 124 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 266 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 18 жители.

# Ш

**Шаинташ** - Населбата е наполно раселена по 1971 година, кога што броела четири жители, македонско население. Селото се наоѓа на територијата на Општината Радовиш, на планината Плачковица, на надморска височина над 1.000 метри. Атарот зазема простор од 16,1 км$^2$.

**Шашаварлија** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Штип, во извоиришното сливно подрачје на реката Отиња. Селото е планинско, на надморска височина од 740 метри. Од градот Штип населбата е оддалечена 11 км. Атарот зазема простор од 17,3 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 830 ха, на шумите отпаѓаат 630 ха, а на обработливото земјиште 210 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала, којашто во 1961 година имала 286 жители, од кои 219 биле Македонци, а 58 жители Турци. Во 1994 година бројот се намалил на 126 жители, од кои 85 се Турци, а 41 жители Македонци.

**ШЕЛЕВЕРЦИ** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на Прилепското Поле, на територијата на Општината Тополчани, недалеку од патот Прилеп-Битола. Селото е рамничарско, на надморска височина од 635 жители. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 18 км. Атарот зазема простор од 5,7 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 248 ха, а на пасиштата отпаѓаат 245 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на раселување. Таа, во 1961 година имала 137 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 33 жители.

**ШЕМШЕВО** - Оваа голема населба се наоѓа во Долни Полог, на југозападниот дел на територијата на Општината Јегуновце, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 405 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 15 км. Атарот е мал и зафаќа простор од само 3,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 285 ха, па затоа селото има полјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Шемшево во 1961 година имало 940 жители, од кои 777 биле Албанци, 156 Македонци и шест жители Турци. Во 1994 година бројот се зголемил на 1.569 жители, од кои 1.448 се Албанци, 118 Македонци и двајца жители Турци.

**ШЕОБА** - Населбата е наполно раселена по 1961 година, кога што броела двајца жители. Селото се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Неготино, од левата страна на Вардар, на надморска височина од 300 метри. Атарот зафаќа простор од 15,9 км$^2$.

**ШЕШКОВО** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општината Кавадарци, од левата страна на Тиквешкото Езеро. Селото лежи на надморска височина од 620 метри. Од градот Кавадарци населбата е оддалечена 20 км. Атарот зазема простор од 20 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.852 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 130 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на наполно раселување. Таа, во 1961 година имала 177 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 16 жители.

**ШИВЕЦ** - Населбата се наоѓа во северниот дел на територијата на Општината Кавадарци, непосредно од десната страна на Црна Река. Селото е рамничарско, на надморска височина од 180 метри. Атарот зафаќа простор од 8,2 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 510 ха, а на пасиштата отпаѓаат 157 ха. Селото има полјоделска функција. Во селото има земјоделска задруга и продавница. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 271, а во 1994 година 120 жители.

**ШИПКОВИЦА** - Населбата се наоѓа на крајниот северен дел на територијата на Општината Радовиш, на југозападната падина на планината Плачковица. Селото е планинско, на надморска височина од 1.200 метри. Од градот Радовиш населбата е оддалечена 15 км. Атарот зазема простор од 21,3 км$^2$. На него доминираат шумите на површина од 1.923 ха, на пасиштата отпаѓаат 114 ха, а на обработливото земјиште 90 ха. Населбата е мала, населена со македонско население и е во фаза на раселување. Таа, во 1961 година имала 190 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на само 20 жители.

**ШИПКОВИЦА** - Населбата се наоѓа во Долни Полог, на југоисточната падина на Шар Планина и претставува седиште на истоимената Општина. Селото е планинско, на надморска височина од 1.000 до 1.160 метри. Атарот зазема простор од 20,2 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 822 ха, на пасиштата отпаѓаат 727 ха, а на обработливото земјиште 432 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта и други јавни и услужни објекти. Населбата е голема, населена со албанско насе-

ление. Таа, во 1961 година имала 1.566 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 2.571 жители.

**Шипокно** - Населбата се наоѓа во северниот, повисок дел, на територијата на Општината Охрид. Селото е планинско, на надморска височина од 930 метри. Од градот Охрид населбата е оддалечена седум километри. За оваа населба нема катастарска евиденција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 80, а во 1994 година 212 жители.

**Шлегово** - Населбата се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општината Кратово, на патот Кратово-Пробиштип и недалеку од градот, на оддалеченост од околу три километри. Атарот зафаќа простор од 10,5 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 401 ха, на пасиштата отпаѓаат 255 ха, а на обработливото земјште 218 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи осумгодишно училиште, има амбуланта, пошта и услужни објекти. Шлегово е населено со македонско население. Тоа, во 1961 година имало 846 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 450 жители.

**Шопско Рудари** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Кратово, од левата страна на Крива Река. Селото е раштркано, чии куќи се издигаат на надморска височина од 430 до 530 метри. Од градот Кратово населбата е оддалечена 16 км. Атарот е голем и зазема простор од 27,5 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 1.058 ха, на пасиштата отпаѓаат 822 ха, а на обработливото земјиште 613 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение и има услужни објекти. Населбата е населена со македонско население, од коешто голем дел емигрирал. Така, населбата во 1961 година имала 1.280 жители, а во 1994 година бројот се намалил на 239 жители.

**Шопур** - Населбата се наоѓа на крајниот југоисточен дел на територијата на Општината Штип, во сливот на Крива Лакавица, чиј атар се допира со просторот на Општината Радовиш. Селото е ридско, на надморска височина од 500 метри. Атарот зазема простор од 5,6 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 387 ха, на пасиштата отпаѓаат 101 ха, а на обработливото земјиште 63 ха. Шопур е сосема мала населба и, речиси, наполно е раселена. Селото, во 1961 година имало 76 жители, а во 1994 година, само еден жител.

**Штавица** - Населбата се наоѓа на југоисточната страна на Прилепското Поле, а на крајниот јужен дел на територијата на Општината Прилеп. Селото е ридско, на надморска височина од 800 метри. Од градот Прилеп населбата е оддалечена 18 км. Атарот зазема простор од 17,4 км$^2$. На него пасиштата зафаќаат површина од 925 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 708 ха. Селото има полјоделско-сточарска функција. Штавица е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 494 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 107 жители.

**Шталковица** - Населбата се наоѓа во средишниот дел на територијата на Општината Злетово, од левата страна на Злетовска Река. Селото е ридско, на надморска височина од 540 метри. Атарот зазема простор од 24,6 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.426 ха, на пасиштата отпаѓаат 706 ха, а на обработливото земјште 206 ха. Селото има мешовита земјоделска функција. Населбата е мала и е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 258 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 64 жители.

**Штрбово** - Населбата се наоѓа во југоисточниот дел на територијата на Општината Ресен, а на југозападната падина на планината Пелистер. Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри, но лежи недалеку од патот Ресен-Љубојно. Атарот зазема простор од 10,2 км$^2$. На него шумите зафаќаат површина од 402 ха, на обработливото

земјиште отпаѓаат 357 ха, а на пасиштата 174 ха. Селото, во основа, има полјоделско-шумарска функција. Во него работи основно училиште до IV одделение, има фабрички погон, дом на културата, споменик за НОБ и услужни објекти. Населбата е населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 368 жители, додека во 1994 година бројот се намалил на 195 жители.

**ШТУКА** - Населбата се наоѓа во источниот дел на Струмичкото Поле и во иста насока на територијата на Општината Босилово, чиј атар се издига дури до сртот на планината Огражден. Селото е ридско, на надморска височина од 300 метри. Од градот Струмица населбата е оддалечена 20 км. Атарот зазема простор од 16,4 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 1.334 ха, на обработливото земјиште отпаѓаат 251 ха, а на пасиштата само 25 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Во населбата работи основно училиште, има земјоделска задруга и услужни објекти. Населбата е населена со македонско население. Во 1961 година имала 639 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 822 жители.

**ШТУРОВО** - Населбата се наоѓа на северната страна на територијата на Општината Радовиш, односно, во северен правец од градот, на оддалеченост од седум километри. Селото е планинско, на надморска височина од 750 метри. Атарот зазема простор од 6,2 км$^2$. На него преовладуваат шумите на површина од 451 ха, на пасиштата отпаѓаат 81 ха, а на обработливото земјиште 68 ха. Населбата е мала, населена со македонско население. Таа, во 1961 година имала 80, а во 1994 година само 24 жители.

**ШТУРОВО** - Населбата се наоѓа во Кичевската Котлина, а во средишниот дел на територијата на Општината Осломеј. Селото лежи на надморска височина од 740 метри. Од градот Кичево населбата е оддалечена шест километри. Атарот зазема простор од 5,1 км$^2$. На него обработливото земјиште зафаќа површина од 276 ха, на пасиштата отпаѓаат 120 ха, а на шумите 84 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата е средна по големина и е населена со албанско население. Таа, во 1961 година имала 657, а во 1994 година 669 жители.

**ШУМ** - Населбата се наоѓа во југозападниот дел на Струшкото Поле, а на територијата на Општината Струга, на оддалеченост од градот од околу пет километри. Селото е рамничарско, на надморска височина од 702 метри. За оваа населба нема податоци во катастарската евиденција. Населбата е населена со албанско население. Таа, во 1971 година броела 671 жители, додека во 1994 година бројот се зголемил на 750 жители.

**ШУПЛИ КАМЕН** - Населбата се наоѓа на територијата на Општината Куманово, во југоисточен правец од градот, на оддалеченост од 11 км. Селото е рамничарско, на надморска височина од 315 метри. Атарот зазема простор од 10,2 км$^2$. На него обработливото земјште зафаќа површина од 710 ха, а на пасиштата отпаѓаат 186 ха. Селото, во основа, има полјоделска функција. Населбата во 1961 година броела 689 жители, од кои 665 биле Македонци, а 23 жители Срби. Во 1994 година бројот се намалил на 124 жители, а населбата била населена само со македонско население.

**ШУРЛЕНЦИ** - Населбата се наоѓа во западниот дел на територијата на Општината Ресен, во Преспанската Котлина, недалеку од патот Ресен-Отешево. Селото е ридско, на надморска височина од 960 метри, чиј атар се издига на источната падина на планината Галичица. Атарот зафаќа простор од 11,2 км$^2$. На него шумите заземаат површина од 720 ха, а на обработливото земјиште отпаѓаат 101 ха. Селото има полјоделско-шумарска функција. Населбата е мала и населена со македонско население. Таа во 1961 година имала 127, а во 1994 година 100 жители.